**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1261

Скопје, 15 мај 2022 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1261 ОД 15 МАЈ 2022 ГОДИНА


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Марта Хаџиевска, Маја Ваневска, Анита Денковска, Евгенија Чулева, Даниела Којчиноска, Емил Дракулевски, Маја Спасевска, Сања Мршиќ, Татјана Крстиќ, Неда Темелковска, Силвана Кузеска, Билјана Хаџи-Велкова, Васка Димовска**)....................................8-9
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Весна Гарванлиева Андонова, м-р Ивона Тасевска**)..............................................................10

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на вештачка интелигенција за препознавање и класификација на звучни настани** од **м-р Симона Домазетовска,** пријавена на Машинскиот факултет – Скопје...........................................................11-15
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Ивица Ристовски**)...............................................................................................................16

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина и ревматологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**науч. сор. д-р Емилија Сандевска**).............................................17-32
2. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: интерна медицина и хепатогастроентерологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Емилија Николовска Трпчевска**)....................................................33-47
3. Реферат за избор на еден асистент по предметот **Интерна медицина** на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Георги Јаневски**)....................................48-51
4. Рецензија на ракописот **Интерна медицина, инфектологија и дерматовенерологија за тригодишните стручни студии** од група автори...............................................52-59
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Имплементација и валидација на новата АО-класификација на тораколумбалните скршеници, процесот на донесување одлуки за типот на скршеницата, за видот на третман и исходот од усогласување на одлуките за соодветен третман“** од **д-р Љупчо Николов,** пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје.........................................................................60-68
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Споредба на ендоскопскиот наспроти отворениот хируршки третман на везикоуретралниот рефлукс** од **д-р Гани Чеку**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје.....................................69-75
7. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компарација на параметрите на видната острина и диоптриска јачина по оперативен третман на средна до висока миопија со примена на „ласер ин ситу кератомилеуза“ и имплантација на факични леќи** од **д-р Билјана Костовска,** пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје..............................................................................................................76-84

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научното подрачје општествени науки, поле: образование, област: методика, по задолжителните предмети: **Педагошка практика 1, 2, 3 и 4**, за студиската програма Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, Практична настава, за студиската група Библиотекарство, Педагошки стаж во основно училиште, за студиската програма Одделенска настава на македонски наставен јазик и Педагошки стаж во градинка, за студиската група Предучилишно воспитание на македонски

наставен јазик, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (**д-р Симона Палчевска**)........................................................................................85-102

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник на научната област трговско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**вонр. проф. д-р Дарко Спасевски**)..........103-120
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област историја на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**д-р Иванка Василевска**)........................................................................................121-136
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Теодор Богоевски, Камер Туша, Мерима Џигал, Ангела Василевска, Александар Велковски, Ема Мицевска, Ангела Сибиновска, Војдан Моневски, Ивица Кузмановски, Сандра Јакимовска, Благој Милев, Теодора Биноска, Луција Чукеловска, Марија Чекреџи, Христина Трајкоска, Симона Трајкоска, Горјан Ѓоргиев, Ангела Панеска, Сашо Златев, Цветанка Ацева, Лаура Живиќ, Бранкица Марковиќ, Валентина Милошевска, Васко Рубановски, Теодора Настоска, Теа Ачкоска, Марија Стојковска, Викторија Марковска, Влатко Митовски**).......................................137-141

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата на жената како глава на домаќинството во Косово низ историска перспектива** од **м-р Анѓелина Хамза**, пријавена на Природно-математичкиот факултет – Скопје..................................142-147

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Детска стоматологија** од група автори.........................148-152
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот** од **д-р Марија Андоновска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет – Скопје..........................................................................153-158
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Вертикалната дебелина на гингивата како фактор за периимплантна коскена загуба** од **д-р Дарко Велјановски,** пријавена на Стоматолошкиот факултет – Скопје...........................159-163
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**д-р Валдета Османи, д-р Амела Цана, д-р Харбин Бафтијари**)....................................................................164
5. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**д-р Петар Јанкуловски, д-р Александар Стаматоски**)..................................................................165

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области физичка металургија, испитување на метали и минералогија на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Дафинка Стоевска-Гоговска**)........................................................................................166-175
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области текстилно механичко инженерство и хемија на текстилот на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје (**доц. д-р Емилија Тошиќ**)................................176-184

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на асистент во наставно-научната област заразни болести на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**Иван Матевски**)..........................185-188
2. Реферат за избор на еден асистент во наставно-научните области хирургија, ортопедија и офталмологија на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**Јане Влахов**)........................................................................................189-191

3. Реферат за избор на асистент во наставно-научните области микробиологија и имунологија на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**Ивана Арсовска**)....192-195

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Марко Ружин, м-р Илија Циривири**)....196

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на ракописот **Збирка задачи по електрични генератори и трансформатори** од авторите **Крсте Најденкоски** и **Иван Темелковски**....197-203
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Оптимизација на јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија** од **м-р Јован Карамачоски,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје....204-209
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Дамир Старова, Билјана Стојоска, Мартина Радевска**)....210
4. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Борче Постолов**)....211

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област индустриски растенија (тутун, памук, сончоглед и др.) на Факултетот за земјоделски науки и храна (**вонр. проф. д-р Ромина Кабранова**)....212-234

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје (**доц. д-р Панче Рибарски**)....235-248

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научните/уметнички области 60700 – цртање и 60702 графика и графички техники на Катедрата за графика при Факултетот за ликовни уметности – Скопје, објавен во Билтен бр. 1259 од 15.4.2022 година на страница 264, **поднесен од проф. м-р Стефан Јакимовски**....249-250
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научните/уметнички области 60700 – цртање и 60702 графика и графички техники на Катедрата за графика при Факултетот за ликовни уметности – Скопје, поднесен од **проф. м-р Стефан Јакимовски,** објавен во Билтен бр. 1259 од 15.4.2022 година....251-252
3. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научните/уметнички области 60700 – цртање и 60702 графика и графички техники на Катедрата за графика при Факултетот за ликовни уметности – Скопје, објавен во Билтен бр. 1259 од 15.4.2022 година на страница 264, **поднесен од вонр. проф. м-р Лазе Трипков**....253-255
4. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научните/уметнички области 60700 – цртање и 60702 графика и графички техники на Катедрата за графика при Факултетот за ликовни уметности – Скопје, поднесен од **вонр. проф. м-р Лазе Трипков,** објавен во Билтен бр. 1259 од 15.4.2022 година....256-259

5. **Приговор** на Реферaтот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научните/уметнички области (дисциплини) 60701 – сликање и сликарски техники 60703 – сликарска технологија и 60710 – заштита и реставрација на Катедрата за сликарство при Факултетот за ликовни уметности – Скопје, објавен во Билтен бр. 1259 од 15.4.2022 година на страница 246, **поднесен од м-р Валентина Илијевска**……………………………………………………………………………………260-265
6. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Реферaтот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научните/уметнички области (дисциплини) 60701 – сликање и сликарски техники 60703 – сликарска технологија и 60710 – заштита и реставрација на Катедрата за сликарство при Факултетот за ликовни уметности – Скопје, поднесен од **м-р Валентина Илијевска**, објавен во Билтен бр. 1259 од 15.4.2022 година………………266

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): (1) психологија на личноста (51009), на Филозофскиот факултет – Скопје (**насл. доц. д-р Маја Корубин Ќорлука**)……………………………………………267-285
2. Реферат за избор во соработничко звање – асистент за наставно-научните области: друго (шифра 50105) – антропологија на родот, друго (шифра 60517) – родот и религијата и друго (шифра 51206) – стратегии за родовата рамноправност, на Филозофскиот факултет – Скопје (**м-р Стефан Васев**)……………………………………286-290
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Наталија Стојанова, Ивица Циковски**)…………………………………………………………………………………291
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Перо Синадиновски, м-р Оливер Прокоповски**)………………………………………………………292

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Социолингвистички и прагматички компетенции во наставата по деловен англиски јазик во високото образование во Северна Македонија** од **м-р Линдита Скендери**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје………………………………………………………………………293-299

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Opportunities for establishing and fostering the social economy in Western Balkan countries/„Можности за воспоставување и зајакнување на социјалната економија во земјите од Западен Балкан“** од **м-р Гентиана Гега**, пријавена на Економскиот институт – Скопје..300-304

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Јасна Грујоска Кунеска**)………………………………………………………………………………………………305

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Возобновување на изгубената меморија – скопските резиденцијални објекти меѓу двете светски војни** од **м-р Екатерина Намичева,** пријавена на Институтот за македонска литература – Скопје………………………………………………………………………………………………306-314
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Елена Кузманов**)………………………………………………………………………………………………315

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Марта Хаџиевска | „Апликативност на методите за утврдување трансферни цени на ОЕЦД со посебен осврт на мултинационалните претпријатија во Република Северна Македонија“ | “Application of the OECD transfer pricing methods with special reference to multinational companies in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Атанаско Атанасовски | 4.5.2022 година бр. 02-603/2 |
| 2. | Маја Ваневска | „Ревизија на управувањето со средствата на јавниот сектор во Република Северна Македонија“ | “Public sector assets management audit in the Republic of North Macedonia“ | проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска | 4.5.2022 година бр. 02-553/2 |
| 3. | Анита Денковска | “Индикатори за успешност во јавниот сектор со посебен осврт на здравствените установи“ | “Public sector performance indicators with special reference to healthcare institutions“ | проф. д-р Зоран Миновски | 4.5.2022 година бр. 02-676/2 |
| 4. | Евгенија Чулева | "Small business approach towards financing considering the Macedonian context" | ,,Пристапот на малите бизниси кон финансирањето во македонскиот контекст“ | проф. д-р Александра Јанеска Илиев | 4.5.2022 година бр. 02-623/2 |
| 5. | Даниела Којчиноска | ,,Менаџирање на промените со употреба на ТРС моделот (ТПК- Технички, Политички, Културолошки), со нагласок на негова примена во локалната самоуправа” | “Managing changes by applying the TPC model with emphasis on its implementation in local self-governance" | проф. д-р Леонид Наков | 4.5.2022 година бр. 02-725/2 |
| 6. | Емил Дракулевски | ,,Анализа на ефектите на моделите на менаџирање на промените, со нагласок на нивната употреба во осигурителната индустрија” | “Analysis of the effects of change management models with emphasis on their application in the insurance industry” | проф. д-р Леонид Наков | 4.5.2022 година бр. 02-727/2 |
| 7. | Маја Спасевска | "Улогата на лидерството на промени во современиот менаџмент" | "The role of the leadership of change in contemporary management" | проф. д-р Леонид Наков | 4.5.2022 година бр. 02-729/2 |
| 8. | Сања Мршиќ | ,,Родовата хетерогеност на одборите на директори и капацитетот на корпоративната општествена одговорност: Случај на македонските трговски друштва" | “Gender heterogeneity of the boards of directors and the capacity of corporate social responsibility: The case of Macedonian trading companies“ | проф. д-р Леонид Наков | 4.5.2022 година бр. 02-726/2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **9.** | **Татјана Крстиќ** | **„Влијанието на Lean културата врз човечките ресурси во странските компании во Република Северна Македонија”** | **“The Impact of Lean Culture on Human Resources in Foreign Companies in the Republic of North Macedonia”** | проф. д-р Стојан Дебарлиев | 4.5.2022 година бр. 02-724/2 |
| **10.** | **Неда Темелковска** | **„Влијанието на националната култура врз организациската култура во компаниите во современото глобално окружување”** | **“The impact of national culture on the organizational culture in companies in the modern global environment”** | проф. д-р Стојан Дебарлиев | 4.5.2022 година бр. 02-723/2 |
| **11.** | **Силвана Кузеска** | **„Економска конвергенција во ЕУ – емпириска анализа на клучните економски варијабли“** | **“Economic convergence in the EU - empirical analysis of key economic variables”** | проф. д-р Ѓорѓи Гоцков | 4.5.2022 година бр. 02- 687/2 |
| **12.** | **Билјана Хаџи-Велкова** | **„Влијанието на климатските промени врз портфолиото на корпоративни кредити на банките – случајот на Комерцијална банка АД Скопје“** | **„The implication of climate changes on banks’ corporate credit portfolio - case study of Komercijalna banka AD Skopje“** | проф. д-р Елена Наумовска | 4.5.2022 година бр. 02-696/2 |
| **13.** | **Васка Димовска** | **„Влијанието на иновативните техники на продажба врз перформансите на банките”** | **“The influence of the innovative sales techniques on the banks’ performances“** | проф. д-р Елена Наумовска | 4.5.2022 година бр. 02-701/2 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ

| Ред Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **М-р Весна Гарванлиева Андонова** | **”Ефикасноста на трошењето за јавните инвестиции во земјите од Југоисточна Европа – Посебен фокус на Република Северна Македонија“** | **“Efficiency of Public Investment Spending in South East Europe – special Focus on the Republic of North Macedonia“** | **Проф.д-р Борче Треновски** | 4.5.2022 година Бр. 02-675/3 |
| 2 | **М-р Ивона Тасевска** | **„Бихејвиористичките финансии како алтернативен пристап во теориските и емпириските истражувања во современите финансии“** | **“Behavioral finance as an alternative approach to theoretical research in contemporary finance“** | **Проф.д-р Владимир Филиповски** | 4.5.2022 година Бр. 02-707/3 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИМЕНА НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ И КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗВУЧНИ НАСТАНИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СИМОНА ДОМАЗЕТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје бр. 02-575/3, на седницата одржана на 28.4.2022 година, формирана е Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: „Примена на вештачка интелигенција за препознавање и класификација на звучни настани“, изработена од м-р Симона Домазетовска, дипл. маш. инж., во следниов состав: проф. д-р Златко Петрески (претседател), проф. д-р Виктор Гаврилоски (ментор), проф. д-р Даме Коруноски (член), проф. д-р Христијан Мицкоски (член) и проф. д-р Дејан Мираковски (член).

Комисијата внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов: „Примена на вештачка интелигенција за препознавање и класификација на звучните настани”, изработена од м-р Симона Домазетовска, дипл. маш. инж., е самостоен научен труд што претставува прилог во интердисциплинарна научна област која има за цел развој на систем за препознавање и класификација на звучни настани и негова примена во реални инженерски апликации. Истражувањата во оваа докторска дисертација се насочени кон развој на системи за препознавање и класификација на звучни настани преку користење на параметри на звучни настани добиени со дигитална обработка на сигналите и алгоритми кои се засновани на техниките на вештачката интелигенција.

Приложената докторска дисертација претставува заокружена целина во која преку систематичен и темелен научноистражувачки пристап се презентирани оригиналните сопствени истражувања кои се комплексно разработени на 176 страници и прилози кои се прикажани на 57 страници. Дисертацијата содржи над 100 слики, оригинални дијаграмски прикази и табели.

Истражувањата се потпираат на претходно проучената литература која опфаќа 150 библиографски единици од областите на стандардните и напредните техники за проценка на бучавата, систематизација и параметризација преку дигиталната обработка на аудиосигналите, моделирање на алгоритми на машинско и длабоко учење кои се применуваат во системите за препознавање и класификација на звучните настани, како и примената на овие системи во концептот на паметни градови и „интернет на нештата“. Библиографските единици претставуваат книги, стандарди и врвни научни публикации од еминентни автори, кои се презентирани во современи научни списанија и зборници од интернационални симпозиуми и конференции.

Истражуваната проблематика од докторската дисертација е презентирана со следнава содржина:

АПСТРАКТ

1. ВОВЕД

2. СТАНДАРДНИ МЕТОДИ ЗА ПРОЦЕНКА НА БУЧАВАТА ВО УРБАНА ЖИВОТНА СРЕДИНА
3. СИСТЕМАТИЗАЦИЈА И ПАРАМЕТРИЗАЦИЈА НА ЗВУЧНИ НАСТАНИ
4. ПРИМЕНА НА АЛГОРИТМИ НА МАШИНСКО УЧЕЊЕ
5. ПРИМЕНА НА АЛГОРИТМИ НА ДЛАБОКО УЧЕЊЕ
6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНА РАБОТА

ЛИТЕРАТУРА

ПРИЛОЗИ.

Воведната глава има за цел да ја прикаже главната идеја на оваа докторска дисертација и процесот на нејзина реализација. Основната цел на дисертацијата е определување висок степен на точност при предвидување на звучните настани преку примена на техниките на вештачка интелигенција при развој на систем за препознавање и класификација на звучни настани. Имајќи ја предвид комплексноста на целите, методологијата за истражување е утврдена за сеопфатно и ефикасно следење на напредокот и добивање на резултати од истражувањето. Поставени се главната и помошната хипотеза, кои се потврдени и докажани во докторската дисертација. Прегледот на литературата од одделните области ги анализира стандардните методи за проценка на бучавата и нивно подобрување и надградување преку примена на напредни методи кои се базираат на вештачката интелигенција.

Во второто поглавје се анализирани стандардните методи за проценка на бучавата во урбана животна средина преку примена на објективна и субјективна анализа. Преку спроведување на методите за објективна анализа со мерење на нивото на бучава во избраното подрачје, пресметани се основните и дополнителните индикатори на бучава со нивната мерна неодреденост. Понатаму, преку употреба на софтвер за изработка на карти на бучава, добиени се акустични предиктивни модели за нивото на бучавата. Користејќи го параметарот на мерната неодреденост, направена е споредба на резултатите и потврдена е точноста на применетите методологии. Од субјективната анализа се појавува потреба за дополнителни истражувања за идентификација на доминантните извори на бучава преку примена на напредни технологии кои се базираат на вештачката интелигенција.

Третото поглавје е посветено на систематизација и параметризација на звучните настани како важни чекори при моделирање на системите за препознавање и класификација на звучните настани. Препознавањето и класификацијата на звучните настани е дисциплина од областа на компјутерска анализа на звукот која вклучува креирање под системи за детектирање и параметризација преку дигитална обработка на звучните сигнали со цел понатамошна класификација преку употреба на алгоритми на машинско учење. Согласно со спроведеното истражување за систематизација на класите на звучни настани, креирана е таксономија на звучни настани во анализирана урбана средина врз основа на која се избрани 10 репрезентативни класи на звучни настани кои водат до избор на база од 9000 податоци која ќе се користи за тренирање и тестирање на системите за препознавање и класификација на звучните настани. Преку параметризацијата овозможена е екстракција на важни карактеристики на звучни настани од аудиосигналите од базата на податоци кои доведуваат до намалување на времето за обработка и постигнување висока точност при препознавање на класата на звучниот настан. Петте избрани параметри се добиени преку комплексна дигитална обработка на

аудиосигналите, со примена на повеќе трансформации во фреквентен и цепстрален домен, со кои се формирани вектори на карактеристики кои се искористени за тренирање и тестирање на алгоритмите на вештачка интелигенција.

Во четвртото поглавје, разработени се три алгоритми на машинско учење при надгледуван пристап на учење кои се користат за класификација на звучните настани. Изведени се математичките модели на трите алгоритми: машини со потпирачки вектори, случајни шуми и наивен Баесов алгоритам, а понатаму тие се применети во експерименталниот дел. Преку примената на петте параметри на звучни настани и трите алгоритми на машинско учење се формирани 48 модели, кои се искористени за тестирање на системот за препознавање и класификација на звучните настани. Направена е компаративна анализа на резултатите и избран е систем со параметри на звучни настани и алгоритам на машинско учење кој постигнува највисок степен на точност. Точноста при класификација на тестираните податоци е зголемена со примената на хиперпараметарска оптимизација.

Петтото поглавје е посветено на примената на конволуциски невронски мрежи како алгоритми на длабоко учење. Развиен е теоретски осврт на алгоритмот на конволуциски невронски мрежи кој води до формирање на математички модел на алгоритмот кој се користи за препознавање и класификација на звучните настани. Развиениот алгоритам е имплементиран на реален систем користејќи четири различни вектори на карактеристики, резултирајќи во развој на четири алгоритми на конволуциски невронски мрежи. Преку анализа на дијаграмите на точноста и загубата, како и анализите на конфузните матрици се потврдува успешноста на системот за препознавање и класификација на звучните настани. Најуспешниот модел кој ги користи МЕЛ-фреквентните цепстрални карактеристики како параметри на звучни настани и конволуциските невронски мрежи како алгоритми понатаму е валидиран во две фази со цел да се добијат сознанија и јасна претстава за применливоста во реално време. Во процесот на валидација, изграден е алгоритам кој автоматски ги снима податоците на звучни настани, ги процесира и ги препознава во реално време.

Шестото поглавје ги сублимира сознанијата стекнати за време на изработката на докторската дисертација преку приложените заклучоци и препораките за идни истражувања. Кандидатката систематски ги изнесува заклучоците од своите истражувања, надополнети со препораките за идни истражувања за развој на областа. Системот за препознавање и класификација на звучните настани е успешно имплементиран на една сензорска единица како концепт за примена во системи за континуиран мониторинг во реално време, давајќи препораки за идни истражувања преку имплементација во паметните градови кои се базираат на концептот на „интернет на нештата“.

Во прилозите се прикажани програмските кодови кои се искористени за визуелизација на параметрите на звучни настани, анализа на базата на податоци и алгоритмите кои се искористени за препознавање и класификација на звучните настани.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Дел од анализите и резултатите од истражувањата опфатени во оваа докторска дисертација се презентирани во следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

[1] **Domazetovska, S.,** Anachkova, M., Gavriloski, V. and Petreski, Z., 2020, December. Wireless Acoustic Low-cost Sensor Network for Urban Noise Monitoring. *Forum Acusticum,* Dec 2020, Lyon, France. pp.677- 682, ff10.48465/fa.2020.0595ff. DOI : 10.48465/fa.2020.0595

[2] **Domazetovska, S.,** Anachkova, M., Gavriloski, V. and Petreski, Z., 2020, December. Analysis of the Noise Impact in Urban Area in the City of Skopje. *Forum Acusticum,* Dec 2020, Lyon, France. pp.2611-2615, ff10.48465/fa.2020.0600ff. DOI: 10.48465/fa.2020.0600

[3] **Domazetovska, S.,** Anachkova, M., Gavriloski, V. and Petreski, Z., 2020, October. Influence of the traffic flow in urban noise pollution. In *INTER-NOISE and NOISE-CON Congress and Conference Proceedings* (Vol. 261, No. 4, pp. 2088-2096), Seoul, South Korea. Institute of Noise Control Engineering.

[4] **Domazetovska, S**., Anachkova, M., Gavriloski, V., Sokolikj, A. and Stojkovska, S., 2021, August. The impact of COVID-19 lockdown on the noise pollution: case study in the city of Skopje. In *INTER-NOISE and NOISE-CON Congress and Conference Proceedings* (Vol. 263, No. 4, pp. 2087-2094), USA. Institute of Noise Control Engineering. DOI: https://doi.org/10.3397/IN-2021-2047

[5] **Domazetovska, S.,** Gavriloski, V. and Jovanova, J., 2021, September. AI supported noise analyses for structure design requirements definition. In *Smart Materials, Adaptive Structures and Intelligent Systems* (Vol. 85499, p. V001T03A004). American Society of Mechanical Engineers. https://doi.org/10.1115/SMASIS2021-67961

[6] **Domazetovska, S.,** Gavriloski, V., Anachkova, M. and Petreski, Z., 2021. Urban sound recognition using different feature extraction techniques. *Facta Universitatis, Series: Automatic Control and Robotics*, *20*(3), pp.155-165. https://doi.org/10.22190/FUACR211015012D

[7] **Domazetovska, S**., Anachkova, M., Gavriloski, V., Changoski, V., 2022. Uncertainty estimation in environmental road traffic noise measurements using ISO 1996-2:2017. *EuroRegio Conference in Denmark*.

[8] **Domazetovska, S**., Pecioski, D., Gavriloski, V., Mickoski, H., 2022. IoT smart city framework using AI for urban sound classification. In *INTER-NOISE and NOISE-CON Congress and Conference*. Glasgow, United Kingdom. Institute of Noise Control Engineering.

[9] **Domazetovska, S**., Gavriloski, V., Anachkova, M., 2022. Influence of several audio parameters in urban sound event classification. In *INTER-NOISE and NOISE-CON Congress and Conference*. Glasgow, United Kingdom. Institute of Noise Control Engineering.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов: „Примена на вештачка интелигенција за препознавање и класификација на звучни настани“, изработена од м-р Симона Домазетовска, дипл. маш. инж., претставува оригинално истражување со значаен научен придонес во областа на интелигентните системи кои ги користат техниките на вештачката интелигенција. Темата е значајна поради својата актуелност, а резултатите од истражувањето претставуваат афирмација на поширок меѓународен план.

Докторската дисертација има значаен придонес во интердисциплинарна област посветена на имплементација и анализа во реално време, фокусирајќи се на развојот на системите базирани на вештачката интелигенција. Развиените техники во полето на системите за препознавање и класификација на звучни настани се засновани на вештачката интелигенција која има големо значење во современото инженерство и е мотивација за истражување со можност за добивање подлабоки сознанија и придонес во современото општество.

Врз основа на наведените констатации, Комисијата заклучува дека докторската дисертација со наслов: „Примена на вештачка интелигенција за препознавање и класификација на звучни настани“, изработена од м-р Симона Домазетовска, дипл. маш. инж., во целост ги задоволува барањата и критериумите за успешно изработена докторска дисертација и со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај, да го одобри и да закаже јавна одбрана.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Златко Петрески, претседател, с.р.**
**Машински факултет – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Проф. д-р Виктор Гаврилоски, ментор, с.р.**
**Машински факултет – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Проф. д-р Даме Коруноски, член, с.р.**
**Машински факултет – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски, член, с.р.**
**Машински факултет – Скопје,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Проф. д-р Дејан Мираковски, член, с.р.**
**Факултет за природни и технички науки,**
**Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

# П Р Е Г Л Е Д
## на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана преку видеоконференциска платформа на 28 април 2022 година

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ивица Ристовски | Пристап за пресметка и модификација на работните механизми на товарачите и багерите | Calculation and modification Approach to Working Mechanisms in Loaders and Excavators | проф. д-р Јанко Јанчевски | 02-583/2 28.04.2022 год. |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИНТЕРНА МЕДИЦИНА И РЕВМАТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 9.3.2022 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина и ревматологија на Медицинскиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет број 02-1573/4, донесена на 5.4.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ирена Кафеџиска редовен професор на Медицинскиот факултет, д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ вонреден професор на Медицинскиот факултет, д-р Дејан Спасовски вонреден професор на Медицинскиот факултет, д-р Марија Вавлукис редовен професор на Медицинскиот факултет и д-р Жанина Переска, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина и ревматологија, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, научен соработник д-р Емилија Сандевска.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Емилија Сандевска е родена на 7.5.1978 година во Скопје, каде што завршила основно и средно медицинско училиште – отсек за медицински сестри. На Медицинскиот факултет се запишала во учебната 1996/1997 година, а дипломирала во март 2004 година со просечен успех 9,56. Стручниот испит за лекари го положила во февруари 2005 година. Вработена е во ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија во Скопје од јуни 2007 година.

Специјализацијата по интерна медицина ја започнала во 2004 година, а ја завршила во март 2009 година, здобивајќи со звањето специјалист интернист.

На 25.1.2019 година ја одбранила докторската дисертација на тема: **Клиничко-дијагностички пристап кон проценка на коронарна атерогенеза кај болни со системски лупус еритематозус.**

Избрана е за помлад асистент во 2010 година, на 5. редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, одржана на 25.3.2010 година (Билтен на УКИМ број 981, од 1.3.2010 година).

Избрана е за асистент докторанд во 2015 година, на 14. редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, одржана на 22.12.2015 година (Билтен на УКИМ број 1110, од 2.11.2015).

Избрана е за научен соработник во 2021 година, на 35. редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, одржана на 01.07.2021 година (Билтен на УКИМ број 1238, од 15.5.2021).

По вработувањето на Клиниката за ревматологија, активно е вклучена во стручната и научната работа на Клиниката. Учесник е на повеќе стручни научни собири и предавања, како и на конгреси во Република Македонија. Член е на Македонската ревматолошка асоцијација – МААР, како и на ЕУЛАР – Европска ревматолошка асоцијација.

Активно го зборува англискиот јазик, уверение Ц1-ниво, потврда број 03-213/2, од 28.1.2022 година, издадена од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата (5. редовна седница одржана на 25.3.2010, Билтен бр. 981 од 1.3.2010, 14. редовна седница одржана на 22.12.2015 година, Билтен бр. 1110 од 2.11.2015 година, 35. редовна седница одржана на 1.7.2021, Билтен бр.1238, од 15.5.2021), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката научен соработник д-р Емилија Сандевска е вклучена во практичните испити за студенти по медицина и стоматологија на првиот и вториот циклус студии на студиските програми Општа медицина и Стоматологија.

### Научноистражувачка дејност

Научен соработник д-р Емилија Сандевска има објавено вкупно 13 научни трудови од ревматолошката област, од кои 5 научни труда во стручно/научно-популарно списание, 8 научни труда во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор и 25 апстракти објавени во зборник на конференција – меѓународна.

### Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Научен соработник д-р Емилија Сандевска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Клиниката за ревматологија во Скопје. Врши стручна и научна дејност.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за здравство, како и во Комисијата за лекување во странство при Клиниката за ревматологија.

### Оценка од самоевалуација

Кандидатката н. сор. д-р Емилија Сандевска, во учебната 2018/2019 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:ЕМИЛИЈА ЉУБЕ САНДЕВСКА**
(име, татково име и презиме)
**Институција:МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РЕВМАТОЛОГИЈА**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, РЕВМАТОЛОГИЈА**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,56. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област:интерна медицина; поле: ревматологија; подрачје: ревматоиден артритис. | Да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание:<br>Прилози, Contributions, MANU<br>2. Назив на електронската база на списанија: IndexMedicus,Medline<br>3.Наслов на трудот:<br>Myocardialperfusionabnormalitiesinyoungandpremenopausalwomenwithsystemiclupuserythematosus, detectedwith 99MTCmyocardialperfusionscintigraphy – prevalenceandcorrelationwithproaterogenicfactors<br>4.Година на објава: 2018 | Да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1.Назив на научното списание:<br>Acta morfologica | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2.Меѓународен уредувачки одбор(вкупен број членови, број и припадност по земји): 13 члена, Македонија 4, Италија, Србија, Турција<br>3. Насловнатрудот:<br>1. Myocardial perfusion in patients with systemic lupus erythematosus and low to intermediate risk for coronary artery disease, assessed with 99MTC MIBI myocardial perfusion scintigraphy-case report<br>година на објава: 2017<br><br>1. Назив на научното списание:<br>Physioacta<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 12 члена САД, Германија, Македонија, Србија, Романија, Бугарија, Албанија, Црна Гора, БИХ<br>3.Наслов на трудот: 99mTC-MIBI ЕКТ -Синхронизирана миокардна перфузиона сцинтиграфија кај асимптоматски пациентисо системски лупус еритематозус<br>4.Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на научното списание:<br>Македонски медицински преглед<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14 члена<br>Британија, Хрватска, Република Српска, САД, Германија, Албанија, Србија, Данска, Словенија, Бугарија<br>3.Наслов на трудот: ACR20 и ACR50 критериуми за проценка на тераписки одговор од метотрексат кај пациенти со ревматоиден артритис<br>4.Година на објава: 2019<br><br>1. Назив на научното списание:<br>Македонски медицински преглед<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14 члена<br>Британија, Хрватска, Република Српска, САД, Германија, Албанија, Србија, Данска, Словенија, Бугарија<br>3.Наслов на трудот:Превенција на губиток на минерална коскена густина кај пациенти со инфламаторни ревматски болести<br>4.Година на објава: 2020 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание:<br>Current Pharmaceutical Design<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Канада<br>3. Наслов на трудот:<br>Myocardial infarction in systemic Lupus Erythematosus-Sex specific risk profile<br>4. Година на објава: 2020 | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.4 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: Radiationaplication<br>2.Назив на меѓународниот собир: International conference on radiation application in Physics, Chemistry, Medical Sciences, Engineering and Environmental Sciences,<br>3.Имиња на земјите: Србија, Ирска, Грција<br>4. Наслов на трудот: Determination of asymptomatic endothelial dysfunction in coronary artery disease in patients with seropositive rheumatoid arthritis with asymmetric dimethylarginine (adma) andmyocardialperfusionscintigraphy<br>5. Година на објава: 2021<br><br>1.Назив на зборникот: Radiationaplication<br>2.Називнамеѓународниотсобир: International conference on radiation application in Physics, Chemistry, Medical Sciences, Engineering and Environmental Sciences,<br>3.Имиња на земјите: Србија, Ирска, Грција<br>4. Насловнатрудот: The utility of dual-energy X-ray absorptiometry (DXA) in the assessment of fracture risk in women with early undifferentiated psoriatic arthropathy sine psoriasis vulgaris with or without joint inflammation<br>5. Година на објава: 2021 | Да |
| 3.5 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение Ц1-ниво<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“,<br>4. Датум на издавање на документот: број 03-213/2, од 28.1.2022 година. | Да |
| 3.6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ирена Кафеџиска, с.р.**
**Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.**
**Проф. д-р Дејан Спасовски, с.р**
**Проф. д-р Марија Вавлукис, с.р.**
**Проф. д-р Жанина Переска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ

**Кандидат: ЕМИЛИЈА ЉУБЕ САНДЕВСКА**
(име, татково име и презиме)
**Институција: УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ, УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РЕВМАТОЛОГИЈА**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, РЕВМАТОЛОГИЈА**

| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | |
|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
| **1** | **Додипломска настава (од прв циклус студии )** | |
| **1** | **Одржување на настава (вежби)** | |
| 1/1 | Одржување вежби по предметот Интерна медицина од 2010/2011 (зимски) до 2021-2022 (зимски) (22 семестри)<br><br>Онлајн настава (вежби) по предметот Интерна медицина,<br>2019/2020 (летен)<br>2020/2021 (зимски)<br><br>4 x 15 x 0,03 x 22 | 39.6 |
| 1/2 | Одржување вежби по предметот Клиничко испитување од 2010/2011 (зимски) до 2021-2022 (зимски) ( 22 семестри)<br><br>Онлајн настава (вежби) по предметот клиничко испитување<br>2019– 2020(летен)<br>2020/2021 (зимски), група 31-60, 3 часа. 4 предавања<br><br>4 x 15 x 0,03 x 22 | 39.6 |
| | **5.10 A**. Volkanovska, M.Miloshevski, V. Chaloska Ivanova, B. Todorovska, D. Janevska**, E. Nikolovska,** A. Karadzova. The effects of UDCA in the treatment of NASH. Falk symposium 21-22,2016 Luzerne | **0,5** |
| **6.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција (национална 0,5; меѓународна -1)** | **16** |
| | **6.1 Emilija Nikolovska,** Rozalinda Popova-Jovanovska, Viktorija Caloska-Ivanovska, Meri Trajkovska Mitko Miloshevski, Magdalena Genadieva-Dimitrova, Dafina Nikolova, Ance Volkanovska, Elena Curakova, Ana Karadzova, Kalina Grivceva-Stardelova. Ursodeoxiholic acid in the treatment of alcoholic liver disease. GASTRO 2019. 4-ти Конгрес на Гастроентеролози на Србија, Белград, 8-9 ноември 2019. | 1 |
| | **6.2 Nikolovska E,** Trajkovska M, Isahi U, Caloska-Ivanovska V, Mishevski J, Miloshevski M, Deriban Gj, Curakova E, Janevska D, Volkanovska A, Karadjova A, Janevski Gj, Joksimovic N. Rare presentationof gastric schwannoma: a case report. Xth Macedonian congress of gastroenterology and hepatology with international participation, Ohrid, Macedonia, 2016. Abstract book/poster presentations, 2016; 107. | 1 |
| | **6.3 Emilija Nikolovska,** Rozalinda Popova Jovanovska, Ana Karadzova, Ance Volkanovska, Dafina Nikolova, Viktorija Caloska Ivanova, Magdalena Genadieva Dimitrova, Meri Trajkovska, Gjorgji Deriban, Darko Dzambaz, Kalina Grivceva Stardelova. Cystadenocarcinoma of pancreas presented with cystic ovarian metastasis: rare case presentation. 1st European conference of young gastroenterologist. December 6-9 , Zagreb Abstract book F-22 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **6.4** Gastrointestinal lymphoma in tertiary gastroenterology center: clinical, endoscopic and pathological features. Curakova E, Genadieva-Dimitrova M, Misevski J**,** Caloska-Ivanova V**,** Todorovska B, JoksimovicN, **Nikolovska E,** Genadieva-Stavric S. X македонски конгес по гастроентерологија и хепатологија со меѓународно учество, Охрид, Македонија, 2016 год. | 1 |
| | **6.5** Paracentesis-induced abdominal wall hematoma successfully treated with cryoprecipitate Elena Curakova Ristovska, Magdalena Genadieva-Dimitrova, Kalina Grivceva-Stardelova, Viktorija Caloska- Ivanova, Nenad Joksimovik, **Emilija Nikolovska**, Ivana Milicevic I. 1st European Confernece of Young Gastroenterologists, Chalenges in Clinical Gastroenterology and Hepatology. Zagreb, December 6-9 2018. | 1 |
| | **6.6** Ana Karadzova, Ance Volkanovska, **Emilija Nikolovska,** Dafina Nikolova, Viktorija Caloska Ivanova, Magdalena Genadieva Dimitrova, Kalina Grivceva Stardelova. Celiac disease associated with IBD. 1st European conference of young gastroenterologist. December 6-9 , Zagreb Abstract book F-65 | 1 |
| | **6.7** Anche Volkanovska Nikolovska, Viktorija Chaloska Ivanova, Dafina Nikolova, **Emilija Nikolovska**, Ana Karadzova Dzambaz, Mitko MIloshevski, Fana Lichoska Josifovik, Kalina Stardelova, Gjorgji Dereban.Managment of an adolescent with familial adenomatous polyposis: report of a case. World congress of gastroenterology Istanbul 2019, Abstract book PP-526 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **6.8 Nikolovska E,** Caloska Ivanova V, Miloshevski M, Popova Jovanovska R, Trajkovska M, Todorovska B, Janevska D, Karadzova A. Ursodeoxiholic acid in the treatment of alcoholic liver disease. Innsbruck, Austria Falk Symposium March 11-12,2016 | 1 |
| | **6.9** Karadzova A**,** Miloshevski M, Serafimovski V, Caloska Ivanova V, Janevska D, **Nikolovska E,** Volkanovska A. Long-term UDCA therapy in the patients with primary sclerosanting cholangitis. Innsbruck, Austria Falk Symposium March 11-12,2016 | 1 |
| | **6.10** Karadzova A**,** Caloska Ivanova V, Miloshevski M, Genadieva Dimitrova M, Torodorovska B, Janevska D, **Nikolovska E**. Immunomodulating effect of UDCA in patients with autoimmune hepatitis type 1. Falk symposium Freiburg 10-11 Octomber 2014 | 1 |
| | **6.11** . Volkanovska, M.Miloshevski, V. Chaloska Ivanova, B. Todorovska, D. Janevska**, E. Nikolovska,** A. Karadzova. The effects of UDCA in the treatment of NASH. Falk symposium 21-22,2016 Luzerne | 1 |
| | **6.12 Emilija Nikolovska**, Darko Dzambaz, Viktorija Calovska, Rozalinda Popova Jovanovska, Meri Trajkovska, Gjorgji Dereban. Solid Pseudopapillary tumor of pancreas with anomaly of hepatic portal vein in young female patient case report. Pancreatology 2017 | 1 |
| | **6.13** A.Volkanovska Nikolovska, D.Nikolova, **E.Nikolovska Trpchevska**, M.Trajkovska. Diet-Related Improvement Of Non-Alcoholic Steatohepatitis. MLD 2020 | 1 |
| | **6.14** A.Volkanovska Nikolovska, D.Nikolova, **E.Nikolovska Trpchevska**, A.Karadzova Dzambaz. Thrombotic Complications Following Liver Transplantation Due To Budd-Chiari Syndrome. MLD 2020 | 1 |
| | **6.15 Nikolovska Trpchevska E**, Popova Jovanovska R, Volkanovska Nikolovska A, Nikolova D. Lymphangiomas of the liver and spleen: rare case presentation. MLD 2020 | 1 |
| | **6.16** A. Volkanovska, I. Domazetovski, A. Karadzova, D. Janevska, **E. Nikolovska,** V. Chaloska. Gj. Deriban, N. Joksimovic. Eosinophilic eosophagitis: A case report.<br><br>X Macedonian Congress gastroenterology and hepatology with international participation. 2016, Ohrid. Abstract book. | 1 |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **68** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста (стручно применувачка) | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството**: специјализација по интерна медицина | **2** |
| 2. | **Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството**: супспецијализација по гастроентерохепатологија | **1** |
| 3. | **Клиничка практика во соодветната здравствена област(дијагностички и тераписки процедури)** | **2** |
| | 4.1. Едукација на матични лекари за теоретски и практичен дел на 100 избрани МБД-упатства во рамките на МЗ | 1 |
| | 4.2. Изработка на „Клиничка патека за мелена”, март 2014 година | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **5** |

| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на активноста (дејности од поширок интерес)** | **Поени** |
| **1.** | **Член на организационен или програмски одбор намеѓународен научен/стручен собир:** | **1** |
| | 1. Член во организациониот одбор на млади гастроентерохепатолози при Светската гастроентеролошка организација Young Gi committee WGO, февруари 2022 год. | 1 |
| **2.** | **Награда за постигнувања** | **6** |
| | 1. Диплома за придонес и ангажирање во работата на Македонскотолекарско друштво, издадена од МЛД, 2021 година | 3 |
| | 2. Првонаградена на 31. Интернационален студентски конгрес за научниот труд со наслов: “Upper fat arm area and its relations to DHA determination of the total fat mass percentage“, Охрид, Македонија, 2008. | 3 |
| **3.** | **Учество на курсеви/школи/студиски престои (студискипрестој во странство до три месеци)** | **7,5** |
| | 1. Едномесечен престој во ендоскопската единици при Универзитетската клиника „Епендорф“, мај – јуни 2017 година, Хамбург | 0.5 |
| | 2. Едномесечен престој во ултразвучна единица на Оддел за гастроентерохепатологија, Клинички центар – Србија, април 2012 година | 0.5 |
| | 3. Учество на UEG Trainee course: Summer school, јуни 2014 год.,Прага | 0.5 |
| | 4. Учество на UEG Trainee course: Summer school, јуни 2015 год.,Прага | 0.5. |
| | 5. Учество на UEG Trainee course: Summer school, јуни 2016 год.,Прага | 0.5 |
| | 6. Учество на UEG Week Postgraduate Teaching Programme, Барселона, 2017 | 0.5 |
| | 7. Учество на UEG Week Postgraduate Teaching Programme, online virtual, 2020 | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 8. Учество на UEG Week Postgraduate Teaching Programme, online virtual, 2021 | 0.5 |
| | 9. Учество во UEG mentoring program, 31 октомври 2017 год., Барселона | 0.5 |
| | 10. Учество на UEG Week, virtual, 2020 | 0.5 |
| | 11. Учество на UEG Week, virtual, 2021 | 0.5 |
| | 12. ESPEN Course Thesalloniki, 2012 | 0.5 |
| | 13. ESME course (essention skills in medical education), juni 2017 | 0.5 |
| | 14. Учество на EAGEN & EHMSG Postgraduate course “Clinical Decisionin Digestive Diseases”, октомври 2016 год., Охрид | 0.5 |
| | 15. Учество на EAGEN Postgraduate course“Bleeding in the GI tract”, 7ноември, Белград | 0.5 |

| **4.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **2** |
|---|---|---|
| | 4.1. Член на Комисија за одредување терапија кај пациенти со хепатит Ц | 1 |
| | 4.2. Член на национален тим за трансплантација на црн дроб | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **16,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **НАСТАВНА ДЕЈНОСТ** | **81,62** |
| 2 | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **68** |
| 3 | **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **5** |
| 4 | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **16,5** |
| 5 | **ВКУПНО** | **171,12** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мери Трајковска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Магдалена Генадиева Димитрова, член, с.р.**
**Доц. д-р Владимир Андреевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Марковиќ Темелкова, член, с.р.**
**Доц. д-р Павлина Џекова Видимлиски, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Емилија Николовска Трпчевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Емилија Николовска Трпчевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето научен соработник по предметите од научните области: интерна медицина и хепатогастроентерологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Емилија Николовска Трпчевска да биде избрана во звањето научен соработник по предметите од научните области: интерна медицина и хепатогастроентерологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мери Трајковска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Магдалена Генадиева Димитрова, член, с.р.**
**Доц. д-р Владимир Андреевски, член, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Марковиќ Темелкова, член, с.р.**
**Доц. д-р Павлина Џекова Видимлиски, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“, од 10.3.2022 година, за избор на еден асистент по Интерна медицина, и врз основа на Одлуката број 02-1573/31, донесена на XL седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржана на 5.4.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ненад Јоксимовиќ, доц. д-р Оливер Калпак и доц. д-р Бети Тодоровска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по предметот Интерна медицина, во предвидениот рок се пријави еден кандидат: ас. д-р Георги Јаневски.

**Ас. д-р Георги Јаневски**
**Биографски податоци и образование**

Ас. д-р Георги Јаневски е роден 1988 година во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје, средното образование го завршил во ДСУ “Георги Димитров”, континуирано со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” се запишал во 2007 год., а дипломирал на 27.5.2013 год. со просечен успех 9,30. По изведувањето на лекарскиот стаж, со успех го положил стручниот испит и во декември 2013 година се здобил со лиценца за работа. По завршувањето на студиите најпрвин работел како доктор на Клиниката за ТОАРИЛУЦ на Ургентен хируршки центар, а потоа од август 2015 година е вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија. Од март 2016 година се запишал на специјализација по гастроентерохепатологија и во моментот е на 6. година од специјализација по гастроентерохепатологија на Катедрата за интера медицина.

Активно го владее англискиот јазик, а има и базично познавање на германскиот и хрватскиот јазик.

**Наставно-образовна дејност**

Во текот на студиите, активно учествувал во работата на Сојузот на студенти по медицина (2008 – 2013) и воедно е претставник во Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет. Во септември 2010 година заминал на студиска размена во времетраење од една година на Медицинскиот факултет во Загреб, во рамките на програмата за размена и мобилност на студенти ЕРАЗМУС. Активно учествува во организацијата на X конгрес за гастроентерохепатологија со меѓународно учество, одржан во Охрид, 2016 година. Во март 2016 година завршил успешна обука при Универзитетски клинички центар Љубљана, Р Словенија, од обласа на горнодигестивната ендоскопија.

На 22.10.2019 година, ас. д-р Георги Јаневски е избран во звањето асистент на Катедрата за интерна медицина. Во моментот е асистент на Катедрата за интерна медицина. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1195 од 1.7.2019 година.

**Научноистражувачка и стручна дејност**

Како автор и коавтор, д-р Георги Јаневски учествувал во изработка на неколку научни и стручни трудови.

Досега се рецензирани два труда (рецензија објавена во Билтен на УКИМ бр. 1195 од 1.7.2019 год., стр. 256-300).

**Трудови за рецензија:**

За овој избор, кандидатот ги приложи следниве трудови:

**1.** Janevski P[1] , Lazareska M[1] , Anastasovski M[1] , **Janevski G[2]** , Kostov M[3] , Talevski D[4]. **Correlation between risk factors for onset of disc herniation and localization of the pathologic change.** Acta morphologica, international journal of the macedonian association of anatomists and morphologists Vol. 16 (2) 2019.

Целта на трудот е да се прикаже влијанието на ризик-факторите врз инциденцата на појава на дискус хернија и локализација на патологијата. Во студијата која е аналитичка-трансверзална, вклучени беа 98 испитаници на возраст од 35 до 70 год. со рефракторна вратна болка. Резултатите покажаа дека дискус хернијата најчесто се јавува во средниот цервикален ’рбет (Ц5/Ц6), а сигнификантни предиктори од анализираните ризик-фактори за појава на цервикална дискус хернија се: возраста, генетската предиспозиција и работата поврзана со секојдневно виткање и држење на вратот во свиена положба.

**2.** Јаневски П[1], Митреска Н[1], Арсовска А[2], **Јаневски Г[3]. Дегенеративно заболување на цервикалниот сегмент од ‘рбетот кај пациенти со цервикобрахијален синдром.** MEDICUS ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 25 (2) · 2020.

Целта на овој труд е да се прикаже типот на дегенеративното заболување на цервикалниот сегмент од ’рбетот кај пациенти со рефракторна вратна болка. Во оваа аналитичка-трансверзална студија во која беа користени МР-прегледите на цервикалниот ’рбет и податоците од прашалникот дизајниран за оваа студија, беа вклучени 98 испитаници на возраст од 35 до 70 год. со рефракторна вратна болка. Резултатите покажаа дека надув на интервертебрален диск на цервикалниот сегмент од ’рбетот како патолошка промена е чест кај симптоматските пациенти и се регистрира кај 78,57 % од испитаниците, а од друга страна, појавата на дискус хернија не е толку честа и се јавува кај нешто повеќе од половина од испитаниците (51,02 %).

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Георги Јордан Јаневски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: УКИМ – Медицински факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: ИНТЕРНА МЕДИЦИНА**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 9,30 | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2.Назив на документот: уверение за познавање англиски јазик – ниво Б2<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет ,,Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 11.3.2022. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ненад Јоксимовиќ, с.р.**
**Доц. д-р Оливер Калпак, с.р.**
**Доц. д-р Бети Тодоровска, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Георги Јаневски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Георги Јаневски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори (Универзитетски гласник бр. 411/2018) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент по предметот Интерна медицина.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Георги Јаневски да биде реизбран во звањето асистент по предметот Интерна медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ненад Јоксимовиќ, с.р.**
**Доц. д-р Оливер Калпак, с.р.**
**Доц. д-р Бети Тодоровска, с.р.**

***Прилог бр. 3***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ИНТЕРНА МЕДИЦИНА, ИНФЕКТОЛОГИЈА И ДЕРМАТОВЕНЕРОЛОГИЈА ЗА ТРИГОДИШНИТЕ СТРУЧНИ СТУДИИ“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, бр. XL, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот наслов: **Интерна медицина, инфектологија и дерматовенерологија за тригодишните стручни студии** од Катедрата за интерна медицина, од група автори: проф. д-р Христо Пејков, проф. д-р Дејан Докиќ, проф. д-р Мери Трајковска, проф. д-р Татјана Миленковиќ, проф. д-р Билјана Герасимовска, проф. д-р Снежана Мишевска-Перчинкова, в. н. сор. д-р Александра Пивкова Велјановска, проф. д-р Нико Беќаровски, проф. д-р Звонко Миленковиќ и проф. д-р Сузана Николовска, со главен уредник: проф. д-р Мери Трајковска, наменет за студентите на Катедрата за интерна медицина (назив на единицата), за предметот Интерна медицина за тригодишните стручни студии, избрани се: **проф. д-р Соња Бојаџиева и проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева.**

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | „Интерна медицина, инфектологија и дерматовенерологија за тригодишни стручни студии“ |
| **Назив на предметната програма:** | Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести.<br>Интерна медицина, за логопеди.<br>Интерна медицина со дерматовенерологија, за физиотерапевти. |
| **Назив на студиската програма:** | Тригодишни стручни студии за медицински сестри/техничари, логопеди и физиотерапевти |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **17 кредити за медицински сестри**<br>**6 кредити за логопеди**<br>**6 кредити за физиотерапевти** |
| Предметот „Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести” за ТСС мед. сестри/техничари на Медицинскиот факултет е задолжителен (изборен/<u>задолжителен</u>) предмет со фонд на часови 385, број на ЕКТС-кредити – 17 и се слуша во III семестар. | |
| Предметот Интерна медицина за ТСС/логопеди на Медицинскиот факултет е задолжителен (изборен/<u>задолжителен)</u> предмет со фонд на часови 100, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во II семестар. | |

<table>
<tr><td colspan="3">Предметот Интерна медицина со дерматовенерологија за ТСС/физиотерапевти е задолжителен (изборен/<u>задолжителен</u>) предмет со фонд на часови 150, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во III семестар.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Реден број на изданието:</td><td><u>прво издание</u>/ I издание (се разликува од претходното издание ____ %)</td></tr>
<tr><td>Општи податоци за ракописот:</td><td colspan="2">Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 500 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 53 слики и 37 табели.</td></tr>
</table>

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Соња Бојаџиева, с.р.**
**Проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Соња Бојаџиева

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот претставува иновативно дело на пишаниот збор во полето на медицината и едукацијата на студентите на тригодишните стручни студии за медицински сестри/техничари, логопеди и физиотерапевти на Медицинскиот факултет во Скопје. Ракописот претставува прво издание на учебникот, кој е наменет за изучување и совладување на теоретската и практичната настава по предметите: Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести, Интерна медицина, Интерна медицина со дерматовенерологија, за студентите на тригодишните стручни студии, на студиските програми за: медицински сестри/техничари, логопеди и физиотерапевти. Авторите на овој учебник, под водство на главниот уредник и автор проф. д-р Мери Трајковска, го опфатиле целокупниот курикулум на предметните програми, сите методски единици кои се потребни за совладување на теоретската и практичната содржина на предметите. Целокупната организираност на учебникот, започнувајќи од делот именуван *Содржина* на учебникот му дава лесен пристап на прегледност на целиот текст и пребарување на методските единици. Ракописот е структуриран низ десет поглавја, во кои се разработени методските единици од осум клинички области на интерната медицина (кардиологија, пулмологија, гатроентерохепатологија, ендокринологија, нефроурологија, ревматологија, хематологија и клиничка токсикологија), од инфектологијата (едно поглавје) и дерматовенерологијата (едно поглавје). Во секое од десетте поглавја, како потпоглавја, обработени се најзначајните и најчестите заболувања, патолошки состојби и патолошки процеси од наведените 10 области, секојдневно застапени во амбулантската, поликлиничка, клиничката/болничката пракса.<br>Од поглавјето *Кардиологија*, обработени се 43 заболувања, патолошки состојби и процеси.<br>Од поглавјето *Пулмологија,* обработени се 21 патолошка состојба со сите свои специфики. Во поглавјето *Гастроенетерохепатологија,* вклучени се 29 важни потпоглавја од обласа на гастроентерохепатологијата. *Ендокринолошката* патологија е обработена во 26 потпоглавја, *Нефроурологијата* со 16, *Ревматологијата* со 16, Хематологијата со 15, *Клиничката токисклогија* со 13, *Инфектологијата* со 58 и *Дерматовенерологијата* со 18 потпоглавја.<br>За секоја конкретна област, поглавјата започнуваат со спецификите во пристапот кон пациентот, |

| | |
|---|---|
| | начинот на земање анамнеза, проценка на статусот на пациентот со препознавање на симптомите карактеристични за секој систем на органи, со разгледување на дијагностичките методи и тестовите кои се применуваат за дијагностика и следењето на болестите на конкретниот систем на органи. Во секое поглавје за соодветната област, авторите се осврнуваат на стручниот аспект на предметот и потребните квалификации и вештини со кои треба да се стекнат студентите согласно со студиските програми. Во секое поглавје обработени се најзначајните заболувања од одредена област, потпирајќи се на концептот на воведни информации за значење на заболувањето, дефиниција, етиологија, епидемиологија, ризик-фактори за настанување на болеста, клиничка симптоматологија, дијагностика и терапија на болеста.<br>Авторите во учебникот, покрај теоретските информации, ги опфаќаат и практичните знаења и вештини со кои треба да се стекнат студентите. Особено е важно нотирањето на своето богато клиничко искуство кои авторите го пренесуваат во текстовите, како дијагностички процедури, тераписки предизвици, толкување на резултати и следење на пациентите.<br>Учебникот содржи соодветен број на слики и табели, кои го олеснуваат начинот на учење и разбирање на одредени методски единици. Текстот, исто така, содржи важни факти и ставови од најнови водичи за лекување и водење на пациентите.<br>Целокупниот текст во пишаното дело се одликува со исклучителен квалитет, едноставен и јасен јазик на изразување, кој е лесно прифатлив за читање и совладување на материјалот. Делото содржи соодветни методски единици согласно со предметните програми на медицинските теоретски и практични знаења што студентите треба да ги совладаат и научат. Усогласениот и унифициран стил на пишување, иако повеќе автори се вклучени во пишувањето на ракописот, го прават учебникот исклучително квалитетен и посебен. Секоја методска единица се карактеризира со исклучителен пристап на обработка на спецификата на делот кој е обработен. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма по задолжителните предмети: Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести, за студентите на тригодишните стручни студии за медицински сестри/техничари; |

| | |
|---|---|
| | Интерна медицина, за студентите на тригодишните стручни студии за логопеди;<br>Интерна медицина со дерматовенерологија, за студентите на тригодишните стручни студии за физиотерапевти.<br>Севкупната содржината, структурираност и дидактичкиот пристап во ракописот соодветствува со содржината, обемот и наставните цели на предметот. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Сите автори на учебникот, под водство на главниот уредник проф. д-р Мери Трајковска, јасно и концизно го изнесуваат пишаниот текст со лесен стил за учење, разбирлив јазик и прифатлив, концизен со точно разработени методски единици и поглавја соодветни за предметните програми. Разработените методски единици и севкупната стручна опфатеност на учебникот даваат целосен увид и прифатливост во совладување на повеќе мултидисциплинарни проблематики разбирливи за студентот.<br>Учебникот, иако пишуван од повеќе автори, јасно и концизно ги пренесува сите релевантни факти со прецизен стил и јазик разбирлив за студентите на тригодишните стручни студии. Учебникот може да послужи за надополнување на знаењата и на студентите по медицина.<br>Топло го препорачуваме учебникот за печатење и издавање |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 500 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 53 слики и 37 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести, Интерна медицина и Интерна медицина со дерматовенерологија, примарно наменет за студентите на тригодишните стручни студии за медицински сестри/техничари, логопеди и физиотерапевти на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 25.4.2022 година

**Рецензент**
**Проф. д-р Соња Бојаџиева, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот претставува прво издание на учебникот, кој е наменет за изучување и совладување на теоретската и практичната настава по предметите: Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести, Интерна медицина и Интерна медицина со дерматовенерологија, за студентите на тригодишните стручни студии, на студиските програми за тригодишните стручни студии на медицински сестри/техничари, логопеди и физиотерапевти на Медицинскиот факултет во Скопје. Од делот на ракописот именуван како *Содржина* на ракописот се согледува организацијата на ракописот која овозможува одлична прегледност на целиот текст и лесно пребарување на методските единици и користење на текстот од страна на студентот. Ракописот е структуриран низ десет поглавја, во кои се разработени методските единици од осум клинички области на интерната медицина (кардиологија, пулмологија, гатроентерохепатологија, ендокринологија, нефроурологија, ревматологија, хематологија и клиничка токсикологија), од инфектологијата (едно поглавје) и дерматовенерологијата (едно поглавје). Во секое од десетте поглавја, како потпоглавја, обработени се најзначајните и најчестите заболувања, патолошки состојби и патолошки процеси од наведените 10 области, секојдневно застапени во амбулантската, поликлиничка, клиничката/болниката пракса. Од областа на кардиологијата, на овој начин обработени се 43 заболувања, патолошки состојби и процеси; од областа на пулмологијата – 21, гастроенетерохепатологијата – 29, ендокринологијата – 26, нефроурологијата – 16, ревматологијата – 16, хематологијата – 15, клиничката токсикологија – 13, инфектологијата – 58 и дерматовенерологијата – 18. Како посебен квалитет на ракописот се издвојуваат јасниот, едноставен јазик на кој се напишани текстовите (од многу различни автори), соодветно одбраниот опсег на медицински теоретски и практични факти и знаења што студентите треба да ги совладаат, како и прецизниот и максимално унифициран концепт на обработување и изнесување на материјалот по секоја една методска единица. Во делот **Интерна медицина**, за секоја конкретна област, поглавјата започнуваат со спецификите во пристапот кон пациентот, начинот на земање анамнеза, оценување на статусот на пациентот со препознавање на симптомите карактеристични за секој систем на органи, со разгледување на дијагностичките методи и тестовите кои се |

| | |
|---|---|
| | применуваат при детекција и следењето на болестите на конкретниот систем на органи. Притоа, изнесената информација е детална и соодветна на побарувањата на стручниот аспект на предметот и потребните квалификации и вештини со кои треба да се стекнат студентите на овие студиски програми. Потоа, во секое поглавје следат засебните методски единици посветени на најзначајните заболувања од одредена клиничка област, при што текстот од секоја од нив се стреми да го следи концептот – дефиниција на болеста, воведни информации за значењето на заболувањето од аспект на морбидитет и морталитет, ризични фактори за неговото настанување, етиологија, симптоматологија, класификација, дијагностика и терапија на заболувањето. И повторно, авторите, освен теоретските разгледувања за различните заболувања, акцентот го ставаат на практичните знаења и вештини со кои треба да се стекнат студентите на овие студиски програми. Своето богато клиничко искуство авторите го пренесуваат во текстовите со исцрпност и постапност во анализата на статусот на пациентот, етапите во развојот на болеста, терапевтските постапки, дијагностичките процедури со толкување на карактеристичните резултати и наоди. Учебникот е илустриран со значителен број на едукативни слики и табели што, секако, го олеснува процесот на усвојување на пишаниот материјал и оттаму, кваалитетно остручување на студентите. Материјалот во целост се наметнува како сериозно и темелно замислен и реализиран проект, притоа и мошне обемен и информативен, содржаен, со изнесено изобилство исцрпни факти, најнови сознанија и етаблирани најсовремени клинички водичи за водење на заболените. Текстовите на секоја една методска единица се извонредно унифицирани по концептот на обработка и усогласени во обемноста и, што е најзначајно – адаптираноста кон едукативните цели и задачи на профилите за кои е наменета. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма по предметите: Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести, Интерна медицина и Интерна медицина со дерматовенерологија, кои се задолжителни предмети за студентите медицински сестри/техничари, логопеди и физиотерапевти. Содржината, структурираноста и дидактичкиот пристап во ракописот соодветствуваат со |

| | |
|---|---|
| | содржината, обемот и наставните цели на предметот. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Авторите со многу искуство, јасно и постапно го изнесуваат текстот и ги разработуваат методските единици, со медицински богат, но разбирлив јазик, лесен за следење. Дидактичкиот пристап за усвојување на методската единица е концизен, со акцент на стручната информација, со пренесување на практични вештини и искуства кои ветуваат реални изгледи за целосен увид и разбирање на студентот во изучуваната проблематика. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 500 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 53 слики и 37 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Здравствена нега на интернистички болни со интерна медицина, дерматовенерологија и инфективни болести, Интерна медицина и Интерна медицина со дерматовенерологија, примарно наменет за студентите на тригодишните стручни студии за медицински сестри/техничари, логопеди и физиотерапевти на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 25.4.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ВАЛИДАЦИЈА НА НОВАТА АО-КЛАСИФИКАЦИЈА НА ТОРАКОЛУМБАЛНИТЕ СКРШЕНИЦИ, ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ЗА ТИПОТ НА СКРШЕНИЦАТА, ЗА ВИДОТ НА ТРЕТМАН И ИСХОДОТ ОД УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА СООДВЕТЕН ТРЕТМАН“ ОД Д-Р ЉУПЧО НИКОЛОВ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 5 април 2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов „Имплементација и валидација на новата АО-класификација на тораколумбалните скршеници, процесот на донесување одлуки за типот на скршеницата, за видот на третман и исходот од усогласување на одлуките за соодветен третман“ од кандидатот д-р Љупчо Николов, докторанд, во состав: проф. д-р Зоран Божиновски (претседател), проф. д-р Игор Кафтанџиев (ментор), проф. д-р Уфук Ајдинли (член), проф. д-р Симон Трпески (член) и проф. д-р Климе Ѓорески (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисератација и на Наставно-научниот совет на Мадицинскиот факултет му го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот докторанд д-р Љупчо Николов, со наслов „Имплементација и валидација на новата АО-класификација на тораколумбалните скршеници, процесот на донесување одлуки за типот на скршеницата, за видот на третман и исходот од усогласување на одлуките за соодветен третман“, содржи 135 страница компјутерски обработен текст напишан со фонт Cambria со единечен проред од од 1,15 и големина на букви 11 pt; дисертацијата содржи 76 табели, и 24 табели со статистички приказ, 29 графикони и 40 слики. Наведени се 110 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, книги, прописи и интернет-ресурси.

**Насловот** на докторската дисертација е репрезентативен и во целост одговара на содржината, односно на предметот на докторската дисертација.

На почетокот на текстот е приложен **Апстракт,** напишан на македонски и на англиски јазик. Апстрактот е концизен и неговата содржина соодветствува со содржината на докторската дисертација. Во него се наведени клучните методолошки постапки и накратко се прикажани резултатите со заклучоците кои произлегуваат од нив. Во продолжение е приложена прегледна листа на употребените кратенки и преглед на содржината на докторската дисертација.

Во првата глава од докторската дисертација – **Вовед**, детално се опишани анатомските карактеристики на прешлените, односно на ’рбетниот столб во целина. Опишани се феномените стабилност, конгруентност, биомеханика, патоанатомија и механизмот на повреда на ’рбетниот столб. Кандидатот го посветил неопходното внимание на анатомијата и физиологијата на ’рбетот. Во таа смисла, детално е елаборирано дека од анатомските и физиолошките карактеристики на граднослабинскиот сегмент на ’рбетникот, произлегуваат неколку важни патоанатомски факти. Како коскениот, така и лигаментарниот апарат на ’рбетниот столб имаат големо значење во одржување на стабилност на ’рбетниот столб. И двете компоненти се битни при евалуација и класификација на повредата како последователен избор на третман при повреда на

граднослабинскиот сегмент на ’рбетникот. Патоанатомски, суштината е во концептот на стабилност на ’рбетниот столб. Според тоа, кандидатот наведува дека ’рбетот може да се подели на три „колони“ – столбови за целите на проценка на стабилноста: предна колона/столб - ги вклучува предните две третини од вертебралното тело / интервертебралниот диск и предниот надолжен лигамент; средна колона/столб – го вклучува задниот аспект на прешленското тело / интервертебралниот диск, и задниот надолжен лигамент; задна колона/столб – вклучува задни елементи – ламина, зглобни фасети, спинозни процесуси и придружни лигаменти. Во продолжение, кандидатот се осврнува на феноменот стабилност при повредите на ’рбетниот столб. Повредата на ’рбетот се смета за нестабилна ако две од трите колони се нарушени. Општо земено, ако средната колона е нарушена, исто така се вклучени или предните или задните столбови, таа повреда е нестабилна. Средната колона е точката на потпирање во која ’рбетот се врти во флексија, екстензија и аксијално оптоварување. Општо земено, средната колона останува недопрена, и затоа е стабилна, при едноставни флексибилни и продолжни повреди. Аксијалната компресија и ротационите повреди, или комбинација од нив со флексија или продолжување, обично ја нарушуваат средната колона.

Особено внимание е посветено на класификациите, а детално се опишани најчесто упответуваните класификациони системи: Денисовата класификација, Мек Афи-системот, системот на Магерл, TLICS-скалата и АО-класификациониот систем. Во овој дел, кандидатот го нагласува значењето на секој од овие системи посебно, а особено на АО-класификациониот систем. Даден е прегледен опис на неговите составни компоненти, односно варијабли и на препораките за третман кои произлегуваат од овој класификационен систем. Кандидатот нагласува дека „AO classification for thoracolumbar injury system” – АО-класификација на тораколумбалните повреди е најчесто користен систем за класификација на тораколумбални скршеници на ’рбетот. Системот АОКТЛС за класификација постои да им обезбеди на хирурзите од различни институции заеднички јазик за да разговараат за различни повреди. Обезбедува конзистентност во дијагнозата и третманот на повредите. Исто така, има за цел да го поедностави процесот на класифицирање на повредите на ’рбетот и да ја подобри сигурноста меѓу набљудувачите. Тековниот систем АОКТЛС (2013) го надминува покомплексниот и помалку репродуктивната АО Magerl-класификација.

За разлика од вториот широко користен систем, класификацијата и сериозноста на тораколумбалната ТЛКСПС, системот за класификација АОТЛС е првенствено описен и наместо да има за цел да определува третман, има повеќе опции за опишување на морфологијата на скршеницата и е дизајнирана за примарна евалуација со КТ, и со или без МРИ. Покрај тоа, дадени се посебни шифри (буква и бројка) за морфологијата на повредата и невролошкиот статус во системот АОТЛС, додека ТЛКСПС ги комбинира овие проценки во нумеричка оценка. Како практичен проблем кој го следи овој класификационен систем, кандидатот издвојува дека, сепак, неговата секојдневна употреба многу варира од земја во земја, од институција до институција и не е сигурно да се претпостави дека сите лекари се запознаени со него. Елементите кои во себе ги содржи, како и описните термини што се користат во АОКТЛС-класификацијата се, сепак, одличен систематски преглед за тоа како да се проценат и опишат овие повреди. Класификациониот систем АОТЛС на тораколумбалните повреди се состои од три главни компоненти. Тие се: морфолошка промена повреда на прешленско тело, невролошкиот статус на пациентот, неодреден статус на интегритет на

лигаментарниот комплекс и/или присуство на коморбидни состојби (наведени како модификатори)

Секоја повреда е засебно кодирана. Повредите се категоризираат во три групи, по редослед на зголемена сериозност: А: повреди на компресија, Б: повреди на дистракција, Ц: поместување/транслациони повреди.Повредите се шифрираат според зафатеното ниво на прешлени (на пр., Т12: А4), освен за повредите што ги зафаќаат дискусот, фасетите или лигаментарниот комплексе, кои се кодирани од сегментот на движење (на пр., Т12-Л1: Б2).

Повеќе видови повреди може да бидат присутни на исто ниво, но потешката повреда (тип Б или Ц) е примарно кодирање, а помалку тешкиот тип (тип А или Б) е наведен како секундарен дескриптор. Кога се повредени повеќе нивоа, секоја повреда е класифицирана посебно и треба да се евидентира по редослед на опаѓање на сериозноста/тежината на повредата и во случај на исто вреднување и евидентирање на повеќето нивоа на повреда, се евидентира од кранијална основа кон каудална. На крај од делот посветен на класификационите системи, кандидатот приложува прегледни илустарации за секој од класификационите системи.

По описот на класификационите системи, кандидатот ги елаборира физикалниот преглед на повредите на ’рбетниот столб и радиолошката евалуација. Во однос на физикалниот преглед, анализирани се Френкеловиот систем и ASIA-бодовниот систем, а во врска со радиолошката евалуација, наведена е дијагностичката вредност на нативните радиографии, компјутеризираната томографија и магнетната резонанца. На крај на воведниот дел, кандидатот концизно ги дефинирал предметот на истражувањето, целите на истражувањето и работните хипотези. Во фокусот на оваа докторска дисертација е АОТЛС-класификациониот систем како основа за дефинирање на третманот на повредите на ’рбетниот столб. Конкретно, анализирани се веродостојноста и репродуктибилноста на овој систем, но и степенот на усогласување на одлуките во врска со третманот, вклучително и типот на хируршкиот пристап и нивото на инструментација. Нултата хипотеза гласи: „АОТЛС за класификација на повредите на граднослабинскиот дел од ’рбетниот столб не е валиден, не е апликабилен и не е репродуктибилен во услови на секојдневна клиничка пракса“.

Посебно поглавје од овој докторат кандидатот посветил на актуелните научни сознанија и технички дилеми кои се поврзани со класификацијата на тораколумбалните скршеници. Во таа смисла, тој објаснил дека и покрај долгата историја на проучување на повредите на тораколумбарниот сегмент на ’рбетникот, патеката до оптималниот третман на овие повреди кои се придружени со нестабилност на ’рбетот сè уште не е единствен. Кандидатот смета дека развојот на сеопфатен и едноставен класификациски систем тораколумбални скршеници на ’рбетниот столб, широко прифатен, и секако со клинички прифатлива внатрешна и меѓусебна обсервирачка сигурност за употреба во клиничката пракса и истражувања, претставува потреба и неопходност. Класификацијата на Denis, на Magerl и класификацијата на тораколумбарните повреди ТЛКСПС се добро познати, но не е постигната една поширока меѓународна примена. Постојниот недостатокот на консензус помеѓу лекарите /истражувачите ги усложнува студиите за овие повреди и развојот на патеки за нивен третман. Системот за класификација на повреди АОТЛС е развиен со користење на меѓународен консензус, согласност што го прави поедноставен и порепродуцирачки систем кој се состои од морфолошка

класификација на скршеници, систем на оценување за невролошкиот статус и опис на релевантни модификатори специфични за пациентот. Во продолжение, кандидатот се осврнал на процесот на размислување за одлука на вид на третман кој треба да претставува логички избор од достапните опции. Исто така, го анализира и прашањето дали одлуката треба да биде индивидуална носејќи со себе субјективност или колективна. На крај, заклучува дека во литературата, процесот на одлука за третман, како и донесување одлука за видот на третман на овие повреди не е сè уште комплетно дефиниран. Практично, процесот за одлука за третман ги зема во предвид сите клинички и радиолошки информации за пациентот и истиот мора да биде во можност да го предвиди исходот на секоја опција, како и врз основа на сите овие ставки, да се утврди која опција е оптимална. Во следниот дел од овој докторат, авторот го дефинирал предметот на ова истражување, според кој треба да се испита дали системот за класификација АОТЛС може да биде применет од страна на хирурзите во секојдневната клиничка пракса. Дали е тој веродостоен, дали овозможува да се идентификуваат оние типови на повреди кои се нејасни во целост за хирурзите да можат соодветно, веродостојно, попрецизно да ги класифицираат. Исто така, и степенот на усогласеност за донесување на соодветна одлука за вид на третман со цел да се воспостави хируршка патека која би ја придружувала АОТЛС-класификацијата. Во врска со испитуваната група, кандидатот наведува дека во ова истражување се анализираат пациенти кои се лекувани на Универзитетската клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација со интензивно лекување и ургентен центар – Скопје при Медицинскиот факултет во Скопје. Дефинирани се инклузионите и ексклузионите критериуми. Инклузиони критериуми: пациенти со скршеница на граднослабинскиот сегмент на ’рбетот во висина на десеттиот граден до вториот слабински прешлен, возраст од 18 години до 85 (во момент на повреда), третман во првите 72 часа од повредата, со или без невролошки дефицит. За ексклузиони критериуми се сметаат: остеопоротични скршеници, примарни и секундарни тумори, инфекции, отворени и огнострелни повреди, спинален деформитет, претходни оперативни интервенции на зафатеното ниво.

Во поглавјето **Методи на истражувањето**, кандидатот д-р Љупчо Николов се осврнал на сите методолошки аспекти клучни за спроведување на истото. Притоа, јасно ги дефинирал методите на истражувањето, протоколот на лекување и текот на истражувањето. Во делот „Тек на истражувањето“, детално е опишана постапката според која се одвива истражувањето; авторот наведува дека се анализирани демографските карактеристики на пациентите, механизмот на настанување на повредата, невролошкиот статус на повредениот, радиолошките иследувања (нативни радиографии, компјутерска томографија и магнетна резонанца) и временскиот интервал од настанивањето на повредата до третманот. Предоперативните иницијални радиографии се анализирани од страна на шест истражувачи, а на истите се анализираат следните параметри: Кобов агол, сагитален индекс, проширување на интерспинозното растојание, проширување на интерпедикуларното растојание, процент на компресија на предниот ѕид на прешленското тело, постериорниот вертебрален агол, процентот на зафатеност на спиналниот канал и процентот на транслација на прешленското тело. На компјутерската томографија и на маглентната резонанца се анализирани следните параметри: ретропулзија на фрагментот на задните вертебрални тела, сагитална фрактура на прешленското тело, сагитална фрактура на задниот сегмент, проширување на интерпедикуларниот простор,

повреда за заден лигаментарен комплекс и состојба на нервните структури. Класифицирањето на повредите е реализирано според АОТЛС-системот и вклучува групи и подгрупи.

Првата анализа ги вклучува обработката на основните податоци за пациентите (пол, возраст, механизам на повреда и радиолошки иследувања во временски ингервал од повредата до третманот). Со цел да се добие дијагностичкиот протокол, без одреден редослед се анализираат радиолошките иследувања посебно АП и ЛП, кое е опционално и не влегува во класификацијата на АОТЛС, но е примарна радиолошка дијагностичка постапка, потоа КТ, која е неопходна и основа за анализа со АОТЛС-класификацијата и МРИ, независно еден од друг меѓу истражувачите, односно комплетна радиолошка инвестигација, вклучувајќи го невролошкиот статус за секој пациент поединечно.

Покрај тоа, авторот елаборира дека ќе се спроведе и анализа на дистрибуцијата на мислења од страна на оценувачите/докторите за степенот на усогласување во однос на типот на скршеницата според АОТЛС, одлука на видот на третман на испитуваната група и степенот на нивната усогласеност, како и анализа на дистрибуцијата на мислења во однос на типот на хируршки пристап и на избор на ниво на инструментација. Резултатите за веродостојност и применливост на АОТЛС-класификацијата во оваа фаза се анализирани со помош на користење на коефициентот Капа Fliesh (к). Според инклузионите и ексклузионите критериуми, пациентите кои ќе ги задоволат истите критериуми ќе бидат вклучени, односно исклучени во истражувањето. Втората анализа се однесува на обработката на податоците кои се опфатени во првата анализа, во временски интервал од два месеца. Во склоп на оваа анализа, практично, се врши и споредбата меѓу резултатите од првата и од втората анализа. Третата анализа се изведува од страна на главниот истражувач и ги содржи сите елементи од првата и од втората анализа. Во продолжение, детално е опишана методологијата според која се изведуваат мерењата и таа е илустрирана со адкватни графички прикази.

Во главата **Резултати,** детално и со обемна статистичка анализа која вклучува бројни параметри и тестови, на јасен начин се изнесени резултатите од ова истражување кое опфатило вкупно 40 испитаници. Во таа смисла, анализиран е процесот за донесување одлука, услогласеноста за изборот на третман, како и формирањето на алгоритам кој ќе ја придружува АОТЛС-класификацијата во секојдневната практика. Резултатите од АО-калсификацијата на тораколумбалните скршеници се анализирани со Fleiss Kappa-коефициент на набљудувачка веродостојност. Договорот, или степен на веродостојност/усогласеност, претставува кога одреден број на луѓе доделуваат бројни или квалификациски вредности на одреден број референци, тогаш Капа-коефициентот дава вредност за тоа колку се тие конзистентни, т.е. усогласени. Капа-коефициентот се дефинира како договор за ист примерок помеѓу двајца или повеќе набљудувачи. Тој претставува вредност на договор помеѓу два или повеќе независни оценувачи/набљудувачи за категории во редни или номинални скали поврзани со исто набљудување. Вредноста на Капа-коефициент од 1 укажува на совршен договор, а вредност 0 укажува дека договор нема, или не е подобар од она што може да се добие случајно. Според резултатите, во првата анализа, за извршената кростабулација на мислења за типови на скршеници АО-класификација на повреда CT за Fisher's Exact Test = 283,293 и p<0,001(p=0,000) / Monte Carlo Sig. (2-sided) / 0,000-0,000 / постои

сигнификантна разлика. Внатрешно набљудувачка анализа на подгрупите на типот А скршеници покажува дека за под типовите А0,А1,А2 Fleiss Kappa изнесува 0,58 умерена веродостојност и сигурност, за под типот А0,А1,А2 и А3, Fleiss Kappa изнесува 0,55 што преставува умерена веродостојност и сигурност, за под типот А3, А4 Fleiss Kappa изнесува 0,38 што преставува прифатлива веродостојност и сигурност за подтипот А4 и Б2 внатрешно опсервирачката анализа покажа дека е со најниска вредност на веродостојност и сигурност, тоест имаме најнизок меѓусебен договор(прифатлив договор) и Fleiss Kappa изнесува 0,31. Fliess Kappa коефициентот за типот А скршеници изнесува 0.72, за типот Б – 0.50, а за типот Ц – 0.56. Вкупно, за сите 40 испитаници, овој коефициент изнесува 0.59, што претставува умерена веродостојност и сигурност.

При втората анализа, од вкупно 240 мислења, во тип А скршеници има 180 мислења (75,00 %), за тип Б- 51 (21,25 %), и за тип Ц- 9 мислења (3,75 %). Според извршената кростабулација на мислења за типови на скршеници за АОТЛИС во втора анализа, класификација на повреда CT за Fisher's Exact Test = 276,293594 и p<0,001(p=0,000) / Monte Carlo Sig. (2-sided) / 0,000-0,000 / постои сигнификантна разлика. Внатрешно набљудувачка анализа на подгрупите на Типот А скршеници покажува дека за под типовите А0,А1,А2 Fleiss Kappa изнесува 0,58 што преставува умерена веродостојност и сигурност, за под типот А0,А1,А2 и А3, Fleiss Kappa изнесува 0,58 што преставува умерена веродостојност и сигурност, за под типот А3,А4 Fleiss Kappa изнесува 0,47 што преставува умерен договор за веродостојност и сигурност, за подтипот А4 и Б2 внатрешно опсервирачката анализа покажа дека е со најниска вредност на веродостојност и сигурност, тоест имаме најнизок меѓусебен договор (прифатлив договор) и Fleiss Kappa изнесува 0,25. Сите 113 мислења за конзервативен третман на скршеница се однесуваат на тип А компресивни скршеници. Од 127 мислења за оперативен третман на скршеница, 67 (52,8 %) се однесуваат на тип А компресивни скршеници, 51 (40,2 %) се однесуваат на тип Б дистракциони скршеници, а 9 (7,1 %) се однесуваат на тип Ц транслациони скршеници. Во извршената кростабулација на мислења за вид на третман на типови на скршеници, Fisher's Exact Test = 87,159 и p<0,001(p=0,000) / Monte Carlo Sig. (2-sided) / 0,000-0,000 / постои сигнификантна разлика Fliess Kappa коефициентот за типот А скршеници изнесува 0.70, за типот Б – 0.50 а за типот Ц – 0.60. Во овој случај, коефициентот за сите 40 испитаници изнесува 0.62, што претставува значителна веродостојност и сигурност. Во продолжение, направена е и споредбена анализа на резултатите од првата и од втората анализа. Според овие резултати, од вкупно 240 мислења во анализа број 1, 178(74,17%) се однесуваат на тип А компресивни скршеници, 53 (22,08 %) се однесуваат на тип Б дистракциони скршеници а 9 (3,75 %) се однесуваат на тип Ц транслациони скршеници.

Од вкупно 178 мислења кои се однесуваат на тип А компресивни скршеници во анализа број 1, докторите во анализа број 2 останале на своите мислења за 178 (100,0 %) тип А компресивни скршеници. Од вкупно 53 мислења кои се однесуваат на тип Б дистракциони скршеници во анализа број 1, според докторите во анализа број 2, 2 (3,8 %) се однесуваат на тип А компресивни скршеници а 51 (96,2 %) се однесуваат на тип Б дистракциони скршеници.

Од вкупно 9 мислења кои се однесуваат на тип Ц транслациони скршеници во анализа број 1, докторите во анализа број 2 останале на своите мислења за 9 (100,0 %) тип Ц транслациони скршеници. Во извршената кростабулација на мислења за типови на скршеници според АОТЛИС во прва

анализа и втора анализа за Fisher's Exact Test = 287,801 и p<0,001(p=0,000) / Monte Carlo Sig. (2-sided) / 0,000-0,000 / постои сигнификантна разлика.

Во третата анализа, внатрешно набљудувачка анализа на подгрупите на типот А скршеници покажува; за поттиповите А0,А1,А2 Fleiss Kappa изнесува 0,69 претставува значителна веродостојност и сигурност (постои усогласеност), за поттипот А0,А1,А2 и А3, Fleiss Kappa изнесува 0,71, што претставува значителна веродостојност сигурност, за поттипот А3,А4 Fleiss Kappa изнесува 0,66, што претставува значителна веродостојност и сигурност, за поттипот А4 и Б2 внатрешно набљудувачката анализа покажа дека вредноста Fleiss Kappa е 0,55, што претставува умерена веродостојност и сигурност; коефициентот за типот А скршеници изнесува 0,72, за типот Б – 0,67, а за типот Ц – 0,59. Во однос на Кобовиот агол, од вкупно 40 пациенти, 10 (25,00 %) пациенти имале Кобов агол од ≥15°степени и биле третирани оперативно, 1 (2,50 %) пациент имал Кобов агол од ≥16°степени и бил третиран оперативно, 1 (2,50 %) пациент имал Кобов агол од ≥17°степени и бил третиран оперативно, 2 (5,00 %) пациенти имале Кобов агол од ≥18°степени и биле третирани оперативно, 1 (2,50 %) пациент имал Кобов агол од ≥19°степени и бил третиран оперативно, 4 (10,00 %) пациенти имале Кобов агол од ≥20°степени и биле третирани оперативно, 2 (5,00 %) пациенти имале Кобов агол од ≥25°степени и биле третирани оперативно, 6 (15,00 %) пациенти имале Кобов агол од 0°степени и биле третирани конзервативно, 9 (22,50 %) пациенти имале Кобов агол од 0-5°степени и биле третирани конзервативно, 2 (5,00 %) пациенти имале Кобов агол од 10°степени и биле третирани конзервативно а 2 (5,00 %) пациенти имале Кобов агол од 5°- 10° степени и биле третирани конзервативно.

Во извршената кростабулација помеѓу вредностите на Кобов агол и вид на третман на скршеница за Fisher's Exact Test = 39,949 и p<0,001(p=0,000) / Monte Carlo Sig. (2-sided) / 0,000-0,000 / постои сигнификантна разлика Според овие резултати, авторот заклучил дека при првата анализа, усогласеноста меѓу испитувачите за видот на третман изнесува 80 %. По однос на типот хируршки пристап, усогласеноста за задниот пристап изнесува 88 %, за предниот пристап 9 % а за комбинираниот пристап – 3 %. Усогласеноста на мислењата за нивото на инструментација за долг сегмент изнесува 45 %, а за краток сегмент – 43 %. При третата анализа, усогласеноста на мислењата за видот третман изнесува 78 %, усогласеноста на мислењата за типот хируршки пристап изнесува 88 %, а усогласеноста за нивото на инструментација за долг сегмент изнесува 45 %, а краток сегмент – 43 %. Севкупните резултати покажуваат дека АОТЛС-класификацијата на тораколумбалните скршеници дава доволно голем број на податоци, веродостојни и точни што ја прави оваа класификација применлива, веродостојна и сигурна за употреба во секојдневната клиничка пракса. АОТЛС-класификацијата на тораколумбалните скршеници дава информации кои претставуваат одлична основа за формирање на патека на донесување одлука за соодветен третман, како и наша усогласеност за соодветниот избор на третман.

Во главата **Дискусија**, кандидатот д-р Николов ги елаборира досегашните сознанија кои произлегуваат од бројни студии и се однесуваат на оваа проблематика и истите ги коментира во контекст на резултатите од актуелното истражување. Прикажаната анализа во однос на мислењата на оценувачите за изборот на тип на хируршкиот пристап, демонстрира висок степен на усогласенот меѓу оценувачите – 88 % за задниот пристап. Во однос на останатите мислења, 9 % се однесуваат на избор на предниот хируршки пристап, а за комбиниран пристап – 3 %, што претставува многу низок степен на

усогласеност меѓу оценувачите. Кандидатот заклучува дека задниот пристап е претпочитан избор на хируршки пристап при третман на повредите на тораколумбалниот сегмент од ’рбетниот столб. Покрај тоа, кандидатот претпоставува дека запознаеноста на хирурзите со овој хируршки пристап во лекувањето на повредите на овој сегмент е причина за ваквата дистрибуција на мислењата. Во продолжение, кандидатот коментира дека постои поделеност на мислењата во однос на должината на инструментацијата во научната заедница. Во голем број компаративни трудови се правени анализи за предностите, односно недостатоците на краткиот сегмент наспроти долгиот сегмент, но не постојат разлики кои се статистички сигнификантни.

Севкупно, врз основа на сите анализирани параметри во оваа докторска дисертација, кандидатот д-р Љупчо Николов формира патека која ја претставува апликативната вредност на сознанијата кои произлегуваат од ова истражување, од што произлегува практичната важност на резултатите на истражувањето.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Имплементација и валидација на новата АО-класификација на тораколумбалните скршеници, процесот на донесување одлуки за типот на скршеницата, за видот на третман и исходот од усогласување на одлуките за соодветен третман“ на кандидатот д-р Љупчо Николов е истражување во областа хирургија – трауматологија. Оваа докторска дисертација претставува научен придонес и има потенцијал за широка практична примена.

Методот на работа е прецизно дефиниран, а резултатите се јасно прикажани, со што е овозможена споредба со резултати од претходни, односно идни истражувања и повторување на истражувањето.

Докторската дисертација со наслов „Имплементација и валидација на новата АО-класификација на тораколумбалните скршеници, процесот на донесување одлуки за типот на скршеницата, за видот на третман и исходот од усигласување на одлуките за соодветен третман“ на кандидатот д-р Љупчо Николов, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Д-р Љупчо Николов, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со фактор на влијание) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Nikolov Lj. Implementation and validation of the new AO classification of thoracolumbar fractures. Acta Morphol.2019;Vol.16(1):20-28.
2. Nikolov Lj, Saveski A, Mladenovski S, Mitev K, Kaftandziev I. Radiographic methods and measurement parameters in thoracolumbar fractures. Physioacta 2020, Vol.14-No.2.

**Заклучок и предлог**

Главниот научен придонес кој произлегува од докторатот е дека АОТЛС-класификациониот систем претставува веродостоен инструмент во клиничката пракса, кој, како таков, е применлив во наши услови. Овој систем овозможува голем обем на податоци и информации кои претставуваат одлична основа за создавање протокол – патека за донесување одлука за соодветен третман на овие повреди, како и усогласеност на за соодветниот избор на третман меѓу различни хирурзи. Резултатите од ова истражување несомнено ќе придонесат за

подобрување на квалитетот на лекувањето на пациентите со скршеници на тораколумбалниот сегмент од ’рбетниот столб.

Изведеното истражување е прва студија во нашата земја кое е посветено на овој тип повреди. Големината на примерокот е споредлива со онаа на слични истражувања од достапната литература.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, РС Македонија, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Љупчо Николов, со наслов „Имплементација и валидација на новата АО-класификација на тораколумбалните скршеници, процесот на донесување одлуки за типот на скршеницата, за видот на третман и исходот од усогласување на одлуките за соодветен третман“.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Зоран Божиновски, с.р.**
**Проф. д-р Игор Кафтанџиев, с.р.**
**Проф. д-р Уфук Ајдинли, с.р.**
**Проф. д-р Симон Трпески, с.р.**
**Проф. д-р Климе Ѓорески, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СПОРЕДБА НА ЕНДОСКОПСКИОТ НАСПРОТИ ОТВОРЕНИОТ ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ВЕЗИКОУРЕТЕРАЛНИОТ РЕФЛУКС“ (“COMPARATION OF THE ENDOSCOPIC METHOD VERSUS OPEN SURGERY IN THE TREATMENT OF VESICOURETRAL REFLUX”) ОД Д-Р ГАНИ ЧЕКУ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXXX редовна седница одржана на 5.4.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Гани Чеку, под наслов: **COMPARATION OF THE ENDOSCOPIC METHOD VERSUS OPEN SURGERY IN THE TREATMENT OF VESICOURETRAL REFLUX** (СПОРЕДБА НА ЕНДОСКОПСКИОТ НАСПРОТИ ОТВОРЕНИОТ ХИРУРШКИ ТРЕТМАН НА ВЕЗИКОУРЕТЕРАЛНИОТ РЕФЛУКС), во состав: проф. д-р Лазар Тодоровиќ (претседател), проф. д-р Миле Петровски (ментор), проф. д-р Оливер Станков (член), проф. д-р Сотир Ставридис (член) и доц. д-р Шабан Мемети (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот д-р Гани Чеку, со наслов “Comparation of the endoscopic method versus open surgery in the treatment of vesicouretral reflux” (Споредба на ендоскопскиот наспроти отворениот хируршки третман на везикоуретралниот рефлукс), напишана е на англиски јазик, со апстракт на македонски јазик, а содржи 145 страници компјутерски обработен текст, во фонт Times New Roman, со проред од 1,15 и големинана на букви од 12, со 156 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и учебници.

Трудот е структуриран во 8 глави. Деловите се систематизирани во точки и потточки, со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата, која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, прикажан е историјатот на препознавање и лекувањето на везикоуретералниот рефлукс (ВУР). Прикажана е нормалната релевантна анатомија, патофизиологија и етиолошките причини за ВУР. Особено е потенцирана поврзаноста на рефлуксот со уринарните инфекции, како и последиците од нетретиран везикоуретерален рефлукс (ВУР). Затоа, во продолжение, даден е осврт на уринарните инфекции во детската возраст, нивната дијагноза, патогенеза, класификација, терапија, како и механизмите со кои уринарните инфекции трајно го оштетуваат бубрегот. Во детали се опишани дијагностичките алатки со кои се верифицира уринарна инфекција што е последица на постоен ВУР. Понатаму, во воведот е дадена дефиницијата на ВУР и демографските податоци за децата со рефлукс (инциденца, наследност). Опишани се посебните видови на ВУР и нивната детална класификација. Разработени се причините за појава на рефлукс и физиолошките механизми за превенирање на ВУР кај здравите деца. Потоа, прикажани се механизмите за појава на рефлуксна нефропатија, како трајно оштетување на бубрезите кај деца со тешки форми на ВУР. Дијаностиката на ВУР е комплексна и авторот го прикажува сетот на дијагностички процедури за верификација на рефлуксот, со

посебен осврт на имеџинг дијагностичките процедури. Во последниот дел на воведот, прикажани се терапевтските пристапи кон ВУР, и тоа: медикаметозан, оперативен и ендоскопски третман. Внимание е обрнато на ендоскопскиот третман, на неговата техника, како и на материјалите што се вбризгуваат во мочниот меур со кои се реставрира антирефлуксниот механизам.

Како **мотив** за истражувањето за докторскиот труд, кандидатот потенцира дека везикоуретералниот рефлукс е фреквентен проблем, кој е предмет на лекување во детската уролошко/нефролошка практика. При инфекција на уринарниот тракт во детска возраст, постои асоцираност со ВУР во 20 – 50 % од случаите. Околу 75 – 80 % од децата со дијагностицирана уринарна инфекција се девојчиња, поради тоа што кај нив е регистрирана повисоката инциденца на уринарни инфекции отколку кај момчињата. Во педијатриската популација, инциденцата на ВУР се движи од 0,4 до 1,8 %. Иако ВУР има тенденција за спонтана резолуција, сепак во одреден број случаи, тој овозможува ширење на инфектот од долните кон проксималните партии на уринариот тракт, предизвикувајќи пиелонефрит, лузнести промени на бубрегот, се до прогресивно губење на функцијата на бубрегот. Авторот констатира дека иако во долга низа на години примат во лекувањето на ВУР има конзервативниот третман, во последните децении ендоскопскиот третман наидува на сѐ поширока употреба. Многу малку истражувања се спроведени на оваа тема во регионот, а со ова истражување ги евалуира ефектите од ендоскопскиот третман на ВУР. Со ова истражување, докторандот очекува, со оригиналните согледувања во однос на овој проблем, дека ќе се овозможи споредување на овие резултати со резултатите во другите земји, како и да ги посочи местата и препораките за ендоскопската интервенција.

Кандидатот ги наведува следниве **цели** за изработка на трудот:

**Генерална цел**

Истражувањето има за цел да направи споредба на оперативниот наспроти ендоскопскиот третман на везикоуринарниот рефлукас до петти степен кај деца на возраст до 16 години и да укаже на евентуалните разлики и причини за постигнатиот ефект.

**Специфични цели:**

1. да се направи анализа на социодемографските и клинички карактеристики на пациентите од испитуваната и контролната група и да се утврдат евентуалните разлики;
2. да се евалуираат ефектите од ендоскопскиот третман на везикоуринарниот рефлукас до петти степен согласно со постигнатите резултати;
3. да се евалуираат ефектите од ендоскопскиот третман на везикоуринарниот рефлукс до петти степен согласно со постигнатите резултати според протоколот за следење на третманот;
4. да се утврдат евентуалните разликите во постигнатиот ефект од оперативниот третман, наспроти ендоскопскиот третман на везикоуринарниот рефлукас до петти степен, и да се селектираат евентуалните предиктивни фактори и степенот на нивното делување.

**Материјалот и методите** детално се обработени во четвртото поглавје. Образложен е дизајнот на истражувањето. Истражувањето претставува аналитичка (case control) ретроспективна студија што е спроведена на Универзитетската клиника за детска хирургија во Приштина. Времето на имплементација на истражувањето било соодветно со периодот потребен за собирање на примерокот на пациенти за испитуваната и контролната група.

Примерокот на истражувањето опфатил две групи, испитувана и контролна група, со вкупно 128 испитаници и 166 уретери кај деца со дијагностициран везикоуретерален рефлукс (ВУР) до петти степен. Студијата била ретроспективна кај двете групи. Кај двете групи, дијагнозата на ВУР била поставена со микциона уретроцистографија (МЦУГ), како златен стандард за добивање на прецизни анатомски детали и градација на рефлуксот. Примерокот на испитаници бил рандомизиран, што подразбира случајно избирање и распоредување на испитаниците во испитуваната и контролната група со почитување на поставените инклузиони и ексклузиони критериуми. Двете групи се компарабилни по пол, возраст и страна на ВУР како обележја што може да делуваат на резултатот. За исполнување на целите на истражувањето биле користени податоци добиени од родителите на пациентите, податоци од достапната медицинска документација и согледувања на истражувачот.

**Испитуваната група** се состоела од 78 пациенти со дијагностициран везикоуретерален рефлукс до петти степен, примени на Универзитетската клиника за детска хирургија во Приштина. Овие пациенти биле третирани со ендоскопски третман „STING", што претставува популарна оперативна процедура, која што е помалку инвазивна од отворените хируршки техники. Интервенцијата била изведувана како еднодневна хирургија. Во општа ендотрахеална анестезија, со помош на детски цистоскоп, преку специјално дизајнирана канила биле аплицирани кополимер, декстраномер и хијалуронска киселина (Deflux®). Планирано просечно време за интервенција по пациент било 15 минути. Предоперативно, профилактички бил администриран антибиотик. По будење од анестезија, пациентот се префрлал на оддел. Не се пласирал уринарен катетер. По неколкукратни спонтани микции, пациентите биле испишувани од болница истиот или следниот ден. Во посттераписката евалуација пациентите биле следени 7 дена, 6 недели и 6 месеци по интервенцијата.

**Контролната група се** состоела од 50 пациенти со дијагностициран везикоуретерален рефлукс до петти степен. Во оваа група биле опфатени пациенти кои биле хируршки третирани на Универзитетската клиника за детска хирургија во Приштина. Хируршкиот третман вообичаено се изведувал по три неуспешни ендоскопски третмани, ендоскопски третмани со лош резултат, без ендоскопски третман кај пациенти со тешка форма на ВУР - Gr. IV – V, билатерален ВУР и повозрасни пациенти. Хируршкиот третман кај сите пациенти во контролната група е извршен во Универзитетската клиника за детска хирургија во Приштина. 95 % од пациентите во контролната група биле третирани со Cohen оперативна техника, а 5 % со Ledbeter Politano оперативна техника. Сите пациенти хируршки третирани им била ординирана соодветна антибиотска терапија, како и соодветна постоперативна профилакса за спречување на уринарни инфекции. Во посттераписката евалуација, пациентите биле следени 7 дена, 6 недели и 6 месеци по интервенцијата.

Селекцијата на испитаниците за студијата (испитуваната и контролната група) била направена според однапред утврдени инклузиони и ексклузиони критериуми. Добиените податоци биле внесувани во нестандардизиран прашалник од каде што се црпеле податоци за статистичка обработка.

**Статистичката обработка** на податоците добиени со истражувањето била спроведена во соодветни статистички програми (Statistica for Windows 7,0 и SPSS верзија 14). Анализата на атрибутивните (квалитативни) серии била правена преку одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки. Нумеричките (квантитативни) серии биле анализирани со употреба на мерките

на централна тенденција и мерки на дисперзија (стандардна девијација и стандардна грешка). За споредба на просечните вредности на нумеричките серии биле користена анализа на варијанса – ANOVA, како и непараметарски тестови за независни примероци (Mann Whitney U тест и Kruskal-Wallis ANOVA test). Chi square, Kolmogorov- Smirn-ов тест за еден или два примерока и Fischer exact-тест биле користени за компарирање на одредени белези меѓу двете групи на испитаници, како и за утврдување на асоцијацијата меѓу одредени белези во групата испитаници. Pearson correlation - тест се користел за утврдување на корелацијата меѓу две континуирани варијабли, додека мултипла корелација и регресија се користела за утврдување на корелација меѓу една зависна и повеќе независни варијабли, односно белези. Кај нумеричките серии кај кои не постоело отстапување од нормалната дистрибуција, сигнификантноста на разликата се тестирал со Student-ов t-тест. При анализата на повеќе од две нумерички серии бил користен Post hoc - Tukey significant difference (HSD) тест. Пресметување на ризиците се вршел со помош на стапки на предимство (Odd ratio – OR). Мултиваријантна логистичка регресиона анализа била употребена за одредување и квантифицирање на независните значајни фактори за ефект на методите. За утврдување на статистичка значајност се користеше ниво на сигнификантност од $p < 0.05$.

**Резултатите** од презентираната студија се прикажани табеларно и со графикони, со што се олеснува нивното следење.

Во почетокот на поглавјето, кандидатот ги презентира генералните карактеристики на примерокот, со анализа на примерокот според повеќе варијабли: пол, место на живеење и националност. Потоа следат анамнестичките податоци: постоење на други уролошки аномалии, други конгенитални аномалии, страна на рефлуксот, пренатално сомнение за постоење на ВУР, податоци за претходен хируршки третман, постоење на уринарни инфекции и лекување на фебрилни епизоди. Дијагностичките карактеристики на примерокот се анализирани според: реализираните ЕХО-наоди, спроведениот ДМСА-скен, спроведениот ДТПА-скен, класификација и степенување на ВУР, степенот на хидронефрозата и присуство на аномалии на мочниот меур. Во постоперативната евалуација обработени се наодите од: повторените ЕХО-наоди, повторонитe ДМСА-скенови, постоење на лузни на бубрезите, градиција на рефлуксот по спроведниот третман, степенување на хидронефрозата по третманот, присуство на уринарни инфекции, реналната функција, употреба на антибиотици и време на лекување. Во делот компликации и ревизија, дадени се резулатататите од компликациите на двете испитувани групи: постоење на контралатерален рефлукс, опструктивни промени, постоење на дизурични тегоби. На крајот се прикажани резултатите од времето на хоспитализација кај двете испитувани групи.

Во **дискусијата** е направена споредба на добиените резултати и сознанија од научноистражувачката работа презентирана во докторската теза на д-р Гани Чеку со досега објавените слични меѓународни студии на истата тема и толкувања на можните причини за сличностите и разликите во резултатите.

Кандидатот ги наведува следниве **заклучоци**, согласно со добиените резултати од спроведеното истражување:

Оваа студија е поделена во две групи:

Прва група: деца третирани со ендоскопска (STING) процедура.

Втора група: деца третирани оперативно (UCNS) – хируршки третман.

1. Процентуалната разлика која се регистрира помеѓу половите (женски пол vs. машки пол) во двете групи е статистички сигнификантна за $p<0.05$, со доминација на девојчињата.

2. Според t-тестот не е регистрирана статистички сигнификантна поврзаност во возраста помеѓу двете испитувани групи за $p<0.05$.

3. Нема статистичка сигнификантна поврзаност помеѓу страната на ВУР и типот на третман.

4. Нема статистичка поврзаност помеѓу вродените аномалии на урогениталниот тракт и типот на третман за $p<0.05$.

5. Во првата група, кај 98,0 % од пациентите се регистрирани трески поврзани со инфекции на уринарен тракт, а кај 2 % не. Во втората група, кај 72,0% од пациентите се регистрирани трески поврзани со инфекции на уринарен тракт, а кај 28,0% не. Процентуалната разлика регистрирана во првата и втората група во однос на високиот процент на регистрирање на трески поврзани со инфекции на уринарниот тракт е статистички значајна за $p<0,05$.

6. Во првата група се регистрира дилатацијана на собирниот систем кај 85,9 %. Кај втората група се регистрира дилатација на собирниот систем кај 94,0 % .

7. Во првата група при терапевтската евалуација за дилатација на колекторскиот систем според SFU (со ултразвук) оценка во најголем процент е регистриран нула степен на градација на рефлукс – 73,1%. Во групата II при тераписката евалуација според SFU оценка во најголем процент е регистриран нула степен на градација на рефлукс – 92,0 %.

8. Во првата група при терапевтска евалуација во најголем процент е регистриран нула степен на градација на рефлукс – 73,6 %. Во втората група при терапевтска евалуација во најголем процент е регистриран нула степен на градација на рефлукс – 93,3 %. Процентуалната разлика регистриран во групата помеѓу нултата верзија и другите модалитети на степени на градација на рефлукс за време на терапевтската евалуација е статистички значајна за $p <0,05$.

9. Во групата I, профилактичка постоперативна антибиотска терапија била дадена на 75,6% од пациентите, а не на 24,4%. Процентуалната разлика регистрирана во самата група е статистички значајна. Профилактичка постоперативна антибиотска терапија во групата II била дадена на 94,0% од пациентите, а не на 6,0%. Процентуалната разлика регистрирана во самата група е статистички значајна за $p <0,059$.

10. Разликата регистрирана помеѓу групите во однос на регистрирање на компликации не е значајна за $p> 0,05$.

11. Просечното времетраење на постоперативниот болнички престој кај пациентите од првата група е 1,1 ± 0,3 дена, минимум 1 и максимум 3 дена. Просечното времетраење на постоперативниот болнички престој кај пациентите од втората група е 7,3 ± 1,4 дена, минимум 4 и максимум 10 дена. Според Mann-Whitney U тестот, разликата регистрирана помеѓу просечното времетраење на постоперативниот болнички престој кај пациентите од двете групи за време на посттерапевтската евалуација е статистички значајна.

12. Согледувањата од спроведеното истражување укажуваат на тоа дека ендоскопскиот третман на везикоуретерален рефлукс претставува сигурна и ефикасна метода, што е метода на избор при третман на примарен, конгенитален ВУР кај деца до 16 години.

Презентираната цитирана **литература** се состои од 156 одредници, правилно нумерирани и цитирани, со вклучување и на најрецентни објави од оваа област.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот д-р Гани Чеку, со наслов “Comparation of the endoscopic method versus open surgery in the treatment of vesicouretral reflux” (Споредба на ендоскопскиот наспроти отворениот хируршки третман на везикоуретралниот рефлукс), претставува истражување од областа на детската хируршка урологија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ја реализира главната цел. Научно и методолошки прецизно, кандидатот д-р Гани Чеку направил евалуација на примарниот, конгенитален, везикоуретерален рефлукс третиран со ендоскопски (минимално инвазивен) пристап во решавање на рефлуксот, од каде што произлегоа препораки за понатамошен третман на оваа фреквентна состојба во детската возраст.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Гани Чеку, со наслов ”Comparation of the endoscopic method versus open surgery in the treatment of vesicouretral reflux” (Споредба на ендоскопскиот наспроти отворениот хируршки третман на везикоуретралниот рефлукс), според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува условите и стандардите за изработка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Endoscopic Treatment of the Vesicoureteral Reflux in Children.
   Gani Çeku, Mile Petrovski, Shaban Memeti, Sejdi Statovci, Defrim Koçinaj, Ardian shefkiu, Blerim Berisha
   Kosova Journal of Surgery 2022, vol. 6: 82-87.

2. Indications for Operation and Results from Surgical Treatment of Vesicoureteral Reflux.
   Gani Ceku, Mile Petrovski, Shaban Memeti, Nexhmi Hyseni, Sejdi Statovci, Blerim Berisha
   Medicus 2020, volume 25 (2): 146-152.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главен научен придонес на кандидатот е придонесот во начинот на третман на конгениталниот, примарен, везикоуретерален рефлукс во детската возраст.

Подрачје на примена и ограничувања: главното подрачје на примена е во детската хирургија.

Според податоците од светската литература, везикоуретералниот рефлукс претставува една од најчестите причини (инциденца од околу 1 %) за нефролошко/уролошки консултации во детската возраст. Факт е дека рефлуксот во огромен број случаи спонтано се разрешува, но, исто така, кај одреден број деца, води кон лузнести промени на бубрегот, со нарушување на неговата функција, а во мал број на случаи ВУР е причина за дијализа и трансплантација на бубрези. Оттука, постојат различни модалитети во разрешување на оваа состојба, а тие се движат од експективен став (никаква терапија), па сè до отворени оперативни техники за изведување на уретеронеоцистостомии.

Заради сето ова, докторандот д-р д-р Гани Чеку ја спровел оваа студија, а со цел да ги прикаже резултатите од ендоскопскиот третман на везикоуретералниот рефлукс. Тој прикажал дека се работи за многу ефикасна метода, која истовремено е безбедна, а се изведува по принципот на еднодневна хирургија. Со спроведување на оваа процедура (STING) се избегнуваат честите контроли, честите дијагностички и лабораториски иследувања, како и потребата на долготрајното примање на антбиотици. Децата за кус бременски период се враќаат на училиште и секојдневните активности. Родителите/старателите не отсаствуваат долго од работа, што претставува важен социоекономски ефект.

Оваа студија отвора можност за спроведување на дополнителни истражувања во оваа област, а со цел за понатамошно унапредување на третманот на ВУР во детската возраст.

Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Гани Чеку, со наслов: ”Comparation of the endoscopic method versus open surgery in the treatment of vesicouretral reflux” (Споредба на ендоскопскиот наспроти отворениот хируршки третман на везикоуретралниот рефлукс).

**Комисија**
**Проф. д-р Лазар Тодоровиќ, с.р.**
**Проф. д-р Миле Петровски, с.р.**
**Проф. д-р Оливер Станков, с.р.**
**Проф. д-р Сотир Ставридис, с.р.**
**Доц. д-р Шабан Мемети, с.р.**

ДР-Образец 8

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА КОМПАРАЦИЈА НА ПАРАМЕТРИТЕ НА ВИДНАТА ОСТРИНА И ДИОПТРИСКА ЈАЧИНА ПО ОПЕРАТИВЕН ТРЕТМАН НА СРЕДНА ДО ВИСОКА МИОПИЈА СО ПРИМЕНА НА „ЛАСЕР ИН СИТУ КЕРАТОМИЛЕУЗА“ И ИМПЛАНТАЦИЈА НА ФАКИЧНИ ЛЕЌИ ОД Д-Р БИЛЈАНА КОСТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 5.4.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов: **Компарација на параметрите на видната острина и диоптриска јачина по оперативен третман на средна до висока миопија со примена на „ласер ин ситу кератомилеуза“ и имплантација на факични леќи** од кандидатката д-р Билјана Костовска, во состав: проф. д-р Весна Димоска Јорданова (претседател), проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска (ментор), проф. д-р Милена Голубовиќ Арсовска (член), проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ (член) и проф. д-р Никола Оровчанец (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација за позитивна и на Наставно-научниот совет на Факултетот му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Костовска Билјана, со наслов: **Компарација на параметрите на видната острина и диоптриска јачина по оперативен третман на средна до висока миопија со примена на „ласер ин ситу кератомилеуза“ и имплантација на факични леќи**, содржи 112 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman,, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 160 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси, од кои најголемиот дел се објавени по 2000 година, што несомнено укажува на актуелноста на темата која е предмет на трудот. Референците објавени пред 2000 година се однесуваат, главно, на информации користени за историски моменти или приказ на постари хируршки техники.

Дисертацијата ги содржи сите составни делови втемелени за пишување на научно-стручен труд, структурирани во 10 глави: вовед, мотив, хипотези, цели на истражување, материјал и методи, со посебна глава посветена на методите кои се користени за статистичка обработка на добиените податоци со истражувањето, резултати, компликации, дискусија, заклучоци и литература. Сите содржински сегменти на дисертацијата се соодветно систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што е обезбедено лесно и јасно следење на материјата која е предмет на истражувањето. Во трудот се вклучени 56 табели и 93 графикони.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Вовед“. Кандидатката укажува на функцијата на рефрактивниот апарат и зависноста на јасниот вид од сите негови компоненти, особено од корнеата и очната леќа. Рефракција претставува однос на прекршувачка моќ на окото и неговата аксијална должина без учество на акомодација. Прекршувачкиот систем на окото е хомоцентричен систем на леќи кои со комбинирано делување имаат многу силна прекршувачка моќ на кратко фокусно растојание. Двете компоненти кои имаат најголем придонес во диоптриската јачина на окото поради својата градба и природа се и компонентите кои може да бидат третирани, со што може да се подобри нивната функција и функцијата на целиот прекршувачки систем.

Кандидатката ги објаснува видовите на рефрактивни грешки (миопија, хиперметропија и астигматизам), со посебен осврт на кратковидоста (миопијата). Презентирани се неколку дефиниции и класификации на миопијата. Според етиологијата, миопијата може да се класифицира на неколку типа: аксијална или осовинска; кривинска миопија; позициона

миопија; индексна миопија и сл. Според клиничката слика се разликуваат конгенитална, проста (развојна) и патолошка миопија. Според диоптриска јачина на леќата, миопијата може да биде ниска, средна и висока. Состојбата на миопија може да предизвика појава на сериозни компликации во вид на појава на слабовидност, аблација или руптура на ретина, хемофталмус, глауком, катаракта и др. Миопијата се третира конзервативно со очила и контактни леќи или хируршки (рефрактивна хирургија на корнеата и рефрактивна хирургија на леќата).

Рефрактивната хирургија ги вклучува техниките на корнеална рефрактивна хирургија (ЛАСИК и ПРК), како и методи со вметнување на интраокуларни леќи (факични леќи за фиксирање на агол, факични леќи за фиксирање на ирис, факични леќи за фиксирање во сулкус на задна комора) и замена на природната леќа со вештачка интраокуларна леќа.

Кандидатката ги елаборира двете оперативни техники кои ќе бидат применувани во ова истражување, ЛАСИК и имплантација на факични леќи во задна комора. ЛАСИК- ласер ин ситу кератомилеуза е прецизна, безбедна хирургија на рожница. Кај оваа метода се прави флап со микрокератом. Зголемената диоптријска јачина на миопно око се намалува со отстранување на слоеви на корнеата со фотоаблација. Во зависност од природата и јачината на рефрактивната грешка се ласерира централниот дел (кај миопна диоптрија) или во зависност од оската на астигматизмот. Втора рефрактивна техника е имплантација на леќи. Според авторот, во моментов, имплантацијата на факични леќи се смета за најквалитетно решение кај миопите. Во тек на неколку децении на развој на оваа техника во медицинска оптика се појавуваат се подобри леќи во однос на материјалот и формата. Најновата генерација на фаќични леќи имаат подобра оптичка моќ, погодни се и за личности со голема промена во зеницата, не предизвикуваат имунолошка реакција на окото, а имаат антирефлексивни својства и УВ-заштита.

Кандидатката, со цитирање на богата и сеопфатна литература, известува дека техниките на рефрактивна хирургија на корнеата и леќата по години на примена и следење на резултати на корекцијата се докажаа како методи од доверба, кои ги исполнуваат стандардните критериуми за безбедност, ефикасност, и предвидливост на исходот на рефрактивната корекција.

Крајот на првата глава ја објаснува замената на рефрактивна леќа, ефектот на моновид, како и поимот на биоптика.

Во **втората глава,** кандидатката ги изразува мотивите за реализација на оваа дисертација.

Мотивот на кандидатката за изведување на оваа студија е потребата од примена на нови техники во рефрактивната хирургија кои ќе обезбедат квалитетен третман на пациенти со миопија и миопен астигматизам, подобрување на квалитетот на видот, стабилни и долготрајни резултати.

**Третата глава** ги претставува хипотезите, односно како третманот на средна до висока миопија и миопниот астигматизам со ЛАСИК-метод овозможува поголем степен на подобрување на најдобро некоригирана видна острина постоперативно. Втората хипотеза ја покажува стабилноста на диоптриската јачина кај пациентите со имплантација на факични леќи.

Во **четвртата глава** во оваа докторска теза, кандидатката јасно и концизно ги дефинира целите – примарна цел и две секундарни цели кои се дефинирани на следниов начин:

Примарна (главна) цел претставува:

1А. Утврдување на промените во видната острина преку проценка на некорегирана најдобра видна острина на далечина (НДВО) пред- и постоперативно, како и постоперативната диоптриска јачина, кај пациентите третирани со хируршки интервенции во тек на една година по оперативен зафат за третман на миопија.

1Б. Компарација од резултатите и компликациите добиени со двете оперативни техники во тек на една година од оперативниот зафат.

Секундарни цели:

- евалуација на стабилноста на видната острина на пациентите кои биле подложени претходно на оперативен зафат со одбраните методи за третман;

- проценка на можностите за третман на амблиопија со наведените оперативни техники.

Во **петтата глава,** кандидатката ги опишува материјалот и методите. Дизајнот на студијата детално ги класифицира групите на испитување, опсегот на диоптријата и астигматизмот кој се третира и параметрите кои се испитуваат.

Докторската теза има ретроспективно-проспективен карактер, рандомизирана и спроведена како клиничка студија во траење од 1 година, од март 2019 до март 2020 година. Во студијата се вклучени 100 испитаници (200 очи поделени во две групи) со умерена до висока миопија и астигматизам, со диоптриска јачина во рамки од од -3,0 Дсpx до -10 Дсpx и астигматизам до - 4 Дцил. Студијата е одобрена од Етичкиот комитет во Очната болница „Систина офталмологија“. Начелата на Хелсиншкиот договор се почитувани во текот на целиот период. Добиена е информирана согласност од сите пациенти откако се целосно објаснети деталите за процедурите, ризиците и придобивките, и вербално и писмено.

Критериуми за вклучување во оваа докторска теза се следни:
- пациенти од 21 до 41 година,
- непроменета диоптрија од 1 година,
- миопија од -3 Дсpx до -10 Дсpx и астигматизам до -4 Дцил.,
- длабочина на предната комора > 3 mm,
- стабилни ендотелни клетки повеќе од 2500 mm$^2$ клетки.

Критериуми за исклучување во студијата се пациентите со глауком и промени на задниот сегмент (како, на пример, дијабетична ретинопатија, атрофија на оптички нерв, макулопатија, воспалителни процеси). Исто така, не се вклучени и пациентите со тенка рожница (под 500 μ), ниски кератометриски вредности, промени на преден сегмент, промена на диоптрија последната година, користење на системска терапија (хемотерапија и кортико-стероидна терапија).

Кандидатката во текот на изработка на оваа докторска теза ги следи следните параметри:
- одредување на најдобрата видната острина на далечина без корекција (НДВО);
- одредување на најдобрата видната острина на далечина со корекција (КДВО) – со помош на Снеленови оптотипи;
- одредување на манифестна и циклоплегична рефракција на авторефрактометар (Topcon);
- мерење на интраокуларен притисок со безконтактен тонометар (Auto Non-Contact Tonometer, Reichert Inc., Buffalo, NY, USA);
- корнеална топографија (Wavelight, Allegro Oculyzer, Erlangen, Germany);
- мерење на ендотелни клетки со спекуларна биомикроскопија (Specular Microscope, CSO, Firenze, Italy);
- проценка на субјективното задоволството од видот постоперативно со употреба на стандардизиран прашалник модифициран на нашите стандарди (National Eye Institute Visual Functioning Questionnaire-25).

**Статистичка анализа**

Добиените податоци се обработени со статистичката програма Statistica for Windows 8.0. Нумеричките серии се анализирани со употреба на мерките на централна тенденција и мерки на дисперзија (стандардна девијација и стандардна грешка. Кај нумеричките серии со нормална дистрибуција, сигнификантноста на разликата се тестира со Student-ов t-тест. Кај нумеричките серии со неправилна дистрибуција е користен непараметарски тест за независни примероци (Mann-Whitney U-тест).

Споредба помеѓу вредностите на анализираните параметри пред и постоперативно во сите седум временски точки се анализира со примена на Friedman ANOVA Chi Sqr. тест. Разликите помеѓу вредностите на анализираните параметри во релацијата предоперативно и постоперативно по 1 година се анализира со примена на Wilcoxon Matched Pairs Test (Z/p). Категориите кај видна острина, сферна диоптриска јачина, цилиндар диоптриска јачина ќе се прикажат во проценти (%) .

Во **шестата глава** на оваа теза, кандидатката ги обработува резултатите на двете групи пациенти, првата третирани со ЛАСИК-метод и втората третирани со имплантација на факични леќи кај пациенти со средна до висока миопија и миопен астигматизам. Почетокот е со приказ преку табели и графикони како и описно на сите параметри кај пациентите третирани со ЛАСИК-методот. Возраста на пациентите варира во интервалот 35,52 години. Предоперативно, КДВО во 73,00 % доминира со видна острина 0,9 до 1. Постоперативно, НДВО по 1 година во 82,00 % доминира со видна острина 0,9 до 1. Предоперативно со 62,00 % доминира диоптриска јачина од -6 Дсфх до -10 Дсфх. Постоперативно по 1 година доминантно е застапена диоптриска јачина од -1 Дсфх до 0 Дсфх со 79,00 %. Во однос на астигматизмот предоперативно со 42,00% доминира диоптриска јачина од -1 Дцил до 0 Дцил. Постоперативно доминантно застапена е диоптриска јачина од -1 до 0 Дцил со 64,00%. Понатаму авторот ги опишува варијациите на очниот притисок пред и постоперативно.

Втората група на пациенти со имплантација на факични леќи започнува со приказ на возраста (средна возраст изнесува 26,18 години). Видната острина коригирана предоперативно во 50,00% изнесува 0,9 до 1. Постоперативно, НДВО по 1 година доминира видна острина од 0,9 до 1 во 77,00%. Диоптриската јачина и астигматизам се намалуваат на -1 Дсфх до 0 Дсфх во 67,00% односно, -1,0 Дцил до 0 Дцил во 78,00%. Не се забележува зголемување на очниот притисок. Ендотелните клетки се намалени од 2456,65 клетки/мм$^2$, на 2395,93 клетки/мм$^2$ постоперативно по 1 година.

Во задоволството се поставуваат следните прашања: општиот вид, окуларна болка, активности на блиску и далечина, социјално фукнционирање, ментално здравје, тешкотии во улогата, зависност, возење, колорен вид и периферен вид и истите се опишани дескриптивно и со графички приказ.

Уредно и прецизно се напишани прашањата и заведени во табели и графикони одговорите на ова поглавје.

Во **седмата глава,** кандидатката ги прикажува табеларно и описно компликациите. Кај пациентите во групата на ЛАСИК, најчеста рана компликација во 7 % е враснувањето на епител, а од доцните компликации кандидатката го забележува сувото око од 31 %. Во постоперативните компликации на факичните леќи се забележува само појава на дисперзија на пигмент и намалување на еднотелни клетки, што се очекува особено во првата година и изнесува 2,5 % во докторската теза.

**Осмата глава** е значајна како завршна дискусија на приложените резултати. Оваа докторска теза е прва студија во Северна Македонија на следење и контрола на резултатите од корекција на миопија кај пациенти со ЛАСИК и имплантирани факични леќи. Прикажаните резултати ја потврдуваат успешноста на рефрактивната корекција со ЛАСИК И ИЦЛ факичните леќи кај пациентите со средна до висока миопија и миопен астигматизам.

Поединечно се споредени резултатите со публицирани реномирани студии кои ја докажуваат успешноста на докторската теза. Кај пациентите со ЛАСИК-метод, резултатите се во согласност на Американската академија за офталмологија за рефрактивна хирургија, каде што е забележано подобрување на видната острина од 0,9 до 1,0 кај 60 % од пациентите по 1 година, а 92,5 % од пациентите можеле да читаат 0,5. Просечната КДВО кај пациенти подложени на имплантација на ИЦЛ В4 била 0,89 наспроти НДВО, 1,00 постоперативно. Диоптриската јачина се споредува со студијата на Ozturker и Blanco-Dominguez и соработници каде што се докажуваат слични резултати постоперативно во групата со ЛАСИК-метод. Пациентите со имплантација на факични леќи покажуваат сличности со студиите на Фернандез и сор. како и кај индиската популација.

Кандидатката ја докажува и стабилноста на очниот притисок во текот на 1 година која се забележува во двете групи.

Добриот одговор на очниот притисок се должи на дизајнот на леќата и централниот отвор за очната водичка, што дополнително ја потврдува стабилноста на оваа техника.

Во компаративните резултати, кандидатката забележува вкупно поголемо задоволство од имплантација на ИЦЛ-факичните леќи: Овие резултати одговараат при компарација со студијата на Parkhurst и Gregory се истакнува задоволството кај пациентите со имплантација на факични леќи.

Во **деветтата глава** се наброени заклучоците на докторската теза, од кои најважни се следните за поставените хипотези:
При испитување на некоригирана видна острина на далечина кај пациентите третирани со ЛАСИК-метод постои значајно поголема видна острина во однос на втората група третирани со имплантација на факични леќи. Во однос на диоптриската јачина кај пациентите третирани со имплантација на факични леќи, значајно е поголема и постои статистичка значајна разлика во однос на пациентите третирани со ЛАСИК-методот вредноста на диоптер цилиндар кај пациентите третирани со ЛАСИК-метод незначајно е поголема во однос на втората група со факични леќи.

- вредноста на интраокуларен притисок кај пациентите третирани со факични леќи е статистички значајно поголем во однос со пациентите третирани со ЛАСИК;
- вредноста на ендотелните клетки мерени кај пациентите со имплантација на факични леќи статистички значајно е помала од нивниот предоперативен број;
- втората група на пациенти третирани со имплантација на факични леќи имаат вкупно поголемо задоволство од пациентите третирани со ЛАСИК-методот.

Во **десеттата глава** уредно се наброени 160 референци од стручна литература. Повеќето се извадени и понови по 2010 година, што укажува на актуелноста на изборот на докторската теза.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Докторската теза ги споредува резултатите од испитуваните параметри по извршување на ЛАСИК-методот и имплантацијата на факични леќи кај пациенти со средна до висока миопија и миопен астигматизам. Се испитуваат видната острина пред- и постоперативно, диоптриската јачина и диоптер цилиндар, очниот притисок и ендотелните клетки, како и прашалникот за задоволство.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Пациентите се дијагностицирани и следени со најсовремена офталмолошка технологија, оперирани со хируршки техники и најнови имплантациони материјали (факични леќи). На тој начин е намалена, односно е минимизирана појавата на евентуалните компликации и непријатности во текот на оваа студија.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Кандидатката прикажува две оперативни техники: ЛАСИК-метод и имплантација на факични леќи.

ЛАСИК-метод

Хируршката интервенција се извршува под микроскоп (Leica). Се користи Wave Light Allegreto ласер со микрокератом Moria II. Окото на пациентот се држи отворено со помош на држач за капаците, блефаростат за да се избегне трепкањето. Прв чекор во интервенцијата е засекување на корнеата со микрокератом, со што се прави интрастромален флап на петелка. Потоа се подигнува и стромата од корнеата се изложува на третман со ласер ин ситу кератомилеуза, со што се тенчи и ремоделира во зависност од аметропијата. Се суши корнеата (стромата) и се ласерира (фотоаблација) во зависност од диоптријата (минус -централно, цилиндар - на оската). Кога ќе се постигне саканата корекција флапот се враќа назад и се позиционира стабилно на рожницата.

Имплантација на факични леќи

Правилното ставање на факичните леќи во кертриџот и инјекторот е од суштинско значење за правилна и лесна имплантација. Со помош на модифициран McPherson форцепс со

долги, тапи, закривени врвови, леќата се фаќа под оперативниот микроскоп. ИЦЛ леќите се со централно дупче и овозможуваат проток на очна водичка. Целосната фармаколошка мидријаза е од суштинско значење за нормална имплантација. Се прави првата парацентеза, а вискозен материјал се вбризгува во предната комора за да се заштити корнеалниот ендотел и кристалната леќа од хируршка траума. Потоа, се изведува втората парацентеза, проследена со 3,2-mm јасен засек на рожницата поставен или темпорално или супериорно во зависност од оската на астигматизам на рожницата. Кертриџот е вметнат и факичната леќа внимателно се инјектира. По проверка на центрирањето на леќата и положбата на оската, ацетилхолин се инјектира во предната комора за да предизвика медикаментозна миоза. Се изведува иригација/аспирација на вискозниот гел од целото око, особено во пределот на отворот во центарот на факичните леќи.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Возраста на пациентите оперирани со ЛАСИК-метод варира во интервалот 35,52 години. Предоперативно , КДВО во 73,00% доминира со видна острина 0,9 до 1. Постоперативно, НДВО по 1 година во 82,00 % доминира со видна острина 0,9 до 1. Предоперативно со 62,00% доминира диоптриска јачина од -6 Дспх до -10 Дспх. Постоперативно по 1 година доминантно е застапена диоптриска јачина од -1 Дспх до 0 Дспх со 79,00 %. Во однос на астигматизмот предоперативно со 42,00 % доминира диоптриска јачина од -1 Дцил до 0 Дцил. Постоперативно доминантно застапена е диоптриска јачина од -1 Дил до 0 Дцил со 64,00 %. Понатаму, кандидатката ги опишува варијациите на очниот притисок пред- и постоперативно.

Втората група на пациенти со имплантација на факични леќи започнува со возраста (средна возраст 26,18 години). Видната острина коригирана предоперативно во 50,00 % изнесува 0,9 до 1. Постоперативно, НДВО по 1 година во 77,00 % доминира видна острина од 0,9 до 1. Диоптриската јачина и астигматизам се намалуваат на -1 Дспх до 0 Дспх во 67,00% односно, -1,0 Дцил до 0 Дцил во 78,00%. Не се забележува зголемување на очниот притисок и во оваа група. Ендотелните клетки се намалени од 2456,65 клетки/мм$^2$ , на 2395,93 клетки/мм$^2$ постоперативно по 1 година. Во прашалникот за задоволството се поставуваат следните прашања: за општиот вид, окуларна болка, активности на блиску и далечина, социјално фукнционирање, ментално здравје, тешкотии во улогата, зависност, возење, колорен вид и периферен вид, кои се опишани дескриптивно и со графички приказ.

Во однос на задоволството, пациентите кај кои е спроведена имплантација на факични леќи имаат значајно поголемо задоволство од оперативната техника во однос на пациентите оперирани со ЛАСИК-метод.

Накратко, кандидатката ги докажува хипотезите во сите испитувани параметри.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација со наслов: **Компарација на параметрите на видната острина и диоптриска јачина по оперативен третман на средна до висока миопија со примена на „ласер ин ситу кератомилеуза“ и имплантација на факични леќи** претставува истражување во рефрактивната хирургија на офталмологијата.

Мотивот за изработка на оваа докторска дисертација потекнува од потребата да се презентираат ефектите и придобивките од современите хируршки техники во третманот на средна до висока миопија, кои за голем број од овие пациенти овозможуваат долгорочно и успешно решавање на рефрактивната аномалија, со значајно подобрување на визуелниот комфор и квалитетот на живот. Актуелноста на темата и добиените резултати ја потврдуваат етаблираноста на овие хируршки техники како рутински методи во рефрактивната хирургија и кај пациентите во нашата држава.

Докторската дисертација со наслов: **Компарација на параметрите на видната острина и диоптриска јачина по оперативен третман на средна до висока миопија со примена на „ласер ин ситу кератомилеуза“ и имплантација на факични леќи**, од кандидатката д-р Биљана Костовска, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка и изработка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. СПОРЕДБА НА ПАРАМЕТРИТЕ НА ВИДНАТА ОСТРИНА И ДИОПТРИСКАТА ЈАЧИНА ПО ЛАСЕР ИН СИТУ КЕРАТОМИЛЕУЗА НА СРЕДНА ДО ВИСОКА МИОПИЈА ВО ТЕК НА 1 ГОДИНА

Автор-и: Билјана Костовска, Ј. Плунцевиќ Глигороска,објавен: Македонско списание за офталмологија, 2020, ИССН 1857-9523 , УДК 617,7

2. ПРВИ ИСКУСТВА СО ИМПЛАНТАЦИЈА НА ФАКИЧНИ ЛЕЌИ ПРИ КОРЕКЦИЈА НА МИОПИЈА ВО РС МАКЕДОНИЈА

Автор-и: Б. Костовска, Ј. Плунчевиќ Глигороска, Ф. Гилевска, З. Арнаудовски, Н. Габриќ, објавен: Прилози (Македонска академија на науките и уметностите, Одделение за медицински науки), 30 Dec 2021, 42(3):37-46, UDK: 61+061.231=866=20 ISSN: 0025-1097

**Заклучок и предлог**

По внимателното прегледување и анализа на докторската дисертација со наслов: **Компарација на параметрите на видната острина и диоптриската јачина по оперативен третман на средна до висока миопија со примена на „ласер ин ситу кератомилеуза“ и имплантација на факични леќи** од кандидатката **д-р Билјана Костовска,** Комисијата оценува дека докторскиот труд претставува самостоен научноистражувачки труд, со јасно дефинирани цели, релевантни резултати и апликативен клинички придонес.

Рефрактивната хирургија на роговицата во сите нејзини форми денес бележи евидентен нагорен тренд, заради забрзаниот развој на технологијата на ова оподрачје, од една страна, како и заради значајните придобивки во решавањето на рефрактивните аномалии (во конкретниот случај кај пациентите со средна до висока миопија и миопен астигматизам), кај најголем дел од претежно млада и работноспособна популација.

Ослободувањето од очилата со висок диоптер и подобрувањето на визуелниот комфор кај овие индивидуи значително го подобруваат целокупниот квалитет на живот, што е една од главните придобивки на овие хируршки методи. Покрај тоа, брзата постоперативна рехабилитација и малиот број на интраоперативни и постоперативни компликации несомнено имаат значајна улога во нивното сè поголемо прифаќање како од страна на пациентите, така и на офталмохирурзите.

Токму презентацијата на овие хируршки техники, како и резултатите од лекувањето со придобивките за пациентите претставува најзначаен и апликативен клинички придонес на актуелниот докторски труд.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација со наслов: **Компарација на параметрите на видната острина и диоптриска јачина по оперативен третман на средна до висока миопија со примена на „ласер ин ситу кератомилеуза“ и имплантација на факични леќи** од кандидатката **д-р Билјана Костовска.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р **Весна Димоска Јорданова**, претседател, с.р.
Проф. д-р Јасмина Плунцевиќ Глигороска, ментор, с.р.
Проф. д-р Милена Голубовиќ Арсовска, член, с.р.
Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, член, с.р.
Проф. д-р Никола Оровчанец, член, с.р.

**Издвоени мислења** (доколку има):

**Издвоени мислења** (доколку има):

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, ПОЛЕ: ОБРАЗОВАНИЕ, ОБЛАСТ: МЕТОДИКА, ПО ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПРЕДМЕТИ: ПЕДАГОШКА ПРАКТИКА 1, 2, 3 И 4, ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, ПРАКТИЧНА НАСТАВА, ЗА СТУДИСКАТА ГРУПА БИБЛИОТЕКАРСТВО, ПЕДАГОШКИ СТАЖ ВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК И ПЕДАГОШКИ СТАЖ ВО ГРАДИНКА, ЗА СТУДИСКАТА ГРУПА ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТАНИЕ НА МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК, НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весникот „Слободен печат“ на 30.4.2022 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од **наставно-научното подрачје** општествени науки, **поле:** образование, **област:** методика, по задолжителните предмети: Педагошка практика 1, 2, 3 и 4, за студиската програма Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, Практична настава, за студиската група Библиотекарство, Педагошки стаж во основно училиште, за студиската програма Одделенска настава на македонски наставен јазик и Педагошки стаж во градинка, за студиската група Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, бр. 02-337/4, донесена на седницата одржана на 20.4.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Билјана Камчевска, претседател
2. проф. д-рВесна Макашевска, член
3. проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска, член.

**Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов**

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научното подрачје општествени науки, поле: образование, област: методика, по задолжителните предмети: Педагошка практика 1, 2, 3 и 4, за студиската програма Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, Практична настава, за студиската група Библиотекарство, Педагошки стаж во основно училиште, за студиската програма Одделенска настава на македонски наставен јазик и Педагошки стаж во градинка, за студиската група Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Симона Палчевска како единствен кандидат.

Во понатамошниот тек на извештајот, направен е осврт на целокупните постигнувања на кандидатката д-р Симона Палчевска.

### 1. Биографски податоци

Д-р Симона Палчевска е родена на 5 декември 1971 година во Скопје, каде што завршила основното и средното образование. По завршувањето на средното образование, во 1990/1991 г. се запишала како редовен студент на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за педагогија, кој го завршила во редовниот рок (1995) и се стекнала со звање – дипломиран педагог. Студиите од прв циклус ги завршила со висок просечен успех од 9,46. По дипломирањето, како одличен студент е избрана за работа на предучилишниот проект „Чекор по чекор“, со што се вработила како

воспитувач во градинката „Мајски цвет“ во Скопје. Во студиската 1997/1998 г. се запишала на постдипломски студии на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Со завршувањето на предвидените испити со просечна оценка 9,5 на 6.3.2006 година на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова, го одбранила магистерскиот труд и се стекнала со научен степен – магистер од областа на педагогијата. По завршувањето на магистерските студии во 2006 година се запишала на докторски студии на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола. Под менторство на проф. д-р Дејан Илиев, во 2011 година, на Педагошкиот факултет во Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, ја одбранила докторската дисертација на тема „Курикуларни и вонкурикуларни основи за развој на компетенциите на наставниците во процесот на перманентното образование“ и се стекнала со степен – доктор по педагогија од областа на методиките.

Во октомври 2009 година, Симона Палчевска е избрана како надворешен соработник од областа на предучилишната практика на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св Климент Охридски“ во Скопје, на својата седница одржана по електронски пат, на 31.12.2020 год. донесе одлука за избор на д-р Симона Палчевска во соработничко звање – асистент.

Д-р Симона Палчевска активно се служи со англискиот јазик (читање, пишување и зборување), а има и основни познавања на грчкиот јазик. Исто така, д-р Симона Палчевска поседува солидни компјутерски знаења и вештини за Microsoft Office (Word, Excel, PowerPoint), како и комуникациски вештини, вештини за решавање проблеми, способност за работа во тим итн.

## 2. Резултати и искуство во наставната дејност

Кандидатката д-р Симона Палчевска, во текот на последната година од студиите на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, како одличен студент е избрана за учество во предучилишниот проект „Чекор по чекор“ при Институтот Отворено општество Македонија – Скопје и учествува во неговата реализација во рамките на Институтот за педагогија и тогаш избраните модел градинки во Р Македонија.

Во 2000 година е избрана за помлад асистент на Педагошкиот факултет во Битола, по предметот Дидактика под менторство на проф. д-р Благородна Лакинска, каде што на одреден период работи до 2007 година и реализира настава, вежби и консултации.

Кандидатката д-р Симона Палчевска во 2009 година е избрана за надворешен соработник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ од областа на практиката за предметот Педагошка практика на групата за предучилишно воспитание. Во текот на реализација на вежбите со студентите активно работи во областа на раниот детски развој, реализирајќи конкретни практични активности во различни возрасни групи. Во периодот од 2013 до 2015 година работела и како надворешен соработник по предметот Основи на техничко образование со методика под менторство на проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска, со што со студентите од групата за одделенска настава реализира предавања, вежби и следење на конкретни часови во основните училишта. Во истиот период е ангажирана и за предметот Сообраќајно воспитание под менторство на проф. д-р Билјана Камчевска каде што активно учествува во неговата организација и реализација на истиот, а исто така реализира и вежби во рамките на предметот Педагошка администрација под менторство на проф. д-р Весна Макашевска.

Д-р Симона Палчевска од февруари 2013 година започнува да работи како професор на Високата школа за воспитувачи – Гњилање, со привремено седиште во Бујановац. Високата школа во 2019 год. влегува во состав на Академијата за струкови студии, Јужна Србија, Лесковац, отсек - Студија за воспитувачи – Бујановац. Во текот на

работата, д-р Симона Палчевска реализира настава по предметите: Припремни предшколски програм, Припрема дете за полазак у школу, Дидактика и Рад са даровитом децом. Исто така, д-р Симона Палчевска е ментор и член во комисии за одбрана на повеќе од 50 дипломски трудови. Според досегашните спроведени евалуации на кои студентите даваат оценка за квалитетот на предавањата, начинот на предавање, како и односот кон студентите, кандидатката има позитивна оценка во континуитет, и тоа: просечна оценка од 4,9, за 2013/14 г., 4,7 за 2014/15 г.,4,5 за 2015/16 г., 4,8 за 2016/17 г., 4,7 за 2017/18 и 4,6 за 2018/19, евалуации спроведени во рамките на Академијата за струкови студии – Јужна Србија, отсек – Студија за воспитувачи – Бујановац.

Од изборот за асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје (31.12.2020 г.), д-р Симона Палчевска успешно ги реализира вежбите и практичната настава по предметите: Педагошка практика 1, 2, 3, и 4 за студиската програма Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик; Педагошка практика 1 и 2 за студиската програма Одделенска настава на македонски наставен јазик, Креативна работилница по математика, Креативна работилница по запознавање на околината, природа и општество за студиската програма Одделенска настава на македонски наставен јазик, како и Практична настава за студиската програма Библиотекарство.

### 3. Научноистражувачка дејност

Д-р Симона Палчевска во изминатиот период бележи богата научноистражувачка дејност. Значаен и најобемен труд е нејзината докторска дисертација со наслов „Курикуларни и вонкурикуларни основи за развој на компетенциите на наставниците во процесот на перманентното образование“. Докторската дисертација претставува сериозен научен труд во кој врз основа на искуствата од наставната практика и додипломските студии, наставниците имаа можност да го искажат своето мислење за потребите од нивно понатамошно професионално усовршување. Докторската дисертација е структурирана во четири дела, и тоа: концепциска поставеност, актуелност на проблемот на истражување, глобална структура на докторската дисертација, применета методологија на истражувањето и анализа и интерпретација на добиените резултати. Со анализата на добиените резултати, како и оригиналните предлози и решенија со развојна компонента упатуваат на тоа дека д-р Симона Палчевска со докторската дисертација дава значаен придонес во теоретското осветлување и практичната примена на одредени компетенции во улогата на воспитувачот и наставникот, како и современи приоди во развојот на наставата преку реализирање на различни актуелни теми и обуки, а исто така дава свој предлог за формирање на т.н. центри за професионален развој каде што воспитувачите и наставниците би можеле континуирано да се усовршуваат и со тоа го зајакнуваат својот професионален развој.

Кандидатката е автор на повеќе прирачници наменети за воспитувачи и деца од предучилишна возраст. Од особено значење за унапредување на предучилишното воспитание и обарзование е прирачникот со наслов: Унапредување на инклузивни практики, затоа што претставува значаен документ во кој се поставени основите на функционална проценка на способностите кај детето со попреченост, со цел квалитетно образование за сите, како и потенцирање на важноста за обезбедување целосна поддршка за развој на потенцијалот на секое дете.

Во периодот од 2000 до крајот на 2021, д-р Симона Палчевска има учествувано на повеќе меѓународни конференции и научни симпозиуми во земјата и во странство и е автор и коавтор на повеќе оригинални научни и стручни трудови во меѓународни странски и во домашни списанија. Тоа може да се види од списокот на објавени трудови, од кои позначајни се следниве:

1. Дамовска Л., Шеху Ф., **Палчевска С.**, Јанева Н., Самарџиска Панова Љ. ( 2009 ), Стандарди за рано учење и развој кај за деца од 0 до 6 години, Министерство за труд и социјална политика и УНИЦЕФ, Скопје.
2. Шеху Ф., **Палчевска С.**, Ничова А., Зиндел В., Анчевска Б., Јанева Н. (2014), Прирачник за воспитувачи за примена на стандардите за рано учење и развој, Министерство за труд и социјална политика, Скопје.
3. Камчевска Б., Макашевска В., **Палчевска С.** (2014) Го откриваме светот со Елена и Емил 1 и 2, Работни листови за деца од 4 до 5 години, Просветно дело, Скопје.
4. Камчевска Б., Макашевска В., **Палчевска С.** (2014) Детски свет 1 и 2, Работни листови за деца од 5 до 6 години, Просветно дело, Скопје.
5. **Палчевска С.**, Перманентно образовање наставника (2015), Зборник радова, Висока школа за васпитаче струкових студија-Бујановац, стр. 89-99.
6. **Палчевска С.**, Ничова А., Зиндел В., Анчевска Б., Јанева Н. (2014), Прирачник за негователи за примена на стандардите за рано учење и развој, Министерство за труд и социјална политика, Скопје.
7. **Палчевска С.** (2016), Следење и проценка во раниот детски развој, Интернационална научна конференција, Образованието на крстосница-предизвици, алтернативи и перспективи, Битола
8. **Палчевска С.** (2016), Инклузија како процес во раниот детски развој, 11. Интернационален балкански научен конгрес, Пореч, Хрватска.
9. **Палчевска С.** (2017), Унапредување на алтернативни услуги за згрижување на деца, Учебник за обука на дадилка во домашни услови, Европска Унија, Скопје, стр. 45-49.
10. **Палчевска С.** (2017), Развојни практики и ефективни пристапи во детскиот развој и учењето 12. Интернационален балкански научен конгрес, Несебар, Бугарија
11. **Палчевска С.** и др. (2017), Унапредување на инклузивните практики во раното детство, Прирачник завоспитувачи и стручни соработници, МТСП, Скопје ISBN 978-608-4595-91-5.
12. **Палчевска С.** (2018), Развој на креативноста кај предучилишните деца, 13. Интернационален балкански научен конгрес, Едирне, Турција.
13. Камчевска Б., Макашевска В., **Палчевска С.** (2018), Ајде да си играме, Работни листови за деца од 2 до 3 години, Просветно дело, Скопје.
14. **Палчевска С.,** Јорданова Д., (2018), Учество на децата со развојни тешкотии и инклузивни практики во детските градинки“, Педагошка ревија, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.
15. **Палчевска С.** (2019), Што детето треба да знае пред поаѓање на училиште, 14. Интернационален балкански научен конгрес, Охрид, РС Македонија.
16. Камчевска Б., Макашевска В., **С**, **Палчевска С.**, (2019) Методски насоки за примена на прирачници во предучилишниот период, 18. Меѓународен научен собир “Novi izazovi u odgojuiobrazovanju”, 30.-31. мај 2019, Pula, Hrvatska
17. **Палчевска С.,** Јорданова Д. (2020), Доживеано врсничко насилство кај ученици од основно и средно училиште во скопскиот регион, Педагошка ревија, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.
18. Дурчевска Г., Хорватовиќ В., **Палчевска С.** (2020) Анализа на состојбите во градинките, предизвици и бариери во поттикнувањето на професионалниот развој на педагозите како стручни соработници кои го промовираат процесот на предучилишното воспитание и образование , „Research in Physical Education, Sport and Health“, Скопје, https://doi.org/10.46733/PESH20920093dg

## 4. Стручно-применувачка дејност и проектни активности

Д-р Симона Палчевска реализира повеќе студиски престои на кои ги проширува своите научни сознанија и искуства. Во текот на студискиот престој во Вашингтон каде што посетува државни институции и приватни училишта, со цел да се увидат начините на работа во градинките и училиштата и можностите како тоа би можело да се приспособи и имплементира во условите во нашата земја. Исто така, д-р Симона Палчевска реализира студиски престој во Јерусалим, Израел, каде што следи активности во билингвални групи, со цел стекнување искуство за билингвизам во рамките на градинките и училиштата, со што по нејзиното враќање одржува презентации во рамките на програмата Потрага по заедничка основа.

Д-р Симона Палчевска учествува на повеќе семинари, обуки, работилници и во научноистражувачки проекти кои се во организација на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, УСАИД, УНИЦЕФ, ОБСЕ, Фондација за културни и образовни иницијативи „Чекор по чекор “, Институт Отворено општество – Македонија, но и од други домашни, ЕУ и странски фондови. Кандидатката д-р Симона Палчевска во 2000 година е избрана за воспитно-образовен координатор за предучилишни и училишни програми во Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, во чии рамки сѐ уште координира, организира и реализира компатибилни обуки и активности. Истата година станува член како сениор експерт на ЕЦД-Кор – Друштво за консалтинг и истражување на раниот детски развој, со што во изминатиот период се занимава со спроведување на стандардите за рано учење и развој кај децата од раѓање до поаѓање во училиште, како и различни обуки од областа на предучилишното воспитание и образование.

Во периодот од 2015 година па сѐ до денес е координатор на проектот „Со читање до лидерство“, во рамките на Фондацијата „Чекор по чекор“ и Институтот Отворено општество – Македонија, каде што менторира заедници за учење во училиштата. Во изминатите 5 години, кандидатката учествува како истражувач во **проектот „Зајакнување на улогата на граѓанското општество во осигурувањето рамноправност и квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување“, финансиран од Европска Унија во соработка со Фондација за културни и образовни иницијативи „Чекор по чекор“ каде што се јавува како еден од соработниците во создавање на** „Македонската рамка за квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување“.

Од 2018 до 2021 работела како ментор на воспитувачи за колегијална поддршка и реализирала обуки на тема: „Социјална кохезија и културен дијалог“, во организација на Министерство за труд и социјална политика и УНИЦЕФ, тема која е основа за градење на платформа за социо-емоционалниот развој кај децата од предучилишна возраст. Исто така, д-р Симона Палчевска е учесник и реализатор на национален проект: „Биди ИН, биди инклузивен, биди инволвиран“, со поддршка на Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“. Проектот ја поддржува инклузијата на ученици со попреченост, и е во насока на квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и децата со попреченост и нивна поддршка во процесот на учењето.

Кандидатката е вклучена како помошник-истражувач во реализација на два интерни научноистражувачки проекта со наслов: „Унапредување на наставата од природно-научното и општественото подрачје во првиот развоен циклус од основното образование со примена на методски карти“ и „Компетенции за учење кај ученици во раниот училиштен период“ при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Во тек е реализација на меѓународен научен проект: „Намалување на нееднаквостите во образованието“, во рамките на кој кандидатката д-р Симона Палчевска е ангажирана како експерт. Цел на проектот е негување на училишна клима

и култура, почитување на заеднички вредности и правила во однесувањето кај учениците, како и еднаков пристап во процесот на учење и поучување.

Д-р Симона Палчевска се истакнува како член на повеќе работни групи и комисии кои третираат прашања од областа на воспитанието и образованието. Еден од позначајните нејзини ангажмани е членството во Комисијата за верификација на едукативни активности – ЕДУИНО, чија цел е поставување на поволно опкружување за подобрување на квалитетот на наставата и учењето преку кокреирање и иновации.

**ЗАЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на извршениот увид во целокупната доставена документација, бодирањето согласно со Образецот кон Извештајот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на кандидатката д-р Симона Палчевска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Рецензентската комисија заклучи дека д-р Симона Палчевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана во наставно-научното звање **доцент** од наставно-научното подрачје општествени науки, поле: образование, област: методика, по задолжителните предмети: Педагошка практика 1, 2, 3 и 4, за студиската програма Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, Практична настава, за студиската група Библиотекарство, Педагошки стаж во основно училиште, за студиската програма Одделенска настава на македонски наставен јазик и Педагошки стаж во градинка, за студиската група Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Симона Палчевска да биде избрана во наставно-научното звање **доцент** од наставно-научното подрачје општествени науки, поле: образование, област: методика, по задолжителните предмети: Педагошка практика 1, 2, 3 и 4, за студиската програма Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик, Практична настава, за студиската група Библиотекарство, Педагошки стаж во основно училиште, за студиската програма Одделенска настава на македонски наставен јазик и Педагошки стаж во градинка, за студиската група Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Камчевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Весна Макашевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Палчевска Глигор Симона
**Институција:** Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
**Научна област:** општествени науки, поле: образование, област: методика

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. бр. | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,46.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,83.<br>Просечниот успех изнесува___за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област:<br>општествени науки, поле: образование, подрачје: методика. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Називнанаучнотосписание: Physical Education, Sport and Health<br><br>2. Назив на електронската база на списанија: Research in Physical Education, Sport and Health<br>3. Наслов на трудот:Pedagogueprofesional worker in a kindergarden– Challenges and barriers in professional development:<br>4. Годинанаобјава: 2020 https://doi.org/10.46733/PESH20920093dg | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Педагошка ревија | ДА |

| Ред. бр. | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 17 члена од 9 земји: Македонија (6), Србија (1), Хрватска (2), Италија (1), БиХ (1), Албанија (2), Турција (1), Бугарија (1), САД (2)<br>3. Наслов на трудот: „Учество на децата со развојни тешкотии и инклузивни практики во детските градинки“,<br>4. Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на научното списание: Педагошка ревија<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 17 члена од 9 земји: Македонија (6), Србија (1), Хрватска (2), Италија (1), БиХ (1), Албанија (2), Турција (1), Бугарија (1), САД (2)<br>3. Наслов на трудот: „Доживеано врсничко насилство кај учениците од основно и средно училиште во скопскиот регион“<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Називнанаучнотосписание: Дадиље инфо<br>2. Назив на членката на ЕУ: Хрватска<br>3. Наслов на трудот: Унапредување на алтернативни услуги за згрижување на деца<br>4. Годинанаобјава: 2017 | ДА |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата:<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: 13$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress<br>2. Назив на меѓународниот собир: 13$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress, Edirne, Turkey<br>3. Имиња на земјите: Turkey, Macedonia, Croatia, Bulgaria<br>4. Наслов на трудот: Creativity Development for Pre-school Children<br>5. Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на зборникот: The education at the crossroads – conditions, challenges, solutions and perspectives<br>2. Назив на меѓународниот собир: The education at the crossroads – conditions, challenges, solutions and perspectives, Bitola, Macedonia<br>3. Имиња на земјите: Macedonia, Switzerland, Spain, Serbia, Croatia, Slovenia, Poland, Azerbeijan, Bulgaria, Bosnia &Herzagovina<br>4. Наслов на трудот: Challenges in early childhood | ДА |

| Ред. бр. | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 5. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на зборникот: 14th International Balkan Education and Science Congress<br>2. Назив на меѓународниот собир: 14th International Balkan Education and Science Congress, Ohrid, Macedonia<br>3. Имиња на земјите: Macedonia,Turkey, Croatia, Bulgaria<br>4. Наслов на трудот: Children`s development – What the child should know before starting the school<br>5. Година на објава: 2019 | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br><br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава: _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година: _______ | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>3. Странски јазик:_______________<br>4. Назив на документот:___________<br>5. Издавач на документот: _________<br>6. Датум на издавање на документот: __________ | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила наЗаконот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна пуб
ликација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Камчевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Весна Макашевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Палчевска Глигор Симона
**Институција:** Педагошки факултет „Св. КлиментОхридски“ – Скопје
**Научна област:** Општествени науки, поле: образование, област: методика

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Вежби прв циклус студии:<br>Педагошка практика 1<br>за Предучилишно воспитание 0+1<br>(7 семестри – 1 час неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 3,15 |
| 2. | Вежби прв циклус студии:<br>Педагошка практика 2<br>за Предучилишно воспитание 0+1<br>(7 семестри – 1 час неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 3,15 |
| 3. | Вежби прв циклус студии::<br>Педагошка практика 3<br>за Предучилишно воспитание 0+2<br>(7 семестри – 2 часа неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 6,3 |
| 4. | Вежби прв циклус студии:<br>Педагошка практика 4<br>за Предучилишно воспитание 0+1<br>(7 семестри – 1 час неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 3,15 |
| 5. | Вежби прв циклус студии:<br>Педагошка практика 1<br>за Одделенска настава 0+2<br>(7 семестри – 2 часа неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 6,3 |
| 6. | Вежби прв циклус студии:<br>Педагошка практика 2<br>за Одделенска настава 0+1<br>(7 семестри – 1 час неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 3,15 |
| 7. | Вежби прв циклус студии:<br>Практична настава 1 (прв семестар)<br>Библиотекарство 0+2<br>(7 семестри – 2 часа неделно – 15 недели) | 6,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | |
| 8. | Вежби прв циклус студии:<br>Практична настава 2 ( втор семестар)<br>Библиотекарство 0+2<br>(7 семестри – 2 часа неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 6,3 |
| 9. | Вежби прв циклус студии:<br>Практична настава 3 ( трет семестар)<br>Библиотекарство 0+1<br>(7 семестри – 1 час неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 3,15 |
| 10. | Вежби прв циклус студии::<br>Практична настава 4 ( четврти семестар)<br>Библиотекарство 0+2<br>(7 семестри – 2 часа неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 6,3 |
| 11. | Вежби прв циклус студии:<br>Практична настава 5 ( петти семестар)<br>Библиотекарство 0+2<br>(7 семестри – 2 часа неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 6,3 |
| 12. | Вежби прв циклус студии:<br>Практична настава 7 ( седми семестар)<br>Библиотекарство 0+2<br>(7 семестри – 2 часа неделно – 15 недели)<br>2014/2015,2015/2016,2016/2017,2017/2018,2018/2019,2020/202, 2021/2022 | 6,3 |
| 13. | Вежби прв циклус студии:<br>Практична настава 8 ( осми семестар)<br>Библиотекарство 0+2<br>(7 семестри – 2 часа неделно – 15 недели)<br>2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2020/202, 2021/2022 | 6,3 |
| 14. | Консултации со студенти | 1,8 |
| | **Вкупно** | **67,95** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **I** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Учесник и реализатор на национален проект<br>Обучувач во рамките на ороектот<br>„ Биди ин, биди инклузивен, биди инволвиран“<br>Фондација за образовни и културни иницијативи<br>„Чекор по чекор“ | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Инклузија на ученици со попреченост, квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги идецата со попреченост и нивна поддршка во процесот на учењето. | |
| 2. | Учесник и реализатор на национален проект:<br>„Зајакнување на улогата на граѓанското општество во осигурувањето рамноправност и квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување“, Национална рамка за квалитет во предучилишното образование, воспитание и згрижување | 3 |
| 3. | Учесник и реализатор на меѓународен научен проект:<br>„ Action for reducing inequalities in Education“<br>Project funded by Europion Union<br>Намалување на нееднаквостите во образованието, негување на училишна клима и култура, почитување на заеднички вредности и правила во однесувањето кај учениците, како и еднаков пристап во процесот на учење и поучување. | 5 |
| 4. | Учесник и реализатор на меѓународен научен проект:<br>„Со читање до лидерство“<br>Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ и УСАИД<br>Унапредување на наставата по математика за наставниците од одделенска настава<br>Унапредување на наставата по мајчин јази за наставниците од одделенска настава<br>Унапредување на математичките и јазичните вештини кај учениците во одделенската настава | 5 |
| 5. | Учесник во научен проект:<br>Научноистражувачки проект: „Унапредување на наставата од природно-научното и општественото подрачје во првиот развоен циклус од основното образование со примена на методски карти“ (помошник-истражувач )<br>Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2018 – 2020 | 3 |
| 6. | Учесник во научен проект:<br>Научноистражувачки проект: „Компетенции за учење кај ученици во раниот училиштен период“ (помошник-истражувач)<br>Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, 2018-2020 | 3 |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати:<br>„Предизвици кај децата во раниот детски развој“<br>Меѓународен научен собир „Образованието на крстопат – состојби, предизвици, решенија и перспективи“,10-11 ноември 2017, Битола, Македонско научно друштво – Битола, со реферат (усна презентација, коавтор) | 4,5 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати:<br>Анализа на состојбата во градинките, предизвици и бариери во поттикнувањето на професионалниот развој на педагозите како стручни соработници кои го промовираат процесот на предучилишното воспитание и образование<br>„Research in Physical Education, Sport and Health“ (коавтор)<br>Наслов на трудот: Pedagogueprofesional worker in a kindergarden– Challenges and barriers in professional development: 2020, Skopje<br>https://doi.org/10.46733/PESH20920093dg | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Труд со оригинални научни резултати: „Inclusion as a proces in early child development“ 11th International Balkan Education and Science Congress, 10-11September 2014, Porec, Croatia, Faculty of education, Zagreb, со реферат (усна презентација, автор): | 5 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати: “Developmentally Appropriate Practice and effective approaches in early child development and learning” 12th International Balkan Education and Science Congress, 10-11 September 2017, Bulgaria, со реферат (усна презентација, автор) | 5 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати: Creativity Development for Pre-school Children 13th International Balkan Education and Science Congress, 6-8 September 2018, Edirne, Turkey, Trakya University, Faculty of education, Edirne, со реферат (усна презентација, автор): | 5 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати: Children`s development – What the child should know before starting the school 14thInternational Balkan Education and Science Congress, 5-7 September 2019, Ohrid, Faculty of Pedagogy “St. Kliment Ohridski” – Skopje,со реферат (усна презентација, автор): Children`s development – What the child should know before starting the school | 5 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати: Педагошка ревија „Учество на децата со развојни тешкотии и инклузивни практики во детските градинки“ (автор) Година на објава: 2018 | 5 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати: Педагошка ревија (коавтор) „Доживеано врсничко насилство кај учениците од основно и средно училиште во скопскиот регион“ Година на објава: 2020 | 4,5 |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати: 18.međunarodniznanstveniskupDani Mate Demarina, “Novi izazovi u odgojuiobrazovanju”30.-31. svibnja2019, Pula, Hrvatska,SveučilišteJurjaDobrile u Pulu, со реферат (коавтор): „Strategies and guidnes for books in the preschool period“ | 4,5 |
| 16. | Учество на 11th International Balkan Education and Science Congress, 10-11September 2014, Porec, Croatia, Faculty of education, Zagreb,: „Inclusion as a proces in early child development“ | 1 |
| 17. | Учество на 12th International Balkan Education and Science Congress, 10-11September 2017, Bulgaria, со реферат (усна презентација, автор) “Developmentally Appropriate Practice and effective approaches in early child development and learning” | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | Учество на 13th International Balkan Education and Science Congress, 6-8 September 2018, Edirne, Turkey, Trakya University, Faculty of education, Edirne, со реферат (усна презентација, автор): Creativity Development for Pre-school Children | 1 |
| 19. | Учество на14thInternational Balkan Education and Science Congress, 5-7 September 2019, Ohrid, Faculty of Pedagogy “St. Kliment Ohridski” – Skopje,со реферат (усна презентација, автор): Children`s development – What the child should know before starting the school | 1 |
| 20. | Учество на меѓународен научен собир „Социо-емоционален развој кај децата од 0 до 6 години – состојби и предизвици“, 6 – 7 ноември 2018, Скопје, со реферат „Стимулативна социо-емоционална средина“ Вештини во раното детство - основа за успех во учењето, со тоа предучилишното образование ја подобрува способноста на детето да учи, да работи со други и да развива вештини кои се основа за високи училишни резултати и социјална интеракција за време на задолжителното образование | 1 |
| | **Вкупно** | **70** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ти раскажувам приказна / Билјана Камчевска, Весна Макашевска, СимонаПалчевска (коавтор) Просветно дело, 2021 – Скопје ISBN;978-608-228-485-9; Прирачник наменет за деца од 2 до 3 години, со можност да го користат и деца на поголема возраст | 4 |
| 2. | Ајде да си играме : поврзуваме и заокружуваме, цртаме и боиме, играме и раскажуваме, боиме и лепиме / Билјана Камчевска, Весна Макашевска, Симона Палчевска (коавтор) Просветно дело, 2018 – Скопје ISBN;978-608-228-358-6 Интерактивно издание наменето за деца на возраст од предучилишна возраст (3-4), кое во целост произлегува од Програмата за рано учење и развој | 4 |
| 3. | Прирачник за негователки за примена на стандардите за рано учење и развој (коавтор) Добри практики за поттикнување на раното учење кај малите деца Министерство за труд и социјална политика, 2014, Скопје ISBN 978-608-4595-80-9 Поттикнување на негователките во градинките за создавање на стимулативна средина што ќе ја поттикне љубопитноста и искуството кај малите деца | 4 |
| | Прирачник за воспитувачи за примена на стандардите за рано учење и развој (коавтор) Добри практики за поттикнување на раното учење кај малите деца | |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Министерство за труд и социјална политика, 2014<br>Скопје<br>ISBN 978-608-4595-80-9<br>Поттикнување на воспитувачите во градинките за планирање и реализирање на активности со децата од предучилишна возраст, создавање на стимулативна средина што ќе ја поттикне љубопитноста и искуството кај малите деца | 4 |
| 5. | „Унапредување на инклузивните практики во раното детство“ (автор)<br>Прирачник завоспитувачи и стручни соработници Министерство за труд и социјална политика, 2017- Скопје<br>ISBN 978-608-4595-91-5<br>Документ во кој се поставени основите на функционална проценка на способностите кај детето со попреченост, со цел квалитетно образование за сите, како и важноста на обезбедување целосна поддршка за развој на потенцијалот на секое дете | 6 |
| 6. | „Унапредување на алтернативни услуги за згрижување на деца“(коавтор)<br>Учебник за обука на дадилки во сопствен дом<br>(Европска Унија во соработка со Министерство за труд и социјална политика, 2017, Скопје )<br>Обезбедување на правилен и здрав раст и развој – првенствена грижа на општеството | 4 |
| 7. | „Го откриваме светот со Елена и Емил 1 и 2“ (коавтор)<br>Работни листови за деца од 4 до 5 години, Просветно дело, 2014, Скопје<br>ISBN 978-608-228-191-9<br>Работни листови наменети за деца од предучилишна возраст, базирани на холистички пристап во развојот и учењето на детето од предучилишниот период | 4 |
| 8. | „Детски свет 1 и 2“ (коавтор)<br>Работни листови за деца од 5 до 6 години, Просветно дело, 2014, Скопје<br>ISBN 978-9989-0228-1001-9<br>Работни листови наменети за деца од предучилишна возраст, содржини кои во целост произлегуваат од Програмата за рано учување и развој. | 4 |
| 9. | „Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години” (коавтор)<br>Министерство за труд и социјална политика – УНИЦЕФ Скопје<br>ISBN 978-9989-2263-5-9<br>Национален документ – дефинирани се стандарди кои се очекува да ги постигнат децата во секој аспект од нивниот развој – што децата треба да знаат и можат да направат на одредена возраст во текот на предучилишниот период | 4 |
| 10. | Член на комисија за упис на нови студенти во прва година во учебната 2021/2022 година на Педагошкиот факултет ,,Св. Климент Охридски” – Скопје, 2021 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Член на комисија (претседател): Комисија за годишен физички попис основни средства и ситен инвентар на Педагошки факултет, Скопје, 2021 | 1 |
| 12. | Член на Комисија за јавни набавки, Педагошки факултет ,,Св. Климент Охридски” – Скопје, 2022 | 1 |
| 13. | Член на Комисија за верификација на едукативни активности – ЕДУИНО „Поставување на поволно опкружување за подобрување на квалитетот на наставата и учењето преку кокреирање и иновации”, Скопје, 2021, 2022 | 1 |
| 14. | Член на Комисија за избор на училишта имплементатори на проектот „Биди ин, биди инклузивен, биди инволвиран“, Скопје, 2020, 2021 | 1 |
| 15. | Член на Комисија за избор на градинки учесници во проектот „Социјална кохезија и културен дијалог“, за реализација во градинките во РС Македонија, Скопје, 2019, 2020 | 1 |
| 16. | Член на Комисија за избор на градинки учесници во проектот „Формирање на заедници за учење во градинката“ за реализација во градинките во РС Македонија, Скопје, 2022 | 1 |
| | **Вкупно** | **44,5** |

| **Дејности од поширок интерес** | | |
|---|---|---|
| 17. | Член на организацискиот одбор на Меѓународната научна конференција „Социо-емоционален развој кај децата од 0 до 6 години – состојби и предизвици“, Скопје, 2022 | 1 |
| 18. | Изготвување и пријавување на научен образовен проект „Биди ин, биди инклузивен, биди инволвиран“, Скопје, 2019 | 0,5 |
| 19. | Член на Комисијата за следење на активности за ран детски развој – УНИЦЕФ, Скопје (2017 – 2022) | 1 |
| 20. | Член на Работната група за утврдување начини за следење и верификација на едукативни активности – ЕДУИНО и БРО, Скопје, 2021 | 1 |
| 21. | Член наЕЦД-Кор, ( Early Child Development ) Здружение за консалтинг и истражување, Скопје, 2010. | 1 |
| 22. | Член на Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“**,** Скопје, 1995. | 1 |
| 23. | Член на Меѓународна асоцијација „Чекор по чекор“ International Step by Step Association (ISSA), 2001. | 1 |
| 24. | Ментор за заедници за учење во две училишта во РСМ Обука за наставници Обука за стручни соработници Проект ,,Лидерство на наставници”, Скопје, 2018 | 0,5 |
| 25. | Обука на образовни асистенти за обезбедување поддршка на ученици со попреченост вклучени во редовниот образовен процес | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Проект „Биди ин, биди инклузивен, биди инволвиран“, Скопје, 2019. | |
| 26. | Обука за страгетии и техники соученици и студенти<br>Work shop ,,Hello Points of you”<br>Creative Tools & Training for development<br>Points Of You Academy, 2020 | 0,5 |
| 27. | Реализирани 3 типа обука:<br>,,Читаме, учиме и се забавуваме” – обука за одделенски наставници за техники за подучување на мајчин јазик<br>,,Математика +” - обука за одделенски наставници за техники за подучување математика<br>,,Нашата училница – нашиот свет” – обука за одделенски наставници за создавање стимулативна средина за учење<br>Проект„PEP Primary Education Project“ USAID, Скопје, 2018 – 2020 | 1 |
| | **Вкупно** | **9** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 67,95 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 70 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 44,5 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 9 |
| **Вкупно** | 191,45 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Камчевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Весна Макашевска, член, с.р.**
**Проф. д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРГОВСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на седницата одржана на 6.5.2022 година со Одлука бр. од 02-509/3 од 6.5.2022 година, формира Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област трговско право, а врз основа на претходно дадена согласност на предложените членови, и тоа: проф. д-р Димитар Гелев (бр. 04-378/9 од 4.5.2022 година), проф. д-р Горан Коевски (бр. 04-378/8 од 4.5.2022 година) и проф. д-р Аднан Јашари (бр. 04-378/10 од 4.5.2022 година).

На конкурсот објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха” од 4.4.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област трговско право, се пријави д-р Дарко Спасевски, вонреден професор на научната област трговско право на Правниот факултет „Јустинијан Први” од Скопје.

Комисијата констатира дека кандидатот проф. д-р Дарко Спасевски ги доставил сите потребни документи наведени во конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област трговско право и на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот проф. д-р Дарко Спасевски е роден на 23.9.1983 година во Битола. Основно и средно образование завршил во Кичево. Во 2002 година се запишал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на 12.10.2006 година, со просечен успех 9,26.

Во учебната 2006/2007 година се запишал на постдипломски студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. По положувањето на испитите предвидени во наставната програма со просечен успех 10,00, во септември 2008 година го пријавил насловот „Ослободување од одговорност на договорните страни во трговската продажба според меѓународното право и пракса”, како тема за изработка на магистерски труд. Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први”, на седницата одржана на 10.9.2008 година, со Одлука бр. 02.569/4 од 18.9.2008 година, ја усвои како подобна предложената тема и го одобри изготвувањето на магистерскиот труд, а за ментор го определи проф. д-р Горан Коевски.

На 10.2.2009 година успешно го одбранил магистерскиот труд под наслов „Ослободување од одговорност на договорните страни во трговската продажба според меѓународното право и пракса“, со што се стекнал со титулата магистер на правни науки од областа на деловното право.

На 14.4.2009 година на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, д-р Дарко Спасевски поднесол пријава за изработка на докторска дисертација на тема „Актуелни тенденции во уредувањето на договорните односи кај договорот за градење со посебен осврт на правата и обврските на договорните страни (споредбено правни аспекти)”, под менторство на проф. д-р. Горан Коевски, која успешно ја одбранил на 21.9.2012 година и се стекнал со звањето доктор на правни науки од областа на деловното право.

На 31.1.2013 година, од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, избран е за доцент на научната област трговско право.

Во учебните 2005/2006 и 2006/2007 година, ангажиран бил како демонстратор по предметот Трговско право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, а на 8.6.2007 година, со Одлука број 02-339/4, од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје избран е во звањето помлад асистент по предметот Трговско право. Во звањето асистент на научната област трговско право, избран е на 3.9.2009 година со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот под број 02.618/18. На 31.1.2013 година, од страна на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, кандидатот проф. д-р Дарко Спасевски е избран за доцент на научната област трговско право, а на 31.10.2017 година е избран во звањето вонреден професор.

## II. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Како вонреден професор, доцент, асистент, помлад асистент и демонстратор, кандидатот д-р Дарко Спасевски извршува работни обврски по предметите од научната област трговско право на додипломски студии на насоката правни студии во периодот од 2006 до денес и на постдипломските мастер студии по деловно право, по предметите: Трговско право – применета програма, Меѓународно трговско право, Транспортно и сообраќајно право, Туристичко право, Воздухопловно право, Право на внатрешна пловидба, Право на електронска трговија и Право за меѓународна трговска продажба. Кандидатот д-р Дарко Спасевски учествува како наставник на предметите: Договори во прометот со стоки, права и услуги, Право на хартии од вредност, Корпоративно управување и Инсолвентско право на трет циклус студии на насоката деловно право. Во учебните 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020, кандидатот д-р Дарко Спасевски е ангажиран како наставник на предметот Трговско право на Економскиот факултет при УКИМ – Скопје. Неговите активности пред изборот за доцент се содржани и оценети во Извештајот за избор за доцент, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, број 1044 од 15.12.2012 година, додека активностите пред изборот за вонреден професор се содржани и оценети во Билтен бр. 1135 од 15.9.2017 година.

На анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на првиот циклус правни студии по предметната програма Трговско право, кандидатот е континуирано позитивно оценуван со високи просечни оценки, и тоа: учебна 2017/2018 година, со просечна оценка 4,3, учебна 2018/2019 година, со просечна оценка 4,52, учебна 2019/2020 година, со просечна оценка 4,78 и учебна 2020/2021 година, со просечна оценка 4,75.

Во рамките на неговото стручно доусовршување има учествувано на семинари, конференции, обуки и студиски престои во странство, од кои најзначајни се (по изборот за вонреден професор): „Sminar on Recognition of Academic Qualifications and 1st meeting of the Working Group on Recognition of Academic Qualifications”, Regional Cooperation Council, Белград, 14-15 декември 2018 година, „NGO Leadership Workshop”, Weiser Center for Europe and Eurasia and William Davidson Institute, University of Michigan, Warsaw, Poland, октомври 2018 година, и „Study of the U.S. Institutes for Scholars on U.S. Economics and Business” организирано од United States Department of State Bureau of Educational

and Cultural Affairs – Washington, DC, и Institute for Training and Development, Inc – Amherst, Massachusetts — 27.6.2021 – 16.7.2021 година.

Во изминатиот период од изборот во звањето вонреден професор, кандидатот д-р Дарко Спасевски бил член на комисија за одбрана на докторска дисертација, ментор на три кандидати за докторски студии (во тек), член на педесет и две комисии за одбрана на магистерски труд и ментор на триесет и четири кандидати за магистерски студии.

Во изминатиот период од изборот во звањето вонреден професор, кандидатот д-р Дарко Спасевски учествувал во следните факултетски тела и комисии: претседател на Комисија за попис за 2022 година, член на Комисија за организирање на обуки за правосуден испит (решение број 03-1510/1 од 3.12.2019 година), член на Изборна комисија на Правниот факултет „Јустинијан Први” за спроведување на избори за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” (решение број 02-546/1 од 8.6.2022), член на Комисија за промотивни активности на Факултетот за 2018 и 2019 година, член на Комисија за јавни набавки за периодот 2018 – 2021, Комисија за избор на демонстратор на научната област трговско право, за учебната 2021/2022 година (бр. 02-1206/9 од 29.10.2021 година), како и член на Центарот за кариера при Правниот факултет од 2017 до 2021 година. Кандидатот д-р Дарко Спасевски бил член на Комисија за избор звање – асистент согласно со Одлука на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 13-138/1, донесена на 22.6.2021 на „Меѓународен славјански универзитет” во Свети Николе.

Кандидатот д-р Дарко Спасевски се јавува како автор или коавтор на книги, монографии, публикации и други студии во респектабилни изданија (зборници, годишници, списанија, монографии и слично) во Република Северна Македонија и во странство, кои се презентирани и на конференции во земјата и во странство, и тоа:

- д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Mandatory Rules of the Law on Concessions and Public Private Partnership and the Principle of Freedom of Contracting”, Годишен зборник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, 2021 година. Во трудот со наслов „Mandatory Rules of the Law on Concessions and Public Private Partnership and the Principle of Freedom of Contracting”, авторите на трудот го анализираат прашањето на слободата на договорање наспроти пристапот на императивни правила при изработката на договорите за конецесии. Во таа насока, авторите од една страна ги поставуваат одредбите содржани во Законот за концесии и јавно-приватно партнерство, а од друга страна, односните одредби ги поврзуваат со пристапот на Законот за облигационите односи;
- д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „The Concept of Leniency in the Republic of North Macedonia”, Правен факултет „Јосип Јуриј Штросмајер”, Универзитет во Осиек, ECLIC, број 5, 2021 година. Во трудот со наслов „The Concept of Leniency in the Republic of North Macedonia”, авторите на трудот даваат детална анализа на поставеноста на правото за заштита на конкуренцијата согласно со правото на Република Северна Македонија. Во таа насока, авторите на трудот презентираат длабински приказ на третираното прашање и пристапот во Законот за заштита на конкуренцијата. Исто така, соодветно во трудот е вклучена и споредбена анализа;
- д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Анализа на можноста за воведување на друштво со

ограничена одговорност со едно евро основна главнина врз основа на германскиот модел”, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Годишен зборник, 2020 година. Во трудот со наслов „Анализа на можноста за воведување на друштво со ограничена одговорност со едно евро основна главнина врз основа на германскиот модел”, авторите на трудот се осврнуваат на можноста за воведување на одредби во Законот за трговските друштва со кои ќе се овозможи основање на друштва со ограничена одговорност со едно евро основна главнина. Притоа, авторите на трудот анализата ја засноваат на моделот кој во однос на ова прашање се развива во Сојузна Република Германија;

- д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Tax Treatment of Company's Debt Relief Under a Reorganization Plan According to the Legal Framework of North Macedonia”, Iustinianus Primus Law Review, јануари, 2020 година. Трудот со наслов „Tax Treatment of Company's Debt Relief Under a Reorganization Plan According to the Legal Framework of North Macedonia” – претставува детална анализа на прашањето за даночниот третман на евентуалните даночни обврски на стечајниот должник во постапката за реорганизација. Во таа насока, авторите домашниот модел го споредуваат со моделите на Сојузна Република Германија, Соединетите Американски Држави, Велика Британија и др.;
- д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Twenty Years after the First Virtual-Only Annual Shareholders' Meeting: Can The Virtual-Only Meeting be a Solution During the Time Of Covid-19?”, Iustinianus Primus Law Review, јуни, 2020 година. Трудот со наслов „Twenty Years after the First Virtual-Only Annual Shareholders' Meeting: Can The Virtual-Only Meeting be a Solution During the Time Of Covid-19?”. Авторите својот мотив го пронаоѓаат во состојбите детерминирани од пандемијата на ковид-19 и ограничувањата произлезени од пандемијата, а во поглед на одржувањето на годишните акционерски собранија. Во таа насока, трудот претставува приказ на релевантните одредби од Законот за трговските друштва, како и најважните пристапи и законски решенија во споредбеното право;
- д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Establishing Of Specialized Commercial Courts As Alternative For Redefining Of The Court System Of The Republic Of North Macedonia”, 6th International Scientific Conference: Social Changes In The Global World, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, 5-6.9.2019 година. Во трудот со наслов „Establishing of Specialized Commercial Courts as Alternative for Redefining of the Court System of the Republic of North Macedonia”, авторите ги прикажуваат потенцијалите и можностите од воведување на засебно трговско судство во Република Северна Македонија. Притоа, посебно се зема предвид користа која би била за трговските субјекти, од ваквото специјализирано трговско судство;
- д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Trends in Respect of Specialization of Commercial Disputes Judiciary”, Kopaonicka Skola Prirodnog Prava, 2019 година. Трудот со наслов „Trends in Respect of Specialization of Commercial Disputes Judiciary” претставува приказ на искуствата и тенденциите во поглед на формирањето на специјализирано трговско судство во неколку земји од Европската Унија и Соединетите Американски Држави. Исто така, предвид се земени и искуствата на земјите од регионот, вклучувајќи ги Србија, Хрватска и Црна Гора;

- д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „The Concept of Respect of Human Rights as a Part of Corporate Social Responsibility in North Macedonia”, Iustinianus Primus Law Review, јануари 2019 година. Трудот со наслов „The Concept of Respect of Human Rights as a Part of Corporate Social Responsibility in North Macedonia” претставува анализа на новиот концепт кој се промовира во рамките на трговското право, каде што се потенцира корпоративната одговорност и посветеност на трговските друштва кон примената и заштитата на човековите права. Во таа насока, трудот дава осврт на правната рамка преку која овој концепт се вклучува во работењето на трговските друштва;
- д-р Дарко Спасевски, „General Meeting of Shareholders according to the Legal Framework of Germany, United Kingdom And North Macedonia”, Iustinianus Primus Law Review, јануари 2019 година. Авторот во рамките на трудот со наслов „General Meeting of Shareholders according to the Legal Framework of Germany, United Kingdom And North Macedonia” се посветува на анализа на правилата за свикување, организирање и спроведување на акционерски собранија во Сојузна Република Германија, Велика Британија и Северна Македонија;
- д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Придобивките за Република Македонија од успешно спроведените евроатлантски интеграции (економско-правни аспекти)“, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2018 година. Во трудот со наслов „Придобивките за Република Македонија од успешно спроведените евроатлантски интеграции (економско-правни аспекти)“, авторите на трудот се посветени на анализа на правилата и легислативата со која се овозможува поттикување и заштита на инвестициите и промоција на пазарната економија во рамките на земјите партнери во Северно-атлантската алијанса;
- д-р Дарко Спасевски, „Macedonian Bankruptcy Law and the Protection of Creditors Rights by the Creditors Bodies in the Bankruptcy Procedure”, RESTRUCTURING OF COMPANIES AND THEIR CONSEQUENCES IN RELATION TO EMPLOYEES: Conditions, dilemmas and challenges in the Laws of the EU, Austria, Macedonia and Serbia, Правен факултет „Јустинијан Први”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, 2018 година. Трудот со наслов „Macedonian Bankruptcy Law and the Protection of Creditors Rights by the Creditors Bodies in the Bankruptcy Procedure”, претставува анализа на правната рамка определена согласно со Законот за стечај, а со која се овозможува заштита на доверителите во стечајната постапка. Во таа смисла, авторот на трудот посебно се осврнува на различните специфики на моделот имплементиран согласно со Законот за стечај;
- д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Трговец поединец и неговиот статус во стечајната постапка”, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во чест на проф. д-р Миодраг Мицајков, 2018 година. Во трудот со наслов „Трговец поединец и неговиот статус во стечајната постапка”, авторите на трудот се осврнуваат на правната рамка за спроведување на стечајна постапка врз трговец поединец согласно со Законот за стечај и Законот за трговските друштва. Притоа, авторите ги анализираат спецификите и модалитетите кои произлегуваат од карактерот кој го има трговецот поединец;
- д-р Мишо Докмановиќ, д-р Дарко Спасевски и д-р Катерина Шапкова Коцевска, „Preventing Corruption in Higher Education in Macedonia through

Whistle-Blowing: Lessons Learned”, Институт за стратешки истражувања и едукација, 2018 година. Во трудот со наслов „Preventing Corruption in Higher Education in Macedonia through Whistle-Blowing: Lessons Learned”, авторите се осврнуваат на правилата за заштита на укажувачи во високото образование. Притоа, авторите презентираат детална анализа на Законот за заштита на укажувачите и Законот за високото образование, во поглед на правилата за пријавување од укажувачи, приемот на пријавите и постапувањето по пријавите од укажувачи во високото образование;

- Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Парадигмата во односите помеѓу органите на надзор и на управување во акционерските друштва – германски и македонски искуства”, Германска развојна фондација за меѓународно право, Европско право, декември 2017 година. Во трудот со наслов „Парадигмата во односите помеѓу органите на надзор и на управување во акционерските друштва – германски и македонски искуства”, авторите презентираат анализа на правилата за организација на органите на управување и надзор во македонското право и во германското право. Во таа насока, авторите посебно се задржуваат на надлежностите на надзорниот и управниот одбор согласно со националните правни правила;
- д-р Мишо Докмановиќ, д-р Дарко Спасевски и д-р Катерина Шапкова Коцевска, „Културното наследство на Старата скопска чаршија како двигател за економски и социјален развој: студија за проценка на регулативата”, стручна монографија, Институт за стратешки истражувања и едукација, 2018 година. Во стручната монографија со наслов „Културното наследство на Старата скопска чаршија како двигател за економски и социјален развој: студија за проценка на регулативата”, авторите ги анализираат претприемачките потенцијали кои произлегуваат од вршењето на занаетчиската дејност, особено во делот на занаетчиството кое претставува дел од т.н. културолошко занаетчиство (cultural crafts). Посебно внимание е посветено на анализа на Законот за занаетчиство, како основен пропис со кој се уредува вршењето на овој вид претприемаштво.

Кандидатот д-р Дарко Спасевски е коавтор на стручната монографија „199 Обрасци на договори од трговското работење и од имотното право”, во издание на „Академик” од Скопје, 2016 година и на стручната монографија „Договорот за градење во домашното и во меѓународното право”, во издание на „Аутопринт-ТА”, Скопје, 2013 година.

Кандидатот д-р Дарко Спасевски бил рецензент на универзитетскиот учебник „Трговско право”, од проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како и рецензент на три труда во Годишник на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и Годишник во чест на проф. Бајалџиев и проф. Мицајков, на Правниот факултет „Јустинијан Први“, како и два труда за електронското списание *Iustninianus Primus Law Review*.

Во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први”, кандидатот д-р Дарко Спасевски е учесник во националниот проект „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на РС Македонија”, мегапроект на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, како и меѓународниот проект „INVESTinADR” кој го реализира Правниот факултет „Јустинијан Први” и Универзитетот во Сарланд, СР Германија. Како експерт учествува во проектот „JEAN MONNET:

Centre of Excellence in EU Competition Law 2022- 2025“, чиј носител е Правниот факултет во Осиек, Хрватска.

Во рамките на пошироките образовни дејности, а во делот на образовните политики, кандидатот д-р Дарко Спасевски учествува како предавач на следните обуки: „Основно и средно образование – улогата и предизвиците на локалната власт“, одржана на 16.9.2021 година, организирана од Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпијатија, Велес; „Законска рамка и финансирање во средното стручно образование и обука”, организирана од проектот: Образование за вработување, Хелветас Северна Македонија, одржана на 24.4.2019 година и „Преку квалитетни истражувања до подобри образовни политики”, организирана од проектот: Образование за вработување, Хелветас Северна Македонија, одржана од 15 до 17 јули 2019 година.

Кандидатот д-р Дарко Спасевски беше дел и од тимот на проектот „Предизвици во организирањето на практична настава кај општествените науки: случајот на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје“, финансиран и организиран во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Кандидатот д-р Дарко Спасевски бил предавач на обуката „Примена на FIDIC општите услови во Република Македонија”, организирана од Македонското општество за градежно право на 7.6.2018 година.

Кандидатот д-р Дарко Спасевски е член на работната група за трговски договори на Комисијата за изработка на граѓански законик. Кандидатот д-р Дарко Спасевски бил ангажиран од страна на Министерството за образование и наука и УНДП во работната група за изработка на Законот за стручно образование и обука како национален правен експерт во периодот декември 2020 – мај 2021 година.

Кандидатот д-р Дарко Спасевски говори англиски јазик и има познавања од компјутерските вештини.

Кандидатот д-р Дарко Спасевски е алмунист на DAAD и член на Друштвото за македонско-германско пријателство и соработка, како и алумнист на US Department of State.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со внимание ја разгледа пријавата на кандидатот д-р Дарко Спасевски и направи преглед на неговите постигнувања.

Комисијата ги анализираше референците на кандидатот и согласно со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје., констатира дека кандидатот д-р Дарко Спасевски има завршено соодветно образование, односно е доктор на правни науки. Понатаму, Комисијата оценува дека кандидатот д-р Дарко Спасевски ги исполнува условите за избор во наставно-научното звање *редовен професор на научната област трговско право*, видно и од приложениот образец и бројот на освоените поени за наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност. Комисијата констатираше дека кандидатот д-р Дарко Спасевски, на високо професионално ниво, навремено ги исполнува своите работни задачи во наставно-образовниот процес и покажува добри резултати при исполнувањето на своите работни задачи. Исто така, Комисијата забележа дека кандидатот д-р Дарко Спасевски има широк опус на издавачка дејност која опфаќа голем спектар на теми од трговското право кои претставуваат актуелни прашања кои се од особен интерес како за научната јавност, така и за стручната јавност. Понатаму, Комисијата заклучи и дека кандидатот покажува способност за комуникација со студентите и педагошки вештини. Во овој реферат, Комисијата констатираше и дека кандидатот има активно учество во остварувањето на научните и апликативните проекти на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

Согласно со сето погоре наведено, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје да го избере кандидатот д-р Дарко Спасевски во наставно-научното звање *редовен професор на научната област трговско право*.

Скопје,

**10.5.2022 година**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.**
**Проф. д-р Горан Коевски, с.р.**
**Проф. д-р Аднан Јашари, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Дарко Мито Спасевски
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” -– Скопје
**Научна област:** трговско право

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,27.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: деловно право,; поле: – правни науки,; подрачје: – опшествени науки.<br><br>Наслов на тема: „Актуелни тенденции во уредувањето на договорните односи кај договорот за градење со посебен осврт на правата и обврските на договорните страни (споредбено правни аспекти)”, одбранета на 21.09.2012 година на Правниот факултет “„Јустинијан Први”, Универзитет “„Св.ети Кирил и Методиј” од во Скопје. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Iustinianus Primus Law Review<br>2. Назив на електронската база на списанија:EBSCO<br>3. Наслов на трудот: Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Tax Treatment of Company’s Debt Relief Under a Reorganization Plan According to the Legal Framework of North Macedonia”<br>4. Година на објава: јануари 2020 година | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Iustinianus Primus Law Review<br>2. Назив на електронската база на списанија:EBSCO<br>3. Наслов на трудот: Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска- Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Twenty Years after the First Virtual-Only Annual Shareholders’ Meeting: Can The Virtual-Only Meeting be a Solution During the Time Of Covid-19?”,<br>4. Година на објава: јуни 2020 година<br>―――<br>1. Назив на научното списание: Iustinianus Primus Law Review<br>2. Назив на електронската база на списанија:EBSCO<br>3. Наслов на трудот: Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „The Concept of Respect of Human Rights as a Part of Corporate Social Responsibility in North Macedonia”<br>4. Година на објава: јуни 2019 година<br>―――<br>1. Назив на научното списание: Iustinianus Primus Law Review<br>2. Назив на електронската база на списанија:EBSCO<br>3. Наслов на трудот: Д-р Дарко Спасевски, „General Meeting of Shareholders according to the Legal Framework of Germany, United Kingdom And North Macedonia”<br>4. Година на објава: јануари 2019 година | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Европско Правоправо<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 9 членови члена – 3 од Македонија, 3 од Германија, 1 од Србија, 1 од Хрватска и 1 од Босна<br>3. Наслов на трудот: Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Парадигмата во односите помеѓу органите на надзор и на управување во акционерските друштва – германски и македонски искуства”<br>4. Година на објава: декември 2017 година<br>―――<br>1. Назив на научното списание: Годишен зборник на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” од Штип<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 6 членаови – 2 од Македонија, 1 од Словенија, 1 од Русија, 1 од Луксембург и 1 од Бугарија | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, “Mandatory Rules of the Law on Concessions and Public Private Partnership and the Principle of Freedom of Contracting”<br>4. Година на објава: 2021 година<br><br>1. Назив на научното списание: Годишен зборник на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” од Штип<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 6 членаови – 2 од Македонија, 1 од Словенија, 1 од Русија, 1 од Луксембург и 1 од Бугарија<br>3. Наслов на трудот: Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Анализа на можноста за воведување на друштво со ограничена одговорност со едно евро основна главнина врз основа на германскиот модел”<br>4. Година на објава: 2020 година<br><br>1. Назив на научното списание: Revija Koraonicka Skola Prirodnog Prava<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 26 членаови – 1 од Франција, 2 од САД, 2 од Хрватска, 2 од Словенија, 2 од Босна и Херцеговина, 1 од Црна Гора, 1 од Италија, 1 од Македонија, 3 од Германија, 8 од Србија, 1 од Хрватска и 1 од Босна и Херцеговина<br>3. Наслов на трудот Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Trends in Respect of Specialization of Commercial Disputes Judiciary”<br>4. Година на објава: 2019 година<br><br>1. Назив на научното списание: Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во чест на проф. д-р Миодраг Мицајков 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 14 членови – 5 од Македонија, 1 од Белгија, 1 од Босна и Херцеговина, 1 од Данска , 1 од САД, 2 од Србија, 1 од Турција, 1 од Грција и 1 од Грманија<br>3. Наслов на трудот Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Трговец поединец и неговиот статус во стечајната постапка”<br>4. Година на објава: 2018 година | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: ECLIC<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД – Хрватска | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „The Concept of Leniency in the Republic of North Macedonia”,<br>4. Година на објава: 2021 година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. „199 Обрасци на договори од трговското работење и од имотното право” (https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/bib/101237514, „Академик”, Скопје, 2016<br>2. „Договорот за градење во домашното и во меѓународното право” (https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/bib/94852874), „Аутопринт-ТА”, Скопје, 2013 година. | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: Билтен број 1135 од 15.9.2017 година | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

Скопје, **РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**10.5.2022 година**

**Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.**
**Проф. д-р Горан Коевски, с.р.**
**Проф. д-р Аднан Јашари, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Дарко Мито Спасевски
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје
**Научна област:** трговско право

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава (прв циклус студии)<br><br>-Трговско право (Правен факултет „Јустинијан Први”, УКИМ, Скопје)<br>2017/18 60*0,04=2,4<br>2018/19 60*0,04=2,4<br>2019/20 60*0,04=2,4<br>2020/21 60*0.04=2,4<br>2021/22 60*0,04=2,4<br>-Трговско право (Економски факултет, УКИМ, Скопје)<br>2019/20 15*4*0,04=2,4<br>2018/19 15*4*0,04=2,4<br>2017/18 15*4*0,04=2,4 | 19,2 поени |
| 2. | Одржување на настава (втор циклус студии)<br>-Трговско право – применета програма<br>2017/18 18*0,05=0,9<br>2018/19 18*0,05=0,9<br>2019/20 18*0,05=0,9<br>2020/21 18*0,05=0,9<br>2021/20 18*0,05=0,9<br><br>- Меѓународно трговско право<br>2017/18 25*0,05=1,25<br>2018/19 25*0,05=1,25<br>2019/20 25*0,05=1,25<br>2020/21 25*0,05=1,25<br>2021/22 25*0,05=1,25 | 10,75 поени |
| 3. | Одржување на консултации со студенти<br><br>- додипломски студии – Правен факултет „Јустинијан Први”, УКИМ, Скопје<br>2017/18 120*0,002=0,24<br>2018/19 120*0,002=0,24<br>2019/20 120*0,002=0,24<br>2020/21 120*0,002=0,24<br>2021/22 120*0,002=0,24<br>- додипломски студии – Економоски факултет – Скопје | 5,33 поени |

| | | |
|---|---|---|
| | 2017/18 680*0,002=1,36<br>2018/19 650*0,002=1,3<br>2019/20 630*0,002=1,22<br><br>- постдипломски мастер студии – деловно право (Трговско право – применета програма и Меѓународно трговско право) – Правен факултет „Јустинијан Први”, УКИМ, Скопје<br>2017/18 25*0,002=0,05<br>2018/19 25*0,002=0,05<br>2019/20 25*0,002=0,05<br>2020/21 25*0,002=0,05<br>2021/22 25*0,002=0,05 | |
| 4. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд<br>Милена Делева | 0,7 поени |
| 5. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд<br><br>52 две членства помножено со 0.3 поени, вкупно | 15, 6 поени |
| 6. | Рецензент на универзитетски учебник<br><br>„Трговско право”, од проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип | 1 поен |
| | **Вкупно** | 52,58 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерски труд<br>34 кандидати помножено со 2 поена, вкупно 68 поени | 68 поени |
| 2. | Учесник во национален проект:<br>- „Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на РС Македонија”, мегапроект на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (во тек)<br>- „Предизвици во организирањето на практична настава кај општествените науки: случајот на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (2018 година)<br>2 проекти помножено со 3 поени, вкупно 6 поени | 6 поени |
| 3. | Учесник во меѓународни научни проекти<br>- „INVESTinADR” Правен факултет „Јустинијан Први” и Универзитет во Сарланд, СР Германија.<br>- „JEAN MONNET: Centre of Excellence in EU Competition Law 2022- 2025“, носител е Правниот факултет во Осиек, Хрватска<br>2 проекта помножено со 5 поени, вкупно 10 поени | 10 поени |
| 4. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината | |

| | | |
|---|---|---|
| | во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал “Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Tax Treatment of Company’s Debt Relief Under a Reorganization Plan According to the Legal Framework of North Macedonia”, Iustinianus Primus Law Review, јануари 2020 година<br><br>Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Twenty Years after the First Virtual-Only Annual Shareholders’ Meeting: Can The Virtual-Only Meeting be a Solution During the Time Of Covid-19?”, Iustinianus Primus Law Review, јуни 2020 година<br>Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „The Concept of Respect of Human Rights as a Part of Corporate Social Responsibility in North Macedonia”, Iustinianus Primus Law Review, декември 2019 година<br><br>Д-р Дарко Спасевски, „General Meeting of Shareholders according to the Legal Framework of Germany, United Kingdom And North Macedonia”, Iustinianus Primus Law Review, јануари 2019 година | 4,5 поени<br><br>4 поени<br><br>4,5 поени<br><br>5 поени<br><br>ВКУПНО: 18 поени |
| 5. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „The Concept of Leniency in the Republic of North Macedonia”, Faculty of Law, Josip Juraj Strossmayer University of Osijek, ECLIC, број 5, 2021 година | 4 поени |
| 6. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | 4 поени |

| | | |
|---|---|---|
| | Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Mandatory Rules of the Law on Concessions and Public Private Partnership and the Principle of Freedom of Contracting”, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев”, Штип, 2021 година<br><br>Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Анализа на можноста за воведување на друштво со ограничена одговорност со едно евро основна главнина врз основа на германскиот модел”, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Годишен зборник, 2020 година<br><br>Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Trends in Respect of Specialization of Commercial Disputes Judiciary”, Revija Kopaonicka Skola Prirodnog Prava, 2019 година<br><br>Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Трговец поединец и неговиот статус во стечајната постапка”, Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први” во чест на проф. д-р Миодраг Мицајков, 2018 година<br>Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Парадигмата во односите помеѓу органите на надзор и на управување во акционерските друштва – германски и македонски искуства”, Германска развојна фондација за меѓународно право, Европско право, декември 2017 година | 4 поени<br><br>4,5 поени<br><br>4,5 поени<br><br>4 поени<br><br>ВКУПНО: 21 поени |
| 7. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>Д-р Горан Коевски, д-р Борка Тушевска-Гавриловиќ и д-р Дарко Спасевски, „Establishing Of Specialized Commercial Courts As Alternative For Redefining Of The Court System Of The Republic Of North Macedonia”, 6 th INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE: SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD, Shtip, 5-6.9.2019 година<br><br>Д-р Дарко Спасевски, „Macedonian Bankruptcy Law and the Protection of Creditors Rights by the Creditors Bodies in the Bankruptcy Procedure”, RESTRUCTURING OF COMPANIES AND THEIR CONSEQUENCES IN RELATION TO EMPLOYEES: Conditions, dilemmas and challenges in the Laws of the EU, Austria, Macedonia and Serbia, Правен факултет „Јустинијан Први”, Скопје, 2018 година | 4 поени<br><br>5 поени<br><br>4 поени |

| | | |
|---|---|---|
| | Д-р Мишо Докмановиќ, д-р Дарко Спасевски и д-р Катерина Шапкова Коцевска, „Preventing Corruption in Higher Education in Macedonia through Whistle-Blowing: Lessons Learned”, Institute for strategic research and education - ISIE, 2018 година (http://www.univerzitetbezkorupcija.mk) | ВКУПНО: 13 поени |
| 8. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br><br>Д-р Горан Коевски и д-р Дарко Спасевски, „Придобивките за Република Македонија од успешно спроведените евро-атлантски интеграции (економско-правни аспекти)“, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2018 година | 1,8 поени |
| | **Вкупно** | 141, 8 поени |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Стручна монографија<br><br>Д-р Мишо Докмановиќ, д-р Дарко Спасевски и д-р Катерина Шапкова Коцевска, „Културното наследство на Старата скопска чаршија како двигател за економски и социјален развој: студија за проценка на регулативата“, стручна монографија, Институт за стратешки истражувања и едукација, 2019 (https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/bib/109695754) | 6.4 поени |
| | Член во комисија за изработка на закон<br>- Закон за стручно образование и обука | 4 поени |
| | Член на комисија за кодификација на дел од правна област<br>- Граѓански законик – работна група за трговски договори | 6 поени |
| | Член на факултетска комисија<br>- претседател на комисија за попис за 2022 година<br>- член на Комисија за организирање на обуки за правосуден испит (решение број 03-1510/1 од 3.12.2019 година)<br>- член на Изборна комисија на Правниот факултет за спроведување на избори за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” (решение број 02-546/1 од 8.6.2022)<br>- член на Комисија за промотивни активности на Факултетот за 2018 и 2019 година<br>- член на Комисија за јавни набавки за периодот 2018 – 2020 година | 0,5 поени<br>0,5 поени<br>0,5 поени<br>0,5 поени<br>0,5 поени<br>0,5 поени |

| | | |
|---|---|---|
| | - член на Комисија за демонстратор за учебна 2021/2022 година, Скопје, бр. 02-1206/9 од 29.10.2021 година | ВКУПНО: 3 поени |
| | Член на комисија за избор во звање<br>Комисија за избор во звање – асистент согласно со Одлука на Наставно-научниот/Научниот совет, бр. 13-138/1, донесена на 22.6.2021 на Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе | 0,2 поени |
| | **Вкупно** | 19,7 поени |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 52,58 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 141,8 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 19,7 |
| **Вкупно** | 214,08 |

Скопје,

**10.5.2022 година**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.**
**Проф. д-р Горан Коевски, с.р.**
**Проф. д-р Аднан Јашари, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ПРАВОТО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците *Слободен печат* и *Коха* од 4 април 2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област историја на правото, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-509/4, донесена на 6.5.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Билјана Поповска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, проф. д-р Мелина Гризо, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и проф. д-р Мишо Докмановиќ, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област историја на правото, во предвидениот рок се пријави д-р Иванка Василевска.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Иванка Василевска е родена на 23.4.1981 година, во Скопје. Основно и средно гимназиско образование завршила во Скопје. Со високо образование се стекнала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, политички студии, насока: јавно мислење и масовни комуникации. Дипломирала во мај 2004 година и истата година се запишала на постдипломски (магистерски) студии во областа на државно-правната историја на Македонија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Во 2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Размената на малцинства меѓу Кралството Грција и Царството Бугарија и процесот на формирањето на националните држави на Балканот* и се стекнала со научен степен – магистер на правни науки, насока: државно-правна историја на Македонија. Докторската дисертација на тема: *Балканската Антанта од 1934 до 1941 година и македонското прашање* ја одбранила на 6.11.2012 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнала со научниот степен доктор на правни науки.

Активно се служи со англискиот, а пасивно со францускиот јазик. Одлично ги владее српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик. Поседува компјутерски вештини и се служи со информатичката технологија.

Кандидатката д-р Иванка Василевска работела како демонстратор по современа европска и македонска историја (19 – 20 век) и други предмети на Институтот за правно-историски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје од септември 2004 година. На 22.12.2008 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето помлад асистент на научната област историја на правото (на предметите на политичките студии и студиите по новинарство: *Современа европска и македонска историја (19 – 20 век)* и *Историја на дипломатијата*). Во март 2010 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето асистент на научната област историја на правото. Во јануари 2013 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатката е избрана во звањето доцент на научната област историја на правото.

Во моментот е вонреден професор на научната област историја на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1154 од 2.10.2017 година.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1045 од 31.12.2012 и Билтенот бр. 1154 од 2.10.2017, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатката д-р Иванка Василевска е континуирано вклучена во наставно-образовната дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на прviот, вториот и третиот циклус студии. Во 2008 година, кандидатката е избрана за помлад асистент на научната област историја на правото (на политичките студии и студиите по новинарство: современа европска и македонска историја (XIX – XX век) и историја на дипломатијата) на Правниот факултет „Јустинијан Први“, а од 2004 година била ангажирана и како демонстратор на предметите Современа европска и македонска историја (XIX – XX век) и Историја на дипломатијата на истиот Факултет. Таа е ангажирана и изведува вежби по предметите: Современа европска и македонска историја (XIX – XX век), Историја на дипломатијата и Современи политички системи. По изборот во звањето доцент, во декември 2012 година, кандидатката изведува настава на повеќе предмети од прв и втор циклус на правните, политичките студии, како и на студиите по новинарство и студиите за односи со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први“. По изборот во звањето вонреден професор, кандидатката во континуитет изведува настава на повеќе предмети од прв и втор циклус на правните, политичките студии, како и на студиите по новинарство и студиите за односи со јавноста на Правниот факултет „Јустинијан Први“, како и на родовите студии на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На прв циклус студии, кандидатката изведува настава по предметите: Историја на правото (правни студии), Современа европска и македонска историја (XIX – XX век), Современа македонска историја (XIX – XX век) и Историја на дипломатијата (политички студии), Современа европска и македонска историја (XIX – XX век) и Мировно и воено новинарство (студии по новинарство) и Мировно и воено новинарство (односи со јавност), на македонски и англиски јазик, а на родовите студии го предавала предметот Род и право. На втор циклус на правните, политичките и студиите за односи со јавноста, кандидатката е ангажирана на предметите: Современа европска историја и идеја за Европа, Мировно и воено новинарство, Историја на Османското Царство, Политичка историја на Балканот (XIX – XX век) и други предмети.

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, кандидатката била ментор на 15 магистерски трудови, а член на комисија за оцена и одбрана на 18 магистерски трудови. Кандидатката, исто така, учествувала и во 2 комисии за докторски дисертации. Кандидатката била член на рецензентска комисија за избор во наставно-научно звање при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје. Уште со првичниот ангажман на Факултетот, кандидатката активно учествува во развојот на нови предметни програми на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во периодот 2006 – 2008, таа е добитник на стипендијата за млади истражувачи во рамките на Фондацијата „Конрад Аденауер“, која е насочена кон академско усовршување на млади академски работници. Во рамките на оваа програма, таа постојано учествувала на академски конференции, семинари и работилници насочени кон имплементирање и усовршување на иновативни методи на истражување и предавање. Кандидатката, исто така, бележи значителен ангажман во

имплементацијата на Темпус-проекти за развој на наставната програма на политичките студии на Правниот факултет.

Кандидатката учествува во подготовката на повеќе нови предмети на додипломски и постдипломски студии, како што се: Современа македонска историја, Историја на дипломатија, Мировно и воено новинарство, Современа европска историја и идејата за Европа, Политичка историја на Балканот (XIX – XX век), Религиозни движења во Југоисточна Европа, Статусот на немуслиманите во османското општество.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Иванка Василевска учествува во повеќе научноистражувачки проекти со голем број на домашни и странски партнери. Таа е автор на голем број научни и стручни трудови од областа на историја на правото и дипломатската историја и учесник е на голем број академски конференции. По нејзиниот избор во звањето вонреден професор, кандидатката е автор или коавтор на 20 објавени труда, дополнително е автор на 4 труда кои се прифатени, рецензирани и во процес на издавање, потоа има издадено 2 монографии, како и 5 научни публикации и 1 прирачник.

Кандидатката е и коавтор на универзитетскиот учебник *Историја на правото*, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Кандидатката, по изборот во звањето вонреден професор, учествува на бројни конференции, обуки, работилници и научни и стручни собири во земјата и во странство.

Кандидатката е член на уредувачкиот одбор на списанието Е-зборник на трудови во издание на Македонскиот политиколошки форум, член на организационен научен одбор на Годишната научна конференција по повод 25-годишнината од основањето на политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“, „Право, правда и политика во современиот демократски контекст“, 10.12.2018, како и член на меѓународниот научен комитет на меѓународниот симпозиум „Денови на Јустинијан Први“, во организација на Институтот за национална историја, Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот од Болоња.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во однос на стручно-апликативната дејност, кандидатката бележи значајни професионални ангажмани, како и истражувачка работа во невладиниот сектор и во реномирани организации. Таа е една од основачите на Националниот совет за евроинтеграции во македонското Собрание во 2017 година и е присутна во медиумскиот простор со бројни анализи и колумни.

**Оценка од самоевалуација**

На анонимно спроведените анкети меѓу студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на првиот и вториот циклус на правните и политичките студии, како и на студиите по новинарство и односи со јавноста каде што ја изведува наставата, кандидатката е континуирано позитивно оценувана со високи просечни оценки.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Иванка Василевска.

Кандидатката д-р Василевска е посветена на својата академска работа за што, покрај другите аргументи, посведочува и односот и евалуацијата на студентите кои со години наназад ја вреднуваат со висока оценка. Д-р Василевска е активна и остава значаен придонес во научниот и во општествениот живот во земјава и во странство, учествувајќи со научни проекти, меѓународни конференции и предавања.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Иванка Василевска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област историја на правото.

Според гореизнесеното, Комисијата за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област историја на правото има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Иванка Василевска да биде избрана во звањето редовен професор на научната област историја на правото.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Мелина Гризо, с.р.**
**Проф. д-р Мишо Докмановиќ, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Иванка Бранко Василевска
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Научна област:** историја на правото

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува:<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува:<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | **ДА**, иако нерелевантно за кандидатот согласно чл. 166 ст. 5 ЗВО |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира:<br>Назив на научната област: **историја на правото**; поле: **правни науки;** подрачје: **општествени науки**. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование. | **ДА** (в. Образец 2) |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови. | **ДА** (в. Образец 2) |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Регионално-безбедносни пактови во Југоисточна Европа меѓу двете светски војни – со посебен осврт кон македонското прашање во политиката на балканските држави меѓу двете светски војни.**<br>2. Место и година на објава: **Македонски политиколошки форум, Скопје, 2022.** | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: **27.10.2017** (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1154 од 2.10.2017 година). | **ДА** |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност. | **ДА** |

* На лицата кои имаат засновн работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Мелина Гризо, с.р.**
**Проф. д-р Мишо Докмановиќ, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Иванка Бранко Василевска
**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје
**Научна област:** историја на правото

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** [1] | **72, 748** |
| | **(правни студии, политички студии, студии по новинарство, односи со јавноста)**<br><br>**Историја на правото**<br>2017/2018 2*15*0,04=1,2<br>2018/2019 2*15*0,04=1,2<br>2019/2020 2*15*0,04=1,2<br>2020/2021 2*15*0,04=1,2<br>2021/2022 2*15*0,04=1,2<br><br>**Современа македонска историја (македонски јазик) – политички студии**<br>2017/2018 2*15*0,04=1,2<br>2018/2019 2*15*0,04=1,2<br>2019/2020 2*15*0,04=1,2<br>2020/2021 2*15*0,04=1,2<br>2021/2022 2*15*0,04=1,2<br><br>**Историја на дипломатијата – изборен предмет (македонски јазик)**<br>2020/2021 1,5*15*0,04=0,9<br><br>**Историја на дипломатијата – изборен предмет (англиски јазик)**<br>2018/2019 1,5*15*0,04=0,9<br>2019/2020 1,5*15*0,04=0,9<br>2020/2021 1,5*15*0,04=0,9<br>2021/2022 1,5*15*0,04=0,9<br>**Современа европска и македонска историја (19 – 20 век) – студии по новинарство**<br>2017/2018 1,7*15*0,04=1,03<br>2018/2019 2,97*15*0,04=1,782<br>2019/2020 2,97*15*0,04=1,782<br>2020/2021 2,97*15*0,04=1,782<br>2021/2022 2,97*15*0,04=1,782<br><br>**Мировно и воено новинарство – студии по новинарство (I-VI семестар)**<br>2017/2018 3,5*2*0,04=0,28 | 6<br><br>6<br><br>0,9<br><br>3,6<br><br>8,158<br><br>3,22<br><br>3,22 |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

| | | |
|---|---|---|
| | 2018/2019 3,5*2*0,04=0,28<br>2019/2020 3,5*2*0,04=0,28<br>2020/2021 3,5*2*0,04=0,28<br>2021/2022 3,5*15*0,04=2,1<br><br>**Мировно и воено новинарство – односи со јавноста**<br>2017/2018 3,5*2*0,04=0,28<br>2018/2019 3,5*2*0,04=0,28<br>2019/2020 3,5*2*0,04=0,28<br>2020/2021 3,5*2*0,04=0,28<br>2021/2022 3,5*15*0,04=2,1<br><br>**Родот и правото – Институт за родови студии, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје**<br>2019/2020 5*15*0,04=3 | 3<br><br>**Вкупно=**<br>**34,098** |
| | **- од втор циклус студии**:<br>**(правни студии и политички студии)**<br><br>**Мастер – Историја на правото**<br>**Историја на Османското Царство***<br>2017/2018 5*15*0,05=3 (0,75)*<br>2018/2019 5*15*0,05=3 (0,75)*<br>2019/2020 5*15*0,05=3 (0,75)*<br>2020/2021 5*15*0,05=3 (0,75)*<br>2021/2022 5*15*0,05=3 (0,75)*<br><br>**Современа европска историја и идејата за Европа (задолжителен, на македонски јазик)**<br>2017/2018 2*15*0,05=1,5<br>2018/2019 2*15*0,05=1,5<br>2019/2020 2*15*0,05=1,5<br>2020/2021 2*15*0,05=1,5<br>2021/2022 2*15*0,05=1,5<br><br>**Историја на правото во античка Македонија (модул Б)***<br>2017/2018 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2018/2019 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2019/2020 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2020/2021 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2021/2022 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br><br>**Правото во средновековна Македонија (модул Б)***<br>2017/2018 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2018/2019 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2019/2020 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2020/2021 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2021/2022 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)* | 3,75*<br><br>7,5<br><br>1,3125*<br><br>1,3125*<br><br>1,3125* |

| | | |
|---|---|---|
| | **Државно-правните концепти во македонското ослободително движење во втората половина на 19 век и почетокот на 20 век (модул Б)***<br>2017/2018 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2018/2019 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2019/2020 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2020/2021 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2021/2022 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)* | 1,3125*<br><br><br><br><br><br>4,025 |
| | **Правната положба и надлежностите на црковно-училишните општини во Македонија (модул Б)***<br>2017/2018 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2018/2019 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2019/2020 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2020/2021 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2021/2022 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)* | 4,025 |
| | **Мировно и воено новинарство – студии по новинарство**<br>2017/2018 3,5*2*0,05=0,35<br>2018/2019 3,5*2*0,05=0,35<br>2019/2020 3,5*2*0,05=0,35<br>2020/2021 3,5*2*0,05=0,35<br>2021/2022 3,5*15*0,05=2,625 | 1,3125* |
| | **Мировно и воено новинарство – односи со јавноста**<br>2017/2018 3,5*2*0,05=0,35<br>2018/2019 3,5*2*0,05=0,35<br>2019/2020 3,5*2*0,05=0,35<br>2020/2021 3,5*2*0,05=0,35<br>2021/2022 3,5*15*0,05=2,625 | 1,3125* |
| | **Мастер: Меѓународни односни, европски интеграции и дипломатија**<br>**Политичка историја на Балканот (19 – 20 век) – македонски јазик**<br>2017/2018 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2018/2019 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2019/2020 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2020/2021 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2021/2022 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)* | 3,6 |
| | **Мастер: Меѓународни односи, европски интеграции и дипломатија**<br>**Политичка историја на Балканот (19 – 20 век) – англиски јазик**<br>2017/2018 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2018/2019 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2019/2020 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2020/2021 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2021/2022 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)* | 1,3125*<br><br><br><br><br><br>2,625* |
| | **Мастер: Меѓународни односни, европски интеграции и дипломатија** | 2,625* |

| | | |
|---|---|---|
| | **Историја на дипломатија – изборен предмет (англиски јазик)**<br>2018/2019 1,5*15*0,04=0,9<br>2019/2020 1,5*15*0,04=0,9<br>2020/2021 1,5*15*0,04=0,9<br>2021/2022 1,5*15*0,04=0,9<br><br>**Историја на балканските држави (19 – 20 век)**<br>2017/2018 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2018/2019 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2019/2020 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2020/2021 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2021/2022 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br><br>**Религиозни движења во Југоисточна Европа**<br>2017/2018 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br>2018/2019 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br>2019/2020 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br>2020/2021 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br>2021/2022 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br><br>**Статусот на немуслиманите во османското општество**<br>2017/2018 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br>2018/2019 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br>2019/2020 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br>2020/2021 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br>2021/2022 3,5*15*0,05=2,625 (0,525)*<br><br>**Македонско обичајно право**<br>2017/2018 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2018/2019 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2019/2020 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2020/2021 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)*<br>2021/2022 1,75*15*0,05=1,3125 (0.2625)* | 1,3125*<br><br>**Вкупно:** =<br>38,65<br>*менторски 20% од настава |
| 2. | **Настава во школи и работилници** | **6** |
| 2.1 | **<u>28.9. – 30.9.2021</u>** - предавач на II годишна школа за византиско и османлиско културно-историско наследство, во организација на Институтот „Балкан про Европа“ – Скопје.<br>**Тема**: „Отоманското наследство: различностите, индивидуализмот и децентрализацијата“. | 1 |
| 2.2 | **<u>24.9.2021</u>** – панелист на политичката трибина „Европските перспективи и актуелните политички предизвици на земјата и регионот“, во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје. | 1 |
| 2.3 | **<u>29.9 – 1.10.2020</u>** – предавач на Годишната школа за византиско и османлиско културно-историско наследство, во организација на Институтот „Балкан про Европа“ – Скопје.<br>**Тема**: „Статусот на немуслиманите во Османското општество: компаративна анализа на историјатот и културните традиции во Југоисточна Европа“. | 1 |
| 2.4 | **<u>29.11 – 1.12.2019</u>** – предавач на Политичката академија 2019: Јакнење на капацитетите на идните лидери, во организација на Фондацијата „Конрад Аденауер“, Институтот за општествени истражувања МК91. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Тема**: „Политичка комуникација: Како да се пренесе пораката“. | |
| 2.5 | **5.10.2019** – предавач на Првата регионална младинска академија – „Предизвиците на европската демократија“, во организација на Konrad Adenauer Foundation и Wilfried Martens Centre for European Studies, во Скопје.<br>**Тема:** „Предизвиците на европската демократија“. | 1 |
| 2.6 | **6.3.2019** - предавач на Школата за јавни политики „Мајка Тереза“, во организација на ЦРПМ, Скопје.<br>**Тема:** „Македонското прашање: дилеми и предизвици на XXI век“. | 1 |
| 3. | **Консултации со студенти**<br><br>учебна 2017/2018 100*0,002 = 0,2<br>учебна 2018/2019 100*0,002 = 0,2<br>учебна 2019/2020 100*0,002 =0,2<br>учебна 2020/2021 100*0,002 = 0,2<br>учебна 2021/2022 100*0,002 = 0,2 | **1** |
| 4. | **Член на комисија за оценка и одбрана на докторат** (2*0,7=1,4) | **1,4** |
| 5. | **Член на комисија за оценка и одбрана на магистратура** (18*0,3= 5,4) | **5,4** |
| 6. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | |
| 6.1 | „Историја на правото“ (коавтор), Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2017. | **6** |
| | **Вкупно** | **92,548** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во национален научен проект** | **9** |
| **1.1** | *Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на РМ* – Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, УКИМ, позиција – истражувач. | 3 |
| **1.2** | Школа за византиско и османлиско културно-историско наследство, Министерство за култура, Институт „Балкан про Европа“, позиција – истражувач. | 3 |
| **1.3** | Истражувачки проект: „Алка за безбедност – Борба против криумчарење на мигранти во РСМ“, Здружение за општествена грижа и владеење на правото „Урбано општество“- Скопје, ЕУ и Данскиот совет за бегалци, 2021 – истражувач. | 3 |
| **2.** | **Монографија** | **24** |
| 2.1 | „Регионално-безбедносни пактови во Југоисточна Европа меѓу двете светски војни – со посебен осврт кон македонското прашање во политиката на балканските држави меѓу двете светски војни“, Македонски политиколошки форум, Скопје, 2022. | 8 |
| 2.2 | „Предавања на Годишната школа за византиско и османлиско културно-историско наследство“, Институт „Балкан Про Европа“, Скопје, 2021. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.3. | „Предавања на Годишната школа за византиско и османлиско културно-историско наследство“, Институт „Балкан Про Европа“, Скопје, 2020. | 8 |
| **3** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет** | **19** |
| 3.1. | **The League of Nations and the protection of minority rights – Law Review Vol. 11 Special issue Year 2020** (Ebsco) | 5 |
| 3.2 | **The Fall of the Iron Curtain ant Its Impact on the Greek Macedonian Relations,** Iustinianus Primus Law Review – Special Issue – Proceedings from the Annual International Conference – 30 years after the fall of the Berlin Wall, November, 2019 (Ebsco). (коавторство со проф. д-р Далибор Јовановски) | 4 |
| 3.3 | **The Macedonian Question: A Historical Overview – Law Review Vol. 10 Issue 1 Year 2019** (Ebsco) | 5 |
| 3.4 | **The Ottoman Empire in the era of the revolutionary transformation of the Ancient European Society** - Iustinianus Primus Law Review No.17, 2018. (Ebsco) | 5 |
| **4** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | **40** |
| 4.1 | **Извори на правото во Византиската империја (компаративна анализа на државно-правниот систем)** – Зборник на трудови од Меѓународниот симпозиум за византиски и средновековни студии VIII денови на Јустинијан I „Религија“, Институт за национална историја, Скопје, 2021. | 5 |
| 4.2 | **Влијанието на Версајскиот договор од 1919 година на Балканот** – списание Историја, год. LV, број 1, Здружение на историчарите на Република Македонија, декември, 2020, Скопје. | 5 |
| 4.3 | **The Enlightened Absolutism in Western European Society** – Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, Седма меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Зборник на трудови, Штип, 2020 (коавторство со м-р Синиша Ивановски). | 4 |
| 4.4 | **Хелени или Ромеи – судир на наследства** - Proceedings of the Sixth International Symposium “Days of Justinian I”: “State and Empire”, edited by Mitko B. Panov, Skopje, 2019. (коавторство со проф. д-р Далибор Јовановски). | 4 |
| 4.5 | **Creating National Germany: History, Politics and Law –** Conference Proceedings of the Sixth International Scientific Conference “Social Changes in the Global World”, Vol. 1, organized by “Goce Delcev” University in Shtip, Faculty of Law, Shtip, Republic of Macedonia, 2019. | 5 |
| 4.6 | **Македонското револуционерно движење од создавањето на македонската револуционерна организација до почетокот на Втората светска војна** – Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Миодраг Мицајков, Скопје, 2018 (коавторство со проф. д-р Билјана Поповска). | |
| 4.7 | **Spread of Democracy by Pan European Movement: An Historical Overview** – Conference Proceedings of the International Scientific Conference "Towards A Better Future: Democracy, EU Integration and Criminal Justice", Vol. I. Faculty of Law - Kicevo, "St. Kliment Ohridski" University – Bitola, 2019 (коавторство со м-р Иван Стојановски). | 4 |
| 4.8 | **The Church and the state in the Byzantine Empire: the Holy and the Profane within society –** Ius Romanum "Ius Humanitas", II/2018**.** | 5 |
| 4.9 | **The Refugee Crises on the Balkans – Paradoxes and Experiences of Republic of Macedonia vs. The Challenges of National States -** Conference Proceedings of Papers 9th International Scientific Conference: Security System Reforms as a Precondition for Euro-Atlantic Integrations, Volume I, University "St. Kliment Ohridski" – Bitola, Faculty of Security – Skopje, Skopje, 2018. (коавторство со м-р Иван Иванов). | 4 |
| **5.** | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **11,8** |
| 5.1 | **18 – 20.2.2019 -** International Scientific Conference "World War II: Myths and reality", organized by International research center of World War II, Maribor, Slovenia.<br>**- The Balkan Entente from 1934 – Diplomacy and Failures in the South East Europe at the beginning of the World War II.** | 3 |
| 5.2 | **25 – 28 април 2018** – Меѓународна конференција „Балкански дијалог 2018“, „Фондација Горчаков“ - Москва, Русија, Сараево, БиХ.<br>**Босна и Херцеговина – 23 години од потпишувањето на Дејтонскиот договор: предизвици и искуства од Балканот.** | 3 |
| 5.3 | **15 – 17 март 2018** – VI Global Baku Forum "Bringing Gaps to Create Inclusive Societies", Nizami Ganjavi International Center, Baku, Azerbaijan. | 3 |
| 5.4 | **6 – 8 октомври 2017** – International Conference "Gender in Revolution and War", во организација на Women in War (Paris), Democracy Development Center (Kyiv), Ushinsky South Ukrainian National Pedagogical University (Odesa). Во Одеса, Република Украина.<br>**The Three Intertwined Revolutions of Women in Macedonia (1941 – 2017),** (со проф. д-р Каролина Ристова Астеруд). | 2,8 |
| 6 | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **34,2** |
| 6.1 | **17-19 January 2022** - 10th International Conference "Ohrid – Vodici, 2022" - Ohrid, "Global trends and threats related with identities, cultural heritage, environment, creative communities, tourism and sustainable local/regional development", CENTER FOR ADVANCED RESEARCHES, SKOPJE, NORTH MACEDONIA MIRAS Social Organization in Support of Studying of Cultural Heritage, Baku, Azerbaijan AYDIN ADNAN MENDERES UNIVERSITY, TURKEY RUSSSIAN POLIYICLOLOGY, MOSCOW UNIVERSITY, RUSSIA GLOBAL PROCESSES JOURNAL, MIAMI, USA.<br>**Challenges For Western Balkans: from the Refugee Crises of 2015 to Coping with Covid 19 Pandemic** (со м-р Ардиана Стафаи). | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.2 | **12-14.11.2021** – 9th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies “Days of Justinian I”, special thematic strand “Ideology”, Institute of National History, “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, Bologna University, AHRM, Theological Faculty “St. Clement of Ohrid”, Skopje.<br>**The influence of Aristotle and Plato on post-Byzantine philosophers in the 15th century.** | **2** |
| 6.3 | **5.11.2021** – Annual Scientific International Conference “Law, Socio-Economics and Politics in Troubled Times”, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje.<br>**The Balkans in the new millennia – rewriting history as a prerequisite for having a good neighbor.** | **2** |
| 6.4 | **27 – 28.9.2021** – Научен собир „Современата македонска држава – две етапи во процесот на нејзиното формирање и развој: 1941 – 1991 / 1991 – 2021 година“, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.<br>**Демосот и етоносот: искуствата на триесетгодишната македонска транзиција (социо-политиколошка анализа на развојот на современата македонска државност).** | **2** |
| 6.5 | **25.6.2021** - Hybrid International Conference: “The Spirit and the Shadows of Yugoslavia: Reflections and Processes 30 Years after the Dissolution of SFRY”. Center for Advanced Studies and Academic Network for Cooperation in South East Europe, Skopje.<br>**Socio-political changes in Southeastern Europe at the end of the 20th Century (An historical overview of the Macedonian state independency from the Yugoslav federation).** | **2** |
| 6.6 | **13-14.11.2020** – VIII International Scientific Symposium “Days of Justinian I”, Special thematic strand: Religion; Institute of national history, “Ss Cyril and Methodius” University, Skopje, University of Bologna, Italy; Faculty of Theology “Ss Clement of Ohrid”, Skopje. (on-line).<br>**The sources of Law in the Byzantine Empire: Comparative analysis of the state-legal system.** | **2** |
| 6.7 | **6-7.11.2020** – 2020 Annual International Conference “70 Years of the European Convention on Human Rights”, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, “Ss Cyril and Methodius” University, Skopje. (on-line).<br>**The League of Nations and the protection of minority rights.** | **2** |
| 6.8 | **03.09.2020** - 7th International Scientific Conference of the Goce Delcev University in Stip, Faculty of Law (on-line).<br>**The Enlightened Absolutism in Western Europe** (со м-р Синиша Ивановски). | **1,8** |
| 6.9 | **15 – 16.11.2019 –** 7th International Symposium “Days of Justinian I”, special thematic strand “Identities”, organized by Institute of National History, “Ss. Cyril and Methodius” University, University of Bologna and Faculty of Theology “St. Clement”, Skopje, Republic of Macedonia.<br>**Средновековието и националниот континуитет во образованието: Византија во грчките учебници по историја** (со проф. д-р Далибор Јовановски). | **1,8** |
| 6.10 | **8 – 9.11.2019** – Annual International Conference “Transition of Legal Systems: 30 Years after the Fall of the Berlin Wall”, organized by Faculty of Law “Iustinianus Primus”, “Ss. Cyril and Methodius” University, Skopje, Republic of Macedonia.<br>**The Fall of the Iron Curtain and its Impact On Greek-Macedonian Relations** (со проф. д-р Далибор Јовановски). | **1,8** |

| | | |
|---|---|---|
| 6.11 | **5 – 6.09.2019** – Sixth International Scientific Conference “Social Change in the Global World”, organized by “Goce Delcev” University in Shtip, Faculty of Law, Shtip, Republic of Macedonia. **Creating National Germany: History, Politics and Law.** | **2** |
| 6.12 | **10 – 12.05.2019 -** International Scientific Conference “Towards a Better Future: Democracy, EU Integration and Criminal Justice”, organized by University “St. Kliment Ohridski” – Bitola, Faculty of Law, Bitola, Republic of Macedonia. **Spread of Democracy by Pan European Movement: An Historical Overview** (со м-р Иван Стојановски). | **1,8** |
| 6.13 | **10 December, 2018** – Annual conference of the “Iustinuanus Primus” Law Faculty Faculty – Skopje in honor of 25 years of the establishment of the political science studies “Law, justice and politics in the contemporary democratic context”, organized in coordination with the Macedonian Political Science Associate and co-organized by TEPSA – Trans European Policy Studies Association with the support of ‘Europe for Citizens Program of the European Union’, Skopje, Republic of Macedonia. **Israeli-Palestinian conflict: between law, justice and terrorism** (со м-р Тања Стојановска). | **1,8** |
| 6.14 | **23-24 November, 2018** – 6th International Symposium “Days of Justinian I”, Special thematic strand: “State and Empire”, Euro-Balkan University, Institute of National History, Skopje, Republic of Macedonia, University of Bologna, Italy. **Hellenes or Romans. Clash of heritages** (со проф. д-р Далибор Јовановски). | **1,8** |
| 6.15 | **25-27 October 2018** – Third International Scientific Conference “Ius and Humanitas”, Balkan Association of Roman Law and Roman Legal Tradition and Konrad Adenauer Stiftung, Skopje, Republic of Macedonia. **The Church and the State in the Byzantine Empire: the Holy and the Profane within Society.** | **2** |
| 6.16 | **19 – 20 October 2018** – 5th International Scientific Conference “The Rule of Law and Civil Society”, University of Tetovo and University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, Republic of Macedonia. **The International Position of Minorities After the First World War.** | **2** |
| 6.17 | **4 – 6 June 2018** – 9th International Scientific Conference: Security System Reforms as a Precondition for Euro-Atlantic Integrations, Ohrid, Republic of Macedonia. **The Refugee Crises on the Balkans – Paradoxes and Experiences of Republic of Macedonia vs. The Challenges of National States.** (со м-р Иван Иванов). | **1,8** |
| 6.18 | **13 декември 2017** – Меѓународна конференција „Слобода на изразување во XXI век“, во организација на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Македонија. Модератор на втората сесија под наслов „Општествено-политички амбиент во новинарството“. Тема: **Бегалската криза на Балканот – искуства од медиумското известување наспроти националните држави** (со м-р Иван Иванов). | **1,8** |
| | **Вкупно** | **138** |

**СТРУЧНО –ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот** | **2** |
| 1.1. | „Прирачник за социо-политички аспекти на криумчарењето со мигранти во Република Северна Македонија“, Здружение за општествена грижа и владеење на правото „Урбано општество“ – Скопје, ЕУ и Данскиот совет за бегалци, Скопје, 2022. | 2 |
| 2. | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија „Анализи и евалуација на истражувања на јавно мислење“** | |
| | /. | |
| | **Вкупно** | **2** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 92,548 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 138 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | /. |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 2 |
| **Вкупно** | **232,548** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Билјана Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Мелина Гризо, с.р.**
**Проф. д-р Мишо Докмановиќ, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 06-05-2022 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| Теодор Богоевски | Политичка партиципација на лицата со попреченост (Political participation of persons with disabilities) | проф.д-р Марика Ристовска | 10.05 2022 | 02- 509 / 85 |
| Камер Туша | Инспекциски надзор со посебен осврт на надзорот на медицина на трудот (Inspection oversight with special reference to the supervision of occupational medicine) | проф.д-р Борче Давитковски | 10.05 2022 | 02- 509 / 86 |
| Мерима Џигал | Положбата на администрацијата во Врховниот суд на Република Северна Македонија (The position of the administration in the Supreme Court of the Republic of North Macedonia) | проф.д-р Борче Давитковски | 10.05 2022 | 02- 509 / 87 |
| Ангела Василевска | Правна регулација на фондациите (Legal Regulation of Foundations) | проф. д-р Ванчо Узунов | 10.05 2022 | 02- 509 / 80 |
| Александар Велковски | Поведување и правни последици од отварањето на стечајната постапка (Commencement and Legal Consequences of Insolvency Proceeding) | проф. д-р Дарко Спасевски | 10.05 2022 | 02- 509 / 81 |
| Ема Мицевска | Влијанието на правното уредување на заразните болести врз трговијата, со посебен осврт на пандемијата од КОВИД-19 (Legal Regulation of infectious diseases, especially COVID-19 and Trade Patterns) | проф. д-р Александар Климовски | 10.05 2022 | 02- 509 / 82 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ангела Сибиновска | Ограничените стварни права врз недвижностите во банкарското работење (Limited Real Rights over Immovables in Banking) | проф. д-р Ванчо Узунов | 10.05 2022 | 02- 509 / 83 |
| Војдан Моневски | Правна регулација на обновливите извори на енергија (Legal Regulation of Renewables) | проф. д-р Александар Климовски | 10.05 2022 | 02- 509 / 84 |
| Ивица Кузмановски | Побивање на должникови правни дејствија – Паулијанска тужба (Refutation of the Debtor's Legal Actions – Actio Pauliana) | проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска | 10.05 2022 | 02- 509 / 79 |
| Сандра Јакимовска | Правни импликации од примената на преимплантациска генетска дијагноза и пренатална генетска дијагноза (Legal Implications of Applying Preimplantation Genetic Diagnosis and Prenatal Genetic Diagnosis (PGD and PND)) | проф. д-р Елена Игновска | 10.05 2022 | 02- 509 / 78 |
| Благој Милев | Идната штета и нејзиното надоместување во домашното и во споредбеното право (Future Damage and Its Compensation in the National and Comparative Law) | проф.д-р Неда Здравева | 10.05 2022 | 02- 509 / 77 |
| Теодора Биноска | Договори за осигурување од професионална одговорност за штета во македонското право и практика (Professional Liability Contracts in the Macedonian Law and Practice) | проф.д-р Неда Здравева | 10.05 2022 | 02- 509 / 71 |
| Луција Чукеловска | Меѓународно правни стандарди за легитимно ограничување на правото на слобода на изразување (International Law Standards for Restricting the Right to Freedom of Expression) | проф.д-р Елена Михајлова Стратилати | 10.05 2022 | 02- 509 / 72 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Марија Чекреџи | Правото да се имаат права – Државјанството и меѓународното право за правата на човекот (The Right to Have Rights: Citizenship and International Human Rights Law) | проф.д-р Елена Михајлова Стратилати | 10.05 2022 | 02- 509 / 73 |
| Христина Трајкоска | Меѓународното право и врските помеѓу тероризмот и меѓународните кривични дела (International Law and the Links between Terrorism and International Crimes) | проф.д-р Елена Михајлова Стратилати | 10.05 2022 | 02- 509 / 74 |
| Симона Трајкоска | Родово сензитивно буџетирање во Европската Унија како потенцијален модел на имплементација на родово сензитивно буџетирање во Република Северна Македонија (Gender Sensitive Bidgeting in the European Union as a Potential Model for Implementation of Gender Sensitive Budgeting in the Republic of North Macedonia) | проф.д-р Александра Максимовска Стојкова | 10.05 2022 | 02- 509 / 75 |
| Горјан Ѓоргиев | Даночно-правна анализа на глобалниот корпоративен данок како историска реформа на меѓународниот даночен систем (Tax and Legal Analysis of the Global Corporate Tax as a Historical Reform of the International Tax System) | доц.д-р Елена Нешовска Ќосева | 10.05 2022 | 02- 509 / 76 |
| Ангела Панеска | Проценката и начинот на вложување на правата од интелектуална сопственост во корпорациите (The assessment and the manner of investing intellectual property rights in corporations) | проф.д-р Александар Климовски | 10.05 2022 | 02- 509 / 68 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Сашо Златев | Анализа на правната заштита на географските називи во земјите на Југоисточна Европа (Analysis of legal protection of geographical indications in the countries of Southeast Europe) | проф.д-р Гоце Наумовски | 10.05 2022 | 02- 509 / 69 |
| Цветанка Ацева | Институтот „продолжено кривично дело“ – современи тенденции (Institute of Continuous Crime “delictum continuatum” – Modern Trends) | проф.д-р Никола Тупанчески | 10.05 2022 | 02- 509 / 70 |
| Лаура Живиќ | Смртна казна – компаративни аспекти (Death Penalty – Comparative Aspects) | проф.д-р Никола Тупанчески | 10.05 2022 | 02- 509 / 65 |
| Бранкица Марковиќ | Феноменологија на кривичното дело даночно затајување (Phenomenology of the Crime of Tax Evasion) | проф.д-р Никола Тупанчески | 10.05 2022 | 02- 509 / 66 |
| Валентина Милошевска | Перењето пари како глобален проблем со посебен осврт на Република Северна Македонија | проф.д-р Никола Тупанчески | 10.05 2022 | 02- 509 / 67 |
| Васко Рубановски | Спогодувањето во практиката на Основниот суд Охрид во периодот 2017-2021 година (Sentence Bargaining in the Practice of Basic Court Ohrid, in the period of 2017-2021) | проф. д-р Гордана Лажетиќ | 10.05 2022 | 02- 509 / 62 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Теодора Настоска | Виктимолошки аспекти на сексуалните кривични дела со посебен осврт на силувањето (Victimology Aspects of the Sex Crimes with Specific Attention to the Crime of Rape) | проф. д-р Гордана Лажетиќ | 10.05 2022 | 02- 509 / 63 |
| Теа Ачкоска | Профил на сериските убијци (Profile of the Serial Killers) | проф. д-р Александра Груевска Дракулевски | 10.05 2022 | 02- 509 / 64 |
| Марија Стојковска | Новиот концепт на кривичното дело силување во компаративното право (New Concepts of the Crime of Rape in the Comparative Law) | проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова | 10.05 2022 | 02- 509 / 61 |
| Викторија Марковска | Казнено-правниот пристап во борбата против тероризмот – компаративни аспекти (Criminal Law Approach to the Fight Against Terrorism – Comparative Aspects) | проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова | 10.05 2022 | 02- 509 / 59 |
| Влатко Митовски | Казненоправна заштита на животната средина и природата во насока на прифаќање на екоцентричниот пристап (Criminal Law Protection of the Environment and Nature in Connection to Acceptance of the Eco-centric Approach) | проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова | 10.05 2022 | 02- 509 / 60 |

Д Е К А Н,
Проф.д-р Сашо Георгиевски

Изработил : Хамди Весели
Советник за студентски прашање

*Прилог бр. 4*

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА ЖЕНАТА КАКО ГЛАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО ВО КОСОВО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА“ ОД М-Р АНЃЕЛИНА ХАМЗА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.4.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Анѓелина Хамза со наслов: УЛОГАТА НА ЖЕНАТА КАКО ГЛАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО ВО КОСОВО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА, во состав: проф. д-р Мирјана Мирчевска (претседател), проф. д-р Љупчо С. Ристески (ментор), проф. д-р Вјолца Красниќи (член), проф. д-р Илина Јакимовска (член) и проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анѓелина Хамза, со наслов: УЛОГАТА НА ЖЕНАТА КАКО ГЛАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО ВО КОСОВО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА, содржи 234 страници компјутерски обработен текст во фонт SkolaSerifCnOffc, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 389 фусноти и 111 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 4 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезите, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека се истражувани животот, статусите и улогите на жената во Косово врз историски и етнографски факти како од минатото, така и од сегашноста. Во студијата се третирани податоци како сведоштва од минатото на животот на жената, воопшто, и посебно за жената како глава на семејството. Истовремено, дадени се антрополошки интерпретации и на материјалите од денешно време.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена: УЛОГАТА И СТАТУСОТ НА ЖЕНАТА ВО ОПШТЕСТВОТО ВО КОСОВО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА. Во неа се анализирани улогата и положбата на жената во општеството во Косово во историска перспектива. Најпрвин е третирана положбата на жената во албанското општество на Косово низ примери од традиционалното, канонско право, анализирајќи ги одредбите на Канонот на Лек Дукаѓини, потоа прашањата на еманципацијата и слободата на албанската жена во текот на периодот на социјализмот, како и процесите во современоста на Косово, по последната војна и воспоставувањето на независноста. Традиционалното и патријархалното сфаќање на општеството речиси во целиот свет во минатото, но и денес, функционирало и продолжува да функционира во многу места врз основа на обичајните норми на тоа место. Во косовското општество, како и пошироко на просторите каде што живеат Албанци, тоа биле нормите на Канонот, оние со кои се регулирале севкупните односи на жената во пошироката општествена средина. Главните права според Канонот им припаѓале на мажите, а едно од нив било и потчинувањето на жената кон нив. Правилата на Канонот утврдувале мошне специфична позиција и улога на жената во заедницата. Придржувањето кон канонските правила било посилно и се задржало подолготрајно во руралните зони на земјата. Но, по постојаните обиди на жената за еманципација, благодарение на различните околности и историски настани, како и со поддршката на државата во еден мал степен, се случувало постепено еманципирање кое најмногу се огледа низ процесите на школување и остварување на правата за вработување.

**Втората глава,** со наслов: УЛОГАТА И СТАТУСОТ НА ЖЕНАТА ВО СЕМЕЈСТВОТО ВО КОСОВО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА, ги анализира улогата и положбата на жената во семејството во Косово во историска перспектива. Повторно, најпрво, се разгледува врз принципите засновани во правото според Канонот на Лек Дукаѓини. Дискусиите за теоретското врамување на обичајното право, главно, се потпираат

на теориските гледишта на странските и на албанските истражувачи, кои преку нивните проучувања даваат многу широк и значаен преглед за улогата на жената во семејството. Улогите и статусите на жената во општеството се разликуваат во зависност од возраста, од брачниот статус и, најмногу од сѐ, од статусот на мајка на машки или на женски деца. Комплексната обичајна регулатива ги утврдува односите на жената додека е во семејството на родителите, каде што главната контрола ја воспоставува таткото или некој од постарите браќа, а по нејзиното мажење, тоа го прави нејзиниот свекор и/или маж.

Законите на Канонот се почитувале и претставувале речиси единствен обичајно-правен поредок со огромна сила и покрај сѐ посилните влијанија на позитивното право во новосоздадените држави, како и влијанијата на религиозните права на христијанството и на исламот. Законите на Канонот се применувале со точност од страна на сите членови на семејството, селото и родот, и може да се каже дека одредени преживеани форми сѐ уште се присутни и имаат влијание во одредени сегменти на општествениот, културниот и семејниот живот во Косово.

Патријархалното семејство, како една од најраспространетите и најдолготрајните форми на семејство во историјата и културата на албанската традиција, со настапувањето на процесите на модернизација започнало да се трансформира. Процесите на промени не биле со ист интензитет во руралните и во урбаните населби. Сепак, со текот на времето заедницата која произведувала и консумирала, базирана врз принципот на заедничката сопственост и заедничката потрошувачка, започнала да се распаѓа, иако не подеднакво и не во исто време во сите региони на Косово. Големи семејства се среќавале до скоро во косовското општество, иако и кај овие семејства со текот на времето било забележително редуцирање на бројот на членовите во едно семејство, за во денешно време најзабележителни да бидат нуклеарните семејства. Понатаму, во продолжение на докторската дисертација се третира семејната структура, улогите на главата на семејството, поделбата на работите, наследството итн.

Домаќинот и/или домаќинката имале специфични улоги, права и обврски спрема членовите на семејството. Домаќинот раководел со големото патријархално семејство. Тој имал голема почит од сите членови. Неговите задачи и одговорности биле големи и биле поврзани со правата и должностите на сите членови. Посебно внимание се посветувало на тоа домаќинот да биде праведен кон сите членови на семејството.

Од друга страна, посебно се разгледувани улогите на домаќинката, која секогаш стоела на страната на домаќинот, одржувајќи ги редот и односите со другите жени во врска со работите кои требало секојдневно да се извршуваат во домаќинството. Домаќинката, вообичаено, но не и секогаш, била жената на домаќинот.

Правата на жените, воопшто, биле ограничени како во семејството на родителите (таткото), така и во семејството на мажот. Положбата на жената во семејството на мажот била потешка, бидејќи била подвластена на сопругот и била зависна во економска смисла. Таа ја имала само улогата на сопруга и мајка, значи раѓала деца и се грижела за нив.

**Во третото поглавје,** со наслов: ЖЕНАТА КАКО ГЛАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА, се анализира и се третира основниот концепт на истражување на статусот на жената од еден поинаков агол, жената како глава на домаќинството во косовското општество. Поимот и терминот „жена – глава на домаќинството“ се анализира и се третира најпрво во контекст на традиционалното опкружување, разгледувајќи ја структурата и економијата на семејството. Поимањето на институцијата „глава на домаќинството“, подразбира начин на раководење на семејството, кога жената, без разлика на причините, се става во позиција на раководител на семејството. Поимот „главата на домаќинството“, вообичаено, одговара на идејата за личност што создава можности за семејството како една целина. Следствено на ова, полот/родот на главата на домаќинството на семејната економска единица има големо значење. Главата на домаќинството на семејството како економска единица е лице кое служи како референца, лице кое го администрира секој член на семејството.

**Во четвртото поглавје,** ЖЕНАТА КАКО ГЛАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО И НЕЈЗИНАТА УЛОГА ВО СОВРЕМЕНОТО СЕМЕЈСТВО И ОПШТЕСТВО ВО КОСОВО, посветено на жената како глава на домаќинството и нејзината улога во семејството и современото општество во Косово, се говори за еманципацијата на жената во различни аспекти на животот било во семејството или во општеството. Во втората половина на XX век, албанското општество во целост поминало преку големи општествени, економски, политички и социо-културни трансформации. Во согласност со овие трансформации, статусот на жените во семејството, исто така, се променил. Тоа, пак, влијаело на индиректен начин и врз промените што жената ги направила во

семејството. Од друга страна, независно од успешниот процес на модернизација, косовското општество продолжува да се карактеризира со рецидиви и остатоци на патријархалноста, кои се рефлектираат и врз положбата на жените во општеството, а особено во семејните односи и структура. Наспроти сите овие фактори, албанските жени живееле, и сè уште продолжуваат да живеат, во една многу различна, спротивставена и хетерогена културна структура, каде што постоеле и функционирале две културни вредности помеѓу модерното и традиционалното во исто време и на исто место. Периодот по последната војна во Косово (1998 – 1999), се карактеризира со значајни трансформации во сите сфери на албанското општество. Овие трансформации влијаеле и во семејните и во сродничките односи, влијаеле врз формата на организирање и врз семејната структура. Косово по војната се карактеризира со истакнати социо-културни, економски промени, како и промени во државните процеси кои влијаеле животот на жената да се менува и да донесе нови вредности.

Бавната еманципација на положбата на косовската жена низ годините доаѓа најпрвин како последица на традиционалните и патријархалните сфаќања кои сè уште постојат. Иако денес жената има професија и работно место, две работи кои ѝ овозможиле да биде понезависна, сепак се соочува со бројни предизвици како во семејството, исто така и во општеството и околината во која живее. Сè уште има тенденции од страна на различни поединци да го попречуваат вклучувањето на жените во работниот процес или нивното учество во јавниот живот. Овие и ваквите проблеми, жената не може да ги решава сама. Споменатите проблеми се однесуваат на двојното оптоварување на жената со работа и со нерешените проблеми во врска со помошта на општеството и семејството. Од друга страна, положбата на жената во руралните зони, исто така, е во понеповолна положба, бидејќи еманципацијата на жената на село се одвива на побавен начин. Една од пречките за нејзиното вклучување во работа или во другите општествени сфери е сфаќањето, согласно со патријархалниот световид, дека на жената местото ѝ е во домот. Учеството на жените во секторот на работата, во секој историски период, па и денес, можеме да кажеме дека било и останува многу низок во однос на мажите. На овој факт се надоврзуваат многу други фактори кои влијаеле, поддршката од семејството, општеството и другите придружни фактори.

Имајќи го предвид фактот дека косовското општество е сè уште во фаза на транзиција и фаза на глобализација, очекувани се чести и големи промени во сите форми и димензии на семејството, како и во животот на жената. Во овие две фази, статусот на жената ги доживува најзначајните промени како резултат на школувањето, вработувањето, одлучувањето, поголемата економска и културна независност. Како главен фактор за овие промени се движењата на жената село-град, низата миграции, но, сепак, како одлучувачки фактор се сметаат влијанијата на меѓународните институции кои по доаѓањето во Косово и по војната од 1998 до 1999 година, создадоа можности, отворија низа работни места и овозможија косовската жена да се вклучи во работниот процес. Така, образованите и вработените жени започнаа да го менуваат пристапот и нивниот став кон животот, семејството и јавната и политичката сфера. Континуираните процеси на еманципација ги менуваат нивните сфаќања дека нивната улога во семејството и општеството не е само биолошката репродукција и работата во домаќинството, туку и нивно ангажирање надвор од семејството, што им овозможува да дадат еден нов, позитивен импулс во општеството. Наспроти фактот дека на една самохрана мајка – глава на домаќинството ѝ е тешко да даде придонес во општеството бидејќи таа поминува низ многу искушенија кои многу често ѝ ја одземаат целата енергија и волја за работа. Но, и наспроти големите искушенија, многу често во многу случаи жената самата можела да биде многу способна со нејзиното придонесување и постигнување во семејството, но и во општеството, постигнувајќи на овој начин да биде приближно рамноправна со мажот.

Во заклучните согледувања, авторката ги резимира резултатите од истражувањата.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Докторската работа има за цел да ја предочи улогата на жената како глава на семејството, гледано од перспектива на менаџирањето на семејството и економската благосостојба. За да се анализира и проучува ова комплексно прашање, во текот на ова студиско истражување се адресирани неколку прашања за кои во текот на анализата се прави обид да се понудат решенија и одговори. Некои од прашањата што кандидатката Анѓелина Хамза ги дискутира се: Какво е влијанието на патријархалните односи во семејството и во општеството, воопшто? Колку било/е тешко за жената да биде глава на семејството како во минатото, така и во современиот период? Оттука на површина произлегува и прашањето за наследството, особено кога жената е глава на семејството. Дали родовите карактеристики на споменатите наследници се рефлектираат

врз наследството и наследувањето? Како една жена ја обезбедува благосостојбата за нејзиното семејство во место каде што степенот на невработеноста бил и сè уште е многу висок, додека на пазарот на трудот преовладуваат мажите? Какви се можните промени во раководењето на семејството од вдовицата, разведената жена? Каква поддршка има жената во воспитувањето на децата од страна на членовите на традиционалното семејство, од мажот и од членовите на современото семејство? Кои се најголемите тешкотии на кои се спротивставува жената во моментот кога го губи мажот? Во денешно време, колку луѓето имаат предрасуди поврзани со организирањето на статусите, улогите и значењата на секој член на семејството? Како биле организирани веридбите и свадбите на младите во семејството, некогаш и денес. Каква била/е економската состојба во семејството во минатото и денес: како е организирана поделбата на трудот, како се прави таа поделба денес во модерното време? Кои се факторите кои го промовираат зголемувањето на бројот на жените – глави на семејството во современиот свет? Кои се правата и статусот на разведените жени во текот на одгледувањето не децата? Кои биле и кои се најголемите тешкотии за жената како глава на семејството? Какви се ставовите на соговорниците за жените кои остануваат без маж да се грижат за нивните деца или да се стапат во брак и да започнат нов живот и ново семејство?

Значи, од прашањата за одбраните теми ќе се стигне до проблемот на соочувањето на жената со реалноста од моментот кога таа ќе остане сама со нејзините деца како глава на семејството.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Положбата на жената во семејството и општеството сè уште е актуелен истражувачки проблем поради фактот што жената го чини едниот од двата столба на воздигнувањето и развојот на семејството и општеството. Од оваа гледна точка, жената со нејзините творечки вредности станала тематика која се третира од различни агли во општествата и културите, како и низ бројни теоретски аспекти и пристапи во хуманистичките и општествените науки. Во општествата, особено во традиционалните, но и оние во транзиција, какво што е косовското, жената е третирана понекогаш многу, а понекогаш малку, како припадничка на второстепен пол/род во однос со мажите. Затоа, фокусот во оваа докторска теза е многу широк и комплексен, говори за „патувањето на жените“ во косовската општествена средина преку социо-економските и политичките формации и фази, како и во традиционалните и патријархалните околности кои настапиле како последица на различните влијанија во општеството. Базирајќи се врз научната литература која ги третира прашањата на развојот и на историските промени на општествениот живот, на семејството, така и на жената, може да се определат три периоди на историскиот развој во животот на жената во Косово. Првиот период го опфаќа периодот на историското минато сè до крајот на XIX и почетокот на XX век, кој во литературата се дефинира како традициски, со карактеристики на патријархалност во општеството и во семејството. Вториот период, условно го опфаќа периодот на XX век, определен како процес на модернизација и трансформација на традициските општества на Балканот, создавање на современите држави и законодавства. Промените во општествата и културите се поврзани токму со забрзаниот процес на световно образование, воспоставување владеење на правото и релативна еманципација на жената. Третиот период започнува од 80-тите години на XX век и продолжува до денес, а се огледа, меѓу другото, во зајакнување на правата жените да донесуваат самостојно одлуки во семејството и во општеството.

Докторската дисертација со наслов „Улогата на жената како глава на домаќинството во Косово низ историска перспектива“ е тема која не е многу третирана во областа на етнологијата и антропологијата во Косово. Затоа, интенцијата е во состав на оваа истражувачка работа, да се опфатат многу аспекти кои се фокусот на оваа тема. Овој проект е од голем интерес, и покрива област која не е многу експлоатирана до денес, а особено во приватната сфера во семејството. Значи, не само јавната улога на жената, односно нејзиното учество во јавниот и политичкиот живот, туку, она што е главно, третирањето на улогата на жената како глава на семејството и како гарант на благосостојбата на семејството.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Со цел потврдување на хипотезите и постигнување на резултатите во текот на реализацијата на трудот, користени се неколку методи со кои се реализирани зацртаните цели во оваа докторска дисертација. Тоа се теоретскиот и емпирискиот пристап, при што се реализирани повеќе десетици длабински интервјуа со жени, вдовици, разведени, а кои го раководат своето семејство, или во посебни случаи заедно раководат со нивните мажи, или со некој друг член на семејството. Фокусот при истражувањето е ставен на неколку региони на Косово, пред сè на регионот на Дукаѓини (Rrafshi I Dukagjinit), опфаќајќи ги градовите и селата

Пеќ, Дечани, Клина, Ѓаковица и пошироко, имајќи предвид дека големи семејства имало насекаде во Косово. Исто така, во овие региони, еманципацијата на жената се појавила многу доцна, поради што во овие предели сè уште се среќаваат остатоци на патријархалноста. Споредбениот пристап овозможува анализирање на улогите на жената и нивните динамики во еден патријархален амбиент и во еден современ амбиент, особено следејќи ги трансформациите на статусите на жената сопруга по смртта на сопругот.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анѓелина Хамза, со наслов: УЛОГАТА НА ЖЕНАТА КАКО ГЛАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО ВО КОСОВО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА, претставува истражување во етнологијата и антропологијата, поточно антропологијата на полот и родот. Со споредување со другите периоди од минатото, обезбедува иновативен поглед кон прашањето, не само во смисла на дискурзивното гледање на динамиките на статусот на жената во семејството и општеството, туку, исто така, и во однос на неговата трансформација од репродуктивна во продуктивна и придонесувачка улога во општеството. Студијата ја објаснува улогата на женското домаќинство во Косово. Таа се фокусира конкретно на руралните области, имајќи предвид дека таму обично има повеќе семејства кои живеат во (комплексни) семејни заедници и домаќинства. Следствено, интересот е да се види дека жената што живее во патријархална средина успева да го води семејството и да обезбеди благосостојба за себеси и за семејството.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анѓелина Хамза, со наслов: УЛОГАТА НА ЖЕНАТА КАКО ГЛАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО ВО КОСОВО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автор: Анѓелина Хамза-Хасанај „Rite e besime rreth lindjes së fëmijëve në traditën shqiptare, botuar në revistën shkencore “, објавен: Studime Albanologjike 21, ITSHKSH, Shkup, 2021, 215-221.

[2]. Автор: Анѓелина Хамза-Хасанај „ Меѓуверски бракови во Косово“, објавен: EthnoAnthropoZoom/ЕтноАнтропоЗум, 21(21), pp. 278-300. Достапно на: https://etno.pmf.ukim.mk/index.php/eaz/article/view/509 (пристапено на 4.5.2022)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатката се: аналитичност, систематичност, етнографска рефлексивност и авторефлексивност, силна теоретска подготвеност и големо искуство стекнато во текот на теренската работа.

Подрачје на примена и ограничувања се: резултатите од ова истражувања, освен како теориски, може да најдат примена и во разбирањето на полово/родовите различности како посебна вредност, што, пак, може да се применува во иднина при осмислување и креирање културни и општествени политики за соодветно разбирање на различностите.

Можни понатамошни истражувања се: понатамошно следење на динамиката на состојбите со улогите и статусите на жената во семејството и во општеството во Косово, како и во регионален и во светски контекст.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Анѓелина Хамза** со наслов: **УЛОГАТА НА ЖЕНАТА КАКО ГЛАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО ВО КОСОВО НИЗ ИСТОРИСКА ПЕРСПЕКТИВА.**

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Мирјана Мирчевска, претседател, с.р.**



**Проф. д-р Љупчо С. Ристески, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Вјолца Красниќи, член, с.р.**
**Проф. д-р Илина Јакимовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ДЕТСКА СТОМАТОЛОГИЈА“ ОД ГРУПА АВТОРИ

**Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, бр. 02-1096/1 од 7.4.2022, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Детска стоматологија“ од авторите:** Елизабета Ѓоргиевска (уредник), Марија Стевановиќ, Мира Јанкуловска, Ана Сотировска-Ивковска, Златко Георгиев, Мери Павлевска, Александар Димков, Алберто Бенедети, Ефка Жабокова-Билбилова, Весна Амбаркова, Олга Кокочева-Ивановска, Јасна Симоноска, Џон Николсон, Дејан Марковиќ, Тамара Периќ, Бојан Петровиќ, Драгана Габриќ, Марко Вулетиќ и Бернард Јанковиќ**, наменет за студентите на Катедрата за детска и превентивна стоматологија, за предметите: Детска и превентивна стоматологија од студиската програма за доктори по дентална медицина, акредитирана во 2015 година и Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2 од студиската програма за доктори по дентална медицина, акредитирана во 2021 година**, избрани се: **проф. д-р Снежана Иљовска, проф. д-р Миле Царчев и проф. д-р Ќиро Ивановски.**

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### III. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Детска стоматологија |
| **Назив на предметната програма:** | **Детска и превентивна стоматологија**<br>**Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2** |
| **Назив на студиската програма:** | **Детска и превентивна стоматологија** од студиската програма за *доктори по дентална медицина, акредитирана во 2015 година*<br>**Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2** од студиската програма за *доктори по дентална медицина, акредитирана во 2021 година* |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **Детска и превентивна стоматологија** (со фонд на часови: 90 часа теоретски предавања, 135 часа вежби и 20 часа семинари);<br>**Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2** (со фонд на часови: Детска стоматологија 1 – 30 часа теоретски предавања, 45 часа вежби; Детска стоматологија 2 - 45 часа теоретски предавања, 75 часа вежби) |
| Предметот **Детска и превентивна стоматологија** на Стоматолошкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови: 90 часа теоретски предавања, 135 часа вежби и 20 часа семинари, 17 ЕКТС-кредити и се слуша во VII, VIII, IX и X семестар.<br>Предметот **Детска стоматологија 1** на Стоматолошкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови: 30 часа теоретски предавања, 45 часа вежби, 5 ЕКТС-кредити и се слуша во IX семестар. | |

| | |
|---|---|
| Предметот **Детска стоматологија 2** на Стоматолошкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови: 45 часа теоретски предавања, 75 часа вежби, број на 8 ЕКТС-кредити и се слуша во X семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 567 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 37 поглавја и содржи 336 слики, 4 графикони и 33 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Снежана Иљовска, с.р.**
**Проф. д-р Миле Царчев, с.р.**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски, с.р.**

## IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р СНЕЖНА ИЉОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во ракописот се опфатени следните проблематики: Воведни забелешки за детска стоматологија; Раст и развиток на орофацијалната регија; Никнење на млечни и трајни заби; Ресорпција на корените на млечните заби; Хронологија на развиток на млечните и трајните заби; Обележување на забите; Анатомохистолошки карактеристики на млечни и трајни заби; Морфолошки карактеристики на млечни и млади трајни заби; Анамнеза и клинички преглед; Стоматолошка работа со деца; Контрола на болката и стоматолошка работа со деца со попреченост; Рендген во детска возраст; Неправилности во развитокот на забите; Дентален кариес; Заболувања на пулпата и пародонталните ткива кај млечните, младите трајни и трајните заби и терапија; Материјали во детската стоматологија; Стоматолошка естетика во детска возраст; Употреба на ласери во детската стоматологија; Заболувања на меките ткива во оралната празнина кај децата; Орални манифестации на инфективни и системски заболувања; Повреди на забите кај деца и компликации; Оралнохируршки интервенции кај деца; Дентогени инфекции кај деца; Антибиотици и останати антимикробни медикаменти во детска возраст; Тумори и цисти; Ургентни состојби; Педопротетика во млечна и трајна дентиција; Интерцептивна ортодонција. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Комплетно е усогласен со предметните програми: Детска и превентивна стоматологија, Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е адекватен за предметите. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 567 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 37 поглавја и содржи 336 слики, 4 графикони и 33 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Детска и превентивна стоматологија, Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2, примарно наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет.

Во Скопје, 9 мај 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Снежана Ињовска, с.р.**

## III. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Миле Царчев

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во ракописот се разработени клучните проблематики за детска стоматологија од сите аспекти, почнувајќи со растот и развојот на орофацијалната регија и одонтогенезата; потоа, работата со деца, со контрола на болката; преку неправилностите во развитокот на забите, денталниот кариес и заболувањата на пулпата и пародонталните ткива кај млечните, младите трајни и трајните заби и нивна терапија. Разработени се современите материјали кои се користат во детската стоматологија, со посебен осврт на естетиката во детска возраст и употребата на ласери во детската стоматологија. Посебно се опишани заболувањата на меките ткива во оралната празнина кај децата, оралните манифестации на инфективни и системски заболувања. Значајно место е посветено на повредите на забите кај деца (фрактурите и повредите на потпорните ткива) и нивните компликации. Даден е осврт на оралнохируршката проблематика кај деца, како и дентогените инфекции, примената на антибиотици, туморите и цистите и ургентните состојби. На крајот се дава преглед на можностите за изработка на протетички надоместоци во млечна и трајна дентиција и користење на интерцептивната ортодонција. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Комплетно е усогласена. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот комплетно е адаптиран на предметната програма. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 567 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 37 поглавја и содржи 336 слики, 4 графикони и 33 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Детска и превентивна стоматологија, Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2, примарно наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет.

Во Скопје, 9 мај 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Миле Царчев, с.р.**

## V. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЌИРО ИВАНОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е систематизиран приказ на клучните проблематики со кои се занимава детската стоматологија, почнувајќи од растот и развојот; приемот, прегледот и конторла на болката кај педијатрискиот пациент во стоматолошка ординација; неправилностите во развитокот на забите; потоа денталниот кариес и заболувањата на пулпата и пародонталните ткива како најчест проблем во детската стоматологија; следуваат современите материјали во детската стоматологија со естетиката и употребата на ласери во детската стоматологија; даден е детален преглед на заболувањата на меките ткива во оралната празнина кај децата, како и оралните манифестации на инфективни и системски заболувања; комплетен осврт на повредите на забите кај деца и компликации; понатаму, оралнохируршките интервенции кај деца со третман на дентогените инфекции кај деца, примената на антибиотици во детска возраст, туморите и цисти, како и ургентните состојби; и, конечно примената на педопротетиката и интерцептивната ортодонција во детска возраст. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Предадениот ракопис е усогласен со предметните програми. |
| **Предлози за потребни корекции:** | |
| **Оцена на ракописот:** | Адекватен е за предметите: Детска и превентивна стоматологија, Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2 за ДДМ. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 567 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 37 поглавја и содржи 336 слики, 4 графикони и 33 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметите: Детска и превентивна стоматологија, Детска стоматологија 1 и Детска стоматологија 2, примарно наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет.

Во Скопје, 9 мај 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Ќиро Ивановски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ: „ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ИРИГАЦИЈА И МАТЕРИЈАЛИТЕ ЗА ЦЕМЕНТИРАЊЕ ВРЗ ЈАЧИНАТА НА ВРСКАТА НА КОМПОЗИТНОТО КОЛЧЕ СО ДЕНТИНОТ“ ОД Д-Р МАРИЈА АНДОНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 7.IV 2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Андоновска со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ИРИГАЦИЈА И МАТЕРИЈАЛИТЕ ЗА ЦЕМЕНТИРАЊЕ ВРЗ ЈАЧИНАТА НА ВРСКАТА НА КОМПОЗИТНОТО КОЛЧЕ СО ДЕНТИНОТ, во состав: проф. д-р Лидија Поповска (претседател ), проф. д-р Соња Апостолска (ментор), проф. д-р Илијана Муратовска (член) проф. д-р Василка Ренџова (член) и проф. д-р Марина Ефтимовска (член). Комисијата во наведениот состав, внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Андоновска, со наслов: „Влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот“, содржи 90 страници компјутерски обратен текст, во фонт Times New Roman, со единечен (1) проред, големина на буквите 12, 112 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, книги и интернет-ресурси. Текстот е збогатен со 44 табели и 22 графикони, соодветно поврзани во текстот.

Трудот е структуриран во 9 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Трудот обработува актуелна и валидна проблематика, вредна и оправдана за истражување, како од научен така од клинички аспект.

Во воведот на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката, во **првата глава** насловена **Вовед**, укажува дека со овој труд ќе се согледа влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена **Вовед**. Во неа, текстот е содржински јасно структуриран, елабориран и поткрепен со бројни литературни извори. Кандидатката во воведот најпрво го наведува мотивот за ова истражување, односно потребата да се согледа влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот. Прогнозата на ендодонтски лекуваните заби не зависи само од успехот на ендодонтскиот третман туку и од типот на реставрација на самите заби, тие заби се ослабени со самите третмани и со губењето на забната структура, каде што не ретко коронката на забот е деструирана, што бара интервенција со колче во коренот на забот како реставративен процес. Материјалите на база на смола кои се користат за цементирање на колчињата може да бидат под влијание на ириганситe кои се користат во текот на хемиско-механичката обработка при ендодонтскиот третман. Од особено значење се сознанијата за поврзаноста на средствата за иригација кои се користат при работата, со јачината на врската помеѓу композитното колче и дентинот, како и за влијанието на атхзивните системи на оваа врска. Иако е познато дека ириганситe кои се употребуваат при ендодонтска терапија влијаат на атхезијата, сепак помалку е познато како тие влијаат на

врската помеѓу забот и композитното колче. Понатака се наведува целта на докторската дисертација, која се изведува во in vitro услови со прибирање на ексрахирани заби и спроведување на лабораториски испитувања, да се утврди влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот. Од поставените цели на овој докторски труд се евалуира влијанието на средствата за иригација врз јачината на врската на два вида композитни колчиња зајакнати со стакло со дентинот, влијанието на материјалите за цементирање врз јачината на врската на два вида композитни колчиња со дентинот, влијанието на различни атхезивни техники врз јачината на врската на два вида композитни колчиња со дентинот, како и да се види дали постои корелација помеѓу средствата за иригација, атхезивниот систем и јачината на врската.

**Втората глава** го анализира **прегледот на достигнувањата во дадената научна област**. Во него, кандидатката дава исцрпен преглед на голем број истражувања од релевантни автори, користејќи ги искуствата на споменатите автори кои го испитувале влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот.

Во **третата глава** се презентирани **работните хипотези и тези** на истражувањето. Кандидатката ја потврдува поставената хипотеза за влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот, а воедно ги потврдува и работните хипотези дека:

- видот на средството за иригација има значително влијание врз јачината на врската помеѓу композитното колче и дентинот;
- видот на материјалот за цементирање има влијание врз јачината на врската помеѓу композитното колче и дентинот;
- постои корелација помеѓу техниката на цементирање на колчето со јачината на врската помеѓу композитното колче и дентинот;
- постои корелација помеѓу различни видови на компзитни колчиња и јачината на врската;
- различни средствата за иригација во комбинација со различни техники на цементирање имаат различно влијание врз јачината на врската помеѓу композитното колче и дентинот.

Во **четвртата глава** се презентирани **применетите научни методи и начинот на работа** каде што кандидатката го објаснува методолошкиот развој за реализација на поставената цел. Испитувањата се спроведени на Клиниката за болести на забите и ендодонтот во ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ – Скопје и Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ, а лабораториските анализи се направени на Машинскиот факултет при УКИМ, Скопје.

За ова ин витро испитување се користени 72 еднокорени заби (инцизиви и втори премолари со еден корен), екстрахирани од ортодонтски и пародонтолошки причини. При ендодонтскиот третман, коренските канали се подготвени рачно со употреба на техниката „чекор назад“ до апикална големина на ISO 40. По промената на секој инструмент, коренските канали биле испирани со 2 ml 2,5 % раствор на NaOCl. Коренските канали се исушени со хартиени штифтови (Dentsply Maillefer, Tulsa, Okla., USA) и се наполнети со гутаперка и материјал за дафинитивно полнење AH Plus (Dentsply Caulk, Milford, Del., USA) со употреба на техниката на ладно странично набивање. Потоа забите се поделени во шест групи од по 12 заби во зависност од видот на композитното колче, средствата за иригација, атхезивната техника и материјалот за цементирање. Секоја група е поделена во две подгрупи од по шест заби, а јачината на врските се испитуваше на Машинскиот факултет во Скопје.

Добиените податоци се статистички обработени со анализа во Ексел софтверски пакет и се прикажани табеларно со вклучени статистички параметри неопходни за да се донесат заклучоците за направените истражувања. Дескриптивната статистика на добиените резултати е изработена во статистички пакет Excel ANOVA 2016 и SPSS, а јачината на тестот е работена со тестот на истуркување (Push-out тестирање) .

Во **петтата глава** се прикажани **добиените резултати и нивното значење**, презентирани текстуално, табеларно и графички, кои покажаа дека различните ириганси и материјали за цементирање влијаат врз јачината на врската помеѓу композитното колче и дентинот, а со тоа ќе бидат разрешени многу дилеми кои ги имаат стоматолозите, при употребата на најдобра комбинација на ириганс и средство за цементирање на композитно колче, што ќе обезбеди најдобра јачина на врска помеѓу дентинот и колчето. Со статистичка обработка на податоците од добиените резултати се добиени сознанија дека најголема јачина на врската од 2,185 е добиена при користење на композитното колче зајакнато со стаклени влакна GC ever Stick, каде што како средство за иригација е користен ириганост натриум хипохлорид 2,5 % и 17 % EDTA, со примена на техниката на комплетно нагризување со 37 % ортофосфорна киселина во коренскиот канал, а по испирањето и сушењето е нанесен самонагризувачки атхезив Excite (Ivoclar Vivadent Inc., Schaan, Liechtenstein) и двојнополимеризирачки цемент Variolink II (Ivoclar Vivadent Inc., Schaan, Liechtenstein). Најмала јачина на врската е добиена при користење на композитното колче GC Ever Stick, каде што како средство за иригација е користен физиолошки раствор, со примена на техниката на комплетно нагризување со 37 % ортофосфорна киселина во коренскиот канал, а по испирањето и сушењето е нанесен самонагризувачки атхезив Excite (Ivoclar Vivadent Inc., Schaan, Liechtenstein) и двојнополимеризирачки цемент Variolink II (Ivoclar Vivadent Inc., Schaan, Liechtenstein) со вредност 0,568.

Во **шестата глава** е прикажана **примената на резултатите од истражувањето и можните насоки за понатамошно истражување**, каде што е направена компарација на добиените резултати и сознанија, со оние на авторите кои се објавени во меѓународни студии кои ја истражувале истата тематика. Толкувањето на добиените резултати е систематизирано, компарирано со резултатите од останатите истражувачи, покажувајќи ги сличностите и разликите помеѓу нив.

Во **седмата глава**, кандидатката јасно и концизно ги формулира **заклучните согледувања** од спроведената студија, кои се во согласност со целите и анализата и споредбата на добиените резултати од истражувањето. Кандидатката ја заокружува докторската дисертација со пет заклучоци. Од добиените резултати може да се заклучи дека средствата за иригација имаат влијание врз јачината на композитното колче и дентинот (независно од видот на колчето). Значително подобра врска се добива со примена на натриум хипохлорид 2,5 % и 17 % EDTA. Материјалот за цементирање нема влијание на јачината на врската помеѓу композитното колче и дентинот за двата вида испитувани композитни колчиња. Во однос на атхезивните техники, примената на техниката на комлетното нагризување обезбедува подобра јачина на врската во споредба со техниката на самонагризување. Најголема јачина на врската е добиена при користење на композитното колче зајакнато со стаклени влакна GC ever Stick, каде што како средство за иригација користевме натриум хипохлорид 2,5 % и 17 % EDTA, со примена на техниката на комплетно нагризување и двојнополимеризирачкиот цемент Variolink II (Ivoclar Vivadent Inc., Schaan, Liechtenstein). Најмала јачина на врската е постигната при користење на композитното колче GC Ever Stick како средство за иригација користен физиолошки раствор, со примена на техниката на комплетно нагризување и двојнополимеризирачки цемент Variolink II (Ivoclar Vivadent Inc., Schaan, Liechtenstein).

Во оваа докторска дисертација, ириганситe се покажаа како клучни во јачината на врската која се постигнувла помеѓу дентинот и композитното колче без оглед на цементот кој се користел. Генерално може да се заклучи дека од ириганситe кои биле користени во оваaa докторска дисертација зависи јачината на врската, а добиените резултати од ова истражување очекуваме дека ќе дадат придонес за влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитните колчиња со дентинот во клиничката пракса, како и за унапредување на постендодонтскиот третман и коронарната реставрација на забите кои се третираат.

Во **осмата глава** се цитирани, според прифатените стандарди, **82** релевантни **библиографски референци** кои кандидатката ги користела во идејата и оформувањето на овој труд. Користена е современа и релевантна литература, од која значаен дел се најскоро изведени истражувања, што зборува за актуелноста и важноста на обработената тема.

Во **деветтата глава** се дадени **прилози** со биографските податоци за кандидатката.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Анализа на влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Подрачјето во кое е работен овој труд претставува актуелна тема која ќе се рефлектира со научна и клиничка вредност и апликативност. Спроведените истражувања во студијата се прават за првпат во нашата земја и ќе дадат значаен придонес во развојот на научноистражувачката мисла за оваа проблематика не само кај нас, туку и пошироко. Резултатите од ова истражување ќе партиципираат во создавањето на база на податоци кои ќе бидат надградувани со нови истражувања за добивање на нови научни сознанија за влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

За ова ин витро испитување се користени 72 еднокорени заби (инцизиви, втори премолари со еден корен), екстрахирани од ортодонтски и пародонтолошки причини. По подготовката, забите се поделени во шест групи од по 12 заби во зависност од користениот вид на композитно колче, како и од користените средства за иригација, атхезивната техника и материјалот за цементирање. Секоја група била поделена во две подгрупи од по шест заби, како и контролна група.

Испитувањата на јачината на врската помеѓу композитното колче и тврдите забни ткива на примероците биле реализирани со лабораториски анализи со Push-out тест на Машинскиот факултет во Скопје, а резултатите биле забележани по претходна подготовка на примероците за испитување на јачината на врската помеѓу дентинот и композитното колче.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Од добиените резултати од ова испитување можеме да заклучиме дека врската помеѓу композитното колче зајакнато со стаклени влакна и дентинот е најцврста со примена на ириганситe 2,5 % натриум хипохлорид и 17 % EDTA и техниката на комплетно нагризување со ортофосфорна киселина во комбинација со атхезивот Excite и двојнополимеризирачкиот цемент VariolinkII. Заклучно, ириганситe се покажале како клучни во јачината на врската која се постигнувала помеѓу дентинот и колчето без оглед на материјалот за цементирање кој се користел.

Со тоа се докажа дека од ириганситe кои беа користени во оваа докторска дисертација зависи јачината на врската.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Андоновска, со наслов: **Влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот**, претставува истражување во областа на стоматолошките науки, односно денталната патологија. Изработката на оваа докторска дисертација има за цел, преку лабораториски испитувања, да ги проследи ефектите од влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот.

Научниот придонес од ова истражување јасно го објаснува влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитните колчиња со дентинот во клиничката практика, како и унапредување на постендодонтскиот третман и коронарната реставрација на забите кои се третираат.

Докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Андоновска, со наслов: **Влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Marija Andonovska Effect of irrigation agents, adhesive system and bond strength of composite post. JMS 2021; 4 (2):122-128.

2. Andonovska M. The effect of irrigation agents on the bond strength of the composite post with the dentin. Macedonian Dental Review 2020; 43 (4): 137-142.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Главни научни придонеси на кандидатката**. Резултатите од ова истражување очекуваме дека ќе дадат придонес за влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитните колчиња со дентинот во клиничката практика, како и за унапредување на постендодонтскиот третман и коронарната реставрација на забите кои се третираат.

**Подрачје на примена и ограничувања**. Податоците од литературата, надополнети со сопствените истражувања, даваат можност за унапредување на примената на ириганситe кои се употребуваат при ендодонтска терапија и нивното влијание на атхезијата, но сепак помалку е познато како тие влијаат на врската помеѓу забот и композитното колче.

Евалуирајќи го влијанието на средствата за иригација врз јачината на врската на двата вида композитни колчиња со дентинот, материјалите за цементирање врз јачината на врската на два вида композитни колчиња со дентинот, како и влијанието на различни атхезивни техники (самонагризувачки и целосно нагризувачки) врз јачината на врската на двата вида композитни колчиња со дентинот, се укажува на постоењето на корелација помеѓу средствата за иригација, атхезивната техника и јачината на врската.

**Можни понатамошни истражувања**. Во оваа студија се содржани релевантни податоци и факти, за влијанието на различните ириганси и материјали за цементирање врз јачината на врската помеѓу композитното колче и дентинот, а со тоа ќе бидат разрешени многу дилеми кои ги имаат стоматолозите, при употребата на најдобра комбинација на ириганс и средство за цементирање на композитно колче, што ќе обезбеди најдобра јачина на врска помеѓу дентинот и колчето. Воедно и очекуваме дека резултатите од оваа студија ќе имаат важен научен придонес и ќе бидат мотив повеќе за нови истражувања на оваа тема.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р д-р Марија Андоновска со наслов: „Влијанието на средствата за иригација и материјалите за цементирање врз јачината на врската на композитното колче со дентинот“.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Лидија Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Соња Апостолска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Илијана Муратовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Василка Ренцова, с.р.**
**Проф. д-р Марина Ефтимовска, член, с.р.**

***Прилог бр. 4***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЕРТИКАЛНАТА ДЕБЕЛИНА НА ГИНГИВАТА КАКО ФАКТОР ЗА ПЕРИИМПЛАНТНА КОСКЕНА ЗАГУБА“ ОД Д-Р ДАРКО ВЕЛЈАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот фалултет во Скопје, на седницата одржана на 5.5.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Дарко Велјановски со наслов „Вертикалната дебелина на гингивата како фактор за периимплантна коскена загуба“, во состав: проф. д-р Мирјана Поповска (претседател), проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска (ментор), проф. д-р Маја Пандилова (член), проф. д-р Оливер Димитровски (член) и проф. д-р Владимир Поповски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот д-р Дарко Велјановски, со наслов „Вертикалната дебелина на гингивата како фактор за периимплантна коскена загуба“, содржи 119 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и големина на букви 12, со 179 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во осум глави, од кои првата и последната се вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, **првата глава** од докторската дисертација, изложени се предметот и целите на истражувањето, истражувачките прашања, како и теоретската рамка на истражувањето. Тука кандидатот става акцент на морфологијата на периимплантните ткива, која што е специфична и различна од онаа кај природните заби. Тоа е направено со цел да се направи темелен пристап кон етиопатогенезата на коскената загуба како често присутен феномен во денталната имплантологија. Авторот укажува дека состојбата на ткивата околу поставените дентални импланти е зависна од низа фактори. Еден од најважните биолошки фактори за состојбата на периимплантното коскено ткиво е вертикалната дебелина на гингивата. Иако е релативно нов клинички параметар, во последните години таа зазема значаен дел како предмет на истражување во научната литература. Ова научно истражување дава соодветен придонес во разјаснувањето на улогата на вертикалната гингивална дебелина во појавата на непосакувана коскена загуба околу денталните импланти.

**Втората глава** од докторската дисертација, прикажува **преглед на научните достигнувања поврзани со предметот на истражување** и тука се анализираат податоците од научната литература. Во неа кандидатот ја потенцира важноста на објективната радиолошка евалуација на периимплантната коскена загуба и ги анализира радиолошките методи за одредување на коскената загуба присутни во литературата. Прикажана е научната еволуција на клиничките и радиолошки критериуми за успех на денталните импланти од нејзините почетоци до денес. Во оваа глава, кандидатот дава опширен приказ на можните причинители на појавата на коскена загуба. Особено внимание е посветено на досегашните научни сознанија за влијанието вертикалната дебелина на гингивата врз овој клинички феномен.

Во **третата глава** од докторската дисертација, образложени двете поставени научни хипотези. Првопоставената хипотеза на студијата е дека карактеристиката “platform switching” во макрогеометрискиот дизајн на имплантите има потенцијал да ја минимизира коскената загуба без разлика дали имплантите се поставени на места со вертикално тенка или дебела гингива. Второпоставената хипотеза е дека различниот начин на поставување на имплантите со горенаведениот дизајн во однос на коскениот гребен (во ниво – еквикрестално, или под ниво – супкрестално) нема влијание врз коскената загуба кај имплантни места со вертикално тенка и дебела гингива.

**Четвртата глава** од студијата ги презентира **применетите научни методи и начинот на работа** и тука кандидатот целосно го објаснува методолошкиот пристап за реализација на поставените цели. Главата започнува со наведување на применетите инклузиони и ексклузиони за пациентите. Во понатамошниот дел прегледно се објаснети начинот за нивна поделба во групи според клинички измерената вертикална дебелина на гингивата, клиничките методи на поставување на импланти, евалуација на нивната примарна стабилност, типот на употребените сутури и начинот на сутурирање. Објаснети се и видовите на врска имплант-абатмент и различните типови на протески реставрации употребени кај имплантите вклучени во студијата. Детално е објаснет методот на радиолошката евалуација според која е одредено примарното мерило за исходот на студијата (коскената загуба), како и методите на клиничка евалуација за одредување на секундарните мерила за исходот на студијата. На крајот е презентирана статистичката анализа добиените резултати, направена со помош на статистичката програма Prism- Graph Pad за Mac OS. Во статистичката анализа се наведени употребените тестови за одредување на статистичката значајност на коскената загуба кај еквикрестално и супкрестално поставените импланти во испитуваните временски периоди (Tukey HSD) и за мултипни компарации на вредностите на коскена загуба зависно од начинот на врска имплант-абатмент и типот на протетска реставрација (двонасочна ANOVA-тест).

Во **петтата глава** се прикажани **резултатите** од истражувањето направено во рамките на докторската дисертација, како и нивното значење. Добиените податоци се анализирани, статистички обработени и прикажани на 13 табели и 14 графикони. Во првото поглавје се презентирани дескриптивните статистички анализи: диструбуцијата на пациентите според полот, возраста и навиката за пушење, карактеристиките на вертикалната дебелина на гингивата, начинот на поставување на имплантите во однос на коскениот гребен, типот на врска имплант-абатмент и типот на протетската реставрација. Во второто поглавје е направена прикажана статистичката анализа на средните вредности на параметрите со мултипна регресија и корелација меѓу типот на имплантите, местото и начинот на нивното поставување , како и влијанието на дескриптивните карактеристики на имплантите и пациентите врз успехот на имплантирање. Покрај анализата на радиолошките измерените вредности на коскена загуба кај имплантните места со вертикално тенка и дебела гингива, направена е и статистичка анализа на клиничките вредности добиени со пародонтално сондирање, крварењето при сондирање и количината на дентален плак. На крајот на главата е графички прикажана дистрибуцијата на коскена загуба по групи на импланти поставени кај места со различна гингивална дебелина. За сите статистички тестови $p<0,05$ е сметано за статистички значајно, а $p<0,0001$ за високо статистички значајно. Во понатамошниот дел кандидатот ги елаборира добиените резултати од научното истражување во корелација со резултатите од останатите студии од научната литература чии што предмет на истражување е коскената загуба околу денталните импланти. Овде се анализирани присутните научни ставови за влијанието на имплантниот дизајн, типот на врска со протетската супраструктура и начинот на поставувањето на имплантите во однос на коскениот гребен врз појавата на периимплантна коскена загуба. Со оглед на фактот што радиолошкото мерење е применетиот метод за одредување на степенот на коскена загуба, посебен акцент е ставен врз важноста од читливоста и веродостојноста на рентгенските снимки како клинички и научен проблем. Главата завршува со осврт на употребата пародонталните индекси и резултатите добиени со мерење на степенот на коскена загуба за прогноза на евентуалните периимплантни заболувања.

Во **заклучните согледувања**, т.е. во **седмата глава**, кандидатот ја заокружува докторската дисертација со систематизација и наведување на девет конкретни заклучоци што ги содржат најзначајните аспекти од истражувањето. Наведени се и неколкуте ограничувања на научноистражувачката студија. Кандидатот ја потенцира клиничката релевантност на заклучоците, која се состои од можноста од примена на сознанијата на истражувањето во клиничките протоколи за имплантирање со цел да се намали или целосно да се елиминира периимплантната коскена загуба.

Во **осмата глава** е даден **список на користена литература** која авторот ја користел во идејата и оформувањето на овој труд. Користена е современа и релевантна научна литература. Посочени се 179 референци, повеќето со понов датум на објавување од страна на авторитетни научни имиња и во реномирани меѓународни научни списанија.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување е анализа на влијанието на вертикалната дебелина на гингивата на местото на имплантирање врз појавата на коскена загуба кај дентални импланти со “platform switching” опција, поставени на различно ниво во однос на коскениот гребен (еквикрестално или супкрестално), со различен тип на врска имплант-абатмент (заштрафување или цементирање) и различен тип на протетска реставрација (соло, блок коронки или мостови).

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Иако непосакуваната коскена загуба кај денталните импланти е ектензивно обработуван во пошироката научна литература, вертикалната дебелина на гингивата е релативно нов клинички параметар и најважен биолошки фактор за периимплантна коскена загуба. Научната литература не изобилува со податоци за нејзиното влијание врз периимплантното коскено ткиво. Ова особено се однесува на нашето поблиско опкружување, па тоа и дава посебна важност на презентираната докторка дисертација, како прва кај нас со ваков предмет на истражување.

**Краток опис на применетите методи**

Во ова истражување се употребени дентални импланти со “platform switching” карактеристика, еднофазно поставени во беззабите бочни делови на долната вилица. Местата на имплантирање според претходно клинички измерените вредности на вертикалната дебелина на гингивата се поделени на места со вертикално тенка и вертикално дебела гингива. Имплантите се по случаен избор поставени во ниво (еквикрестално) или под ниво (супкрестално) на коскениот гребен. Остеоинтегрираните импланти се реставрирани со соло, блок коронки или мостови на заштрафување или цементирање. Освен веднаш постоперативно (T0), вредностите на коскената загуба се измерени во два временски периода: три месеци постоперативно (T1) и шест месеци по нивната протетска реставрација (T2), со радиолошка евалуација на дигитални периапикални ретнтгенски снимки. Клиничката евалуација на состојбата на периимплантните ткива во временскиот период T2 е направена со помош на методите на пародонтално сондирање, крварењето при сондирање и присуството на дентален плак, а добиените вредности класифицирани според пародонталните индекси.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од студијата покажале дека кај имплантните места со вертикално дебела гингива има статистички значајно помала загуба на коскено ткиво отколку кај местата со вертикално тенка гингива ($p<0,001$). Поставувањето на имплантите под нивото на коскен гребен (супкрестално) кај места со вертикално тенка гингива резултира со статистички значајна помала коскена загуба отколку поставувањето во ниво на коскениот гребен (еквикрестално, $p<0,001$). Кај имплантните места со вертикално дебела гингива еквикресталното и супкресталното имплантирање не влијаат врз вредностите коскената загуба. Типот на врска имплант-абатмент, типот на протетска реставрација, полот и пушењето немаат влијание врз вредностите на коскена загуба кај имплантните места со вертикално тенка и дебела гингива. Со зголемување на возраста на пациентите, кај двете испитувани групи (со вертикално тенка и дебела гингива), статистички значајно се зголемуваат вредностите на коскена загуба кај поставените дентални импланти ($p<0,001$).

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот д-р Дарко Велјановски, со наслов „Вертикалната дебелина на гингивата како фактор за периимплантна коскена загуба“, претставува истражување во областа на пародонтологијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да го процени влијанието на вертикалната дебелина на гингивата врз појавата на коскена загуба кај импланти со “platform switching” опција, поставени на различно ниво во однос на коскениот гребен и функционално оптоварени со различни типови на заштрафени или цементирани протетски реставрации. Научниот придонес на дисертацијата е во расветлувањето на улогата на вертикалната гингивална дебелина како биолошки фактор во појавата на периимплантна коскена загуба. Научните сознанија од дисертацијата имаат потенцијал за успешна клиничка примена со цел да се постигне стабилно коскено ткиво околу денталните импланти, како предуслов за долготрајност на имплантната терапија.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Дарко Велјановски, со наслов „Вертикалната дебелина на гингивата како фактор за периимплантна коскена загуба“, според мислењето на

Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автори: **Дарко Велјановски**, Денис Бафтијари, Зоран Шушак, Анета Атанасовска – Стојановска, **“Implant site guided bone regeneration and pontic site ridge preservation: a case report”**, Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2021 Oct 26;42(2):103-108.

[2]. Автори: **Дарко Велјановски**, Анета Атанасовска – Стојановска, Александра Пивкова – Велјановска, Eitan Mijiritsky, Curd Bollen, **“The vertical soft tissue thickness and subcrsestal implant placement as factors for peri-implant crestal bone stability”**, Open Access Maced J Med S. 2021 Nov 03;9(D): 257-263.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Главни научни придонеси на кандидатот**. Резултатите од ова истражување очекуваме да имаат придонес во сознавањето на влијанието на вертикалната дебелина на гингивата врз појавата на коскена загуба кај денталните импланти.

**Подрачје на примена и ограничувања**. Добиените резултати од истражувањето, заедно со податоците од литературата, даваат релевантни научни сознанија за факторите што ја детерминираат состојбата на периимплантното коскено ткиво, меѓу кои вертикалната гингивална дебелина е еден од најважните. Доволната вертикална дебелина на гингивата е предуслов за долготрајна стабилност на имплантите, а нивното поставување под нивото на коскен гребен (супкрестално) кај имплантни места со вертикално тенка гингива ја намалува коскената загуба. Овие сознанија применети во клиничката пракса можат значително да подобрат долготрајниот успех на терапијата со дентални импланти.

**Можни понатамошни истражувања**. Докторката дисертација отвора широка можност за понатамошни истражувања на врската меѓу периимплантната коскена загуба, вертикалната гингивална дебелина, дизајнот на имплантите и начинот на нивното поставување во однос на коскениот гребен. Во досегашните истражувања, вклучително и во оваа студија, применетата методологија на периапикални снимања не дава приказ на коскената загуба на букалната и лингвалната страна на имплантите, иако тој има циркумферентна морфологија. Со унапредување на техниките на радиолошка евалуација, идните истражувања би можеле да се концентрираат на овој аспект за анализа на вредностите на коскена загуба. Понатаму, временскиот период на иследување би можел да се продолжи со цел попрецизно да се утврди влијанието на временскиот фактор во состојбата на периимплантните ткива.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **д-р Дарко Велјановски** со наслов „Вертикалната дебелина на гингивата како фактор за периимплантна коскена загуба“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Маја Пандилова, член, с.р.**
**Проф. д-р Оливер Димитровски, член, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Поповски, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## На теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 5. 5. 2022 година

| Кандидат | Тема | Ментор | Одлука од Научен совет |
|---|---|---|---|
| Д-р Валдета Османи | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,, Влијанието на агнезата на третите молари врз развитокот и ерупцијата на соседните втори молари”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** ,, The influence of congenitally missing third molars on the development and eruption of adjacent second molars” . | Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска | Бр. 02-1271/1 од 5. 5. 2022 |
| Д-р Амела Цана | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,, Влијанието на хлорхексидин растворот врз гингивалното здравје кај пациенти со фиксни ортодонтски апарати”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** ,, Influence of chlorhexidine mouthwash on gingival health in orthodontic patients with fixed appliances ”. | Проф. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска<br><br>Коментор Проф. д-р Силвана Георгиева | Бр. 02-1268/1 Од 5. 5. 2022 |
| Д-р Харбин Бафтијари | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:** ,,Застапеност на ортодонтските неправилности и лошите навики во млечната дентиција, кај предшколски деца во Полошки регион, Р.С. Македонија”.<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:** ,,Prevalence of orthodontic malloclusions and bad habits in deciduous dentition in preschool children from the Polog region, R.N. Macedonia”. | Проф. д-р Ирена Гавриловиќ | Бр. 02-1272/1 Од 5. 5. 2022 |

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

**1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Д-р Петар Јанкуловски | Оклузална анализа на вредности и дистрибуција на оклузални сили кај испитаници со парцијална беззабост I класа според Kennedy | Occlusal analysis of the values and distribution of occlusal forces in subjects with Kennedy I class partial edentulism | Проф.д-р Јадранка Бундевска | 5.5.2022 02-1119/3 |
| 2. | Д-р Александар Стаматоски | Евалуација на нивото на саливарни и серумски биомаркери кај пациенти со орален планоцелуларен карцином | Evaluation of salivary and serum biomarker levels in patients with primary oral squamous cell carcinoma | Проф.д-р Даница Поповиќ Моневска | 5.5.2022 02-1112/3 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ФИЗИЧКА МЕТАЛУРГИЈА, ИСПИТУВАЊЕ НА МЕТАЛИ И МИНЕРАЛОГИЈА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Технолошко-металуршки факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 29.3.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-741/1, од 3.5.2022, донесена на 3. редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јон Магдески, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Ружица Манојловиќ, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје и д-р Благој Ризов, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија, во предвидениот рок се пријави д-р Дафинка Стоевска-Гоговска, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет.

**Биографски податоци и образование**

Кандидатката д-р Дафинка Стоевска-Гоговска е родена на 6.1.1966 год. во с. Дубровница, Крива Паланка.

Основното и средното образование го завршила во Крива Паланка со одличен успех.

Во 1984 година се запишала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Дипломирала во 1989 година со одбрана на дипломската работа под наслов: „Корозиони и електрохемиски испитувања со помош на техниката на броење меури.“

Магистрирала на 11.5.1999 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, насока: електрохемиско инженерство, со одбрана на магистерскиот труд под наслов: „Тестирање/атестирање на материјали и производи на стареење во услови на природна експлоатација“.

Докторска дисертација пријавила на 30.4.2009 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Синтеза и карактеризација на метал-металоксидни наноструктурирани електродни материјали за електролиза на вода“ ја одбранила на 12.5.2012 година пред Комисија во состав: д-р Перица Пауновиќ, вонреден професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, ментор, д-р Светомир Хаџи Јорданов, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, д-р Александар Димитров, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, член, д-р Орце Поповски, вонреден професор, Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“, Скопје, член и д-р Јон Магдески, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по технички науки.

Во периодот од 1992 до 2002 година била вработена во Центарот за примена на радиоизотопи во науката и стопанството „Скопје“ – Скопје.

Во 2006 година е избрана за асистент по предметите: Физичка металургија, Испитување на металите и Термичка обработка, а во 2009 година е реизбрана за асистент по предметите: Физичка металургија 1, Физичка металургија 2, Испитување на металите, Фазни рамнотежи и фазни трансформации, Термичка обработка, Испитување без разрушување, Селекција и примена на метални материјали.

Во 2012 година, избрана е за доцент по предметите: Минералогија и кристалографија, Метални материјали, Квантитативна металографија, Испитување без разрушување, Селекција и примена на метални материјали, Специјални челици и Специјални легури.

Во 2017 година избрана е за вонреден професор во научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија.

Во моментот е вонреден професор по предметите: Минералогија и кристалографија, Метални материјали, Квантитативна металографија, Специјални челици и легури, Испитување без разрушување и Селекција и примена на метални материјали. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1146 од 15.5.2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, објавени во Билтен бр. 1146, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Технолошко-металуршки факултет, кандидатката д-р Дафинка Стоевска-Гоговска изведува настава и вежби по предметите: Минералогија и кристалографија, Метални материјали, Квантитативна металографија, Специјални челици и легури, Испитување без разрушување и Селекција и примена на метални материјали на прв циклус студии на студиската програма Металургија, дизајн и менаџмент; Структура и својства на материјали и Примена и избор на материјали на прв циклус студии на студиската програма Инженерство на материјали и нанотехнологии.

На втор циклус студии, кандидатката е вклучена во наставата по предметите: Термичка обработка на метални материјали и Современи постапки за површинска термичка обработка на металите, на студиската програма Металургија и метални материјали, а на трет циклус студии во наставата по предметите: Структура и својства на метални материјали и Водородна економија на студиската програма Металургија.

Учествувала како член во комисија за одбрана на 3 дипломски труда.

Кандидатката е автор на рецензирано учебно помагало под наслов „Квантитативна металографија“ – практикум (за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет), издадено 2021 година на Технолошко-металуршкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Дафинка Стоевска-Гоговска има објавено вкупно 7 научни трудови, од кои 1 научен труд во научно списание кое е индексирано во електронска база на списанија, 3 труда во меѓународни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 3 труда во зборници од научни собири.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, и тоа: Наставно-научен совет на Факултетот; член на Институтот за преработувачка металургија; член на Колегиумот за металургија; раководител на Советот на трет циклус студии на студиската програма Металургија; член на Комисија за дипломски работи; член на Комисија за избор на декан; член на Комисија за самоевалуација.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Дафинка Стоевска-Гоговска позитивно е оценета од анонимно спроведената анкета на студентите на Технолошко-металуршкиот факултет.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дафинка Стоевска-Гоговска, вонреден професор.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Дафинка Стоевска-Гоговска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,

ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Дафинка Стоевска-Гоговска да биде избрана во звањето редовен професор во научните области: физичка металургија, испитување на метали и минералогија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јон Магдески, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**
**Проф. д-р Ружица Манојловиќ, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**
**Проф. д-р Благој Ризов, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

**Кандидат**: Дафинка Гроздан Стоевска-Гоговска
**Институција**: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Технолошко-металуршки факултет – Скопје

**Научни области**: физичка металургија, испитување на метали, минералогија

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | / |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: физичка металургија, испитување на метали, минералогија.<br>Подрачје: техничко-технолошки науки. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да (види Образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Engineering& Processing Management<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCOhost, DOAJ<br>3. Наслов на трудот: Air-thermal oxidation of zirconium<br>4. Година на објава: 2017 | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: KNOWLEDGE – International Journal<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 19; N.Macedonia 4; Serbia 4; Bulgaria 5; Croatia 1; Albania 1; Kosovo 1; Montenegro 2; Romania 1<br>3. Наслов на трудот: Air-thermal oxidation of copper<br>4. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на научното списание: KNOWLEDGE – International Journal | да |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
| --- | --- | --- |
| | 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 19; N.Macedonia 4; Serbia 4; Bulgaria 5; Croatia 1; Albania 1; Kosovo 1; Montenegro 2; Romania 1<br>3. Наслов на трудот: Tempering kinetics of C.1730 steel<br>4. Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Formal Sciences: Current and Future Research Trends<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 18; India 10; Turkey 1; Indonesia 1; Italy 2; USA 1; UK 1; Georgia 1; Syria 1<br>3. Наслов на трудот: Atmospheric corrosion of copper, interpretation and modeling<br>4. Година на објава: 2022 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Proceedings XIX YuCorr<br>2. Назив на меѓународниот собир: YuCorr<br>3. Имиња на земјите: Serbia, Montenegro, Macedonia, Bosnia and Herzegovina, Germany, Croatia, Bulgaria, Slovenia, Poland<br>4. Наслов на трудот: Electrochemical behavior of zirconium in NaOH solutions<br>5. Година на објава: 2017<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings 49th International October Conference on Mining and Metallurgy<br>2. Назив на меѓународниот собир: International October Conference on Mining and Metallurgy<br>3. Имиња на земјите: Serbia, Macedonia, Romania, USA, Slovenia, Bulgaria, Germany, Greece, Canada, Turkey, Hungary, Finland, Japan, Bosnia and Herzegovina, Montenegro, Poland, Portugal, Sweden, Croatia,Russia, Slovakia, China, Australia<br>4. Наслов на трудот: Quality of hot rolled thin steel plates<br>5. Година на објава: 2017 | да |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Квантитативна металографија, практикум<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2021 | да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15 мај 2017, бр. 1146 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Дафинка Стоевска-Гоговска
**Институција:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Технолошко-металуршки факултет – Скопје
**Научни области:** физичка металургија, испитување на метали, минералогија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава – прв циклус студии (ч·нед.·0,04)** | |
| 1.1 | Минералогија и кристалографија, III семестар (2 часа) | 6,0 |
| 1.2 | Метални материјали , VI семестар (2 часа) | 2,4 |
| 1.3 | Метални материјали , II семестар (2 часа) | 6,0 |
| 1.4 | Квантитативна металографија, VI семестар (2 часа) | 2,4 |
| 1.5 | Испитување без разрушување, VII семестар (2 часа) | 4,8 |
| 1.6 | Специјални челици и легури, VIII семестар (2 часа) | 2,4 |
| 1.7 | Структура и својства на материјали, V семестар, ½, (3 часа) | 2,7 |
| 1.8 | Селекција и примена на метални материјали, VIII семестар (2 часа) | 1,2 |
| 1.9 | Проект (Минералогија и кристалографија), IV семестар (1 час) | 0,6 |
| 1.10 | Специјални легури, VIII семестар (2 часа) | 2,4 |
| 1.11 | Примена и избор на материјали, VIII семестар (2 часа) | 4,8 |
| **2.** | **Одржување на вежби – прв циклус студии (ч·нед.·0,03)** | |
| 2.1 | Минералогија и кристалографија, III семестар (2 часа) | 4,5 |
| 2.2 | Метални материјали, VI семестар (2 часа) | 1,8 |
| 2.3 | Квантитативна металографија, VI семестар (2 часа) | 1,8 |
| 2.4 | Испитување без разрушување, VII семестар (2 часа) | 3,6 |
| 2.5 | Специјални челици, VIII семестар (2 часа) | 1,8 |
| 2.6 | Структура и својства на материјали, V семестар, ½, (2 часа) | 1,35 |
| 2.7 | Селекција и примена на метални материјали, VIII семестар (2 часа) | 0,9 |
| 2.8 | Проект (Минералогија и кристалографија), IV семестар (2 часа) | 1,8 |
| 2.9 | Специјални легури, VIII семестар (2 часа) | 1,8 |
| 2.10 | Примена и избор на материјали, VIII семестар (2 часа) | 3,6 |
| **3.** | **Консултации со студенти (број·0,002)** | |
| | 114х0,002 | 0,228 |
| **4.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (број·0,1)** | |
| | Член на комисија за одбрана на три дипломски работи | 0,3 |
| **5.** | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум** | |
| | Квантитативна металографија, практикум | 4 |
| **6.** | **Интерна скрипта од вежби** | |
| | Методологија и оптимизација на експерименти | 3 |
| | Примена на програмски пакети во инженерство | 3 |
| | **Вкупно** | **69, 178** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет** | |
| 1.1 | Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, Dafinka Stoevska Gogovska, Air-thermal oxidation of zirconium, Journal of Engineering & Processing Management, 9 (1), 81-85 (2017), DOI 10.7251/JEPM1709081K | 4,0 |
| **2.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови** | |
| 2.1 | Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic, Air-thermal oxidation of copper, KNOWLEDGE - International Journal, Vol.19.4 (2017), p. 1585-1589 | 4,0 |
| 2.2 | Ružica Manojlović, Jon Magdeski, Blagoj Rizov, Dafinka Stoevska-Gogovska, Zagorka Koneska, Tempering kinetics Č.1730 steel, KNOWLEDGE - International Journal, Vol. 23.3 (2018), p. 767-772 | 3,0 |
| 2.3 | Dafinka Stoevska-Gogovska, Atmospheric corrosion of copper, interpretation and modeling, International Journal of Formal Sciences: Current and Future Research Trends, 13(1), 74-86 (2022) | 5,0 |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| 3.1 | Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, Dafinka Stoevska-Gogovska, Electrochemical behavior of zirconium in NaOH solutions, XIX YuCorr International conference, p. 233-237, Tara, 2017 | 4,0 |
| 3.2 | Ružica Manojlović, Ratko Ilievski, Blagoj Rizov, Dafinka Stoevska-Gogovska, Zagorka Koneska, Quality of hot rolled thin steel plates, 49th International Octobar Conference on Mining and Metallurgy, p. 202-205, Bor Lake, Serbia, 2017 | 3,0 |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| 4.1 | Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic, Anodic behavior of zirconium in NaOH solutions, VIII International Metallurgical Congress, p. 1-5, (2018) | 2,4 |
| **5.** | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | |
| 5.1 | Dafinka Stoevska-Gogovska, Zagorka Koneska, Ruzica Manojlovic, Thermal oxidation of low carbon steel, VIIIth International Metallurgical Congress, Book of abstracts PDMP-9, p. 49, Ohrid, 2018 | 1 |
| 5.2 | Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic, Zagorka Koneska, Blagoj Rizov, Jon Magdeski, Heat treatment of medium carbon steel, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | VIIIth International Metallurgical Congress, Book of abstracts PDMP-10, p. 50, Ohrid, 2018 | |
| 5.3 | Ruzica Manojlovic, Blagoj Rizov, Zagorka Koneska, Dafinka Stoevska-Gogovska, Jon Magdeski, Mathematical Modelling of mechanical properties of low-carbon steel sheets, VIIIth International Metallurgical Congress, Book of abstracts PDMP-11, p. 51, Ohrid, 2018 | 1 |
| 5.4 | Ruzica Manojlovic, Jon Magdeski, Blagoj Rizov, Dafinka Stoevska-Gogovska, Zagorka Koneska, Influence of heat treatment on the mechanical properties of steel sheets, VIIIth International Metallurgical Congress, Book of abstracts PDMP-13, p. 53, Ohrid, 2018 | 1 |
| 5.5 | Dafinka Stoevska-Gogovska, Ruzica Manojlovic, Analysis of certain mechanical, physical and thermodynamic properties of metals and polymer materials, ICONSAD `21, Book of abstracts, p. 1074, 2021 | 1 |
| 5.6 | Dafinka Stoevska-Gogovska, Effect of tempering temperature on medium carbon steel properties, ICONSAD `21, Book of abstracts, p. 1121, 2021 | 1 |
| | **Вкупно** | **31,40** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир = број·1** | |
| | Член на Организационен одбор на VIII$^{th}$ International Metallurgical Congress, 2018 | 1 |
| **2.** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Институт за преработувачка металургија, 2017 – 2021 | 2,5 |
| | Член на научниот колегиум за студиската програма Металургија и метални материјали – втор циклус | 2,5 |
| | Член на Наставно-научен совет на Технолошко-металуршки факултет, Скопје | 2,5 |
| | Член на Комисија за дипломски работи | 0,5 |
| | Член на Пописна комисија на Институтот за преработувачка металургија, 2017 – 2021 | 2,5 |
| | Член на Здружение на металурзи на Македонија | 0,5 |
| | Член на Сојузот на хемичари и технолози на Македонија | 0,5 |
| | Член на Комисија за самоевалуација | 0,5 |
| **3.** | **Раководител на постдипломски или докторски студии** | |
| | Раководител на Советот на трет циклус студии, студиска програма: Металургија | 2 |
| **4.** | **Учество во промотивни активности на Факултетот, 2018** | 0,5 |
| | **Вкупно** | **15,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 69,178 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 31,40 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 15,5 |
| **Вкупно** | **116,078** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јон Магдески, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**
**Проф. д-р Ружица Манојловиќ, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**
**Проф. д-р Благој Ризов, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, Скопје**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТЕКСТИЛНО МЕХАНИЧКО ИНЖЕНЕРСТВО И ХЕМИЈА НА ТЕКСТИЛОТ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 15.3.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области текстилно механичко инженерство (22301) и хемија на текстилот (22302), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-574, донесена на 5.4.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Магдалена Пренцова, редовен професор во пензија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Игор Јодранов, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Биљана Манговска, редовен професор во пензија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области текстилно механичко инженерство (22301) и хемија на текстилот (22302) - 1 извршител, во предвидениот рок се пријави само д-р Емилија Тошиќ, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Емилија Тошиќ е родена на 26.2.1984 година, во Штип. Средно образование завршила во Штип, во средното текстилно училиште „Димитар Мирасчиев“, во 2002 година. Со високо образование се стекнала на Технолошко-металушкиот факултет во Скопје, на насоката конфекциско инженерство, во учебната 2006/2007 година. Дипломирала на 21.5.2007 година, со просечен успех 8,68.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на студиската програма Хемиско текстилно инженерство. Студиите ги завршила во 2010 година, со просечен успех 9,42. На 23.6.2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Оптимизација на процесот доработка на плетенини од памук*, со што се стекнала со научниот степен магистер на технички науки од областа хемија на текстилот.

Докторска дисертација пријавила на 19.9.2013 година на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Еколошки памучни биоактивни материјали на база на хитозан* ја одбранила на 9.6.2017 година, пред Комисија во состав: д-р Игор Јорданов, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Биљана Манговска, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Весна Димова, редовен професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Милена Петровска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Невенка Величкова, вонреден професор на Факултет за медицински науки во Штип при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на техничко-технолошки науки – технологија.

На 5.9.2017 година е избрана во звањето насловен доцент, а на 18.9.2018 година е избрана во звањето доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје во областите текстилно механичко инженерство (22301) и хемија на текстилот (22302).

Во моментот е доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1150 од 14.7.2017 година и во Билтен бр. 1174 од 15.8.2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1015 од 15.9.2011 година, бр. 1085 од 15.10.2014 година, бр. 1150 од 14.7.2017 година и бр. 1174 од 15.8.2018 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Технолошко-металуршки факултет, кандидатката д-р Емилија Тошиќ изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Дизајн и инженеринг на облеката (задолжителни предмети: Структура и дизајн на преѓите и Испитување на текстилот, изборни предмети: Печатење на текстилот, Неткаен текстил и Специјални преѓи) и на втор циклус студии на студиските програми Текстилна хемиска технологија и екологија (предмет: Менаџирање на текстилен отпад) и Инженерство на животна средина (предмет: Влијание на текстилната индустрија врз животната средина).

Кандидатката била ментор на 2 дипломски труда.

Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 9 дипломски трудови.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Емилија Тошиќ има објавено вкупно 9 научни трудови, од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 1 труд во меѓународно научно списание и 4 труда во зборници од научни собири. Исто така, кандидатката објавила 1 апстракт во зборник на конференција.

Д-р Емилија Тошиќ била раководител на 1 национален научен проект, финансиран од УКИМ во Скопје. Кандидатката била учесник во 1 меѓународен научен проект.

Д-р Емилија Тошиќ има едно учество со усна презентација на научен собир.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Емилија Тошиќ активно е вклучена во стручно-применувачката работа на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Кандидатката д-р Емилија Тошиќ остварила експертски активности во изготвување на 7 технички извештаи.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, и тоа: претседател на Комисија за изготвување на соодветни предлози за регулирање на издавање на учебници и учебни помагала на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, член на Изборна комисија за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје за 2019 и 2021/2022 година, член на Наставно-научниот совет на Факултетот, член на Колегиумот за текстлна хемиска технологија и екологија, член на Колегиумот за менаџмент на конфекциски процеси, член на Институтот за текстилно инженерство и член на пописна комисија при Институтот за текстилни инженерство.

Д-р Емилија Тошиќ активно учествувала во промотивните активности и презентации, организирани од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Била член на 3 рецензентски комисии за избор на стручни соработници.

Во изборниот период, д-р Емилија Тошиќ учествувала во изготвување и пријавување на 1 национален научен проект.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Емилија Тошиќ, за периодот од избор во звањето доцент до поднесувањето на пријавата, 2017 – 2022 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите на Технолошко-металуршкиот факултет согласно со извештаите за самоевалуација на Факултетот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Емилија Тошиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Емилија Тошиќ поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: текстилно механичко инженерство (22301) и хемија на текстилот (22302).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, д-р Емилија Тошиќ да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области: текстилно механичко инженерство (22301) и хемија на текстилот (22302).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Магдалена Пренџова (во пензија), с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје**
**Проф. д-р Игор Јорданов, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје.**
**Проф. д-р Биљана Манговска (во пензија), с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Емилија Радован Тошиќ**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Технолошко-металуршки факултет**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **текстилно механичко инженерство (22301)**
**хемија на текстилот (22302)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,68. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,42. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на техничко-технолошки науки – технологија Назив на научната област: хемија на текстилот, поле: текстилна технологија, подрачје: техничко-технолошки науки. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да (в. Образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | да |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | да |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – насловен доцент: 14 јули 2017 година, Билтен бр. 1150 и доцент: 15 август 2018 година, Билтен бр. 1174 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Емилија Радован Тошиќ**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Технолошко-металуршки факултет**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **текстилно механичко инженерство (22301)**
**хемија на текстилот (22302)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава – прв циклус студии = ч · нед. · 0.04** | |
| | Текстилни влакна 1 (проект), (2+1), 2017/2018 | 1,2 |
| | Печатење на текстилот (2+0), 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 | 4,8 |
| | Неткаен текстил (2+1), 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 | 4,8 |
| | Испитување на текстилот (3+3), 2020/2021, 2021/2022 | 3,6 |
| | Структура и дизајн на преѓите (3+1), 2020/2021, 2021/2022 | 3,6 |
| 2 | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) - прв циклус студии = ч · нед. · 0.03** | |
| | Текстилни влакна 1 (3+3), 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 | 4,05 |
| | Подготовка и доработка на текстил и облека, (3+2), 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 | 2,7 |
| | Структура и дизајн на преѓите (3+1), 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 | 2,25 |
| | Испитување на текстилот (3+3), 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022 | 6,75 |
| | Текстилни влакна 2 (3+3), 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 | 4,05 |
| | Боење текстил и облека (3+2), 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 | 2,7 |
| | Текстилни влакна 1 (проект), (2+1), 2017/2018 | 0,45 |
| | Неткаен текстил (2+1), 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021 | 1,35 |
| 3 | **Подготовка на нов предмет (предавања=1, вежби-0,5)** | |
| | Испитување на текстилот | 1 |
| | Структура и дизајн на преѓите | 1 |
| 4 | **Консултации со студенти = број · 0,002** | |
| | 2017-2022 вкупно 100 студенти | 0,2 |
| 5 | **Ментор на дипломска работа = број · 0,2** | |
| | Ментроства од 2017 до 2022: 2 | 0,4 |
| 6 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа = број · 0,1** | |
| | Член на комисија за одбрана од 2015 до 2020: 9 | 0,9 |
| | **Вкупно** | **45,8** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Раководител на национален научен проект = број · 6** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Електрокинетички својства на различно оксидиран текстилен материјал како носач на ензими и биополимери, УКИМ, 2019/2020. | 6 |
| **2** | **Учесник во меѓународен научен проект = број · 5** | |
| | COST ACTION CA17107, European network to connect research and innovation efforts on advanced smart textiles, proposer of the action, Dr Ariadna Detrell Domingo, 11 Oktober 2018 - 10 October 2022. | 5 |
| **3** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование = 8 + и.ф.** | |
| | Anita Tarbuk, Katia Grigić, Emilija Toshikj, Daniel Domović, Dejan Dimitrovski, Vesna Dimova, Igor Jordanov, Monitoring of Cellulose Oxidation Level by Electrokinetic Phenomena and Numeric Prediction Model, Cellulose, 27 (6) 3107-3119, 2020, (IF=5,044). | 7,83 |
| | Nina Mladenovic, Petre Makreski, Anita Turbuk, Katia Grgic, Blazo Boev, Dejan Mirakovski, Emilija Toshikj, Vesna Dimova, Dejan Dimitrovski, Igor Jordanov, Improved Dye Removal Ability of Modified Rice Husk with Effluent from Alkaline Scouring Based on the Circular Economy Concept, Processes, 8 (6) 653, 2020, (IF=2,847). | 6,51 |
| | Emilija Toshikj, Anita Tarbul, Katija Grgić, Biljana Mangovska, Igor Jordanov, Influence of Different Oxidizing Systems on Cellulose Oxidation Level: Introduced Groups Versus Degradation Model, Cellulose, 26 (2) 777-794, 2019, (IF = 4,21). | 7,33 |
| | Toshikj Emilija, Jordanov Igor, Dimova Vesna, Mangovska Biljana, Influence of Various Pre-treatment Processes on Selective Oxidation of Cotton Yarns, AATCC Journal of Research, 4 (4) 22-28, 2017, (IF = 0,25). | 4,95 |
| **4** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови = број · 5** | |
| | Emilija Toshikj, Goran Demboski, Igor Jordanov, Biljana Mangovska, Functional Properties and Seam puckering on Cotton Shirt Influenced by Laundering, Tekstilec, 62 (1) 4-11, 2019. | 3 |
| **5** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји = број · 5** | |
| | Nina Mladenovic, Emilija Toshikj, Igor Jordanov, Vesna Dimova, Dejan Dimitrovski, Rice Husk as Bio-Sorbent from Direct Dyes Removal from Aqueous Solution: Kinetic Study, 13$^{th}$ SYMPOSIUM | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | "NOVEL TECHNOLOGIES AND ECONOMIC DEVELOPMENT", October 18-19, Leskovac, Serbia, 2019, pp. 83-87. | |
| | Emilija Toshikj, Goran Demboski, Igor Jordanov, Biljana Mangovska, Seam Puckering of Cotton Shirt After Laundering, 10th International Scientific-Professional Conference, Textile Science and Economy X, May 20-21 Zrenjanin, Serbia, 2019, pp. 100-104. | 3 |
| | Emilija Toshikj, Igor Jordanov, Alkali Sensitivity of Oxy-celluloses, 10th International Scientific-Professional Conference, Textile Science and Economy X, May 20-21 Zrenjanin, Serbia, 2019, pp. 105-108. | 4,5 |
| | Nina Mladenovic, Emilija Toshikj, Igor Jordanov, Vesna Dimova, Dejan Dimitrovski, Rice Husk as Bio-absorbent for Direct Dyes Removal from Aqueous Solution: Equilibrium Study, 10th International Scientific-Professional Conference, Textile Science and Economy X, May 20-21 Zrenjanin, Serbia, 2019, pp. 109-113. | 3 |
| **6** | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација) = број · 1** | |
| | Емилија Тошиќ, Павел Димовски, Игор Јорданов, Анализа на ТЕМРО-оксидацијата на памук со статистички методи, Трет семинар „Математика и примени", 14 – 15 декември 2018 година, Институт за математика, Природно-математички факултет, Скопје, СРМ. | 1 |
| 7 | **Апстракт објавен во зборник на конференција = број · 1** | |
| | Nina Mladenovic, Emilija Toshikj, Igor Jordanov, Vesna Dimova, Dejan Dimitrovski, Rice Husk as Bio-sorbent from Direct Dyes Removal from Aqueous Solution: Kinetic Study, 13th SYMPOSIUM "NOVEL TECHNOLOGIES AND ECONOMIC DEVELOPMENT", October 18-19, Leskovac, Serbia, pp. 146. | 1 |
| | **Вкупно** | **56,12** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија = број · 1** | |
| | Мавис-Штип, Испитување на формалдехид - Дел 1: Слободен и хидролизиран формалдехид (метод со екстракција) по стандард EN ISO 14184-1:1998, 23.5.2018. | 1 |
| | Зип Зап ДОО Скопје, Испитување по ISO 5077:2007 и EN ISO 12127:2007, 23.3.2018. | 1 |
| | АЛБАТРОС ДОО ШТИП, Испитување pH на воден екстракт од кошули по стандард ISO 3071:1980, 13.3,2018. | 1 |
| | АЛБАТРОС ДОО ШТИП, Испитување pH на воден екстракт од кошули кошули по стандард ISO 3071:1980, 20.4,2018. | 1 |
| | ЕВН, Испитување по стандард EN ISO 105-JO1:2010, EN ISO 105-EO1:2011, EN ISO 105-EO4:2011, 21.5.2018. | 1 |
| | Maximum Image BVA, Belgium, Испитување по стандард ISO 105-JO1:1997, 26.3.2018. | 1 |
| | Maximum Image BVA, Belgium, Испитување по стандард ISO 6330:2012, ISO 5077:2007 и ISO 105-JO1:1997, 4.4.2018. | 1 |
| **2** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (носител – 1, соработник=0,5)** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Електрокинетички својства на различно оксидиран текстилен материјал како носач на ензими и биополимери, УКИМ, 2019/2020 (носител). | 1 |
| 3 | **Учество во промотивни активности на Факултетот = број · 0,5** | |
| | Промоција на наставните програми на Факултетот, 2017/2018 и 2018/2019. | 1 |
| | Научно истражувачка текстилна лабораторија, промоција на Текстилната лабораторија пред учениците од средните школи на СРМ, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2017/2018. | 0,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4 | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.) = број · 2** | |
| | MC member за COST ACTION CA17107, European network to connect research and innovation efforts on advanced smart textiles, proposer of the action, 2018-2022. | 2 |
| 5 | **Член на факултетска комисија = број · 0,5** | |
| | Комисија за иготвување на соодветни предлози за регулирање на издавање на учебници и учебни помагала на Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2021. | 0,5 |
| | Изборна комисија за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2019 и 2021/2022. | 1 |
| | Член на Наставно-научниот колегиум за втор циклус за студиската програма Текстилна хемиска технологија и екологија, ТМФ, 2020/2021 и 2021/2022. | 1 |
| | Член на Наставно-научниот колегиум за втор циклус за студиската програма Менаџмент на конфекциски процеси, ТМФ, 2020/2021 и 2021/2022. | 1 |
| | Член на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2017 – 2022. | 2,5 |
| | Член на Институтот за текстилно инженерство, 2017 – 2022. | 2,5 |
| | Член на пописна комисија при Институтот за текстилно инженерство, 2017 – 2022. | 2,5 |
| 6 | **Член на комисија за избор во звање = број · 0,2** | |
| | Член на Рецензентска комисија за избор на стручен соработник – асистент во наставно-научната област: текстилно механичко инженерство (22301), Одлука бр. 02-1602/1 од 29.11.2021 година. | 0,2 |
| | Член на Рецензентска комисија за избор на стручен соработник – асистент во наставно-научните области: хемија на текстилот (22302) и текстилни и технички влакна (22300), Одлука бр. 02-1601/1 од 29.11.2021 година. | 0,2 |
| | Член на Рецензентска комисија за избор на стручен соработник – лаборант на Институтот за текстилно инженерство, Одлука бр. 02-1706/1 од 29.11.2021 година. | 0,2 |
| | **Вкупно** | **23,1** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **45,8** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **56,12** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **23,1** |
| **Вкупно** | **125,02** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Магдалена Пренџова (во пензија), с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје**
**Проф. д-р Игор Јорданов, с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје.**
**Проф. д-р Биљана Мангoвска (во пензија), с.р.**
**Технолошко-металуршки факултет, УКИМ, Скопје**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (ФВМ – Скопје), објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 5.4.2022 година, за избор на асистент во наставно-научната област заразни болести, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-594/5, донесена на 27.4.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Кирил Крстевски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Лејла Велиќ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Сараево и проф. д-р Игор Џаџовски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Членот на рецензентската комисија од Универзитетот во Сараево, проф. д-р Лејла Велиќ, го познава македонскиот јазик.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент во научната област заразни болести, во предвидениот рок се пријави Иван Матевски, ДВМ.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот Иван Матевски е роден на 7.7.1993 во Битола. Средно образование завршил во СОУ „Јосип Броз Тито“ во Битола, во 2012 година. Со високо образование се стекнал на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, каде што се запишал на 14.9.2012 година. Дипломирал на 16.10.2020 година, со просечен успех 9,0.

Кандидатот се служи со англиски јазик со ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), (Уверение бр. 03-699/2 од 8.4.2022, издадено од УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје). Активно се служи со Microsoft Office-пакетот.

### НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, кандидатот Иван Матевски бил избран за демонстратор на предметот Заразни болести кај домашните животни во учебната 2018/2019 година (Одлука бр. 0202-171/9 од 13.02.2019 година) и 2019/2020 година (Одлука бр. 0202-1774/5 од 14.10.2019 година).

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Кандидатот Иван Матевски е вклучен во реализација на дел од активностите предвидени со проектот „Addressing the dual emerging threats of African Swine Fever and Lumpy Skin Disease in Europe” (DEFEND). Проектот е финансиран преку програмата HORIZON 2020 на Европската Унија и има за цел да ги разјасни механизмите за појава и ширење на болестите африканска чума кај свињите и јазлеста кожа кај говедата и да обезбеди научна поддршка за креирање соодветни пристапи за успешна контрола на овие болести.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатот Иван Матевски од 20.10.2020 година е ангажиран со договор за дело на ФВМ – Скопје како доктор по ветеринарна медицина (бр. 1381 од 20.10.2020 година). Од почетокот на ангажманот, кандидатот работи во лабораториите на Ветеринарниот институт при ФВМ – Скопје на дијагностика на голем број заразни заболувања кај домашните и дивите животни, како и заболувања кај милениците.

Кандидатот реализирал две обуки. Во 2019 година бил учесник во обука за лабораториска дијагностика на болеста чума кај малите преживари, организирана од Европската референтна лабораторија за оваа болест (Институтот Cirad, Франција). Втората реализирана обука е за мерки за подготвеност и успешно справување со болеста африканска чума кај свињите, организирана од Организацијата за храна и земјоделство (Food and agriculture organization).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на Иван Матевски, ДВМ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека Иван Матевски, ДВМ, поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област заразни болести.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Иван Матевски, ДВМ, да биде избран во звањето асистент во научната област заразни болести.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Кирил Крстевски, с.р.**
**Проф. д-р Лејла Велиќ, с.р.**
**Проф. д-р Игор Џаџовски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Иван Владимир Матевски**
**Институција:** **Факултет за ветеринарна медицина – Скопје**
**Научна област:** **ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,0. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик, Б2.<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик.<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот: 8.4.2022. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Кирил Крстевски, с.р.**
**Проф. д-р Лејла Велиќ, с.р.**
**Проф. д-р Игор Џаџовски, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ХИРУРГИЈА, ОРТОПЕДИЈА И ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 5.4.2022 година, за избор на еден асистент во наставно-научните области хирургија, ортопедија и офталмологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-594/6, донесена на 27.4.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Пламен Тројачанец, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Ксенија Илиевска, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и проф. д-р Бранко Атанасов, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент во наставно-научните области хирургија, ортопедија и офталмологија, во предвидениот рок се пријави кандидатот Јане Влахов.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот Јане Влахов, ДВМ, е роден на 28.7.1994 година, во Струмица. Средно образование завршил во СОУ „Димитар Влахов“ во Струмица, во 2013 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дипломирал во 2020 година, со просечен успех 8,20.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Како студент, кандидатот Јане Влахов има учествувано на бројни научни конференции, работилници и летни школи. Во периодот од 20 до 21.4.2016 година има земено учество на дводневна обука за поттикнување на младинско претприемаштво, организирано од страна на СПУКМ, АВРМ и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. На 15.5.2016 учествувал на 2. Меѓународна научна конференција на студенти по ветеринарна медицина во Варшава, Полска. Од 22 до 24.9.2016 година учествувал на научниот и практичен дел на 7. Меѓународна конференција „Денови на ветеринарната медицина“, во Струга. Во рамките на студентските активности, во периодот од 30.6. до 3.7.2020 година, како и од 22 до 25.6.2017 година во Златибор има земено учество на студентската Ветеринијада организирана од страна на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград. Во 2017 година учествувал на Летната школа за зоонози во Дубровник, организирана од страна на Ветеринарниот факултет во Загреб. Во периодот од 3 до 14.7.2017 година успешно ја реализирал летната пракса на Факултетот за ветеринарна медицина во Истанбул, Турција. Во периодот од 23 до 27.9.2018 година учествувал на 5. Меѓународен Вет-Истанбул конгрес и 8. Меѓународна научна конференција „Денови на ветеринарната медицина“ во Охрид. Во периодот од 2018 до 2020 година, како член на студентската организација ИВСА, активно учествувал во организирање на едукативниот настан „Денови на вашето миленичe“, во соработка со Факултетот за ветеринарна медицина и поддршка од град Скопје. Во 2019 година, учествувал на „1st International Regenerative Medicine Workshop – Introduction to cell based and paltelet rich plasma (PRP) therapies: Clinical-translation approach“, во организација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како и на работилницата „Промовирање на антимикробното управување во ветеринарната практика за мали животни“.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните остварувања на кандидатот, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во периодот 2019 – 2020 година, согласно со Одлуката на Наставно-научниот совет (бр. 0202-1774/5 од 14.10.2019 година), кандидатот Јане Влахов, како студент на интегрираните прв и втор циклус студии на Факултетот за ветеринарна медицина е избран за демонстратор на предметот Општа хирургија.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**
Кандидатот Јане Влахов има објавено 2 труда:
1. Jane Vlahov, Florina Popovska Percinic, Vladimir Petkov, Monika Dovenska, Martin Nikolovski, Vlatko Ilieski, Lazo Pendovski (2016). Morphological variations of the renal pyramids derange at pig kidney: A study on the S10 sheet plastinated kidney slices, 2$^{nd}$ International Scientific Conference of Veterinary medicine students, Warsaw, Poland, 35.
2. Ksenija Ilievska, Elena Atanaskova Petrov, Filip Trojačanec, Todor Novakov, Miroslav Jovanovski, Jane Vlahov, Plamen Trojačanec (2022). Opstrukcija jednjaka stranim tijelom – prikaz kliničkih slučajeva, Zdravlje životinja br. 3, 89-93.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**
Кандидатот Јане Влахов активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Универзитетската ветеринарна болница при Факултетот за ветеринарна медицина, од 2021 година, каде што претходно волонтира во периодот од 2016 до 2019 година.

Во периодот од 2014 до 2022 година е избран за член на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медиицна во Скопје. Како делегат на Факултетот за ветеринарна медицина, во периодот од 2014 до 2019 година учествувал во работата на Студентскиот парламент при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во периодот 2017 – 2019 е избран за претседател на Студентскиот парламент, додека од 2019 до 2020 година е избран за претседател на Студентското собрание при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во 2020 година е организатор на првата студентска конференција „Глобални климатски промени (СКГКП)“ во РС Македонија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**
Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот Јане Влахов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека Јане Влахов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во наставно-научните области: хирургија, ортопедија и офталмологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Јане Влахов да биде избран во звањето **асистент** во научните области: хирургија, ортопедија и офталмологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Пламен Тројачанец, с.р.**
**Проф. д-р Ксенија Илиевска, с.р.**
**Проф. д-р Бранко Атанасов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Јане Иле Влахов
**Институција:** Факултет за ветеринарна медицина – Скопје
**Научна област:** **ХИРУРГИЈА, ОРТОПЕДИЈА И ОФТАЛМОЛОГИЈА**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,20. | **Да** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски.<br>2. Назив на документот: Уверение на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).<br>3. Издавач на документот: Деканат на Филолошки факултет „Блаже Конески”, Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот: 8.4.2022 година. | **Да** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Пламен Тројачанец, с.р.**
**Проф. д-р Ксенија Илиевска, с.р.**
**Проф. д-р Бранко Атанасов, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МИКРОБИОЛОГИЈА И ИМУНОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 5.4.2022 година, за избор на асистент во наставно-научните области микробиологија и имунологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-594/3, донесена на 27.4.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Славчо Мреношки, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Искра Цветковиќ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и проф. д-р Кирил Крстевски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент во научните области микробиологија и имунологија, во предвидениот рок се пријави Ивана Арсовска, ДВМ.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Ивана Арсовска е родена на 6.9.1994, во Кавадарци. Средно образование завршила во СОУ „Добри Даскалов“ во Кавадарци, во 2013 година. Со високо образование се стекнала на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, каде што се запишала на 15.9.2013 година. Дипломирала на 4.10.2020 година, со просечен успех 8,25. По дипломирањето стажирала на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во Универзитетската ветеринарна болница.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик со ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), (Уверение бр. 03-697/2 од 8.4.2022 издадено од УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје). Активно се служи со Microsoft Office пакет.

### НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, кандидатката Ивана Арсовска била избрана за демонстратор на предметот Биологија и патологија на дивеч во учебната 2019/2020 година (Одлука бр. 0202-1774/5 од 14.10.2019 година).

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Кандидатката Ивана Арсовска учествувала во проектот OIE Junior Ambassador Project 2018-2019 на Светската организација за здравје на животните (OIE), во соработка со интернационалната ветеринарна студентска организација (IVSA), со цел за подигнување на јавната свест за ветеринарното јавно здравство. За постигнатиот успех во реализација на активностите на OIE, добила награда како еден од најдобрите OIE млади амбасадори. Исто така, кандидатката учествува во четири проекти на Македонското еколошко друштво: Balkan Lynx Recovery Programme (од 2017 до денес), Egyptian vulture New Life Project (од 2018 до денес), BalkanDetox LIFE Project (од 2019 до денес) и Balkan Anti-Poisoning Project (од 2019 до денес).

Кандидатката има објавено еден труд во стручно списание:

Arsovska I., Hristovski M. (2020). The global threat of infectious diseases outbreaks. VetPubHealth Journal Issue 17.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Кандидатката Ивана Арсовска, во периодот од 12.4. до 31.12.2021 година, била ангажирана со договор за дело на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје како доктор по ветеринарна медицина (Известување бр. 03-447 од 9.4.2021 година). Во овој период, работела во

лабораториите на Ветеринарниот институт при Факултетот на дијагностика на бруцелоза кај говеда, овци и кози, како и дијагностика на трихинелоза кај диви свињи.

Кандидатката има посетувано повеќе курсеви и обуки. Во 2021 година успешно ја завршила обуката за тест за социјализација на кучиња организирана од УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, Центар за благосостојба на животните. Во 2020 година успешно го завршила онлајн курсот, организиран од Универзитетот во Женева, на тема: Global health at the Human - Animal – Ecosystem Inteface. Во 2019 година учествувала на VetNEST-летна школа на Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена, Австрија, каде што успешно го завршила курсот за благосостојба на животните - „Animal Welfare, Veterinary Ethics and Law and Communication Skills“. Во 2017 година успешно ја завршила обуката Veterinary Clinical Training Program, организирана од Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Истанбул, Турција.

Кандидатката има учествувано на повеќе конгреси, конференции и работилници: 1$^{st}$ International Regenerative Medicine Workshop, 12.9.2019, Скопје, Република Северна Македонија; IVSA Animal Welfare Conference, 19-21.10.2018, Минхен, Германија; Joint meeting 5$^{th}$ International Vet-Istanbul Group Congress & 8$^{th}$ International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine – 2018, 23-27.9.2018, Охрид, Република Северна Македонија и Veterinijada 2017, 22.6-25.6.2017, Златибор, Република Србија.

Во текот на студирањето извршувала многу активности на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во академската 2018/2019 била претседател на Интернационалната ветеринарна студентска асоцијација – Скопје (ИВСА – Скопје). Во склоп на активностите во оваа организација, активно учествувала во едукативните настани за одговорно сопственишство организирани од страна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и Град Скопје „Денови на вашето милениче 2018“ и „Денови на вашето милениче 2019“. Од 2017 до 2020 била претставник од студентите во Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Од 2014 до 2019 била учесник во Студентскиот парламент. Под менторство на повеќе професори на Факултетот, успешно одржала презентации на тема: „One health approach of Trichinellosis“, 1.11.2018, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје; „Чума кај говеда“, 5.11.2018, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје; „Правилна употреба на антибиотици во мала пракса“, 16.11.2018; „Туберкулоза кај говеда”, 25.3.2019; „Африканска свинска чума и биосигурносни мерки”, 1.4.2019 година. Во текот на студирањето остварила и повеќе студентски размени.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на Ивана Арсовска, ДВМ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека Ивана Арсовска, ДВМ, поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научните области микробиологија и имунологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Ивана Арсовска, ДВМ, да биде избрана во звањето асистент во научните области микробиологија и имунологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Славчо Мреношки, с.р.**
**Проф. д-р Искра Цветковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Кирил Крстевски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ивана Панче Арсовска**
**Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје**
**Научна област: МИКРОБИОЛОГИЈА, ИМУНОЛОГИЈА**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,25. | **ДА** |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик, Ц1.<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик.<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот 8.4.2022. | **ДА** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Славчо Мреношки, с.р.**
**Проф. д-р Искра Цветковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Кирил Крстевски, с.р.**

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ СКОПЈЕ

## 2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **м-р Марко Ружин** | “ Процес на развој на краткометражен игран филм од жанрот научна фантастика” | “ The process of development of a short feature film in the genre of science fiction “ | проф.д-р Антонио Митриќески | Бр.0202-332/4 05.05.2022 година |
| 2. | **м-р Илија Циривири** | “ Глобализацијата на дигиталниот филмски израз” | “ The globalization of the digital film expression ” | проф.д-р Игор Вецовски | Бр.0202-332/5 05.05.2022 година |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ЕЛЕКТРИЧНИ ГЕНЕРАТОРИ И ТРАНФОРМАТОРИ“ ОД АВТОРИТЕ КРСТЕ НАЈДЕНКОСКИ И ИВАН ТЕМЕЛКОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, од 23.3.2022 год., бр. 02-549/25, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „Збирка задачи по електрични генератори и трансформатори“ од авторите: проф. д-р Крсте Најденкоски и ас. м-р Иван Темелковски, наменето за студентите на Факултетот за електро-техника и информациски технологии во Скопје, за предметот Електрични генератори и трансформатори, избрани се: проф. Влатко Стоилков и вонр. проф. Михаил Дигаловски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### VI. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Збирка задачи по електрични генератори и трансформатори |
| **Назив на предметната програма:** | Електрични генератори и трансформатори (прв циклус студии) |
| **Назив на студиската програма:** | Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | **3+1+1 (6 ЕКТС)** |
| Предметот Електрични генератори и трансформатори на Факултетот за електротехника и информациски технологии е задолжителен предмет со фонд на часови 3+1+1, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во V семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | Прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 152 страници (формат А4), напишани во MS Word, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 14 поглавја (заедно со користената литература) и содржи 45 слики и 6 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Влатко Стоилков, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Михаил Дигаловски, с.р.**

## VII. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВЛАТКО СТОИЛКОВ

| | |
|---|---|
| **Кус опис на содржината:** | Збирката решени задачи по електрични генератори и трансформатори се состои од 14 поглавја. Во првото поглавје, даден е краток теоретски вовед за загубите на моќност и наведени се изразите за определување на загубите на моќност и ефикасноста на генераторот. Решена е една задача и даден е текстот за уште една задача.<br>Во второто поглавје, обработен е делот за намотки и решени се 5 задачи за различните типови на намотки, и тоа: еднослојна и двослојна намотка со дијаметрален навоен чекор, двослојна намотка со скусен навоен чекор, како и два примера за дропкасти намотки.<br>Третото поглавје се однесува на индуцирани напони и по краткиот теоретски дел, решени се 5 задачи во кои се пресметуваат вредностите за индуцираните напони во одделните делови од намотките (проводник, навивка, секција, група на секции и фазна намотка). Во дел од задачите се определуваат и вишите хармоници за одделните вредности на индуцираните напони.<br>Во четвртото поглавје се обработени фазорските дијаграми за хидрогенератор и турбогенератор. Дадени се равенките според кои се цртаат фазорските дијаграми, како и деталната постапка за цртање на дијаграмите. Во овој дел има комплетно решение за две задачи.<br>Во петтото поглавје, решени се две задачи во кои со користење на работни карактеристики на генераторите се определуваат определени параметри, како што се индуктивниот отпор на растурање на статорската намотка и промената на напонот на генераторот.<br>Шестото поглавје се однесува на паралелна работа и аголни карактеристики на генераторите. Даден е краток теоретски вовед и решени се три задачи, преку кои е покажано определувањето на синхрона рекатанса по графоаналитички пат, како и определувањето на минималната вредност на индуцираниот напон за генераторот да остане во синхронизам.<br>Во седмото поглавје се решени две задачи и дадена е уште една задача за вежбање, за загубите на моќност во енергетските трансформатори. Преку решените примери се дефинирани загубите на моќност во електричниот и во магнетниот систем, како и специфичните загуби во магнетните лимови, и покажано е како се определуваат одделните компоненти на загубите на моќност.<br>Осмото поглавје го обработува делот за пресметка на температурите на загревање на намотките на трансформаторите. Во овој дел, решени се две задачи во кои се пресметуват моќноста со која може да биде оптоварен трансформаторот при различни темепературу на амбиентот, како и времето на работа на трансформаторот при определено преоптоварување.<br>Во деветтото поглавје се илустрирани седум задачи во кои се определуваат општите одлики на трансформаторот: димензии на степени за магнетното јадро, маса на магнетното коло, број на навивки на примарна и секундарна намотка, напречен пресек на спроводниците на намотките и др.<br>Во десеттото поглавје се обработува еквивалентна електрична шема на трансформатор. Решени се четири задачи во кои се пресметуваат |

| | |
|---|---|
| | параметрите на еквивалентната шема, врз основа на податоци добиени од обидот на празен од и од обидот на куса врска.<br>Единаесеттото поглавје се однесува на делот за шеми и групи на соединување на намотките на трансформаторите. Преку решените три задачи е покажано како се поврзуваат трифазните намотки на трансформаторите во различни шеми на соединување, а нацртани се и неколку различни шеми и групи на соединување на намотките. Исто така, покажано е како се определува бројот на навивки на одделните намотки во зависност од шемата на соединување на намотките.<br>Во дванаесеттото поглавје, решени се задачи од делот за работни карактеристики на трансформатори. Дефинирани се: надворешна, регулациона и карактеристика на коефициентот на полезно дејство. Решени се четири задачи во кои се определуваат: одделните компоненти на напонот на куса врска, промената на напонот при различни оптоварувања, карактеристично оптоварување при кое трансформаторот работи со максимален коефициент на полезно дејство и др.<br>Во тринаесеттото поглавје се обработува делот за паралелна работа на трансформаторите, и во воведниот дел се образложени условите кои треба да ги исполнат трансформаторите за да можат да бидат приклучени во паралелна работа. Решени се три задачи преку кои се анализира што значи неисполнувањето на некои од условите за паралелна работа на трансформаторите.<br>Во последното поглавје на оваа збирка задачи е дадена користената литература која се состои од пет референци. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со предметната содржина на предметот Електрични генератори и трансформатори, предвиден на прв циклус студии, шести семестар на студиската програма Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија (ЕАОИЕ) на Факултетот за електротехника и информациски технологии. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Забелешките на текстот, воочените печатни и технички грешки, како и останатите предлози и сугестии за подобрување на квалитетот на ракописот, се нотирани во добиениот материјал и им се доставени на авторите. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот содржи решени примери поврзани со работата на електричните генератори и трансформаторите. Примерите се коректно и детално разработени и презентирани на начин приемчив за студентите. Ракописот е напишан квалитетно и стручно, со високо ниво на јазични и применети технички аспекти. Обработените примери се детално објаснети и образложени, со изведување на потребните формули, замена на нумеричките вредности и се илустрирани со потребните слики. Материјалот целосно кореспондира и е во корелација со предавањата по предметот Електрични генератори и трансформатори, предвиден за шестиот семестар од студиската програма ЕАОИЕ. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |

| | |
|---|---|
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот на Збирката задачи по електрични генератори и трансформатори, кој е предаден на рецензија, содржи 152 страници (формат А4), напишани во MS Word, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 14 поглавја (заедно со користената литература) и содржи 45 слики и 6 табели. Објавувањето на Збирката задачи ќе биде од голема корист за студентите од Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, за полесно разбирање и совладување на материјалот по предметот Електрични генератори и трансформатори. Збирката задачи може да се користи и во практиката од страна на инженерите вработените во електроенергетските и индустриските компании во земјата кои се занимаваат со оваа проблематика. Објавувањето на Збирката ќе ја збогати постојната техничка литература на македонски јазик од областа на експлоатацијата на електроенергетските уреди како значајни елементи во процесот на производството, преносот и дистрибуцијата на електрична енергија. Можам да констатирам дека постои целосна оправданост за објавување на Збирката задачи по електрични генератори и трансформатори како учебно помагало. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Електрични генератори и трансформатори, примарно наменет за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Во Скопје, 18.4.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Влатко Стоилков, с.р.**

## VIII. Посебен дел од рецензентот: вонр. проф. д-р Михаил Дигаловски

| | |
|---|---|
| **Кус опис на содржината:** | Збирката по предметот Електрични генератори и трансформатори се состои од 14 поглавја. Поглавјата од 1 до 6 се однесуваат на синхроните генератори, а поглавјата од 7 до 13 се за трансформатори. Поглавјето 14 е користена литература. Во сите поглавја е даден краток вовед кон темата која се обработува и се прикажани основните изрази и равенки кои се користат за решавање на задачите.<br>Во првото поглавје се изложени 2 задачи, во кои се обработени загубите на моќност кај генераторите и нивниот коефициент на полезно дејство.<br>Во второто поглавје се дадени 5 задачи со кои се опфатени намотките на синхроните генератори. Детално се образложени сите поими за статорските намотки, елементите од кои се состојат, како и начинот на нивно изведување. Опфатени се сите типови на намотки. Во првата задача е прикажано изведувањето на еднослојна намотка со дијаметрален навоен чекор. Втората и третата задача се однесуваат на двослојните намотки, со дијаметрален и скусен навоен чекор, додека четвртата и петтата задача се однесуваат на дропкастите намотки.<br>Во третото поглавје се обработени 5 задачи од индуцирани напони во намотките на синхроните генератори. Со задачите се опфатени сите видови на индуцирани напони (во проводник, навивка, секција, група на секции, фазна намотка), како и влијанијата на вишите хармоници врз нив, во однос на промената на амплитудата и можните изобличувања.<br>Во четвртото поглавје се обработени 2 задачи со кои е објаснето конструирањето на фазорските дијаграми на синхроните генератори. На еден фазорски дијаграм, во релативни единици се конструираат сите електрични и магнетни големини на даден синхрон генератор, од каде што после можат да се прават различни анализи. Двете задачи се однесуваат за двата основни типа на синхрони генератори, турбогенератор (со неизразени полови) и хидрогенератор (со изразени полови), во кои се направени разгледувања во согласност со нивните специфики.<br>Во петтото поглавје се дадени 2 задачи, кои се наменети за работните карактеристики на синхроните генератори и промената на напонот кај нив. Задачите се графоаналитички и во нив се презентира како, преку познати карактеристики на даден синхрон генератор, може да се определуваат негови параметри и промена на напонот за различни режими на работа.<br>Задачите од шестото поглавје ја обработуваат паралелната работа на синхроните генератори и нивните аголни карактеристики при регулација. Опфатени се двата основни начина на регулација, преку промена на возбудната струја на генераторот и преку промена на влезната механичка моќност. Во 3-те задачи кои се дадени во ова поглавје, се бара определување на синхроната реактанса на генераторот, како важен параметар. Потоа се определува минималната возбудна струја за генераторот да не излезе од синхронизам. Во третата задача е дадена постапка на определување на активната моќност што генераторот ја инјектира во мрежа, како и определување на соодветниот фактор на моќност, ако се зголеми возбудната струја. |

| | |
|---|---|
| | Во седмото поглавје се дадени 3 задачи, со кои се опфатени видовите на загуби кои ги имаат трансформаторите, со посебен акцент на загубите заради хистерезис и виорни струи.<br>Во осмото поглавје се обработени 2 задачи од проблематиката на загревање и ладење на трансформаторите. Третирајќи го трансформаторот како хомогено тело, се определува неговата временска константа на загревање, се разгледани влијанијата од температурата на амбиентот врз оптовареноста на трансформаторот, како и определување на температури во поединечни точки и соодветни температурни разлики. Опфатени се сите температурни класи на трансформаторите.<br>Во деветтото поглавје се прикажани 7 задачи во кои се определуваат општите одлики на трансформаторот: напречен пресек на магнетното јадро, димензии на степеници од магнетното јадро, маса на магнетното коло, број на навивки на примарна и секундарна намотка, напречен пресек на проводниците од намотките.<br>Во десеттото поглавје има 4 задачи кои се однесуваат на еквивалентната шема на трансформаторите. Преку задачите е објаснето како се определуваат параметрите на еквивалентната шема на трансформаторите од податоците добиени од обидите на празен од и куса врска.<br>Во единаесеттото поглавје се обработени 3 задачи од шеми и групи на соединување на намотките на трифазните трансформатори. Објаснети се правилата за поврзување на различните шеми (ѕвезда, триаголник и искршена ѕвезда), како и формирањето на определена група (фазна изместеност на линиските напони од примар и секундар). Објаснувањата се прават преку соодветни фазорски дијаграми на напоните на трансформаторот и соодветните насоки на поединечните фазори. Изведени се и коефициентите на трансформација при различни шеми на соединување.<br>Во дванаесеттото поглавје се дадени 4 задачи со кои се опфатени работните карактеристики (регулациона, надворешна и карактеристика на коефициентот на полезно дејство) на трансформаторите. Во првата задача се определува коефициентот на полезно дејство за различни оптоварувања на трансформаторот. Втората и четвртата задача се однесуваат на промената на напонот на трансформаторот, земајќи го предвид влијанието на активната и реактивната електрична енергија кои протекуваат низ него, како и оптовареноста. Во третата задача се дадени изрази преку кои се определува карактеристичното оптоварување на трансформаторот и соодветниот максимален коефициент на полезно дејство.<br>Тринаесеттото поглавје ја обработува паралелната работа на трансформаторите. Во воведот се наведени потребните услови за паралелна работа, како и дозволените отстапувања на одредени параметри. Во 3-те задачи од ова поглавје се разгледани случаи ако постојат отстапувања од потребните услови за паралелна работа, па така во првата задача се разгледуваат појавите ако два трансформатори во паралела имаат различни групи на соединување. Во втората задача се определува струјата на изедначување, ако коефициентите на трансформација се различни. Во третата задача се пресметуваат оптовареностите на трансформаторите, при различни напони на куса врска.<br>Во последното, четиринаесетто поглавје на оваа Збирка е прикажана листата на користена литература, во која се наведени 5 референци. |

| | |
|---|---|
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е целосно усогласен со предметната содржина на предметот Електрични генератори и трансформатори за прв циклус студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Забелешките на текстот, воочените печатни и технички грешки, како и останатите предлози и сугестии за подобрување на квалитетот на ракописот, се нотирани во добиениот материјал и им се доставени на авторите. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот содржи решени примери поврзани со работата на електричните генератори и трансформаторите. Примерите се коректно и детално разработени и презентирани на начин разбирлив за студентите. Ракописот е напишан квалитетно и стручно, со високо ниво на јазични и применети технички аспекти. Обработените примери се детално објаснети и образложени, со изведување на потребните формули, замена на нумеричките вредности и се илустрирани со потребните слики. Материјалот целосно кореспондира и е во корелација со предавањата по предметот Електрични генератори и трансформатори, предвиден за петтиот семестар од студиската програма ЕАОИЕ. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот на Збирката задачи по електрични генератори и трансформатори, кој е предаден на рецензија, содржи 152 страници (формат А4), напишани во MS Word, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 14 поглавја (заедно со користената литература) и содржи 45 слики и 6 табели.<br>Објавувањето на оваа Збирка задачи ќе биде од голема корист за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, за полесно разбирање и совладување на материјалот по предметот Електрични генератори и трансформатори. Збирката задачи може да се користи и во практиката од страна на инженерите вработени во електроенергетските и индустриските компании во земјата кои се занимаваат со оваа проблематика.<br>Објавувањето на Збирката ќе ја збогати постојната техничка литература на македонски јазик од областа на електроенергетските уреди, како значајни елементи во процесот на производството, преносот и дистрибуцијата на електричната енергија. Можам да констатирам дека постои целосна оправданост за објавување на Збирката задачи по електрични генератори и трансформатори како учебно помагало. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Електрични генератори и трансформатори, примарно наменет за студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

Во Скопје, 18.4.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Вонр. проф. д-р Михаил Дигаловски, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПТИМИЗАЦИЈА НА ЈАВЕН ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ БАЗИРАН НА BLOCKCHAIN-ТЕХНОЛОГИЈА“ ОД М-Р ЈОВАН КАРАМАЧОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 20.4.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Јован Карамачоски со наслов „Оптимизација на јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија“, во состав: проф. д-р Александар Ристески (претседател), проф. д-р Лилјана Гавриловска (ментор), проф. д-р Тони Јаневски (член), проф. д-р Перо Латкоски (член) и вонр. проф. д-р Валентин Раковиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, внимателно ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Јован Карамачоски, со наслов „Оптимизација на јавен здравствен систем базиран на Blockchain технологија“, содржи 159 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12 во текстот и 11 на табелите и сликите, со 145 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални регулативи, стандарди и интернет-ресурси. Трудот содржи 56 слики и 13 табели.

Трудот е структуриран во пет поглавја, вклучувајќи ги воведните и заклучните согледувања. На почетокот на дисертацијата е даден Апстракт на македонски и на англиски јазик, кој ги сублимира главните идеи и заклучоци на дисертацијата. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето

**Првото поглавје** е воведно поглавје и ги содржи мотивот за изработка на дисертацијата, предметот на истражување, воведените хипотези, целите и придобивките од спроведеното истражување.

**Второто поглавје** дава осврт на генерацискиот развој на јавните здравствени системи, нивните карактеристики, предности и недостатоци. Покрај традиционалните телемедицински системи, разгледани се и новите генерации на е-здравствени системи. Предложена е рамка за нова генерација на е-здравствени системи која е базирана на Blockchain-технологијата.

**Третото поглавје** дава резиме на најпознатите Blockchain-технологии, осврнувајќи се на нивните технички карактеристики, предности и недостатоци. Особено внимание е посветено на консензус механизмите, за кои е извршена детална анализа на различните типови и на нивните перформанси.

**Четвртото поглавје** дава анализа за подобноста на Tendermint-консензус механизмот како основа за дизајн на јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија. Во таа насока, направена е емулациска околина и спроведена е екстензивна евалуација на перформансите на Tendermint-консензус механизмот. Во рамките на екстензивната анализа, евалуиран е протокот на трансакции за поголем број на конфигурации. Од резултатите е заклучено дека се потврдуваат основните претпоставки за Tendermint-консензус механизмот дека е блиску до оптимален во постигнување на максимален проток на трансакции, што соодветствува со резултатите кои се наведени во литературата. Дополнително, направена е евалуација на перформансите на Tendermint-консензус механизмот во услови на големи трансакции, со што се симулира неговата употреба во здравствен систем во кој циркулираат текстуални и мултимедијални документи. Во ова поглавје, исто така, се дадени резултатите од апроксимативна анализа на можноста Tendermint-консензус механизмот да опслужи глобален јавен здравствен систем. Заклучокот од оваа анализа укажува дека Tendermint-консензус механизмот е високо скалабилен во однос на бројот на трансакции и може да опслужи голема популација во еден

глобален јавен здравствен систем, но тој има незадоволителна скалабилност во однос на бројот на валидатори во мрежата.

**Петтото поглавје** дава детален опис на дизајнот на предложеното Blockchain-базирано решение за јавен здравствен систем, BloHeS. Во ова поглавје, покрај архитектурата на BloHeS-системот, дадена е дефиниција на BloHeS-консензус механизмот, објаснета е организацијата на складишниот простор, блок структурата на трансакциите, протоколите за управување со острови, протоколот за управување со пристапот до податоците и форматот на личниот трезор. Потенцирана е и усогласеноста на предложеното решение со GDPR и HIPAA-регулативите. Во рамките на ова поглавје, презентирани се и резултатите од споредбата на перформансите на Tendermint и BloHeS-консензус механизмите во однос на комуникациската комплексност и капацитетот на заштита. Заклучено е дека новиот BloHeS-консензус механизам овозможува значително помала комуникациска комплексност за финализирање на трансакциите споредено со Tendermint-консензус механизмот. Намалената комуникациска комплексност придонесува кон постигнување на подобар фактор на скалабилност на BloHeS-системот, во услови на ист број на валидатори кај двата консензус механизма. Анализата на капацитетот за заштита укажува на помалата способност на BloHeS-консензус механизмот за заштита на системот, споредено со Tendermint-консензус механизмот. Капацитетот на заштита на BloHeS-консензус механизмот асимптотски се доближува до перформансите на Tendermint-консензус механизмот, во услови на поголеми острови во BloHeS-системот. Во ова поглавје, исто така, дадени се резултатите од споредбата на зафатнината на складишниот простор кај класичните Blockchain-технологии и кај новововедениот BloHeS-пристап на складирање на податоците. BloHeS-пристапот на складирање овозможува значително намалување на зафатнината на складишниот простор кај агентите на пациентите, споредено со класичниот Blockchain-пристап на складирање на податоците. Исто така, намалување на зафатнината на складиштен простор е забележано и кај агентите на здравствените работници, додека, пак, незначително зголемување на зафатнината на складишниот простор се забележува кај владиниот агент.

Во **заклучното поглавје** се резимираат постигнатите резултати од изработената дисертација, како и придобивките од имплементацијата на предложеното решение за глобален јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Докторката дисертација е насочена кон развој на Blockchain-базиран глобален јавен здравствен систем, со особен осврт на оптималноста на консензус механизмот, оптималноста на складирањето на податоците и високиот степен на приватност на личните податоци. Дисертацијата опфаќа истражување и анализа на карактеристиките на постојните Blockchain-технологии и постојните консензус механизми, и ги детерминира нивните позитивни и негативни карактеристики. Преку оваа анализа е избран Tendermint-консензус механизмот како потенцијална основа за градење на Blockchain-технологија која би можела да ги опслужи корисниците на еден глобален јавен здравствен систем. За избраниот консензус механизам спроведено е дополнително испитување за определување на перформансите во случаи на максимална оптовареност, како и перформансите при употреба на големи трансакции во системот. Поради малата скалабилност на Tendermint-консензус механизмот во однос на бројот на валидатори, предложено е подобрено решение за дедициран јавен здравствен систем (BloHeS). Во рамките на новото решение предложени се архитектурата на системот, нов консензус механизам, нова организација на складишниот простор, блок структура на трансакциите, протоколи за управување со острови, протокол за управување со пристапот до податоци, формат на личен трезор и дадено е објаснување за усогласеноста на предложеното решение со GDPR и HIPAA-регулативите. За предложеното решение направена е споредба на перформансите во однос на комуникациската комплексност, капацитетот на заштита на системот и зафатнината на складишниот простор.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Тековните телемедицински решенија, попрецизно е-здравствените системи се централизирани облак-базирани решенија. Ваквото централизирање овозможува големи финансиски заштеди за здравствените институции, како и лесно адаптирање во услови на зголемени потреби од складиштен простор и процесирачка моќ. Со оглед на фактот што ваквите системи се централизирани и се наоѓаат во приватни податочни центри, се појавува сомнеж дека

може да бидат злоупотребени за стекнување со противправна корист од личните здравствени информации. Загриженоста за злоупотребата на личните податоци во повеќе наврати се покажала како основана. Овој проблем отвора простор за дефинирање на механизми за заштита на личните податоци од неовластено користење.

Blockchain-технологиите имаат карактеристики кои овозможуваат градење на механизми за управување со пристапот до личните податоци. Постојните решенија, главно, се базирани на Ethereum Blockchain-технологијата. Достапните здравствени апликации кои се изградени врз Ethereum-мрежата го решаваат само проблемот на управување со пристап. Самата Ethereum Blockchain-технологија има голем број на недостатоци во однос на протокот на трансакции во системот, што многу често доведува до задушување на мрежата и неможност за финализирање на каква било трансакција. Исто така, проблем кај Ethereum-мрежата е скапото чинење на трансакциите, кое од старт ги прави ваквите решенија непрактични. Постојат и решенија за здравствени системи кои се базирани на Hyperledger-системот. Овие решенија ја имаат истата слабост како и централизираните облак-базираните решенија, бидејќи и Hyperledger-решенијата се облак-базирани.

Во областа на телемедицината и заштитата на личните здравствени податоци има простор за развој на систем кој ќе овозможи справување со проблемот на управување со пристапот до личните податоци. Во оваа докторска дисертација се покажува дека е возможно да се дефинира систем кој ќе обезбеди високо ниво на приватност преку соодветен механизам за управување со пристапот до личните податоци.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Преку теоретско истражување и компарација на карактеристиките и перформансите на постојните консензус механизми и Blockchain-технологии, дедуктивно се избрани Tendermint-консензус механизмот, како најнадежен консензус механизам, и Cosmos, како најнадежна Blockchain-технологија, врз кои би можело да се изгради Blockchain-базиран јавен здравствен систем.

Особен фокус е даден на Tendermint-консензус механизмот и неговите перформанси, бидејќи тој теоретски нуди голем потенцијал за опслужување илјадници трансакции во секунда. За жал, мал е бројот на трудови кои нудат информација за спроведени истражувања на реалните перформансите на Tendermint-консензус механизмот. Поради овој недостаток во дисертацијата е имплементиран експериментален метод за евалуација на перформансите на Tendermint-консензус механизмот. Во рамките на експерименталната фаза, евалуирани се голем сет на параметри. Перформансите на Tendermint-консензус механизмот се испитани и во услови на емулиран сообраќај со големи трансакции, вообичаени за здравствените системи.

Преку конкретизација, дефиниран е нов дизајн на јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија (BloHeS). Притоа, за новиот консензус механизам и за новиот начин на организирање на складишниот простор извршени се симулации со кои се потврдени постигнатите подобрувања. Со користење на методот на компарација, споредени се перформансите на бројот на разменетите пораки и капацитетот на заштита помеѓу BloHeS и Tendermint-консензус механизмот, како и перформансите во однос на зафатнината на складишниот простор кај BloHeS-пристапот и кај класичниот Blockchain-пристап.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Од теоретската анализа направен е изборот на Tendermint, како носечки консензус механизам и Cosmos, како носечка Blockchain-технологија за изградба на јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија. Резултатите од екстензивната емулациска анализа на перформансите на Tendermint-консензус механизмот го потврдуваат високиот степен на скалабилност во однос на протокот на трансакции во системот, што би овозможило да се опслужат сите пациенти во систем имплементиран на глобално ниво. Со новововедениот параметар, *покриеност на пациенти*, се потврдува капацитетот на Tendermint-консензус механизмот да ја опслужи светската популација и тоа со трансакции поголеми од оние што се користат во финансиските апликации. Но, поради фактот што Tendermint-консензус механизмот покажува слабост за скалабилноста во однос на бројот на валидатори во системот, дефинирано е дедицирано решение кое ќе овозможи подобрување на овој недостаток.

Со евалуацијата на дијаграмот на размена на пораки кај Tendermint и BloHeS-консензус механизмот се потврдува дека се потребни помал број на пораки за финализирање на

трансакциите кај BloHeS-консензус механизмот, во услови на ист број валидатори во мрежата. Тоа значи дека BloHeS-консензус механизмот има помала комуникациска комплексност од Tendermint-консензус механизмот, што укажува на фактот дека е потребен помал број на пораки во услови на ист број валидатори за да се финализира трансакцијата. Оваа величина е индиректен показател за потенцијалот за зголемена скалабилност на BloHeS-консензус механизмот, бидејќи намалениот број на потребни разменети пораки остава мрежни ресурси на располагање за зголемување на протокот на трансакции.

Воведениот параметар, *капацитет на заштита*, е мерка за способноста на консензус механизмот да ја заштити мрежата од малициозни валидатори. Дадените резултати во дисертацијата укажуваат на незначително намален капацитет за заштита кај BloHeS-консензус механизмот, споредено со Tendermint-консензус механизмот. Како што е истакнато, капацитетот на заштита асимптотски се доближува до перформансите на Tendermint-консензус механизмот во услови кога во системот се формирани поголеми кластери.

Во дисертацијата се дадени и резултати од евалуацијата на зафатениот складиштен простор при користење на класичниот начин на складирање на податоците, кој се користи кај класичните Blockchain-технологии, и новиот начин на складирање на податоците, кој е дефиниран во BloHeS системот. Резултатите посочуваат дека со новиот начин на складирање на податоците, дефиниран кај BloHeS-архитектурата, има значително намалување на зафатениот складиштен простор во јазлите кај пациентите, додека во јазлите на здравствените работници има намалување на зафатениот складиштен простор, но тоа е помалку изразено. Спротивно на подобрувањата постигнати кај јазлите на пациентите и јазлите на здравствените работници, забележано е незначително зголемување на зафатениот складиштен простор кај владините јазли. Во услови на ист број на пациенти во систем кој би користел Blockchain-технологија со класичен начин на складирање на податоците и систем кој би го користел новиот пристап дефиниран во BloHeS-системот, забележано е значително намалување на вкупниот зафатен складиштен простор во целиот систем.

Особено е важно тоа што е постигната компатибилност со GDPR и HIPAA-регулативите, преку воведувањето на *личниот Blockchain поток*. Оваа компатибилност е овозможена заради *пациент-центрично управување* со пристапот до личните податоци и независноста на *личниот Blockchain-поток* од останатите *лични Blockchain-потоци*.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Јован Карамачоски, со наслов „Оптимизација на јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија“ претставува оригинално истражување и дава значаен научен придонес во областа на Blockchain-технологиите. Во дисертацијата е дадена темелна анализа на перформансите на тековните Blockchain-технологии, извршена е експериментална евалуација на Tendermint-консензус механизмот со широк спектар на конфигурациски параметри и имплементациски сценарија, и понуден е нов дизајн на јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија.

Добиените резултати од анализата на Tendermint-консензус механизмот ја потврдуваат оптималноста на неговата основна конфигурација за постигнување на максимален проток на трансакции, но во услови на општ сообраќај и мали трансакции. Со екстензивна анализа дополнително се детерминираат перформансите на Tendermint-консензус механизмот во услови на големи трансакции. Тие укажуваат на задоволително ниво на скалабилност во однос на протокот на трансакции низ консензус механизмот, но недоволно ниво на скалабилност во однос на бројот на валидатори во мрежата.

Во дисертацијата е дефинирано дедицирано Blockchain-базирано решение за јавен здравствен систем, BloHeS. Дизајнирани се и повеќе оптимизирани протоколи со цел да се постигнат подобри перформанси на системот. Во рамките на докторската дисертација, оптималниот консензус механизам и оптималниот пристап на складирање на податоци овозможува подобрена скалабилност на системот дури и во ситуација на глобална имплементација на Blockchain-базираното решение за јавен здравствен систем. Воведениот личен Blockchain-поток и протоколот за управување со пристап до личните податоци овозможуваат компатибилност на BloHeS-системот со GDPR и HIPAA-регулативите за приватност и управување со лични податоци. Со помош на личниот трезор се овозможува заштита на личните податоци од крај-до-крај.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Јован Карамачоски, со наслов „Оптимизација на јавен здравствен систем базиран на Blockchain технологија“, според мислењето на Комисијата за оцена, претставува оригинален научен труд и ги исполнува условите и стандардите за изработен докторски труд.

Докторската дисертација е проверена и преку порталот plagijati.mon.gov.mk и врз основа на добиениот извештај, докторската дисертација е во целост оригинален труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил следниве рецензирани истажувачки трудови:

[3]. **J. Karamachoski** and L. Gavrilovska, “BloHeS Consensus Mechanism – Introduction and Performance Evaluation,” (accepted) in *International Conference on Future Access Enablers of Ubiquitous and Intelligent Infrastructures (FABULOUS)*, Zagreb, Croatia, May 2022.

[4]. **J. Karamachoski** and L. Gavrilovska, “BloHeS Island Management Protocol,” in *International Conference on Information Society and Technology*, Kopaonik, Serbia, March 2022.

[5]. **J. Karamachoski** and L. Gavrilovska, “Tendermint Performance with Large Transactions: The Healthcare System Scenario,” in 2021 *International Balkan Conference on Communications and Networking (BalkanCom)*, Novi Sad, Serbia, September 2021, pp. 85–89.

[6]. **J. Karamachoski** and L. Gavrilovska, “Extended Performance Evaluation of the Tendermint Protocol,” in *ETAI 2021 Conference Proceedings,* Online conference, 2021, vol. 2, pp. 231–236.

[7]. **J. Karamachoski** and L. Gavrilovska, “An optimal storage organization for Blockchain-based Public Healthcare System,” *Journal of Electrical Engineering and Information Technologies*, vol. 5, no. 2, pp. 143–152, 2020.

[8]. V. Rakovic, **J. Karamachoski**, V. Atanasovski, and L. Gavrilovska, “Blockchain paradigm and Internet of Things,” *Wireless Personal Communications*, vol. 106, no. 1, pp. 219–235, 2019. (IF=1.671)

[9]. **J. Karamachoski**, “The end of the Blockchain as we know it,” *Computer science and technologies, ACT 2019*, Varna, Bulgaria, vol. 17, no. 1/2019, pp. 52–56, 2019.

[10]. **J. Karamachoski** and L. Gavrilovska, “Toward scalable architecture for the next generation Blockchain-based healthcare systems,” in *Proceedings of the Conference Balkancom 2019*, Skopje, North Macedonia, 2019, pp. 1–5.

[11]. **J. Karamachoski** and L. Gavrilovska, “Framework for next generation of digital healthcare systems,” in *International Conference on Future Access Enablers of Ubiquitous and Intelligent Infrastructures (FABULOUS)*, Sofia, Bulgaria, 2019, pp. 12–24.

[12]. **J. Karamachoski**, L. Gavrilovska, and A. Sefidanoski, “The fusion between Blockchain and IoT for healthcare systems,” in *Proceedings of ETAI conference*, Struga, Republic of Macedonia, 2018, pp. 1–6.

Кандидатот има одржано и јавно предавање од областа:

[13]. **J. Karamachoski**, “Graph theory to help the future Blockchain*,” COSTNET ECT Training school*, Munich, Germany, 2019.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на дисертацијата се:

- дефинирање на дедицирано Blockchain-базирано решение за јавен здравствен систем. Предложеното решение опфаќа дефинирање на нова мрежна архитектура, нови протоколи, како и нова блок структурата на трансакциите;
- дефинирање на нов консензус механизам со поедноставена комуникациска комплексност при незначително намален капацитет на заштита, споредено со Tendermint-консензус механизмот;
- дефинирање на нова организација на складишниот простор која овозможува помала оптовареност на складишниот простор на крајните корисници, споредено со класичниот Blockchain-пристап на складирање на податоците;
- дефинирање на протоколи за самоуправување на острови кои се први од таков тип имплементирани во една Blockchain-технологија. Тие се наменети за динамичко организирање на кластерирана Blockchain-мрежна архитектура;
- дефинирање на протокол за управување со пристапот до податоците и личен Blockchain-поток, со кои се овозможува подобрена приватност на медицинските записи, преку пациент-центрична контрола на пристапот до личните податоци. Личниот Blockchain поток овозможува целосна усогласеност со GDPR и HIPAA-регулативите;
- темелна анализа и целосното детерминирање на перформансите на Tendermint-консензус механизмот во услови на сообраќај со општи карактеристики, како и сообраќај со карактеристики слични на оној што циркулира во здравствените системи. При тоа, се покажува дека Tendermint-консензус механизмот може да се употребува и во нефинансиски сценарија, каде што се потребни големи трансакции, но само во системи каде што е потребна мала скалабилност во однос на бројот на валидатори.

Подрачјето на примена и ограничувањата се:

- Главно подрачје на примена на предложеното системско решение е во областа на телемедицината, односно е-здравството. Воведениот консензус механизам овозможува негова употреба и во други системи каде што е потребно да се постигне консензус за точноста на структурата на записите.
- Новодефинираниот систем би можел да се употреби и во сценарија каде што е потребно да се постигне високо ниво на заштита на лични податоци, поради можноста за корисник-центрично управување со пристапот до личните податоци.
- Поради потребата за обезбедување приватност на податоците преку нивна енкрипција, не е можно да се изврши валидација на внесените податоци во медицинските записи преку имплементација на консензус механизмот. За коректноста на записите одговара лично здравствениот работник.

Можните понатамошни истражувања се:

- дефинирање на параметар фактор на скалабилност, со цел да се дефинира мерлива вредност за постигнатото подобрување по однос на скалабилноста;
- фрагментираноста на мрежата во кластери и новиот начин на дисеминација на информациите низ кластерите остава простор за нови безбедносни закани кои треба да бидат анализирани.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Јован Карамачоски** со наслов: **Оптимизација на јавен здравствен систем базиран на Blockchain-технологија.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Александар Ристески, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Лилјана Гавриловска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Тони Јаневски, член, с.р.**
**Проф. д-р Перо Латкоски, член, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Валентин Раковиќ, член, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

1. Комуникациски и информациски технологии

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Дамир Старова | Анализа на конвергентни билинг системи и билинг процеси за телеком оператори | Analysis of convergent billing systems and billing processes for telecom operators | Проф. д-р Тони Јаневски | 02-742/15 од 20.4.2022 година |
| 2 | Билјана Стојоска | Дизајн, стандарди и позитивни практики за управување со информациска сигурност | Design, standards and best practices for managing information security | Проф. д-р Перо Латкоски | 02-742/16 од 20.4.2022 година |
| 3 | Мартина Радевска | Методи за дефинирање на телекомуникациска инфраструктура | Methods for defining telecommunication infrastructure | Проф. д-р Перо Латкоски | 02-742/17 од 20.4.2022 година |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на докторски труд**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Студиска програма: Електротехника и информациски технологии

| Ред. бр. | Студент | Назив на тема | | Предложен ментор | Датум и бр. на Одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | М-р Борче Постолов | Развој на модел базиран на генетски алгоритам за оптимизација на погонот на електричните централи во сложен електроенергетски систем со уважување на стохастичноста на производството од обновливи извори на енергија | Development of a model based on a genetic algorithm for optimization of power plants operation in a complex power system by considering the stochasticity of electricity production from renewable energy sources | Проф. д-р Атанас Илиев | 02-742/3 од 20.4.2022 година |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНДУСТРИСКИ РАСТЕНИЈА (ТУТУН, ПАМУК, СОНЧОГЛЕД И ДР.) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“, од 14.3.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област индустриски растенија (тутун, памук, сончоглед и др.), и врз основа на Одлука на Наставно-научниот совет, бр. 02-290/2, донесена на 15.4.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Златко Арсов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Мирослав Димитриески, редовен професор - научен советник на Научниот институт за тутун во Прилеп, во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола (во пензија), и д-р Зоран Димов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област индустриски растенија (тутун, памук, сончоглед и др.), во предвидениот рок се пријави д-р Ромина Кабранова, вонреден професор во областа индустриски растенија (тутун, памук, сончоглед и др.) – 40302, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Ромина Кабранова е родена на 1.2.1967 година, во Прилеп. Основно и средно образование завршила во Прилеп. Високото образование го започнала 1985 година на Земјоделскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала во 1989 година со просечен успех 8,03, на насоката поледелство.

Во учебната 1989/1990 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата производство и преработка на тутун. Студиите ги завршила во 2004 година, со просечен успех 9,28. Во мај 2004 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Компаративни истражувања на структурата на производството кај ориенталските тутуни во Република Македонија“. Од 2005 година работи на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, најнапред како помлад асистент на група предмети на Катедрата за специјално поледелство и тутун при Институтот за растителна биотехнологија (XXXVI седница одржана на 19.4.2005 год.), а во 2008 година е избрана за асистент на група предмети на Катедрата за специјално поледелство и тутун, Институт за растителна биотехнологија при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (XXXIII седница одржана на 31.3.2008 год.).

Докторска дисертација пријавила во 2007 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Дисертацијата на тема: „Влијание на начинот на производство на тутунски расад врз приносот и квалитетот на тутунот“ ја одбранила на 7.9.2012 година, пред Комисија во состав: д-р Златко Арсов, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ во Скопје, д-р Иван Туршиќ, научен советник, професор на висока школа, Агрономски факултет – Свеучилиште во Загреб, Хрватска, д-р Илија Ристески, виш научен советник при Научниот институт за тутун во Прилеп, во состав на УКЛО – Битола, д-р Зоран Димов, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ во Скопје и д-р Звонко Пацаноски, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ во Скопје. Со тоа, се стекнала со научниот степен доктор на земјоделски науки.

На 14.9.2017 година е избрана во звањето вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областа индустриски растенија (тутун, памук, сончоглед и др.). Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1151, од 15.8.2017 година (стр. 381-401).

Во изминатиот период, кандидатката д-р Ромина Кабранова во континуитет учествувала на повеќе научни и стручни конференции, симпозиуми и други собири во земјата и во странство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1041 од 1.11.2012 година и Билтен бр.1151 од 15.8.2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката, од последниот избор до денот на пријавата врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ, кандидатката д-р Ромина Кабранова изведува/ла теоретска настава, вежби и теренска настава на I циклус студии на студиските програми: Поледелство и Заштита на растенијата – фитомедицина (Производство на тутун), студиска програма: Поледелство (Зрнести и клубенести култури), студиска програма: Преработка на земјоделски производи (Познавање на тутунската суровина, Производство на масло и шеќер, Познавање на житата), како и на студиските програми: Поледелство, Градинарство и цвеќарство, Агроекономика, Екоземјоделство, Овоштарство и лозарство, Лозарство и винарство и Анимална биотехнологија (Тревници) и на студиските програми: Поледелство, Заштита на растенијата – фитомедицина и Екоземјоделство и Агроекономика (Екополеделство) на ФЗНХ.

Кандидатката, исто така, изведува настава и на втор циклус студии на студиските програми: Растителна биотехнологија и Фитомедицина (Систематика и класификација на тутунот, Производство на тутун и семе), како и на трет циклус академски студии (Физиолошко-биохемиски основи на производството и обработката на тутунот, Систематика и класификација на тутунот).

Акредитиран ментор е на студенти на втор циклус студии (решение бр.17-304/49), како и ментор на докторски студии (акредитација бр. 08-265/2 од 29.3.2018 година) со решение од 19.5.2021 година, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Во изборниот период, кандидатката е член на комисија за оцена и одбрана на 15 дипломски трудови на студенти од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и ментор на 1 дипломска работа.

Член е на Комисија за оцена и одбрана на магистерски труд со наслов: „Профитабилност во вредносниот синџир на тутун во Република Северна Македонија“, одбранета на 10.3.2021 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Член е на Комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација со наслов: „Продуктивност на маслодајната репка *Brassica napus* L. во зависност од употребата на азот, сулфур и бор“, одбранета на 23.9.2021 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Кандидатката е автор на рецензирани 3 (три) практикуми и 1 книга од потесната област на избор.

Рецензент е на ракописот „Одгледување на лековити, ароматични и зачински растенија“ (Билтен бр. 1245 од 15.9.2021 година), со одлука на Наставно-научниот совет на ФЗНХ бр. 02-254/4 од 7.6.2021 година.

Член е на Рецензентска комисија за избор на научен работник во сите наставно-научни звања на Научниот совет на Научниот институт за тутун во Прилеп, во состав на УКЛО во Битола (одлука бр. 15-89/4, од 8.2.2021 година).

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Ромина Кабранова била дел од неколку национални/меѓународни проектни активности.

Д-р Ромина Кабранова се јавува како автор/коавтор на 18 објавени научни трудови од соодветната област (од последниот избор).

Д-р Ромина Кабранова е придружен член на Друштвото за наука и уметност – Прилеп.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Ромина Кабранова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Врши експертиза при реализација на активностите за стручна контрола (сертификација) на семенски материјал при МЗШВ.

Кандидатката учествувала во изработка на Стратегијата за производство на тутун за период 2020 – 2026 година, со Акционен план (https://www.slvesnik.com.mk/Issues/032dcec806e2435b90de68be6195e4de.pdf).

Во изборниот период, д-р Ромина Кабранова врши функција продекан за настава на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во два мандатни периода: април 2017 година – април 2021 година и мај 2021 година – мај 2024 година.

Вршител на должност продекан за настава била во периодот 1 април - 1 мај 2021 година.

Кандидатката покажува особена активност во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на бројни стручни комисии и работни групи при Факултетот за земјоделски науки и храна:

- Комисија за настава во мандатен период 2017 – 2021/2021 – 2024 (претседател);
- Комисија за спорт и студентски активности при ФЗНХ, 2021 – 2024 (член);
- Комисија за спроведување на уписи на прв циклус студии на ФЗНХ 2017/2021, 2021/2024 (претседател);

Комисија за спроведување на тендерска постапка на ФЗНХ (заменик-претседател / претседател);

- Изборна комисија за спроведување на избор на претседател и членови на ФСС на ФЗНХ (2018 – 2022);
- Комисија за спроведување на постапка по Интерен оглас за избор на студенти чие родителско право го врши само еден родител, кои се стекнуваат со погодности за плаќање половина од износот на уписнината за прв циклус студии за учебната 2021/2022 година на Факултетот за земјоделски науки и храна (претседател);
- Тело за акредитација и реакредитација на студиски програми на прв и втор циклус студии на ФЗНХ, 2022;
- Работно тело за акредитација на студиски програми на прв и втор циклус на ФЗНХ во состав на УКИМ – Скопје;
- Работна група за изработка на Функционална анализа на Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје;
- Работна група за изработка на измени и дополнувања во Одлуката за надоместоци на вработените на ФЗНХ и Правилникот за систематизација и организација на работни места;
- Работна група за изработка на Правилник за систематизација на ФЗНХ;
- Работна група за изработка на студиската програма Поледелство, ФЗНХ, акредитација/реакредитација на студиски програми, 2022;
- Работна група за подготовка на промотивен материјал ISAF 2022 и „75 години Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје“.

Активно е вклучена и во работата на комисии и тела на државни органи, како:

- член на Работна група за подготовка на Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи (Службен весник на РМ бр. 98/2019 од 21.5.2019);
- овластен вештак од областа на земјоделството – Комора на вештаци на РСМ;

- член на работна група – Твининг-проект: „Дополнителна поддршка за имплементирање на Националната рамка на квалификации“ (Further support to the implementation of the National Qualifications Framework) MK IPA 17 SO 01 21, МОН, 2020/2022;
- член на Работна група за анализа на уписите, студирањето и студиските програми на ФЗНХ;
- член на Работна група за самоевалуација на ФЗНХ, 2017 – 2020;
- претседател на факултетска Комисија за избор на членови на Факултетско студентско собрание на ФЗНХ при УКИМ.

Д-р Ромина Кабранова, исто така, е ангажирана и како:

- заменик-раководител на Лабораторијата за контрола на тутун и тутунски производи при ФЗНХ. Исто така, овластена е за вршење испитувања во акредитираната лабораторија, согласно со барањата на стандардот МКС EN ISO-IEK 17025: 2018;
- технички оценувач од страна на Институтот за акредитација (ИАРСМ) во периодот 2017 – 2021;
- надворешен соработник за стручна работа на Центарот за стручно образование и обука – Скопје, 2018/2019;
- главен уредник на Информаторот за студиски програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (акредитација 2017/2018);
- раководител на Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на УКИМ.

Кандидатката учествува/ла во:

- Организациски одбор на Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна 4th International symposium for agriculture and food, ISAF 2022;
- Секретаријат на научен собир, 4th International symposium for agriculture and food, ISAF 2022 – заменик претседател на секретаријат;
- Member of Scientific Committee - 4th International symposium for agriculture and food, ISAF 2022;
- Организациски одбор на Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна, 3rd International symposium for agriculture and food, ISAF 2017;
- Секретаријат на научен собир, 3rd International symposium for agriculture and food, ISAF 2017;
- Научен одбор на научен собир, International Journal of Food, Agriculture and Animal Sciences (IJFAA) – Member of Advisory Board https://gthmyo.bingol.edu.tr/dergimiz/danisma-kur
- 8th International Conference on Information and Communication Technologies in Agriculture, Food & Environment - September 21-24, 2017, Chania, Crete, Greece – Member of Scientific Committee HAICTA 2017 https://2017.haicta.gr/scientific-committee.html
- Member of Scientific committee at Green Room Sessions 2018 International GEA (Geo Eco-Eco Agro) Conference - 1-3 November 2018, Podgorica, Montenegro;
- Member of Editorial Board at Journal of Agricultural Science and Technology (JAST) http://www.davidpublisher.com/Home/Journal/JAST-B
- Member of Scientific committee at International scientific conference Faculty of Horticulture and Landscape Engineering of the Slovak University of Agriculture in Nitra / Science of Youth 2022, Slovakia https://sites.google.com/site/vedamladych/committee
- Member of Scientific committee at 11-th International Symposium of Agricultural Sciences AgroRes 2022, Trebinje, Bosnia and Hercegovina & 27th Conference of Agricultural Engineers of the Republic of Srpska https://agrores.net/simpozijum/

Во изборниот период, д-р Ромина Кабранова учествувала во неколку национални/меѓународни проекти.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Д-р Ромина Кабранова има позитивна оценка (9,54) од спроведената анонимна анкета на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ромина Кабранова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ромина Кабранова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Според горeизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Ромина Кабранова да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област индустриски растенија (тутун, памук, сончоглед и др.).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Златко Арсов, с.р.**
**Проф. д-р Мирослав Димитриески, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Димов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Ромина Симеон Кабранова
**Институција:** Факултет за земјоделски науки и храна
**Научна област:** индустриски растенија (тутун, памук, сончоглед и др.)

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1. | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус*<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,03.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,28. | Да |
| 2. | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: индустриски растенија (тутун, памук, сончоглед и др.); поле: растително производство; подрачје: земјоделство и ветерина. | Да |
| 3. | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences (JAFES)<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број на членови-31; Serbia-6, Croatia-5, Bosnia and Hercegovina-3, Montenegro-2, Germany-1, Bulgaria-2, Slovenia-2, Austria-1, Albania-1, North Macedonia-8<br>3. Наслов на трудот: **Development of tobacco economy in the Republic of Macedonia**<br>4. Година на објава: 2017 | Да |
Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 952 од 14 ноември 2008 година, Билтен бр. 1023 од 16 јануари 2012 година, Билтен бр. 1091 од 31 декември 2014 година и Билтен бр. 1150 од 14 јули 2017, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатот д-р Панче Рибарски изведува настава и вежби на прв циклус студии на сите студиски програми и настава на втор циклус студии на студиските програми.

Кандидатот бил ментор на 7 дипломски трудови и еден магистерски труд.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 48 дипломски трудови и на 1 магистерски труд.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Панче Рибарски, во извештајниот период, има објавено вкупно 9 научни трудови од сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика.

Кандидатот раководел со 1 национален научен проект и активно учествувал во 3 национални научни проекти во извештајниот период.

Д-р Панче Рибарски бил рецензент на 9 научни трудови за 4 меѓународни научни конференции и собири.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Панче Рибарски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Кандидатот д-р Панче Рибарски учествувал во подготовката и пријавувањето на 4 национални научни проекти, од кои во 1 бил носител, а во 3 соработник. Раководел и учествувал во дизајнот и изработката на 14 нови софтверски пакети.

Во рамки на Факултетот учествувал во Комисијата за уписи, во два мандата.

Кандидатот бил претседател на организациониот одбор и уредник на зборникот на трудови на 1 меѓународна научна конференција. Бил и член на програмскиот одбор на 6 други меѓународни научни собири, во извештајниот период.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Панче Рибарски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство согласно со Извештајот за самоевалуација на Факултетот.

**<u>Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот д-р Панче Рибарски</u>**

Од Анексот кон Извештајот за избор во наставно-научно звање, може да се види дека кандидатот д-р Панче Рибарски има 70,61 поен од наставно-образовната дејност,

49,8 поени од научноистражувачката дејност и 38 поени од стручно-апликативната дејност, или вкупно 158,41 поен. Според ова, д-р Панче Рибарски има значително поголем број на поени од потребниот минимален број на поени потребен за избор во звањето за кое конкурира.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Панче Рибарски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Панче Рибарски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Панче Рибарски да биде избран во звањето вонреден професор во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Љупчо Антовски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Боро Јакимовски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димитрова, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Панче Ѓорѓи Рибарски
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * <br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,3. <br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира <br>Назив на научната област: компјутерски науки и инженерство; поле: компјутерска техника и информатика; подрачје: техничко-технолошки науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји <br>3.5.1 <br>1. Назив на зборникот: <br>**Perspectives in Dynamical Systems III: Control and Stability** <br>2. Назив на меѓународниот собир: **DSTA 2019** <br>3. Имиња на земјите: **Бразил, Канада, Германија, Полска, Мороко, САД, Украина, Австрија, Русија, Романија, Израел, итн.** <br>4. Наслов на трудот: <br>**Stability of Coupled Systems of Stochastic Cohen-Grossberg Neural Networks with Time Delays, Impulses and Markovian Switching** <br>5. Година на објава: **2019** <br>3.5.2 <br>1. Назив на зборникот: <br>**ICT Innovations 2019. Big Data Processing and Mining** <br>2. Назив на меѓународниот собир: **ICT Innovations 2019** <br>3. Имиња на земјите: **Австрија, Холандија, Италија, Мексико, Шпанија, Белгија, Швајцарија, Велика Британија, итн** <br>4. Наслов на трудот: <br>**Application of Hierarchical Bayesian Model in Ophtalmological Study** <br>5. Година на објава: **2019** <br>3.5.3 | Да |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | 1. Назив на зборникот:<br>**ICT Innovations 2019 Web Proceedings**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **ICT Innovations 2019**<br>3. Имиња на земјите: **Австрија, Холандија, Италија, Мексико, Шпанија, Белгија, Швајцарија, Велика Британија, итн.**<br>4. Наслов на трудот:<br>**Comparing Databases for Inserting and Querying Jsons for Big Data**<br>5. Година на објава: **2019**<br>3.5.4<br>1. Назив на зборникот:<br>**ICT Innovations 2017 Web Proceedings**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **ICT Innovations 2017**<br>3. Имиња на земјите: **Австрија, Холандија, Италија, Мексико, Шпанија, Белгија, Швајцарија, Велика Британија, итн.**<br>4. Наслов на трудот:<br>**Cast-a-Vote: User Experience In Mobile Voting**<br>5. Година на објава: **2017**<br>3.5.5<br>1. Назив на зборникот:<br>**Proceedings of the 14th International Conference for Informatics and Information Technology**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **14th International Conference for Informatics and Information Technology**<br>3. Имиња на земјите: **Србија, Бугарија, Австралија, Босна и Херцеговина, Велика Британија, Полска, Норвешка, Австрија, итн.**<br>4. Наслов на трудот:<br>**Implementing Easy Prepaid Card Programme Infrastructure**<br>5. Година на објава: **2017** | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум: 14.07.2017, по објава во Билтен бр. 1150 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Љупчо Антовски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Боро Јакимовски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димитрова, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Панче Ѓорѓи Рибарски
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** (Прилог 1)

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава – прв циклус (2017 – 2022) | 22.2 |
| 2 | Одржување на вежби – прв циклус (2017 – 2022) | 26.325 |
| 3 | Консултации со студенти – прв циклус (2017 – 2022) | 6.734 |
| 4 | Одржување на настава – втор циклус (2017 – 2022) | 1.5 |
| 5 | Одржување на вежби – втор циклус (2017 – 2022) | 1.35 |
| 6 | Консултации со студенти – втор циклус (2017 – 2022) | 0.002 |
| 7 | Подготовка на нов предмет – предавања (2*1) | 2 |
| 8 | Подготовка на нов предмет – вежби (4*0.5) | 2 |
| 9 | Ментор на дипломска работа (7*0.2) | 1.4 |
| 10 | Ментор на магистерска работа (1*2) | 2 |
| 11 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (1*0.3) | 0.300 |
| 12 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (48*0.1) | 4.8 |
| | **Вкупно** | **70.611** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** (Прилог 2)

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на национален научен проект (1*6) | 6 |
| 2 | Учесник во национален научен проект (3*3) | 9 |
| 3 | Учесник во меѓународен научен проект (1*5) | 5 |
| 4 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | 28 |
| 5 | Рецензија на научен/стручен труд (9*0.2) | 1.8 |
| | **Вкупно** | **49.8** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** (Прилог 3)

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Изработка на нов софтверски пакет (14*2) | 28 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир (1*1) | 1.00 |
| 2 | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (1*2) | 2.00 |
| 3 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (6*1) | 6.00 |
| 4 | Член на факултетска комисија (2*0.5) | 1.00 |
| | **Вкупно** | **38.00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 70,61 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 49,8 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 38 |
| **Вкупно** | **158,41** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Љупчо Антовски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Боро Јакимовски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димитрова, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

***Прилог 1***

**Наставно-образовна дејност**

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на доц. д-р Панче Рибарски во периодот од јуни 2017 до февруари 2022

| Одржување на настава и вежби – прв циклус | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Поени | | |
| ина | естар (зимски/летен) | Предмет | Часови предавања/неделно | Часови ауд. вежби/неделно | Часови лаб. вежби/неделно | Студенти | Одржување на настава | Одржување на вежби | Консултации со студенти |
| 7/18 | з | во информатика | 2 | | | 121 | 1.2 | | 0.242 |
| | | во информатика | | 2 | | 286 | | 0.9 | 0.572 |
| | | рибуирани системи | | 2 | 3 | 93 | | 2.25 | 1.86 |
| | | ресионални вештини | 3 | | | 117 | 1.8 | | 0.234 |
| | | нистрација на мрежни сервиси | | 2 | 1 | 29 | | 1.35 | 0.058 |
| 7/18 | л | нистрирање на ИТ-системи | | 2 | 1 | 22 | | 1.35 | 0.044 |
| | | ативни системи | | 4 | | 130 | | 1.8 | 0.26 |
| | | исно ориентирани архитектури | 1 | 2 | 1 | 26 | 0.6 | 1.35 | 0.052 |
| 8/19 | з | во компјутерски науки | 2 | 1 | | 141 | 1.2 | 0.45 | 0.282 |
| | | рибуирани системи | | 2 | 1 | 129 | | 0.9 | 0.258 |
| | | ресионални вештини | 4 | | | 129 | 2.4 | | 0.258 |
| | | нистрација на мрежни сервиси | | 2 | 1 | 31 | | 1.35 | 0.062 |
| 8/19 | л | нистрирање на ИТ-системи | | 2 | 1 | 25 | | 1.35 | 0.05 |
| | | исно ориентирани архитектури | 1 | 2 | 1 | 15 | 0.6 | 1.35 | 0.03 |
| 9/20 | з | нистрација на мрежни сервиси | | 2 | 1 | 29 | | 1.35 | 0.058 |
| | | во компјутерски науки | 2 | | | 145 | 1.2 | | 0.29 |
| | | рибуирани системи | | 2 | 1 | 117 | | 1.35 | 0.234 |
| | | ресионални вештини | 4 | | | 173 | 2.4 | | 0.346 |
| 9/20 | л | нистрирање на ИТ-системи | | 2 | 1 | 20 | | 1.35 | 0.04 |
| | | ативни системи | 2 | 2 | 1 | 132 | 1.2 | 1.35 | 0.264 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сно ориентирани архитектури | 1 | 1 | 2 | 15 | 0.6 | 1.35 | 0.03 |
| | | д во компјутерски науки | 2 | | | 133 | 1.2 | | 0.266 |
| 0/21 | з | ибуирани системи | | 2 | 1 | 50 | | 1.35 | 0.1 |
| | | есионални вештини | 4 | | | 104 | 2.4 | | 0.208 |
| | | инуирана интеграција и испорака | 1 | 1 | 0,5 | 12 | 0.6 | 0.675 | 0.024 |
| 0/21 | л | сно ориентирани архитектури | 2 | 1 | 2 | 34 | 1.2 | 1.35 | 0.068 |
| /22 | | д во компјутерски науки | 2 | 1 | | 92 | 1.2 | 0.45 | 0.184 |
| | | ибуирани системи | | 2 | 1 | 61 | | 1.35 | 0.122 |
| | | есионални вештини | 4 | | | 119 | 2.4 | | 0.238 |
| | | | **ВКУПНО** | | | | **22.2** | **6.325** | **.734** |

| **Одржување на настава и вежби – втор циклус** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Год ина** | **Семест ар (зимск и/летен)** | **Предме т** | **Часови предавања/неделно** | **Часови ауд. вежби/ неделно** | **Часови лаб. вежби/ неделно** | **Студенти** | **Поени** | | |
| | | | | | | | **Одржување на настава** | **Одржување на вежби** | **Консултации со студенти** |
| 2017/18 | з | Криптографско инженерство | 2 | 2 | 1 | 1 | 1.5 | 1.35 | 0.002 |
| | | | **ВКУПНО** | | | | **1.5** | **1.35** | **0.002** |

| **Дипломски работи, магистерски, докторати – менторства и учество во комисии за одбрана** | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Активност** | **Студенти** | **Поени** |
| 1 | Ментор на дипломска работа | 7 | 1.4 |
| 2 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа | 48 | 4.8 |
| 3 | Ментор на магистерска работа | 1 | 2 |
| 4 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерска работа | 1 | 0.3 |
| | | **ВКУПНО** | **8.5** |

| **Подготовка на нов предмет – предавања** |
|---|

| Ред. бр. | Предмет | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Сервисно ориентирани архитектури (2020/2021 летен семестар) | 1.0 |
| 2 | Континуирана интеграција и испорака (2020/2021 летен семестар) | 1.0 |
| | **ВКУПНО** | **2.0** |

| Подготовка на нов предмет – вежби | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Предмет** | **Поени** |
| 1 | Сервисно ориентирани архитектури (2020/2021 летен семестар) | 0.5 |
| 2 | Континуирана интеграција и испорака (2020/2021 летен семестар) | 0.5 |
| 3 | Администрирање на ИТ-системи (2018/2019 летен семестар) | 0.5 |
| 4 | Администрација на мрежни сервиси (2018/2019 зимски семестар) | 0.5 |
| | **ВКУПНО** | **2** |

***Прилог 2***

## Научноистражувачка дејност

| Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Автори** | **Наслов** | **Конференција** | **Година** | **Поени** |
| 1 | Biljana Tojtovska, Panche Ribarski | Stability of Coupled Systems of Stochastic Cohen-Grossberg Neural Networks with Time Delays, Impulses and Markovian Switching | Perspectives in Dynamical Systems III: Control and Stability | 2021 | 4.5 |
| 2 | Biljana Tojtovska, Panche Ribarski, Antonela Ljubic | Application of Hierarchical Bayesian Model in Ophtalmological Study | ICT Innovations 2019. Big Data Processing and Mining | 2019 | 4 |
| 3 | Panche Ribarski, Bojan Ilijoski, Biljana Tojtovska | Comparing Databases for Inserting and Querying Jsons for Big Data | ICT Innovations 2019 Web Proceedings | 2019 | 4 |
| 4 | Atanas Kostovski, Pance Ribarski | The DevOps Toolbox: Be up to date with version-checker | 16th International Conference for Informatics and Information Technology | 2019 | 4.5 |
| 5 | Vojdan Kjorveziroski, Pance Ribarski | Deploying production-grade Kubernetes cluster | 16th International Conference for Informatics and Information Technology | 2019 | 4.5 |
| 6 | Pance Ribarski, Ljupcho Antovski | Cast-a-Vote: User Experience In Mobile Voting | ICT Innovations 2017 Web Proceedings | 2017 | 4.5 |
| 7 | Atanas Kostovski, Sasho Najdov, Ivona | Affordable Server Solution For SOHO Environments | 14th International Conference for Informatics and Information Technology | 2017 | 3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Micevska, Elve Selimoski, Pance Ribarski | | | | |
| 8 | Sasho Najdov, Atanas Kostovski, Elvedin Selimoski, Ivona Micevska, Pance Ribarski | User-Friendly Admin Panel Solution For SOHO Environments | 14th International Conference for Informatics and Information Technology | 2017 | 3 |
| 9 | Darko Gjorgjiev, Pance Ribarski | Implementing Easy Prepaid Card Programme Infrastructure | 14th International Conference for Informatics and Information Technology | 2017 | 4.5 |
| | | | **ВКУПНО** | | **36.5** |

| **Учество во меѓународни научни проекти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Финансиран** | **Проект** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | European High-Performance Computing Joint Undertaking | EuroCC: National Competence Centres in the framework of EuroHPC | 2020 – 2022 | учесник | 5.0 |
| | | | **ВКУПНО** | | **5,0** |

| **Учество во национални научни проекти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Финансиран** | **Проект** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | ФИНКИ | Мобилно електронско гласање за ефикасни гласачки процеси | 2017 – 2018 | раководител | 6.0 |
| 2 | ФИНКИ | Статистички методи алтернативни на традиционалната анализа на податоци | 2018 – 2019 | учесник | 3.0 |
| 3 | ФИНКИ | Продолжување на статистички методи алтернативни на традиционалната анализа на податоци | 2019 – 2020 | учесник | 3.0 |
| 4 | ФИНКИ | Статистичко моделирање | 2020 – 2021 | учесник | 3.0 |
| | | | **ВКУПНО** | | **15,0** |

| **Рецензија на научни / стручни трудови** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред бр.** | **Конференција / Научно списание** | **Месец и година** | **Број на рецензирани трудови** | **Поени** |
| 1 | 15th International Conference for Informatics and Information Technology | март 2018 | 3 | 0.6 |
| 2 | 16th International Conference for Informatics and Information Technology | март 2019 | 1 | 0.2 |
| 3 | ICT Innovations 2020 | септември 2020 | 2 | 0.4 |
| 4 | ICT Innovations 2021 | септември 2021 | 3 | 0.6 |
| | | **ВКУПНО** | | **1.8** |

***Прилог 3***

## Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

| Изработка на нов софтверски пакет | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Име на софтверскиот пакет** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | Софтвер за процесирање и рутирање на пораки во микросервисна архитектура - TrafficCop | 2019 – 2021 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 2 | Софтвер за складирање и кверирање на големи податоци со помош на Cassandra и ElasticSearch | 2019 – 2021 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 3 | Софтвер за креирање на динамички дијалози со помош на метаподатоци и DialogFlow | 2019 – 2021 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 4 | Софтвер за креирање на динамички дрва на знаење со помош на метаподатоци и извршување на документи врз нив | 2019 – 2021 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 5 | Софтвер за безбедно делење на клуч, трага на чување и побарување со HyperLedger Fabric блоковска мрежа | 2020 – 2021 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 6 | Софтвер за споделување на резултати од испити во живо од постоечки Google Sheets документи | 2019 – 2022 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 7 | Софтвер за сентимент анализа и акции од твитер пораки во живо | 2020 – 2021 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 8 | Софтвер за креирање на динамички дрва на знаење за Covid препораки во компани | 2020 – 2021 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 9 | Софтвер за менаџмент на пермисии на датотечни бази на податоци со помош на метаподатоци | 2020 – 2021 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 10 | Софтвер за автоматско тргување со познати децентрализирани пазари на криптовалути со помош на анализа во живо од активноста на пазарите | 2020 – 2022 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 11 | Софтвер за NFT игра со спојување на токени на Etheretum блоковска мрежа | 2021 – 2022 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 12 | Софтвер за паметни договори за децентрализиран пазар на NFT токени на BSC блоковска мрежа | 2021 – 2022 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 13 | Софтвер за игра со виртуелно тргување на криптовалути | 2021 – 2022 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| 14 | Софтвер за продажба на NFT токени со помош на три фази на претпродажба и една генерална фаза на продажба | 2021 – 2022 | Координатор и софтверски инженер | 2.00 |
| | | | **ВКУПНО** | **28.00** |

| Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Зборник** | **Година** | **Место** | **Поени** |
| 1 | Proceedings of the 16th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2019) ISBN: 978-608-4699-09-5 | 2019 | Маврово | 1.00 |
| | | | **ВКУПНО** | **1,00** |

| Претседател на организационен/програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Име на научен/стручен собир** | **Година** | **Место** | **Поени** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 16th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2019) | 2019 | Маврово | 2.00 |
| | | ВКУПНО | | 2,00 |

| Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Име на научен/стручен собир** | **Година** | **Место** | **Поени** |
| 1 | 15th International Conference for Informatics and Information Technology | 2018 | Маврово | 1.00 |
| 2 | 16th International Conference for Informatics and Information Technology | 2019 | Маврово | 1.00 |
| 3 | 17th International Conference for Informatics and Information Technology | 2020 | Скопје | 1.00 |
| 4 | ICT Innovations 2020 | 2020 | Скопје | 1.00 |
| 5 | 18th International Conference for Informatics and Information Technology | 2021 | Скопје | 1.00 |
| 6 | ICT Innovations 2021 | 2021 | Скопје | 1.00 |
| | | **ВКУПНО** | | **6,00** |

| Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Финансиран** | **Проект** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | ФИНКИ | Мобилно електронско гласање за ефикасни гласачки процеси | 2017 – 2018 | раководител | 1.0 |
| 2 | ФИНКИ | Статистички методи алтернативни на традиционалната анализа на податоци | 2018 – 2019 | учесник | 0.5 |
| 3 | ФИНКИ | Продолжување на статистички методи алтернативни на традиционалната анализа на податоци | 2019 – 2020 | учесник | 0.5 |
| 4 | ФИНКИ | Статистичко моделирање | 2020 – 2021 | учесник | 0.5 |
| | | | **ВКУПНО** | | **2.5** |

| Член на факултетски комисии | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Комисија** | **Поени** |
| 1 | Комисија за уписи, 2020/2021 | 0.50 |
| 2 | Комисија за уписи, 2021/2022 | 0.50 |
| | **ВКУПНО** | **1,00** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Љупчо Антовски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Боро Јакимовски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димитрова, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 20. 04. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |


ОД: Кандидат проф.м-р Стефан Јакимовски

ДО: Рецезентска комисија на Факултет за Ликовни Уметности-УКИМ-Скопје

# ПРИГОВОР

Почитувани,

Рецензентската комисија при Факултетот за ликовни уметности во Скопје во состав: Предсетател.проф.м-р Ладислав Цветковски, Член.проф.д-р Славица Јанашлиева и Член.проф.м-р Мирко Вујсиќ , на ден 15.04.2022 година го објави во Билтенот и на веб-страницата на Универзитетот донесениот Заклучок и предлог со кој рецензентската комисија на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметноти во Скопје го предложи кандидатот м-р Игор Сековски да биде избран во наставно-научно звање доцент, во научните области 60700-цртање и 60702- графика и графички техники.

Незадоволен од ваквиот заклучок и предлог, јас како кандидат постапувајќи по правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научно,наставно-стручни звањана Универзитот''Св.Кирил и Методиј'' во Скопје ( Член 38 ) го користам правото да поднесам приговор во предвидениот законски рок од 8 дена по објавување на реферат во Билтенот и на веб-страницата на Универзитетот , со предлог Рецезентска комисија на Факултет за Ликовни Уметности-УКИМ-Скопје **мојот приговор да го уважи**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По распишаниот конкурс врз основа на член 172 од Законот за високото образование ("Сл. Весник на РМ" бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) член 26 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор вонаставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018) и Одлуката бр. 02-201/3 од 21.12.2021 год. Донесена од Наставно-научниот и уметничкиот совет на Факултетот за ликовна уметност на седницата одржана на 21.12.2021. година, деканот на Факултетот,распишува конкурс за наставник во сите наставно-уметнички звања по предметите 60700 цртање и 60702-графика и графички техники,најмалку втор циклус студии по Графика и графички техники, и завршен

модул на прв циклус Графички дизајн, или завршен втор циклус студии по Графички дизајн или сродни студиски програми.

Сметам дека предложениот кандидат со сета почит кон него дека не ги исполнува основните и примарни критериуми за избор во оваа стручна област затоа што колегата м-р Игор Сековски додипломските студии ги завршува на сликарство,60701-сликање и сликарски техники, 60703-сликарска технологија и 60710-заштита и реставрација(модул: конзервација и реставрација и факултативно рачна изработка на хартија) а пак посдипломските студии од област на ликовни уметости и дизајн.

Според тоа сметам дека е направено прекршување на самата постапка на избор и дека комисијата треба да ја разгледа и уважи оваа круцијална отстапка од правилникот за избор и дадените кодови за избор според класификација на научно-истражувачките подрачја,полиња и области според меѓуародната фраскатиева класификација на занимања и потребните услови за избор во кој се бара наставник по областа на предмети повторувам-60700 цртање и 60702-графика и графички техники....

Со сета должна почит кон комисијата и предложениот кандидат и сите други пријавени колеги со кои имам работено,соработувано и излагано чуствувам должност и одговорност да ја посочам според мене отсапката која е направена,не со цел да наштетам на некому туку да ги посочам воочените неправилности.

Со почит,

---------------------------------------

проф.м-р Стефан Јакимовски

20.04.2022-Скопје

Врз основа на член 39 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научната/уметничка област (дисциплина) цртање, графика и графички техники на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, постапувајќи по доставениот Приговор на Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1259 од 15.4.2022 год., поднесен од кандидатот м-р Стефан Јакимовски, на 20.4.2022 год., го поднесува следниов

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР**

**Приговорот на Рефератот објавен во Билтен бр. 1259 од 15.4.2022 год., поднесен од кандидатот м-р Стефан Јакимовски на 20.4.2022 год., не се прифаќа, од причина што наодите, исказите и констатациите истакнати во него не влијаат кон поинакво одлучување при определување на заклучокот со предлог за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научната/уметничка област (дисциплина) цртање, графика и графички техники.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На ден 20.4.2022 год., кандидатот м-р Стефан Јакимовски поднесе Приговор на Рефератот објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1259 од 15.4.2022 год., со истакнати забелешки во однос на постапката, бодувањето и процедурата на предлогот за избор. Постапувајќи по дадениот приговор на кандидатот м-р Стефан Јакимовски, Рецензентската комисија утврди дека наодите, исказите и констатациите изнесени во Приговорот се неосновани и субјективни и не влијаат кон поинакво одлучување, од следниве причини:

1. Рецензентската комисија во својот извештај ги образложи причините за предлог на кандидатот м-р Сековски.
2. Подрачјето и полето како пошироки критериуми се комплетно исполнети. Предметите од областа на графичкиот дизајн, т.е. ликовно-графичкото обликување секогаш припаѓале на студиската програма Графика. Цртањето е, секако, поле кое припаѓа на сите катедри. Дополнително во условите на конкурсот е побарано кандидатите да имаат завршено втор циклус студии од областа на графичкиот дизајн, т.е. ликовно-графичкото обликување заради потребите на Факултетот за покривање на наставата на постојните, но и предметите предвидени со новата акредитација.
3. Во листите на слушани и положени курсеви/предмети на прв и втор циклус студии на кандидатот м-р Сековски фигурираат предмети по графика (класични техники) и дигитална графика, како и графички дизајн, т.е. ликовно-графичко обликување. Од творечките активности на м-р Сековски видливо е познавањето и практикувањето на двете области.
4. Рецензентската комисија многу внимателно ги разгледа сите приложени документи и документација на кандидатите. Според приложената документација на предложениот кандидат, дипломата за завршени втор циклус студии од Џошиби-универзитетот за уметност и дизајн (Јапонија), нострифицирана од МОН бр. 09-5331/2 од 12.7.2007 год., иако е насловена „Магистер на ликовна уметност од областа на дизајнот“, според официјалниот транскрипт, односно листата на предмети кои ги слушал и положил кандидатот, со печат на судски преведувач и нотар, недвосмислено укажуваат дека се работи за студии од областа на графичкиот дизајн.

При својата работа, Рецензентската комисја ги вреднува вкупните творечки, истражувачки, наставно-образовни и други дејности, достигнувања и квалитети на кандидатите во целина. Треба да се нагласи дека Рецензентската комисија констатира голема разлика помеѓу кандидатите м-р Стефан Јакимовки и м-р Игор Сековски, во делот на уметничко-стручната активност, каде што кандидатот м-р Сековски сериозно

отскокнува во квантитативна и квалитативна смисла, со учество на изложби и други манифестации од исклучително значење во светот.

Во сообразност со Образложението на Одговорот кон Приговорот, недвосмислено е дека Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научната/уметничка област (дисциплина) цртање, графика и графички техники на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1259 од 15.4.2022 год., е целосно непристрасен, транспарентен, аргументиран и документациски поткрепен и заедно со **Заклучокот со предлог останува непроменет**.

Рецензентската комисија истакнува дека постапката на избор е целосно спроведена според Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и правните акти на Факултетот за ликовни уметности во Скопје при УКИМ.

**Рецензентска комисија**

**Ред. проф. м-р Ладислав Цветковски, претседател, с.р.**
**Ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, член, с.р.**
**Ред. проф. д-р Славица Јанешлиева, член, с.р.**

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ
СКОПЈЕ

| Примено: | 21.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 04 – | 95/1 | 2 примероци | |

1 ННУС
1 рец. ком.

**До**
**Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за Ликовни Уметности во Скопје и РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА: проф. м-р Ладислав Цветковски, претседател, Проф. м-р Мирко Вујисиќ, член, Проф. д-р Славица Јанешлиева, член.**

**Од кандидатот**: Лазе Трипков, вонреден професор, магистер по графички дизајн, со живеалиште на ул. „Христо Татарчев 47и 3/3 Скопје го доставувам следниот

**ПРИГОВОР кон РЕФЕРАТ зА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ/УМЕТНИЧКИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО НАУЧНИТЕ / УМЕТНИЧКИ ОБЛАСТИ: 60700 – ЦРТАЊЕ и 60702 ГРАФИКА И ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ НА КАТЕДРАТА ЗА ГРАФИКА ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ , објавен по конкурс во весникот „Нова Македонија" од 23.12.2021 година во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1259 од 15.4.2022**

Почитувани колеги, професори, членови на рецензентската комисија и на ННУС,

По објавувањето на рефератот и извештајот во билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1259 од 15.4.2022, примoран сум да ја обжалам целата постапка и да го доставам мојот приговор во однoсно на начинот на кој е спроведена целата постапка, до Наставно- Научен уметнички совет и до рецензентската комисија.

По извршениот увид во објавениот реферат, сметам дека од страна на Рецензентската комисија се сторени одредени повреди на постапката, а тоа може да се нотира во делот на:

1. **Замена на биографски податоци и образование**. Имено, мојата биографија на страна 300, од алинеја 4 е заменета со биографијата на кандидатот Оливер Мусовиќ, со што формално прикажува необјективна слика и демонстрира сериозен пропуст на рецензионата комисија и на мене лично, како кандидат. Во однос на пристапот кон запазување на формално правните процедури и постапки, истата неумесно е изложена на увид пред стручната заедница и професионална јавност.

2. **Нелогичности и произволноста** во бодувањето и вреднувањето на кандидатот м-р Игор Сековски, во табелата се сметани повеќе поени за часови/вежби, а потоа е запишан произволен број на студенти кои посетуваат консултации, па последно наведената бројка од 43 се однесува за зимски семестар.

    a. **Исто така во табелата за менторство наведени се последователни 2 ставки м**ентор на дипломски работи – 20 и во долниот дел од графата

Ментор на дипломски работи – 1, и прозиволно се оценети без да се наведе прецизоно за што станува збор, како кај останатитее кандидати.

3. **Необјективност и пристраност.** Сакајќи да се фаворизира кандидатот, во извештајот е наведен неговиот просек на студии, а кај кандидатот вон. Проф. Лазе Трипков тој е изоставен и наведен е општ опис од нострификацијата, кој не соодветствува на бодната класификација на високото образование во Македонија и во случајот се презема тенденциозно.

4. **Веродостојност на издадени материјали** - Интерни скрипти од предавање за предметите *Сликарски техники 1, авторизирани предавања. Автор: Игор Сековски. Издавач: ЕУРМ, 2007, Сликарски техники 2, авторизирани предавања. Автор: Игор Сековски. Издавач: ЕУРМ, 2008, Дизајн на плакат и амбалажа, авторизирани предавања. Автор: Игор Сековски. Издавач: ЕУРМ, 2007.* Инсистирам истите да се отворат и да се дадат на увид за да се потврди нивната веродостојност, согласно наводите дека истите се издадени од страна на ЕУРМ. **Дополнително, кандидадот предавал многу повеќе стручни предмети за кои не доставил евиденција за изработени авторизирани предавање издадени од ЕУРМ, како** *Дизајн на плакат и амбалажа, Дизајн на книга со илустрација, Графички дизајн, Илустрација и стрипови, Графички дизајн 2, Графички дизајн 3 за кои наведува дека работел на подготовка на нов предмет* во делот на **Подготовка на нов предмет – предавање,** а за истите е бодуван без да се следи легитмноста на процесот. Со ова уште еднаш сериозно се нарушува објективноста на рецензионата комисија.

5. **Потесна област на кандидатот.** Кандидатот кој рецензионата комисија го предлага воопшто не ги исполнува основните критериуми за избор согласно Фраскатиевата листа - Класификација на научно истражувачки подрачја, полиња и области, односно шифра 60700 и шифра 60701 од повикот http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-597 , а посебно во делот на магистерските студии согласно јавно достапните информации кои може да се најдат за институцијата во Јапонија која тој ја наведува, не постои смер/оддел како што е наведен од страна на кандидатот.
https://www.joshibi.ac.jp/sites/default/files/paragraph_file/2020-04/enPDF.pdf

   Исто така Институцијата која кандидатот ја наведува, е класифицирана и регистрирана како приватна високо образовна установа, а ранкингот на универзитетот во светски рамки според Шангајската листа е **на 5037 место.**

   https://aa.mk/content/pdf/Drugi%20dokumenti/Klasifikacija%20na%20naucnoistrazuvacki%20podracja.pdf

6. **Неусогласување со општо познатите практики во високо образование,** за избор во звање лицата кои претходно биле избрани во звања, а за истото нема соодветен реизбор или нов избор, согласно правилникот за избор во звање доцент не треба да се вреднува претходната наставно образовна дејност, туку

се обрнува внимание на сегментот од последниот избор, па натаму се вреднуваат сите активности од звањето доцент и истите не се валидни.

7. **Легитимитет и кредибилитет** - предложениот кандидат м-р Игро Сековски, губи легитимност во кредибилитетот, односно конкретно предложениот кандидат м-р Игор Сековски работел како доцент избран во 2007 во период од 5 години. Оттука се наметнува прашањето како рецензионата комисија ја земала во предвид наставно образованата дејност кај кандидатот кој работел 6 години како доцент кога знаеме дека изборот трае 5 години, а „службата" во високото образование му завршува 2013 година.

8. Во периодот између 2013 до 2021 година, предложениот кандидат м-р Игор Сековски, не напредувал во наставно-образовна дејност, не се стекнал со дополнителна стручна и професионална квалификација или унапредување во високото образование или научната дејност, за разлика од кандидатот вон. Проф. Лазе Трипков кој има непречен континуитет од 2010 до денес, дополнително извршувајќи и други дејности од сериозен научно-истражувачки, наставно-образовен и културолошки национален и меѓународен кредибилитет.

Барам од наставно-научно уметничкиот совет сериозно да ги земе предвид горе наведените недостатоци и пропусти во постапката, бодувањето и самата процедура, во спротивно истите потврдуваат дека тенденциозно се прави прекршување на процесот и со тоа ја потврдува пристрасноста во изборот, земајќи ги како правно легитимни истите наставно образовани дејности и горенаведените недостатоци.

Во очекување на правична разрешница и соодветен одговор, срдечно ве поздравувам.

Со почит,

Вон. проф. Лазе Трипков
Ул. Христо Татарчев 47и 3/3
1000 Скопје, Македонија
lazetripkov@gmail.com

Врз основа на член 39 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научната/уметничка област (дисциплина) цртање, графика и графички техники на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, постапувајќи по доставениот Приговор на Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1259 од 15.4.2022 год., поднесен од кандидатот м-р Лазе Трипков од Скопје, на 21.4.2022 год., го поднесува следниов

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР**

**Приговорот на Рефератот објавен во Билтен бр. 1259 од 15.4.2022 год., поднесен од кандидатот м-р Лазе Трипков на 21.4.2022 год., не се прифаќа, од причина што наодите, исказите и констатациите истакнати во него не влијаат кон поинакво одлучување при определување на заклучокот со предлог за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научната/уметничка област (дисциплина) цртање, графика и графички техники**.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На ден 21.4.2022 год., кандидатот м-р Лазе Трипков поднесе Приговор на Рефератот објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1259 од 15.4.2022 год., со истакнати забелешки во однос на постапката, бодувањето и процедурата на предлогот за избор. Постапувајќи по дадениот приговор на кандидатот м-р Лазе Трипков, Рецензентската комисија утврди дека наодите, исказите и констатациите изнесени во Приговорот се неосновани и субјективни и не влијаат кон поинакво одлучување, од следниве причини:

5. Комисијата се извинува за ненамерната грешка во алинејата 4, каде што по биографијата на м-р Трипков, во продолжение се повторува наративната биографија на м-р Мусовиќ. Вкупните квалификации се димензионирани во табелите од Образец 2 кон извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање согласно со приложената документација и нејзината фактичка и прецизна прегледност, и во таа смисла на кандидатот м-р Трпипков му се бодувани сите активности.

Наративната биографија на кандидатот м-р Лазе Трипков во целост ја објавуваме тука:

**Биографски податоци и образование**

Кандидатот м-р Лазе Трипков е роден 1978 година, во Скопје. Нема доставено информации за средно образование. Со високо образование се стекнал на Академијата за убави уметности во Варшава, Полска, каде што во периодот 1998 – 2002 се стекнал со петгдишно магистерско образование во областа графичко проектирање. Магистрирал на 29.5.2002 година, стекнувајќи се со титулата магистер по графичко проектирање, со крајна оценка добар или 9,2 (табела: Општи услови за избор во звање). Во 2003 година, како Фулбрајтов стипендист, иницира истражување на докторски студии, поврзани со улогата на симболите и иконографијата на балканскиот регион.

Основач е на ПЛАКАРТ - Асоцијацијата на графички дизајнери на Македонија, член е на ICO-D (International Council of Design), основач и партнер на Skopje Design Week до 2013 година. Програмски директор на Скопје Креатива бил во 2015 година, а во периодот од 2012 до 2015 е национален координатор и експерт за развој на креативни индустрии во Министерството за култура на Република Македонија, и е автор на акцискиот план за развој на креативните индустрии во период од 2015 до 2018 година.

Неговите дела се изложувани на над 70 групни изложби на графички дизајн и плакати и се дел од колекциите на повеќе реномирани музеи во Европа и во светот. Има реализирано 5 самостојни изложби и курирал повеќе домашни и меѓународни изложби и поставки. Член е на ICO-D; програмски комитет на Биеналето за плакат во Варшава; коосновач бил на Skopje Design Week и партнер до 2013 година. Програмски директор бил на Скопје-креативен фестивал и национален координатор за креативни индустрии

во Министерството за култура на Република Македонија. Има реализирано многу проекти и изложби за социјален дизајн и визуелна комуникација, учествувал на повеќе меѓународни конференции, држел предавања и работилници, учествувал како член на жири на реномирани фестивали, натпревари и конференции. Добитник е на неколку меѓународни награди за дизајн, меѓу кои почесната награда од Чешката асоцијација на дизајнери и наградата „Златна пчела“ од Московското биенале.

Раководел со свое дизајнерско студио од 2014 до 2016 година, по што бил директор на Музејот на современи уметности во Скопје, до средината на 2017 година. Поранешен вицедекан и декан бил на Факултетот за дизајн и мултимедија во Црна Гора, од 2013 до 2017 година.

Директор бил на Меѓународната асоцијација за култура и дизајн во Кина/Европа со седиште во Белгија. Работи како вонреден професор на Факултетот за уметност и дизајн на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје, Македонија.

**Членство во професионални асоцијации:**

- основач и претседател на ПЛАКАРТ – Асоцијацијата на графички дизајнери на Македонија;
- член на ICO-D (International Council of Design);
- директор на Кинеско-европската асоцијација за култура и дизајн, Белгија;
- член на програмскиот совет на Варшавското биенале;
- претседател на организацискиот одбор на Меѓународниот студентски конкурс за плакат.

**Клучни квалификации:**

- визуелна комуникација и дизајн, културен менаџмент и курирање на локални и меѓународни проекти;
- проект-лидер, проектен менаџмент, консултантство на европски проекти и проекти на Светска банка, вклучувајќи ја и ИПАРД-програмата;
- 3Д-технологија и виртуелна реалност во истражувачки контекст на моделирање и вештини поврзани со новите сфери на дизајн, обуки и едукација;
- има издадено неколку стручни трудови во локални и меѓународни магазини.

**Образование**

1996 – 1998: Факултет за ликовни уметности, Скопје.

1998 – 2002: Академија за убави уметности, Варшава, Полска, магистер по графички дизајн, 5-годишна стипендија од Полската влада.

2002 – 2003: Академија за убави уметности, Лоч, Полска, постмагистерски стаж за дизајн и мултимедија.

2003 –2005: Институт за студии на Југоисточна Европа, Оддел за неофилологија, Универзитет во Варшава.

Докторски студии со Фулбрајтова стипендија – во мирување.

6. Бодувањето за кое кандидатот м-р Трипков има забелешка **е недвосмислено објективно** и се однесува на конкретниот број запишани студенти кои ги слушале курсевите во одредени семестри, односно ги полагале соодветните предмети. Зимскиот семестар фигурира како последен бидејќи на м-р Сековски работниот однос на ЕУРМ му завршува во март 2013 година. М-р Сековски ја пополнил посочената табела од Образец 2 коректно. Останатите кандидати кои имаат наставно искуство во високообразовни институции, посочените табели од Образец 2 не ги пополниле според инструкциите за бодување, ниту, пак, приложиле докази за Рецензентската комисија да може да пресметува бодови.

7. Рецензентската комисија нема надлежност да толкува, односно да прави компаративни споредби по однос на нумеричката, односно описната номенклатура во оценките од приложените документи од страна на кандидатите. Комисијата го зема предвид нивото на универзитетот каде што кандидатот го завршил своето образование, но во бодувањето се раководеше според нострификацијата направена во Македонија, од

страна на МОН, и просечната оценка наведена во нострифицираната диплома. Во табелата: Општи услови се наведени просеците со бројна вредност.

8. Интерните скрипти во чија веродостојност се сомнева кандидатот м-р Трипков ѝ се приложени на увид на Рецензентската комисија. Впрочем, тоа се јавно достапни материјали издадени од страна на ЕУРМ и Рецензентската комисија нема причина за сомнеж во нивната автентичност.

9. Рецензентската комисија во објавениот реферат ги образложи причините за предлог на кандидатот м-р Сековски. Предметите од областа на графичкиот дизајн, т.е. ликовно-графичко обликување секогаш припаѓале на студиската програма Графика. Цртањето е, секако, поле кое припаѓа на сите катедри. Дополнително во условите на конкурсот е побарано кандидатите да имаат завршено втор циклус студии од областа на ликовно-графичкото обликување заради потребите на Факултетот за покривање на настава на постојните, но и предметите предвидени со новата акредитација.

Рецензентската комисија многу внимателно ги разгледа сите приложени документи и приложена документација. Инсинуации за валидноста на дипломи на кандидатите сметаме дека се крајно неаргументирани и непрофесионални. Според приложената документација на предложениот кандидат, дипломата е валидна и нострифицирана од МОН бр. 09-5331/2 од 12.7.2007 год., како и официјалниот транскрипт, односно листата на предмети кои ги слушал и положил кандидатот, со печат на судски преведувач и нотар.

Комисијата при вреднување на уметничко-стручната активност на кандидатот м-р Лазе Трипков констатира мал број на активности од областа на ликовната уметност. Поголемиот дел од активностите се поврзани со апликативната ликовна уметност, графичкиот дизајн или ликовно-графичкото обликување. Предложениот кандидат м-р Игор Сековски, покрај апликативната ликовна уметност, има исклучителен опус и во областа на ликовната уметност, што има исклучително значење за позицијата за која е објавен конкурсот. Рецензентската комисија го зема предвид сиот квалитет врз основа на приложените документи, материјали и начинот на кој беше пополнета апликацијата.

10. По однос на забелешката „Неусогласување со општо познатите практики во високото образование“, Комисијата констатира дека се работи за неупатеност во материја која е јасно уредена, односно Комисијата при својата работа се повикува на ПРАВИЛНИКОТ за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 8, став 3, кој гласи: *Рецензентската комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.*

11. По однос на забелешката дека наставно-образовната дејност на м-р Игор Сековски во звањето доцент е пролонгирана, Комисијата цени дека ова е произволен и субјективен заклучок. Согласно со приложената документација, кандидатот м-р Игор Сековски е реизбран во звањето доцент со Одлука на ННУС на ФАД-ЕУРМ број 0310/874-2 од 14.9.2011 година.

12. Работните ангажмани и активности, наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-уметничката и стручно-применувачката дејност, како и дејностите од поширок интерес на сите кандидати, вклучувајќи го и м-р Лазе Трипков, се бодувани според податоците во Образец 2 кои се верифицирани со приложените документи и документација.

Во биографските податоци на м-р Сековски, дадени се точни години на почеток и крај на работни ангажмани и позиции.

При својата работа, Рецензентската комисија ги вреднува вкупните творечки, истражувачки, наставно-образовни и други дејности, достигнувања и квалитети на кандидатите во целина.

Рецензентската комисија е целосно убедена дека Приговорот на кандидатот м-р Лазе Трипков не содржи аргументирани и објективни наоди, искази и констатации и

оттаму тој не може да биде предмет на прифаќање. Во сообразност со Образложението на Одговорот кон Приговорот, недвосмислено е дека Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во наставно-научната/уметничка област (дисциплина) цртање, графика и графички техники на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1259 од 15.4.2022 год., е целосно непристрасен, транспарентен, аргументиран и документациски поткрепен и заедно со **Заклучокот со предлог останува непроменет**.

Рецензентската комисија истакнува дека постапката на избор е целосно спроведена според Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и правните акти на Факултетот за ликовни уметности во Скопје при УКИМ.

**Рецензентска комисија**

**Ред. проф. м-р Ладислав Цветковски, претседател, с.р.**
**Ред. проф. м-р Мирко Вујисиќ, член, с.р.**
**Ред. проф. д-р Славица Јанешлиева, член, с.р.**

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ
СКОПЈЕ
Примено: 26.04.2022

| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 04 – | 96/1 | | |



- **ДО:** Универзитет "Св.Кирил и Методиј"-Скопје
  Факултет за ликовни уметности-Скопје
  ул.Битпазарска бб. 1000 Скопје
  Република Македонија
  тел:02/3066779, факс:02/3066308
  info@flu.ukim.edu.mk

- **ОД** М-р Валентина Илијевска
  ул."Кирил и Методиј" бр.1А 1300 Куманово
  Република Македонија
  моб:070/923 092
  valentina.ilijevska@gmail.com


**ПРЕДМЕТ:**

**ПРИГОВОР** против поднесената одлука од страна на Рецензентската комисија, за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во научно-уметничките области 60701 – сликање и сликарски техники, 60703 – сликарска технологија и 60710 – заштита и реставрација од подрачјето на ликовните уметности, област: сликарство, заштита и реставрација, за предметите: Реставрација и конзервација, Сликарски техники и Сликарска технологија на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

**Почитувани!**

Незадоволна од избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во научно-уметничките области 60701 – сликање и сликарски техники, 60703 – сликарска технологија и 60710 – заштита и реставрација од подрачјето на ликовните уметности, област: сликарство, заштита и реставрација, за предметите: Реставрација и конзервација, Сликарски техники и Сликарска технологија на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, од страна на Рецензентската комисија, поднесувам **Приговор** кон истоимената комисија, Член 177, став 5 од Законот за високо образование, поради следните причини:

1. Во известувањето во Универзитетски Билтен број 1259; Скопје, 15 април 2022 година, стр.246-263 од Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во научно-уметничките области 60701 – Сликање и сликарски техники, 60703 – Сликарска технологија и 60710 – Заштита и реставрација од подрачјето на ликовните уметности, област: сликарство, заштита и

реставрација, за предметите: Реставрација и конзервација, Сликарски техники и Сликарска технологија на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, објавен Конкурс на ден 23.12.2021 год. во Нова Македонија", "Коха" и на страницата на Факултетот за ликовни уметности http://www.flu.ukim.edu.mk/?p=6&i=idt-597 .

Во опис на биографиите, на кандидатот м-р Валентина Илијевска не се наведени конкретни причини за недоследно и отфрлено разгледување на нејзината професионална биографија, со оправдани и оскудни накусо цитирани реченици на стр.246 во БИЛТЕН на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, под реден бр. 1259, објавен на 15 април 2022, покрај уредно доставена комплетната документација на барање при распишаниот конкурс на истоимениот факултет, Факултет за ликовни уметности во Скопје, во писмена-хартиена форма и по електронски запис на CD. Кандидатот м-р Валентина Илијевска е моментално на трет циклус на студии-докторски студии на Институтот за македонска литература, на катедрата на Културолошки студии, при УКИМ, каде што воедно е и препорака од самиот ментор за поддшката на восприемање на афирмација за заштита на културноро наследство, кое не е зедено во обзир од страна на Рецензентската комисија на ФЛУ.

2. Ова не дозволува ништо друго, освен да се потсетиме, воедно да се повикаме на претходно објавениот Конкурс за избор на асистент објавен на ден петок 21.08.2020, кој подоцна ќе доживее пораз за сторнирање на објавениот Конкурс на ден среда 26.08.2020, објавен во весникот "Нова Македонија. Со нови измени, истиот тој Конкурс беше објавен на ден среда, 03.09.2020 во истоимениот весник, за на крај истиот тој Конкурс да се измени и прилагоди во конечно издание на ден четврток 29.10.2020 објавен во весникот "Нова Македонија". Тој конкурс не вроди со очекувани резултати од страна на Рецензентската комисија при Факултетот за ликовни уметности во Скопје, за избор на кандидат на асистент од подрачјето на ликовните уметности, област: сликарство, заштита и реставрација, за предметите: Реставрација и конзервација, Сликарски техники и Сликарска технологија.

   На ден четврток 23.12.2021 беше објавен нов разпишан Конкурс за избор на кандидат за наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во научно-уметничките области 60701 – сликање и сликарски техники, 60703 – сликарска технологија и 60710 – заштита и реставрација од подрачјето на ликовните уметности, област: сликарство, заштита и реставрација, за предметите: Реставрација и конзервација, Сликарски техники и Сликарска технологија на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, **каде што во склоп за избор на Рецензентска комисија се претставници во ист склоп на состав како во претходно разпишаниот Конкурс за избор на асистент при ФЛУ.** Воедно и се потенцира во Конкурсот за точка 1.1. најмалку втор циклус студии по сликање и сликарски техники, и завршен модул Реставрација и конзервација на прв циклус или завршен втор циклус студии по Заштита и реставрација; **каде што овој**

**изричен акцент беше изоставен во претходно објавениот конкурс за избор на систен при ФЛУ, што воедно укажува на прилагодливоста на фаворизирање на избор на кандидат** за наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во научно-уметничките области на ФЛУ. Во продолжение од текстот на Приговорот следат наведените несогласувања во однос на сличноста на објавените два конкурса, првиот за избор на кандидат на асистент и вториот за избор на кандидат на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во научно-уметнички области на ФЛУ:

3. Избраниот кандидат од страна на Рецензентската комисија на ФЛУ при УКИМ-Скопје, ја нема високообразовната квалификација за областа за која е распишан конкурсот. **Нема завршено студиска програма од втор циклус на студии од потребната област на Реставрација и конзервација.** Со тоа сметам дека при вака направениот избор се повредуваат одредбите од Законот за високо образование, Оддел 3, Член 171 и Член 172, а се повредуваат и правата на студентите и идните генерации на студенти на кои треба да им биде пренесено стручно знаење и искуство, како од практичен така и од теоретски аспект за кој има кандидат со компетентна стручна квалификација.
4. Земајќи ја во обзир биографијата од претходните генерации на научно-наставниот кадар на професори при ФЛУ на УКИМ-Скопје, наставата која се изведува на Катедрата за сликарство, реставрација и конзервација каде што Сликарски техники (задолжителен), Сликарска технологија (изборен) и Конзервација и реставрација (изборен модул), на додипломски и постдипломски студии. Истиот состав на научно-наставен кадар го поседува во биографијата на знаење и применување и спроведување во настава според програмата на ФЛУ при УКИМ-Скопје, објавен во Универзитетски Билтен бр.1024, 1 февруари 2012 стр.60-70, и биографија објавена во Универзитетски Билтен бр.1063, 15 октомври 2013, стр.159-168, Реферат за избор на наставник во сите звања по предметите: Сликарска технологија, Сликарски техники и Конзервација и реставрација на Катедрата за сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

   Наставата која се изведува се става акцент на Реставрација и конзервација и заштита. Која е круцијална и е од значаен интерес во непосредната заштитата на културното наследство во државата и за понатамошното стручно усовршување и дејствување.
5. На седницата на ННУС при ФЛУ бр.3, на ден 4 јуни 2020 година, во Дневниот ред под точка 5. Одлука за распишување Конкурс за избор на асистент, а наведено во Записник бр.3 точка 5, е забележано: "Деканот проф. Беди Ибрахим побара да се донесе Одлука за објавување на Конкурс за прием на 2 асистенти, по добиената согласност од Министерството за финансии, на Катедрата за графика и **Катедра за сликарство, реставрација и конзервација.** Истиот ќе биде распишан по завршување на изборите, а во предвид се зема и ситуацијата со Ковид-19. **Во овој**

**момент е многу симптоматично, објавуваат конкурс на 29.10.2020 година и се повикува на оваа одлука донесена на ННУС при ФЛУ на 4 јуни 2020 година и во него се додава сосема нова област (дисциплина) на истражување-сликање и сликарски техники-60701, како што е налик со примерот со веќе наведената точка 1.1. во ново објавениот Конкурс.**

6. Исто така, за разлика од претходниот објавениот конкурс Во весникот "Нова Македонија" на ден (21.08.2020 истиот Конкурс е сторниран на 26.08.2020 од Централна Власт), кој истиот не е во согласност при донесената одлука на ННУС при ФЛУ, сега со додадениот услов (објавен по трет пат на 29.10.2020, а претходно на 3.09.2020-втор пат) со назнака, да се приложи доказ – сертификат за познавање и владееење на странски јазик, **истиот услов како да е додаден по нарачка на избраниот кандидат** кој токму сега по објавување, како на вториот така и на третиот конкурс се стекнал со сертификат (со датум од 29.09.2020, 30.10.2020 и 3.11.2020) објавен во БИЛТЕН на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје прод бр. 1226, на стр. 325-343, за време на траењето на објавениот конкурс и по истек на рокот на поднесување на потребната документација, се со цел да се истакне пред останатите кандидати. **Укажува на пристрасност на одлуката на Рецензентската комисија во однос на избраниот кандидат, како и тогаш така и со ново донесениот разпишан Конкурс, каде што повторно се укажува на пристрасност и кршење на истоимениот Закон за спречување на корупција и судир на интереси Член 73, алинеја 1.**

   Во Универзитетскиот Билтен бр.1043, на ден 30 ноември 2012 на стр. 67-180, во согледување и компарација на биографиите, **на еден од членовите на Рецензентската комисија и избраниот кандидат, нивните биографиите се идентични во поглед на творечката дејност.** Истиот тој член и кандидат, се основачи на исти и заеднички здруженија и тајфи кои непосредно соработуваат. Несомнено покажува на взаемна информација и за истоимениот распишан Конкурс за избор на еден асистент од подрачјето на ликовните уметности, област:сликарство, заштита и реставрација, за предметите: реставрација и конзервација, сликарски техники и сликарска технологија на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, **кој истиот се моделира по потребите на избраниот кандидат и истоименот член на Рецензентската комисија при ФЛУ на УКИМ-Скопје. Истата пракса продолжува да се имплементира со ново отворениот Конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во научно-уметничките области при ФЛУ.**

7. Добиениот одговор од приложениот Приговор, испратен по маил на 23 ноември 2020 **без да биде објавен** во Универзитетски Билтен, со потврден одговор од страна на Рецензентската комисија на ФЛУ при УКИМ-Скопје, дека истоимениот Приговор поднесен на 16.11.2020 дека е одбиен со никаква предомисла за влијание и менување во однос за избор на кандидат. Но на ден недела 01. 11. 2020 во

Универзитетски Билтен на “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје под бр. 1225, стр. 145 во кој е донесена одлука за поништување на Рефератот за избор на асистент од подрачјето на ликовните уметности, област: сликарство, заштита и реставрација, за предметите: Реставрација и конзервација, Сликарски техники и Сликарска технологија на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.
Сите овие наведени причини беа доволен показател за укажување на приложениот Приговор во однос на укажаната сличност на двата објавени Конкурси од истиот состав на Рецензентската комисија при ФЛУ.

Со почит,

М-р Валентина Илијевска

19.04.2022
Скопје

22




R RC025927997MK
1300 Куманово
Вред.
25,00
20/04/2022 12:48
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

KUMANOVO
20. 4.22.07
1300




До
УКИМ - Факултет за
ликовни уметности
ул. Битпазарска бб
1000 Скопје

RC
RC025927997MK

Врз основа на член 39 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), Рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно-научни/уметнички звања во научно-уметничките области 60701 – сликање и сликарски техники, 60703 – сликарска технологија и 60710 – заштита и реставрација, на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, постапувајќи по доставениот Приговор на Рефератот објавен во Билтенот бр. 1259, од 15.4.2022 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од кандидатката м-р Валентина Илијевска на 19.4.2022 година, го дава следниов

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ**
**Приговорот на кандидатката м-р Валентина Илијевска не се прифаќа.**

**Образложение**

Рецензентската комисија во состав: проф. м-р Антони Мазневски, претседател, проф. м-р Слободанка Стевческа, член, и проф. м-р Ангел Миов, член, избрана од Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, истакнува дека во спроведената постапка се пристапи кон внимателно и темелно разгледување на сите доставени документи на секој од пријавените кандидати.

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 23.12.2021 година од страна на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката м-р Валентина Илијевска нема доставено целосна документација, односно доставената пријава и доставената изјава за исполнување на општите и посебните услови од работното место не соодветствуваат со објавениот конкурс. Комисијата нема мандат да разгледува и да вреднува нецелосна документација и по тој основ кандидатката не е разгледувана и вреднувана за работното место.

Рецензентската комисија, постапувајќи по Приговорот на кандидатката м-р Валентина Илијевска, утврди дека изнесениот Приговор е неоснован и не влијае на промена на предлогот за кандидат за наставник во сите наставно-научни/уметнички звања.

**Рецензентска комисија**

**Проф. м-р Антони Мазневски, претседател, с.р.**
**Вонр. проф. м-р Слободанка Стевческа, член, с.р.**
**Вонр. проф. м-р Ангел Миов, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): (1) ПСИХОЛОГИЈА НА ЛИЧНОСТА (51009), НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 4.3.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) психологија на личноста (51009), а врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-780/7, донесена на VIII редовна седница одржана на 8.4.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Зоран Михајловски, проф. д-р Хана Салиу и проф. д-р Виолета Арнаудова.

По разгледувањето на приложените документи и трудови, а врз основа на член 173 од Законот за високото образование, како и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје *(Универзитетски гласник број 411 од 5.11.2018 година),* како членови на Рецензентската комисија, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставната област (дисциплина) психологија на личноста (51009), во предвидениот рок се пријави само една кандидатка, д-р Маја Корубин Ќорлука, насловен доцент по група предмети во рамки на научното поле психологија (510), меѓу кои и предмет од наведената научна област (51009) на високообразовната установа Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје – УАКС, Скопје, истовремено ангажирана и како стручњак од практиката по предмети од наведената научна област (51009) на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Кон пријавата, кандидатката достави: кратка биографија со фотокопија од Одлуката за избор во наставно-научно звање (бр. 19-1261/4, од 20.10.2017 година, УАКС - Скопје), доказ – Диплома (бр. 4218, од 7.2.2017 година, Филозофски факултет – Скопје) за стекнат соодветен степен на образование – доктор на психолошки науки, изјава за исполнување на општите и посебните услови за избор, доказ за општа здравствена способност за работното место, доказ дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, список на објавени научни и стручни трудови, како и по еден примерок од трудовите во печатена форма. Дел од овој Извештај се и Образецот 1 за исполнетоста на општите услови за избор во наставно-научно звање, согласно со Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/118), како и Образецот 2 за исполнети посебни услови за избор во наставно-научно звање, во согласност со Анекс 1 и Табела 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411 од 5.11.2018 година), за кандидатката Маја Корубин Ќорлука.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката Маја Корубин Ќорлука е родена на 8 мај 1979 година во Скопје. Средно образование завршила во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“ – Скопје, со просечен успех 5,00. Образованието го продолжила на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за психологија. Дипломирала во 2005 година, на тема „Себството во постмодерната психологија“, со севкупен просечен успех од 9,14. Магистрирала на истата катедра во 2010 година, на тема „Поврзаност на петте големи фактори на личноста со задоволството од квалитетот на живот и со доживувањето на среќа“, со просечен успех 9,00. Докторска дисертација на тема „Карактерните квалитети, субјективната добросостојба и општата и социјалната

самоефикасност кај студенти“ одбранила во 2015 година на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за психологија, со што се стекнала со научен степен – доктор на психолошки науки.

Д-р Маја Корубин Ќорлука завршила обука за гешталт психотерапевт во 2008 година, во рамки на Гешталт институтот во Скопје. Во 2009 година се здобила со Европски сертификат за психотерапија (ESP – European Certificate for Psychotherapy) и Европски сертификат за гешталт психотерапија (EAGT – European Certificate for Gestalt Psychotherapy). Има повеќегодишна психотераписка едукација и во рамките на други психотераписки правци.

Во периодот од 2004 до 2006 година, д-р Корубин Ќорлука работела како психолог и координатор на СОС-телефонот за деца и млади, во рамки на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши. Од 2005 година била ангажирана како надворешен соработник, а од 2008 до 2010 била вработена и како соработник на Меѓународниот славјански универзитет „Гаврило Романович Државин“ во Свети Николе, на Факултетот за психологија. Во септември 2015 година била ангажирана како предавач на Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје, а во 2017 била избрана и за насловен доцент на оваа високообразовна установа. На Универзитетот „Американ колеџ“ во Скопје (заклучно со јуни 2021) ги предавала предметите: Теории за личноста, Вовед во психологија и Приоди во психотерапија и советување.

Во периодот 2008 – 2009 година била вработена како портпарол и советник за односи со јавноста во Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Почнувајќи од 2009, па до ден денес, д-р Корубин Ќорлука постојано работи во Центарот за образование на возрасните, како раководител на Одделението за признавање на претходно стекнато учење, професионален развој и обука.

Д-р Корубин Ќорлука била ангажирана на повеќе национални и интернационални проекти од областа на образованието. Автор е на повеќе научни трудови и членка е на повеќе професионални тела.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на досегашната наставно-образовна дејност на УКИМ, УАКС во Скопје, и МСУ во Свети Николе (вклучително дисперзираните студии на МСУ во Битола), кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука изведува или изведувала настава и вежби на првиот циклус студии на неколку студиски програми од областа на психолошките науки (2006 – 2011, 2015 – 2022). На УАКС во Скопје (2020 – 2021) била ангажирана и за настава на втор циклус студии.

Во рамки на првиот циклус студии, на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за психологија, ангажирана како стручњак од практиката, д-р Корубин Ќорлука со почеток од учебната година 2020/2021 денес изведува настава (предавања) по задолжителните предмети: Теории за личноста и Личност. На УАКС – Скопје, во периодот од учебната 2015/2016 сè до 2020/2021, изведувала настава (предавања) по предметите: Вовед во психологија и Теории за личноста. На МСУ во Свети Николе (вклучително дисперзираните студии на МСУ во Битола), во периодот од учебната 2006/2007 сè до 2010/2011, изведувала настава (предавања и вежби) по предметите: Општ психолошки практикум 1, Општ психолошки практикум 2 и Зоопсихологија и компаративна психологија. Во рамките на вториот циклус студии, на УАКС – Скопје, во текот на летниот семестар на учебната 2020/2021 година, кандидатката д-р Корубин Ќорлука изведувала настава по предметот Приоди во психотерапија и советување.

Врз основа на одржаните наставни активности во вид на предавања, во посочениот временски период, на сите три високообразовни установи, д-р Корубин-Ќорлука остварува вкупно **56,24 поени,** додека одржаните наставни активности во вид на вежби носат дополнителни **23,40 поени.** Другите категории наставни активности (настава на втор циклус на студии **0,40 поени,** консултации со студенти **0,89 поени,**

менторства на дипломски работи **0,20 поени),** заедно со активностите во подготовка на нови предмети **(9,00 поени),** интерни скрипти **(12,00 поени),** и пакети материјали за предмети **(4,00 поени),** севкупно додаваат уште **26,49 поени.** Екстензивната листа на активности од оваа категорија на кандидатката д-р Корубин Ќорлука се надополнува и со опсежните ангажмани во вид на настава во школи и работилници, како раководител **(52,50 поени)** и како учесник **(11,00 поени).**

Севкупно, наведените наставно-образовни дејности на трите високообразовни установи, во вкупен активен период од приближно 12 години, на кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука ѝ донесуваат мошне високи **169,63 поени.**

**Научноистражувачка дејност**

**Во досегашниот период, д-р Маја Корубин Ќорлука објавила вкупно 11 научни трудови од научната област за која се избира (вкупно 47,00 поени).**

5 научни труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудот подлежи на рецензија, со меѓународен уредувачки одбор со членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја е најмногу две третини од вкупниот број членови (25,00 поени):

- Задоволството од квалитетот на живот и факторот на личност сложување кај студенти. *International Journal of Sciences and Arts. Vol. 2.* Skopje, 2020, 253-262.
- Карактерни квалитети и доблести кај студентите на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“. *International Journal of Sciences and Arts. Vol. 2.* Skopje, 2020, 276-287.
- Relationship Between the Experience of Happiness, the Satisfaction with the Quality of Life and the Satisfactions with the Nine Categories of Life Activities. *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 8.* Skopje, 2017, 284-300.
- Neuroticism, Extraversion and Subjective Well-being. *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 4.* Skopje, 2015, 339-348.
- Openess to Experience and Quality of Life Satisfaction. *Journal of Process Management – New Technologies, International. Special Edition.* Vranje, 2014, 634-638.

3 научни труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири со членови на програмскиот или научниот комитет од најмалку три земји (15,00 поени):

- Поврзаност на среќата со храброста, упорноста и искреноста кај студенти. Международна научно-практическа конференция *Икономика и бизнис в постпандемичния свят.* Софија, 2021, 278-285.
- Character Strengths and Social Self-efficacy among University Students in North Macedonia. 15th Annual International Academic Conference on European Integration *Climate Change: Challenges and Building Resilience.* Скопје, 2020, 112-120.
- Openness to Experience and Subjective Well-being among University Students in Macedonia. Eleventh Annual International Conference on European Integration *Borders: Imagined or Real.* Скопје, 2016, 155-163.

1 труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир со членови на програмскиот или научниот комитет од најмалку три земји (3,00 поени):

- Теорија на личноста во гешталт терапијата. Меѓународен зборник на научни статии *Психолошки приоди кон проучување на личноста во системот човек-општество.* Москва, Тамбов, Софија, Свети Николе, 2008, 192-197.

1 труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (2,00 поена):

- Личноста, среќата, психотерапијата. Прв гешталт конгрес на терапевти и советувачи на Р Македонија *25 години гешталт во Р Македонија*, Билтен бр. 1. Скопје, 2010, 27-30.

1 труд објавен во зборник на трудови на воспитно-образовна установа (2,00 поена):

- Себството во постмодерната психологија. *Зборник на трудови на наставниците и другите соработници на МСИ – Филијала Македонија*. Бр. 1. Свети Николе, Битола, 2008, 106-120.

**Кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука во досегашниот период со реферат учествувала на четири научни стручни собири (вкупно 3,50 поени)**:

- Character Strengths and Social Self-efficacy among University Students in North Macedonia. 15th Annual International Academic Conference on European Integration – AICEI 2020. *Climates Challenges and Building Resilience*. University American College Skopje. Skopje, 2020/05/21 (усна презентација). 1,00 поени.
- Задоволството од квалитетот на живот и факторот на личност сложување кај студенти. *Scientific Conference Contemporary Realities - Problems and Perspectives*. Institute of Science, Art, Culture and Sport. Stara Zagora, 11/27-29/2020 (усна презентација). 1,00 поени.
- Guidance and Counselling as Part of Process for VNFIL in Macedonia. *Closing Conference Guidance and Counselling for Low-educated Adults: from practice to policy*. Brussels, 01/17-18/2018 (постер). 0,50 поени.
- 25 години на гешталт во Македонија. *I гешталт конгрес на гешталт психотерапевти и советувачи на РМ*. Скопје, 20 - 21 ноември 2010 (усна презентација). 1,00 поени.

**Д-р Маја Корубин Ќорлука рецензирала вкупно 27 стручни трудови (вкупно 5,60 поени).**

- 7 стручни трудови во *International Journal of Science and Art*. Vol. 2. Skopje, 2020 (1,40 поени)
- 6 стручни трудови во *International Journal of Science and Art*. Vol. 1. Skopje, 2020 (1,20 поени)
- 8 стручни трудови во *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences*. Vol. 8. Skopje, 2017 (1,60 поени)
- 6 стручни трудови во *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences*. Vol. 7. Skopje, 2017 (1,40 поени)

**Во досегашниот период, кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука реализирала предавања на четири научни стручни собири (вкупно 17,00 поени).**

- Зголемување на свесноста за можностите и бенефитите од валидацијата на неформалното и информалното учење. *Кампања за подигнување на свесноста за можностите и бенефитите од валидацијата на неформалното и информалното учење во Република Северна Македонија* (серија од 5 семинари), Скопје, 15.2 – 29.6.2019 (5 пленарни предавања)
- Изградба на регионални ВЕТ центри како еден од приоритетите на Акцискиот документ за 2019 од ИПА-2 механизмот. *Донаторска пленарна сесија на Владата на Р. Македонија*. Скопје, 12.7.2018 (пленарно предавање)
- Current Situation in Adult Learning in Macedonia. *Current Situation and Future Trends in the Sector of Adult Learning. National Life Long Learning Days: National EPALE Conference*. Plovdiv, 10/03-05/2018 (пленарно предавање).
- Preparation of System for Validation of Non-Formal and Informal Learning (VNFIL) in Macedonia. *3rd Validation of Prior Learning (VPL) Biennale*. Berlin, 05/7-8/2019 (секциско предавање).

Од наведените реализирани активности во научноистражувачкото подрачје, може да се констатира дека кандидатката д-р Корубин Ќорлука во досегашниот период

покажала примерен ентузијазам, интерес и активен ангажман во ова подрачје, поставувајќи мошне солидна база за идно профилирање во продуктивен истражувач во научната област во која се избира. Севкупно, наведените научноистражувачки дејности на кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука ѝ донесуваат примерно високи **73,10 поени.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во досегашниот период, д-р Маја Корубин Ќорлука мошне активно се ангажирала во доменот на стручно-апликативните дејности.

**Кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука досега има реализирано 18 поединечни форми на експертски активности: екстерни евалуации на обуки, национални експертизи и други различни облици на евалуација (вкупно 28,00 поени).**

- Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2021), 2,00 поени
- Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2020), 2,00 поени
- Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2019), 2,00 поени
- Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2018), 2,00 поени
- Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2017), 2,00 поени
- Guiding Principles for the Development, Application and Verification of Special Adult Education Programs that lead to knowledge, skills and competences” (национален експерт) (2017), 1,00 поени
- Guidance Note on VNFIL Processes (експерт од ЦОВ) (2017), 1,00 поени
- Спецификација на пакетот на информации и методологија“ (експерт од ЦОВ) (2017), 1,00 поени
- Портфолио за компетенции за процесот на валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018), 1,00 поени
- Стандард за занимање: Советник за валидација на неформално и информално учење“ (експерт од ЦОВ) (2018), 1,00 поени
- Стандард на квалификација: Советник за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018), 1,00 поени
- Програма за обука на советници за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018), 1,00 поени
- Стандард за занимање: Оценувач за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018), 1,00 поени
- Стандард на квалификација: Оценувач за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018), 1,00 поени
- Програма за обука на оценувачи за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018), 1,00 поени
- Евалуатор (надворешен експерт) на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за програмата „Еразмус плус“ (евалуирани 6 проекти) (2014), 6,00 поени
- Член на Селекцискиот комитет на проекти за потпрограмата ГРУНДВИГ на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за 2010 година (2010), 1,00 поени
- Евалуатор во рамки на Твининг комитетот за селекција на партнери за ИПА твининг проектот Support to the capacity building of the Centre for Adult Education and development of programs for adult education and programs for literacy and fulfilment of elementary education for excluded persons (2010) 1,00 поени

**Д-р Корубин Ќорлука членувала во комисии за изработка на закон, за изработка на измени и дополнувања на закон, и за изработка на подзаконски акт (вкупно 8,00 поени).**

- Член во комисија (работна група) за изработка на нов Закон за образование на возрасните (2018), 4,00 поени
- Член на работна група за изработка на Правилник за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните (подзаконски акт), 2,00 поени
- Член на работна група за изработка на Правилник за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните (подзаконски акт), 2,00 поени

**Д-р Корубин Ќорлука завршила специјализација во соодветна област (вкупно 2,00 поени).**

- Европски лиценциран психотерапевт (Европска асоцијација за психотерапија – ЕАП, 1650 часа), 2,00 поени

Завиден ангажман кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука остварила и на полето на дејностите од поширок општествен интерес.

**Д-р Корубин Ќорлука членува во уредувачки одбори на две меѓународни научни стручни списанија (вкупно 7,00 поени).**

- International Journal of Science and Art. Vol. 2. Skopje, 2020 (1,00 поени)
- International Journal of Science and Art. Vol. 1. Skopje, 2020 (1,00 поени)
- International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 8. Skopje, 2017 (1,00 поени)
- International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 7. Skopje, 2017 (1,00 поени)
- International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 6. Skopje, 2016 (1,00 поени)
- International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 5. Skopje, 2016 (1,00 поени)
- International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 4. Skopje, 2014/15 (1,00 поени)

**Во досегашниот период, д-р Корубин Ќорлука остварила неколку студиски престои во странство (вкупно 3,50 поени)**

- Fellowship program for adult education practitioners, EURO Adult Education Association. August 2019 – December 2020, Bucharest, Romania (2,00 поени)
- Студиски престој: јуни 2019, Софија, Бугарија (0,50 поени)
- Студиска престој: април 2018, Лисабон, Португалија (0,50 поени)
- Студиска престој: мај 2017, Хелсинки, Финска (0,50 поени)

**Д-р Корубин Ќорлука учествувала во изготвувањето и пријавувањето на еден научно-образовен меѓународен проект (вкупно 1,00 поени).**

- National Coordinators for the Implementation of the European Agenda for Adult Learning (Erasmus +), 2017-2019 (1,00 поени)

**Учеството во подготовката на различни национални документи е уште една форма на дејност од поширок општествен интерес во која кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука бележи активно учество (вкупно 10,00 поени).**

- Стратешки план за кампања за подигнување на свесноста за можностите и бенефитите од валидацијата на неформалното и информалното учење во Република Северна Македонија (2019), 2,00 поени
- Лидер на програмски столб во процесот на носење на нова Стратегија за образование 2016 – 2020 со Акциски план (2016), 2,00 поени
- Член на работна група за Стратегија за доживотно учење 2017 – 2020 (2017), 2,00 поени

- Претседател на работна група за Концепција за неформално образование на возрасните (2014), 2,00 поени
- Член на работна група за изработка на стратешки документи (Стратегија за развој на отворените граѓански универзитети за доживотно учење) (2013), 2,00 поени

**Еднакво активен ангажман кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука бележи и како учесник во различни комисии и тела на државни и други органи (вкупно 10,00 поени).**

- Претседател на комисии за верификација на посебни програми за образование на возрасните (2014 – 2018), 6,00 поени
  - Комисија за верификација на посебната програма „Претприемачки и менаџерски вештини“ (2018)
  - Комисија за верификација на посебната програма „Претприемништво“ (2017)
  - Комисија за верификација на посебрата програма „Прва академија за адвокати и правници“ (2018)
  - Комисија за верификација на посебната програма „Стратегии за активно барање работа“ (2017)
  - Комисија за верификација на посебната програма „Ориентација и мобилност“ (2015)
  - Комисија за верификација на посебрата програма „Англиски јазик“ (2014)
- Член на Секторска комисија во рамки на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации (2018 – во тек), 1,00 поени
- Член на Управен одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје (2021 – во тек), 1,00 поени
- Член на Управен одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје (2017 – 2021), 1,00 поени
- Член на Координативно тело за следење на мерката „Воспоставување на системот за валидација на неформално и информално учење“ во рамки на Стратегијата за образованието за 2018 – 2025 година (2018 – во тек), 1,00 поени

**Уште еден облик на дејност од поширок општествен интерес е и учеството на кандидатката д-р Корубин Ќорлука во изработката на национална програма од област од пошироко значење (вкупно 3,00 поени).**

- Подготовка на Оперативни упатства согласно со активни програми и мерки на пазарот на труд предвидени со Оперативниот план на Владата на РМ (2012 година), 3,00 поени.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и високо ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, вклучително дејноста од поширок општествен интерес, на кандидатката д-р Маја Корубин Ќорлука.

Врз основа на презентираните податоци за севкупната активност на кандидатката во текот на досегашниот временски период, Комисијата цени дека д-р Маја Корубин Ќорлука поседува соодветни научни и стручни квалитети, и дека според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во научно-наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите потребни услови да биде избрана во звањето доцент во научната област (дисциплина) психологија на личноста (51009).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Маја Корубин Ќорлука да биде избрана во звањето **доцент** во научната област (дисциплина) психологија на личноста (51009).

Скопје,
18.4.2022

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Михајловски, с.р.**
**Проф. д-р Хана Салиу, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Арнаудова, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Маја Сашо Корубин Ќорлука**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филозофски факултет / Институт за психологија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: психологија на личноста (51009)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,14.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,00. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на психолошки науки<br><br>Назив на научната област: **психологија на личноста (51009)**<br><br>поле: **психологија**<br>подрачје: **општествени науки** | да |
| 3 | Објавени најмалку четири рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: *International Journal of Sciences and Arts. Vol.2*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 61 член (19 од С.Македонија, 14 од Србија, 7 од Бугарија, 4 од Босна и Херцеговина, 3 од Албанија, по 2 од Полска, Словенија и Турција и по 1 од Англија, Португалија, Романија, Египет, Ирак, Пакистан, Иран и Судан)<br>3. Наслов на трудот: *Задоволството од квалитетот на живот и факторот на личност сложување кај студенти*<br>4. Година на објава: 2020 | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: *International Journal of Sciences and Arts. Vol.2*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 61 член (19 од С. Македонија, 14 од Србија, 7 од Бугарија, 4 од Босна и Херцеговина, 3 од Албанија, по 2 од Полска, Словенија и Турција и по 1 од Англија, Португалија, Романија, Египет, Ирак, Пакистан, Иран и Судан)<br>3. Наслов на трудот: *Карактерни квалитети и доблести кај студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“*<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol.8*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 72 члена (27 од Македонија, 12 од Србија, 4 од Хрватска, по 3 од Словенија, Полска, Албанија, Бугарија и Босна и Херцеговина, по 2 од Италија, Турција и Словачка и по 1 од Англија, Португалија, Романија, Египет, Ирак, Пакистан, Иран и Судан)<br>3. Наслов на трудот: *„Relationship Between the Experience of Happiness, the Satisfaction with the Quality of Life and the Satisfactions with the Nine Categories of Life Activities“*<br>4. Година на објава: јуни 2017 | да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Сборник с научни доклади: *Икономика и бизнис в постпандемичния свят*<br>2. Назив на меѓународниот собир: Международна научно-практическа конференция<br>3. Имиња на земјите: С. Македонија, Бугарија, Полска и Србија<br>4. Наслов на трудот: *Поврзаност на среќата со храброста, упорноста и искреноста кај студенти*<br>5. Година на објава: 2021 | да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | да |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | 1. Назив на зборникот: *Climate Change: Challenges and Building Resilience*<br>2. Назив на меѓународниот собир: 15th Annual International Academic Conference on European Integration<br>3. Имиња на земјите: С.Македонија, Србија, Италија, Велика Британија, Австралија, Унгарија, Босна и Херцеговина, Словенија, Бугарија и Грција<br>4. Наслов на трудот: *„Character Strengths and Social Self-efficacy among University Students in North Macedonia“*<br>5. Година на објава: 2020 | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br>1. Странски јазик: англиски јазик, ниво Ц1<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 11.2.2022 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Маја Корубин Ќорлука**
**Институција:** **Филозофски факултет / Институт за психологија**
**Научна област:** **психологија на личноста (51009)**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава на I циклус студии (ч*1406*0,04)** | **56,24** |
| 1. | Теории за личноста (27 часа) (ФЗФ/УКИМ), зимски семестар 2021/2022 | 1,08 |
| 2. | Личност (21 час) (ФЗФ/УКИМ), летен семестар 2020/2021 | 0,84 |
| 3. | Теории за личноста (27 часа) (ФЗФ/УКИМ), зимски семестар 2020/2021 | 1,08 |
| 4. | Теории за личноста (56 часа) (УАКС), летен семестар 2020/2021 | 2,24 |
| 5. | Теории за личноста (45 часа) (УАКС), летен семестар 2019/2020 | 1,80 |
| 6. | Теории за личноста (45 часа) (УАКС), летен семестар 2018/2019 | 1,80 |
| 7. | Теории за личноста (45 часа) (УАКС), летен семестар 2017/2018 | 1,80 |
| 8. | Вовед во психологија (45 часа) (УАКС), зимски семестар 2016/2017 | 1,80 |
| 9. | Вовед во психологија (45 часа) (УАКС), зимски семестар2015/2016 | 1,80 |
| 10. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2010/2011 | 1,80 |
| 11. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2010/2011 | 1,80 |
| 12. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2009/2010 | 1,80 |
| 13. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2009/2010 | 1,80 |
| 14. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2009/2010 | 1,80 |
| 15. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2009/2010 | 1,80 |
| 16. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2009/2010 | 1,20 |
| 17. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2009/2010 | 1,20 |
| 18. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2008/2009 | 1,80 |
| 19. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2008/2009 | 1,80 |
| 20. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2008/2009 | 1,80 |
| 21. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2008/2009 | 1,80 |
| 22. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2008/2009 | 1,20 |
| 23. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2008/2009 | 1,20 |
| 24. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2007/2008 | 1,80 |
| 25. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2007/2008 | 1,80 |
| 26. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2007/2008 | 1,80 |
| 27. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2007/2008 | 1,80 |
| 28. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2007/2008 | 1,20 |

| | | |
|---|---|---|
| 29. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2007/2008 | 1,20 |
| 30. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2006/2007 | 1,80 |
| 31. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2006/2007 | 1,80 |
| 32. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2006/2007 | 1,80 |
| 33. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2006/2007 | 1,80 |
| 34. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2006/2007 | 1,20 |
| 35. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2006/2007 | 1,20 |
| **2.** | **Одржување на вежби од I циклус студии (ч*780*0,03)** | **23,40** |
| 1. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2010/2011 | 0,90 |
| 2. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2010/2011 | 0,90 |
| 3. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2009/2010 | 0,90 |
| 4. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2009/2010 | 0,90 |
| 5. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2009/2010 | 0,90 |
| 6. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2009/2010 | 0,90 |
| 7. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2009/2010 | 0,90 |
| 8. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2009/2010 | 0,90 |
| 9. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2008/2009 | 0,90 |
| 10. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2008/2009 | 0,90 |
| 11. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2008/2009 | 0,90 |
| 12. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2008/2009 | 0,90 |
| 13. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2008/2009 | 0,90 |
| 14. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2008/2009 | 0,90 |
| 15. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2007/2008 | 0,90 |
| 16. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2007/2008 | 0,90 |
| 17. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2007/2008 | 0,90 |
| 18. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2007/2008 | 0,90 |
| 19. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2007/2008 | 0,90 |
| 20. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2007/2008 | 0,90 |
| 21. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Битола), зимски семестар 2006/2007 | 0,90 |
| 22. | Општ психолошки практикум 1 (3+2) (МСУ – Свети Николе), зимски семестар 2006/2007 | 0,90 |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2006/2007 | 0,90 |
| 24. | Општ психолошки практикум 2 (3+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2006/2007 | 0,90 |
| 25. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Битола), летен семестар 2006/2007 | 0,90 |
| 26. | Зоопсихологија и компаративна психологија (2+2) (МСУ – Свети Николе), летен семестар 2006/2007 | 0,90 |
| **3.** | **Одржување на настава на II циклус студии (8*0,05)** | **0,40** |
| 1. | Приоди во психотерапија и советување (8 часа) (УАКС), летен семестар 2020/2021 | 0,40 |
| **4.1.** | **Настава во школи и работилници (раководител)** | **52,50** |
| 1. | „Системот за валидација на неформално и информално учење во Република Македонија и ЕУ: советување, водство и проценка во процесот на ВНИУ“ (15 работилници) (2017 – 2021) | 22.50 |
| 2. | „Улогата и значењето на неформалното образование во рамки на целокупниот систем на образование“ (8 работилници) (2017 – 2021) | 12,00 |
| 3. | „Значењето на образованието на возрасните во контекст на доживотното учење во Република Македонија“ (12 работилници) (2017 – 2021) | 18,00 |
| **4.2.** | **Настава во школи и работилници (учесник)** | **11,00** |
| 1. | “A Comprehensive Plan for Implementing VNFIL system and Selection of 5 Qualifications from NQF“. Skopje, 10.03.2022 | 1,00 |
| 2. | „Понатамошна поддршка за имплементирање на Националната рамка за квалификации“. Скопје, 9.3.2022 | 1,00 |
| 3. | „Обезбедување квалитет во стручното образование и обука“. Скопје, 8.2.2022 | 1,00 |
| 4. | „Technical Workshop with the Regional VET Centres“. Skopje, 12.11.2021 | 1,00 |
| 5. | „Осигурување квалитет во неформалното образование“. Скопје, 5.6.2019 | 1,00 |
| 6. | „Обука за советници во процесот на валидација на неформалното и информалното учење“. Скопје, 13 – 30.5.2019 | 1,00 |
| 7. | „Обука за подигање на свеста за валидација на неформалното и информалното учење“. Скопје, 31.5.2019 | 1,00 |
| 8. | „Workshop for Assessors in Validation of Non-formal and Informal Learning (VNFIL)“. Skopje, 29.10-2.11.2018 | 1,00 |
| 9. | „Оценување на неформалното и информалното учење/распознавање на претходното учење“. Тирана, 19-22.03.2018 | 1,00 |
| 10. | „Assessment in the Context of Validation on Non-formal and Informal Learning (VNFIL)“. Skopje, 11-15.12.2017 | 1,00 |
| 11. | „Менацирање на тим, менацирање на конфликти и ефективно преговарање“. Охрид, 24 – 27.4.2017 | 1,00 |
| **5.** | **Подготовка на нов предмет** | **9,00** |
| 1. | Приоди во психотерапија и советување (УАКС) (предавања и вежби) (2020) | 1,50 |
| 2. | Позитивна психологија (УАКС) (предавања и вежби) (2020) | 1,50 |
| 3. | Теории за личноста (УАКС) (предавања и вежби) (2017) | 1,50 |
| 4. | Зоопсихологија и компаративна психологија (МСУ) (предавања и вежби) (2006) | 1,50 |
| 5. | Општ психолошки практикум 1 (МСУ) (предавања и вежби) (2006) | 1,50 |
| 6. | Општ психолошки практикум 2 (МСУ) (предавања и вежби) (2006) | 1,50 |
| **6.** | **Консултации со студенти (444*0.002 студенти)** | **0,89** |
| 1. | Консултации со студенти (ФЗФ/УКИМ), зимски семестар 2021/2022 (118 студенти) | 0,24 |
| 2. | Консултации со студенти (ФЗФ/УКИМ), летен семестар 2020/2021 (177 студенти) | 0,35 |
| 3. | Консултации со студенти (ФЗФ/УКИМ), зимски семестар 2020/2021 (149 студенти) | 0,30 |
| **7.** | **Ментор на дипломска работа (1*0,20)** | **0,20** |

| | | |
|---|---|---|
| | Ментор на дипломска работа (УАКС) (2020) | 0,20 |
| **8.** | **Интерна скрпта од предавања** | **12,00** |
| 1. | *Општ психолошки практикум 1I*, Битола, Свети Николе, 2007. | 4,00 |
| 2. | *Општ психолошки практикум 1*, Битола, Свети Николе, 2006. | 4,00 |
| 3. | *Компаративна психологија,* Битола, Свети Николе, 2006. | 4,00 |
| **9.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **4,00** |
| 1. | Теории за личноста (УАКС) (2017) | 1,00 |
| 2. | Приоди во психотерапија и советување (УАКС) (2020) | 1,00 |
| 3. | Позитивна психологија (УАКС) (2020) | 1,00 |
| 4. | Личност (ФЗФ/УКИМ) (2021) | 1,00 |
| | **Вкупно** | **169,63** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (5 поени)** | **25,00** |
| | 1. Задоволството од квалитетот на живот и факторот на личност сложување кај студенти. *International Journal of Sciences and Arts. Vol. 2.* Skopje, 2020, 253-262. | 5,00 |
| | 2. Карактерни квалитети и доблести кај студентите на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“. *International Journal of Sciences and Arts. Vol. 2.* Skopje, 2020, 276-287. | 5,00 |
| | 3. Relationship Between the Experience of Happiness, the Satisfaction with the Quality of Life and the Satisfactions with the Nine Categories of Life Activities. *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 8.* Skopje, 2017, 284-300. | 5,00 |
| | 4. Neuroticism, Extraversion and Subjective Well-being. *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 4.* Skopje, 2015, 339-348. | 5,00 |
| | 5. Openess to Experience and Quality of Life Satisfaction. *Journal of Process Management – New Technologies, International. Special Edition.* Vranje, 2014, 634-638. | 5,00 |
| 2. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5 поени)** | **15,00** |
| | 6. Поврзаност на среќата со храброста, упорноста и искреноста кај студенти. Международна научно-практическа конференция *Икономика и бизнис в постпандемичния свят.* Софија, 2021, 278-285. | 5,00 |
| | 2. Character Strengths and Social Self-efficacy among University Students in North Macedonia, 15th Annual International Academic Conference on European Integration *Climate Change: Challenges and Building Resilience.* Скопје, 2020, 112-120. | 5,00 |
| | 3. Openness to Experience and Subjective Well-being among University Students in Macedonia. Eleventh Annual International Conference on European Integration *Borders: Imagined or Real.* Скопје, 2016, 155-163. | 5,00 |
| 3. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен стручен собир каде што членовите** | **3,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | **на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (3 поени)** | |
| | Теорија на личноста во гешталт терапијата. Меѓународен зборник на научни статии *Психолошки приоди кон проучување на личноста во системот човек-општество*. Москва, Тамбов, Софија, Свети Николе, 2008, 192-197. | 3,00 |
| 4. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (2 поена)** | **2,00** |
| | Личноста, среќата, психотерапијата. Прв гешталт конгрес на терапевти и советувачи на Р Македонија *25 години гешталт во Р Македонија*. Билтен бр. 1. Скопје, 2010, 27-30. | 2,00 |
| 5. | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа (2 поена)** | **2,00** |
| | Себството во постмодерната психологија. *Зборник на трудови на наставниците и другите соработници на МСИ – Филијала Македонија*. Бр. 1. Свети Николе, Битола, 2008, 106-120. | 2,00 |
| 6. | **Рецензија на научен/стручен труд** | **5,60** |
| | 1. 7 стручни труда во *International Journal of Science and Art*. Vol. 2. Skopje, 2020 | 1,40 |
| | 2. 6 стручни труда во *International Journal of Science and Art*. Vol. 1. Skopje, 2020 | 1,20 |
| | 3. 8 стручни труда во *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences*. Vol. 8. Skopje, 2017 | 1,60 |
| | 4. 6 стручни труда во *International Journal of Recent Research in Arts and Sciences*. Vol. 7. Skopje, 2017 | 1,40 |
| 7. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | **12,00** |
| | 1. Зголемување на свесноста за можностите и бенефитите од валидацијата на неформалното и информалното учење. *Кампања за подигнување на свесноста за можностите и бенефитите од валидацијата на неформалното и информалното учење во Република Северна Македонија* (серија од 5 семинари), Скопје, 15.2 – 29.6.2019 (5 пленарни предавања) | 10,00 |
| | 7. Изградба на регионални ВЕТ центри како еден од приоритетите на Акцискиот документ за 2019 од ИПА-2 механизмот. *Донаторска пленарна сесија на Владата на Р Македонија*. Скопје, 12.7.2018 | 2,00 |
| 8. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **3,00** |
| | Current Situation in Adult Learning in Macedonia. *Current Situation and Future Trends in the Sector of Adult Learning. National Life Long Learning Days: National EPALE Conference*. Plovdiv, 10/03-05/2018. | 3,00 |
| 9. | **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **2,00** |
| | Preparation of System for Validation of Non-Formal and Informal Learning (VNFIL) in Macedonia. *3rd Validation of Prior Learning (VPL) Biennale*. Berlin, 05/7-8/2019. | 2,00 |
| 10. | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | **3,50** |
| | 1. Character Strengths and Social Self-efficacy among University Students in North Macedonia. 15th Annual International Academic Conference on European Integration – AICEI 2020. *Climates Challenges and Building Resilience*. University American College Skopje. Skopje, 2020/05/21 (усна презентација) | 1,00 |
| | 2. Задоволството од квалитетот на живот и факторот на личност сложување кај студенти. *Scientific Conference Contemporary Realities - Problems and Perspectives*. Institute of Science, Art, Culture and Sport. Stara Zagora, 11/27-29/2020 (усна презентација) | 1,00 |
| | 3. Guidance and Counselling as Part of Process for VNFIL in Macedonia. *Closing Conference Guidance and Counselling for Low-educated Adults: from practice to policy*. Brussels, 01/17-18/2018 (постер) | 0,50 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. 25 години на гешталт во Македонија. *I гешталт конгрес на гешталт психотерапевти и советувачи на РМ,* Скопје, 20 – 21 ноември 2010 (усна презентација) | 1,00 |
| | **Вкупно** | **73,10** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија** | **28,00** |
| | 1. Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2021) | 2,00 |
| | 2. Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2020) | 2,00 |
| | 3. Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2019) | 2,00 |
| | 4. Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2018) | 2,00 |
| | 5. Екстерна евалуација на учесниците на Обуката за обучувачи на возрасни (2 групи) (2017) | 2,00 |
| | 6. Guiding Principles for the Development, Application and Verification of Special Adult Education Programs that lead to knowledge, skills and competences” (национален експерт) (2017) | 1,00 |
| | 7. Guidance Note on VNFIL Processes (експерт од ЦОВ) (2017) | 1,00 |
| | 8. Спецификација на пакетот на информации и методологија“ (експерт од ЦОВ) (2017) | 1,00 |
| | 9. Портфолио за компетенции за процесот на валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018) | 1,00 |
| | 10. Стандард за занимање: Советник за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018) | 1,00 |
| | 11. Стандард на квалификација: Советник за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018) | 1,00 |
| | 12. Програма за обука на советници за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018) | 1,00 |
| | 13. Стандард за занимање: Оценувач за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018) | 1,00 |
| | 14. Стандард на квалификација: Оценувач за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018) | 1,00 |
| | 15. Програма за обука на оценувачи за валидација на неформално и информално учење (експерт од ЦОВ) (2018) | 1,00 |
| | 16. Евалуатор (надворешен експерт) на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за Програмата Еразмус плус (евалуирани 6 проекти) (2014) | 6,00 |
| | 17. Член на Селекцискиот комитет на проекти за потпрограмата ГРУНДВИГ на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за 2010 година (2010) | 1,00 |
| | 18. Евалуатор во рамки на Твининг комитетот за селекција на партнери за ИПА твининг проектот Support to the capacity building of the Centre for Adult Education and development of programs for adult education and programs for literacy and fulfilment of elementary education for excluded persons (2010) | 1,00 |
| **2.** | **Член во комисија за изработка на закон** | **4,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | Член во комисија (работна група) за изработка на нов Закон за образование на возрасните (2018) | 4,00 |
| **3.** | **Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт** | **2,00** |
| | Член на работна група за изработка на Правилник за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните (подзаконски акт) | 2,00 |
| **4.** | **Завршена специјализација во соодветната област** | **2,00** |
| | Европски лиценциран психотерапевт (Европска асоцијација за психотерапија - ЕАП) (1650 часа; VII-В ниво во Националната рамка на квалификации - НРК) | 2,00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **5.** | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | **7,00** |
| | 1. International Journal of Science and Art. Vol. 2. Skopje, 2020. | 1,00 |
| | 2. International Journal of Science and Art. Vol. 1. Skopje, 2020. | 1,00 |
| | 3. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 8. Skopje, 2017. | 1,00 |
| | 4. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 7. Skopje, 2017. | 1,00 |
| | 5. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 6. Skopje, 2016. | 1,00 |
| | 6. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 5. Skopje, 2016. | 1,00 |
| | 7. International Journal of Recent Research in Arts and Sciences. Vol. 4. Skopje, 2014/15. | 1,00 |
| **6.** | **Студиски престој во странство** | **3,50** |
| | 1. Fellowship program for adult education practitioners, EURO Adult Education Association, August 2019 – December 2020 Bucharest, Romania | 2,00 |
| | 2. Студиски престој, јуни 2019, Софија, Бугарија | 0,50 |
| | 3. Студиски престој, април 2018, Лисабон, Португалија | 0,50 |
| | 4. Студиски престој, мај 2017, Хелсинки, Финска | 0,50 |
| **7.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | **1,00** |
| | National Coordinators for the Implementation of the European Agenda for Adult Learning (Erasmus +) (2017-2019) | 1,00 |
| **8.** | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | **10,00** |
| | 1. Стратешки план за кампања за подигнување на свесноста за можностите и бенефитите од валидацијата на неформалното и информалното учење во Република Северна Македонија (2019) | 2,00 |
| | 2. Лидер на програмски столб во процесот на носење на нова Стратегијата за образование 2016 – 2020 со Акциски план (2016) | 2,00 |
| | 3. Член на работна група за Стратегија за доживотно учење 2017 – 2020 (2017) | 2,00 |
| | 4. Претседател на работна група за Концепција за неформално образование на возрасните (2014) | 2,00 |
| | 5. Члан на работна група за изработка на стратешки документи (Стратегија за развој на отворените граѓански универзитети за доживотно учење) (2013) | 2,00 |
| **9.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **10,00** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Претседател на комисии за верификација на посебни програми за образование на возрасните (2014-2018)<br>• Комисија за верификација на посебната програма „Претприемачки и менаџерски вештини“ (2018)<br>• Комисија за верификација на посебната програма „Претприемништво“ (2017)<br>• Комисија за верификација на посебрата програма „Прва академија за адвокати и правници“ (2018)<br>• Комисија за верификација на посебната програма „Стратегии за активно барање работа“ (2017)<br>• Комисија за верификација на посебната програма „Ориентација и мобилност“ (2015)<br>• Комисија за верификација на посебрата програма „Англиски јазик“ (2014) | 6,00 |
| | 2. Член на Секторска комисија во рамки на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации (2018 – во тек) | 1,00 |
| | 3. Член на Управен одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје (2021 – во тек) | 1,00 |
| | 4. Член на Управен одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје (2017 – 2021) | 1,00 |
| | 5. Член на Координативно тело за следење на мерката „Воспоставување на системот за валидација на неформално и информално учење“ во рамки на Стратегијата за образованието за 2018 – 2025 година (2018 – во тек) | 1,00 |
| **10.** | **Учество во изработка на национална програма од одредена област** | **3,00** |
| | Подготовка на Оперативни упатства согласно со активни програми и мерки на пазарот на труд предвидени со Оперативниот план на Владата на РМ (2012) | 3,00 |
| | **Вкупно** | **70,50** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **169,63** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **73,10** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **70,50** |
| **Вкупно** | **313,23** |

Скопје,
18.4.2022

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Михајловски, с.р.**
**Проф. д-р Хана Салиу, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Арнаудова, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ДРУГО (ШИФРА 50105) – АНТРОПОЛОГИЈА НА РОДОТ, ДРУГО (ШИФРА 60517) – РОДОТ И РЕЛИГИЈАТА И ДРУГО (ШИФРА 51206) – СТРАТЕГИИ ЗА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 4.III 2022 година, за избор во соработничко звање – асистент за наставно-научните области: друго (шифра 50105) – антропологија на родот, друго (шифра 60517) – родот и религијата и друго (шифра 51206) – стратегии за родовата рамноправност, и врз основа на Одлуката бр. 04-784/7 од 8.IV 2022 год., донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на VIII редовна седница одржана на 8.IV 2022 година, формирана е Рецензентската комисија во состав: д-р Сузана Симоновска, редовен професор на Институтот за родови студии, д-р Денко Скаловски, редовен професор на Институтот за родови студии и д-р Боби Бадаревски, вонреден професор на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

По увидот во доставениот материјал, а врз основа на член 173 од Законот за високото образование, како и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор на кандидати во соработничко звање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018,) Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор во соработничко звање – асистент за наставно-научните области: друго (шифра 50105) – антропологија на родот, друго (шифра 60517) – родот и религијата и друго (шифра 51206) – стратегии за родовата рамноправност, во предвидениот рок се пријави единствено кандидатот м-р Стефан Васев.

### 1. Биографски податоци и професионален развој

М-р Стефан Васев е роден на 26.12.1993 година во Скопје. Основно образование завршил во ОУ „Димитар Миладинов“ во Скопје. Средното образование го продолжил во СУГС „Владо Тасевски“ во Скопје.

По завршувањето на средното образование, во 2012 година се запишал на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Институтот за родови студии. Додипломските студии ги завршил во рок со среден успех 9,2. Во септември 2016 година, со успешната одбрана на дипломскиот труд под наслов „Марксистички теории за родот во XIX век и правата половина на XX век“, под менторство на проф. д-р Слободанка Марковска, се стекнал со стручен назив – дипломиран по родови студии.

Во 2016 година, Стефан Васев се запишал како редовен студент на втор циклус студии на студиската програма Социологија, насока: социологија на културата, на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Постдипломските студии, исто така, ги завршил со одличен успех, со среден успех 9,29. Во септември 2021 година, со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Културата и сексуалноста“, под менторство на проф. д-р Антоанела Петковска и пред Комисија во состав: проф. д-р Антоанела Петковска, проф. д-р Милева Ѓуровска и проф. д-р Весна Димитриевска, се

стекнал со стручен назив – магистер по социолошки науки од областа на социологијата на културата.

Кандидатот м-р Стефан Васев, во периодот од 2018 до 2021 година, во неколку наврати е ангажиран како демонстратор на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје и реализира вежби кај проф. д-р Сузана Симоновска по предметите: Антропологија, Антропологија на жената, Историја на родот и полот во 20 век и Етиката и родот.

Од 2018 година, м-р Стефан Васев работи како асистент во Центар за издавачка дејност и комуникација со јавноста.

М-р Стефан Васев уште како студент на додипломските студии се пројавува на студентскиот портал факултети.мк со повеќе текстови: „Зошто ДА за родовите студии“ (1.3.2015); „За младинската бесперспективност“ (28.4.2015); „Образованието како клуч за духовно совршенство“ (19.9.2015) и „За либерализмот и мултукултурализмот (11.09.2018). Исто така, активно учествува во сите манифестации и активности организирани од страна на Институтот за родовии студии. Притоа, ќе го издвоиме неговиот повеќегодишен волонтерски ангажман во реализирањето на „Вечери на женски права“, проект организиран во соработка со канцеларијата на UN Woman во Скопје и Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА и под покровителство на град Скопје. Во 2016 година, во склоп на активностите за подигнување на свеста за потребата од родовите студии во Македонија, м-р Стефан Васев одржува неформално предавање.

Во јуни 2016 година, тој е вклучен како волонтер модератор на фокус-групи во реализирање на проектот „Запознавање и вклучување на граѓаните во одлучувањето на локалните политики“, инициран од страна на Центарот за истражување и креирање на политики во Скопје.

Од 2019 година, м-р Стефан Васев е активно вклучен и ангажиран во повеќе сегменти и програмски активности на организацијата Полио Плус – движење против хендикепот, поврзани со: раководење на човекови ресурси и активно вклучување на младите во процесите за надминување на дискриминацијата и прифаќање на прашањето за хендикепот во главните текови; унапредување на политичкото учество на заедницата со хендикеп; промовирање на принципите и одредбите на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп низ политичките партии; застапување за врамување на Конвенцијата за правата на лицата со хендикеп во програмите на политичките партии.

Соработката со м-р Стефан Васев продолжи и по неговото дипломирање и посебно би ја истакнале неговата трудољубивост и одговорност, ораторските способности, како и неговиот однос и способност за комуникација, како со своите колеги, така и со наставниот кадар.

Кандидатот м-р Стефан Васев се служи со англискиот јазик (за што има приложено уверение) и поседува активно познавање на сите јужнословенски јазици (источна и западна група).

Во рамки на информатичката писменост, кандидатот наведува дека има познавање на: Microsoft office, AutoCAD, Adobe Photoshop и FileMaker Pro.

## 2. Научноистражувачка дејност

Во текот на професионалниот развој, м-р Стефан Васев учествува во реализирањето на три проекти.

Во февруари 2016 година, во рамките на проектот „Вечери на женски права“, имплементиран од страна на Центарот за истражување и креирање на

политики во Скопје и финансиски поддржан од град Скопје, учествува како модератор и предавач во 5 работилници за родова еднаквост. Работилниците се одржани со ученици од трета и четврта година од средните училишта на Град Скопје, во периодот од 15 до 19 февруари 2016 година. По тој повод гостува и во емисии на МРТ 1 и НОВА ТВ, како и во неколку радиоемисии.

Во мај 2019 година, м-р Стефан Васев е член во тимот во проектот „Политики за спречување на одлив на мозоци на локални и национално ниво“, инициран од Leaders for Education, Activism and Development.

Во рамките на проектот „Вклучување на лицата со инвалидност во политиката“, организиран од Фондацијата за демократија на Вестминстер во Северна Македонија (WFD), во соработка со здржението Полио плус – Движење против хендикеп, во периодот јануари – февруари 2020 година, активно учествува и придонесува во реализацијата на циклус обуки за зголемување на политичко учество на лицата со попреченост.

М-р Стефан Васев активно се вклучува и во 7 работилници за сексуално и репродуктивно здравје и права, организирани од страна на Х.Е.Р.А. – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложената документација, Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Стефан Васев ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во соработничко звање – асистент за наставно-научните области: друго (шифра 50105) – антропологија на родот, друго (шифра 60517) – родот и религијата и друго (шифра 51206) – стратегии за родовата рамноправност.

Имајќи ги предвид научните и истражувачки квалитети на кандидатот, неговото интензивно ангажирање да ја актуализира/афирмира родовата димензија и проблематика во различни сфери на општествениот живот, како и неговиот ангажман во справувањето со различните облици на дискриминација, членовите на Рецензентската комисија имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, м-р Срефан Васев да биде избран во соработничкото звање **асистент** за наставно-научните области: друго (шифра 50105) – антропологија на родот, друго (шифра 60517) – родот и религијата и друго (шифра 51206) – стратегии за родовата рамноправност.

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Сузана Симоновска, с.р.**
**Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.**
**Проф. д-р Боби Бадаревски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Стефан Мирослав Васев
**Институција:** УКИМ – Филозофски факултет, Институт за родови студии
**Научна област:** ***АНТРОПОЛОГИЈА НА РОДОТ, РОДОТ И РЕЛИГИЈАТА И СТРАТЕГИИ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: социологија / социологија на култруата | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и на вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,20.<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,29. | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик.<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање Б2-ниво.<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот: 8.3.2022. | ДА |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Наталија Стојанова | „Меѓучовечки односи и организациска приврзаност на вработените во телевизиските медиуми“ | Interpersonal relationship and organizational commitment of the employees in the television media | проф. д-р Виолета Арнаудова | 10-980/3 од 4.5.2022 год. |
| 2. | Ивица Џиковски | „Управување и организација на практичната настава на студентите во детските градинки“ | Management and organization of the practical teaching of the students in the kindergartens | проф. д-р Алма Тасевска | 10-320/3 од 4.5.2022 год. |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

**3. Докторски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Перо Синадиновски | „Крајот на неолитскиот период на Централен Балкан“ | The end of the Neolithic Period in the Central Balkans | Проф. д-р Драги Митревски | 4.5.2022<br>10-165/6 |
| 2. | М-р Оливер Прокоповски | „Античката цивилизација во Североисточна Македонија“ | Ancient Civilization in the North-eastern Macedonia | Проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс | 4.5.2022<br>10-104/9 |

***Прилог бр. 4***

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СОЦИОЛИНГВИСТИЧКИ И ПРАГМАТИЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО НАСТАВАТА ПО ДЕЛОВЕН АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД М-Р ЛИНДИТА СКЕНДЕРИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет ,, Блаже Конески” во Скопје, на својата седумдесет и прва редовна седница одржана на 20.4.2022 година, избра членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Линдита Скендери со наслов: **Социолингвистички и прагматички компетенции во наставата по деловен англиски јазик во високото образование во Северна Македонија,** во состав:

1. проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ (претседател)
2. проф. д-р Солзица Поповска (ментор)
3. проф. д-р Анжела Николовска (член)
4. проф. д-р Даница Пиршл (член)
5. проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатката м-р Линдита Скендери, со наслов „Социолингвистички и прагматички компетенции во наставата по деловен англиски јазик во високото образование во Северна Македонија“, содржи 204 страници компјутерски обработен текст, со 202 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 6 целини: **Вовед, Теориска рамка, Преглед на литературата, Методологија на истражувањето, Резултати од истражувањето** и **Заклучни согледувања и препораки за идни истражувања**. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатката ја појаснува актуелноста и важноста на темата која е истражена, проследено од целите на истражувањето, хипотезите и структрурата на самата студија. Во овој дел, на јасен начин е претставена идејата за истражувачката тема заснована на важноста на стекнувањето социолингвистички и прагматички компетенции од страна на студентите, а поврзано со потребите на работните места во светот на бизнисот.

Во **првата глава** од докторската дисертација насловена како „Теориска рамка”, м-р Скендери ги обработува концептите на *англискиот јазик во функција на струката* (АЈФС) општо, а особено на *деловниот англиски јазик,* на *комуникативниот приод* во наставата и важноста на развивањето *социолингвистички и прагматички компетенции* поврзани со деловниот англиски јазик. Притоа, како пример таа ги вклучува говорните чинови *барање* и *изразување учтивост*, и дава општа слика за нив од прагматички и социолингвистички аспект.

Во **втората глава,** „Преглед на литературата”, кандидатката ги анализира релевантните истражувања кои се направени во други земји, поврзани со комуникативните компетенции. М-р Скендери направила избор на неколку истражувања кои освен комуникативните компетенции во *деловниот англиски јазик*, се фокусираат и на анализа на учебници употребувани во наставата по овој академски предмет. Овие истражувања покажуваат дека прагматичките и социолингистичките компетенции тешко се стекнуваат и во други земји во високото образование. Во овој дел од трудот успешно се интегрирани различните ставови низ литературата за стекнувањето на социолингвистичките и прагматичките компетенции во наставата по деловен англиски јазик, во една јасна и кохерентна целина.

Методологијата на истражувањето е детално објаснета во **третата глава.** Кандидатката ги опишува предметот на истражувањето и методите кои се употребени во реализацијата на истражувањето. Исто така, во овој дел се вклучени и податоци за испитаниците, професорите и студентите, универзитетите кои се вклучени во анкетите и инструментите кои се употребени во истражувањето.

**Четвртата глава** вклучува во себе пообемна и повеќестрана анализа на резултатите од истражувањето. Кандидатката почнува со квалитативна анализа на учебниците кои се употребуваат во наставата по деловен англиски на петте универзитети во Р Северна Македонија, кои се дел од истражувањето. Освен општа анализа на четири учебници, *Business Result Elementary, Business Result Pre-intermediate, Business English 1, Market Leader pre-intermediate i Profile Pre- Intermediate,* кандидатката прави и анализа на застапеноста на содржини за развој на социолингвистички и прагматички компетецнии во овие учебници, фокусирајќи се на вежбите што се однесуваат на следните аспекти на споменатите компетенции: *претставување, барање, извинување, предлагање* и *кохерентост и кохезија.* По оваа анализа, во оваа глава се презентираат и толкуваат резултатите од анкетата со професорите. Освен анкетата со професорите по деловен англиски јазик кои учествувале во ова истражување, кандидатката дава резултати од анкетата реализирана со 256 студенти од петте универзитети. На крајот на оваа глава, дадени се и резултатите од тестирањето на студентите од Универзитетот во Тетово, поделени во две групи: контролна и експериментална. За обработка на податоците од

анкетата се користи описна и конечна – конклузивна статистика, а резултатите се прикажани со табеларни и графички прикази, вклучувајќи нумерички и процентуални фреквенции, валидни проценти и стандардни отстапувања.

Во оваа глава е дадена богата и темелна анализа на сите делови од истражувањето. Кандидатката успеала квалитативно да ги анализира одговорите на наставниците и учениците за да одговори на прашањата од истражувањето. Ги анализира одговорите на студентите, во реализирањето на *претставувањата и барањата,* како и познавањето на *идиомите.* Ги споредува заедничките точки помеѓу одговорите на двете страни, наставниците и студентите за да дојде до важни заклучоци.

Во **шестата глава,** „Заклучни согледувања и препораки за понатамошни истражувања”, кандидатката објаснува дека студентите од универзитетите во Северна Македонија во наставата по деловен англиски јазик, според одговорите во истражувањето, не ги развиваат социолингвистичките и прагматичките компетенции. Нејзината квалитативна анализа, исто така, потврдува дека социолингвистичката и прагматичката содржина во користените учебници не е задоволителна. Двата доминантни фактора кои влијаат на оваа состојба се меѓусебно поврзани: студентите најчесто не можат да го разберат својот професор по англиски јазик, па затоа тие се чувствуваат нервозни и последователно претпочитаат употреба на мајчиниот јазик. Во експерименталниот дел од истражувањето, резултатите покажуваат дека постои значајна статистичка разлика помеѓу контролната и експерименталната група. Тоа што експерименталната група има многу подобри резултати ја докажува ефективноста на **експлицитното воведување** на материјалот и со тоа се добива одговор на истражувачкото прашање за тоа кои методи би можеле да им помогнат на студентите да ги развијат овие компетенции.

**Предмет на истражувањето**

Со оглед на фактот дека на крајот на наставата по деловен англиски јазик во рамките на студиите, од студентите се очекува успешно да комуницираат во реалниот деловен свет, м-р Скендери се одлучува предмет на ова истражување да биде нивото на изучување на прагматичките и социолингвистичките компетенции на студентите во високото образование во рамките на наставата по деловен англиски јазик на универзитетите во Република Северна Македонија. На лингвистичкиот аспект на англискиот јазик секогаш му се посветува поголемо внимание на часовите по АФСЈ, со што се запоставува важноста од стекнување прагматички и социолингвистички компетенции. Таков е случајот и со наставата по деловен англиски јазик.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Важноста на ова истражување лежи во фактот што изобилува со анализи од различни аспекти. Во овие анализи се вклучени учебници, наставници и студенти кои се клучни за евалуацијата на развојот на социолингвистичките и прагматичните компетенции на курсевите за деловен англиски јазик. Кандидатката успеала да спроведе богато истражување придружено со значајна статистичка анализа, која дава светлина врз исходите на наставата по деловен англиски јазик во однос на развојот на овие компетенции. Заклучоците се од суштински интерес за сите заинтересирани страни: и наставниците кои работат со студентите на економските факултети, и студентите од кои се очекува поседување на социопрагматички компетенции за нивно успешно снаоѓање во идната професија.

**Краток опис на применетите методи**

Студијата содржи квалитативна и квантитативна анализа. Првично, учебниците што ги користат наставниците во наставата по деловен англиски јазик на петте универзитети во Република Северна Македонија се анализирани општо, во однос на нивната содржина, а потоа се анализирани конкретно, во однос на социолингвистичките и прагматичките содржини. Кандидатката спровела и анкета преку прашалник, со 8 професори по деловен англиски јазик и со 256 студенти кои студираат на економските факултети на еден од овие пет универзитети во Република Северна Македонија: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Универзитетот во Тетово, Универзитетот на Југоисточна Европа, Универзитетот „Американ колеџ“ – Скопје и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Собраните податоци од професорите и од студентскиот прашалник анализирани се квантитативно и квалитативно, а резултатите се претставени во табели и графикони. За да се извлечат заклучоци од анализата на податоците, користени се описниот и контрастивниот метод. Во истражувањето, зависната варијабла е стекнувањето прагматички и социолингвистички компетенции во наставата по деловен англиски јазик во високото образование, додека независни варијабли се учебниците, условите во наставата и методите на настава кои влијаат на развојот на овие компетенции кај студентите. Дополнително, студијата содржи експериментален дел кој траел цел семестар со студентите на Економскиот факултет на Универзитетот во Тетово. Резултатите од тестовите на крајот на семестарот се прикажани во резиме на описна статистика која вклучува и средна вредност, медијана, стандардно отстапување, скинис и куртозис, како и статистика на Jarque Berra со која се одредува дали променливите имаат нормална дистрибуција.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Од анализата на учебниците, кандидатката заклучила дека на овие учебници што се користат на 5-те универзитети во Република Северна Македонија им недостасува социо-прагматичка содржина. Содржината поврзана со говорните чинови е слаба, но, сепак, говорниот чин *барање* бил застапен во соодветна мера. Во споредба со него, други говорни чинови, како што се: *извинување, сугестии* или *поплаки* се значително помалку присутни. Од одговорите на професорите, кандидатката дознава дека нивните студенти не се запознаени со социолингвистичките и прагматичките компетенции како поими, но овие компетенции се развиваат на часовите што ги предаваат. Анализата на студентскиот прашалник покажала дека студентите не се свесни за овие компетенции и не ги развиле на соодветно ниво. Тоа, според кандидатката, се покажува преку резултатите на студентите во однос на говорниот чин *претставување* во контекст на вработување во нова компанија, како и преку пишување *барање* било до *подреден соработник* или до *претпоставен.* Во ниту една од овие три ситуации не се покажале добри и задоволителни резултати. Исто така, студентите не покажале познавање на англиските идиоми. Од резултатите, м-р Скендери заклучува дека има два доминантни фактора во невозможноста за стекнување социо-прагматички компетенции. Првиот е тоа што студентите ја претпочитаат употребата на мајчиниот јазик пред англискиот, а вториот фактор е психолошки, поточно нервозата што студентите ја доживуваат кога не можат да го разберат наставникот за време на часот. На крајот, во експерименталниот дел, кандидатката заклучува дека користењето на **експлицитен метод,** т.е. кога на студентите претходно им се укажува дека со одредени вежби се работи на развој на дадена компетенција, ним им помага да развијат подобри социолингвистички и прагматички компетенции.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Линдита Скендери, под наслов: *Социолингвистички и прагматички компетенции во наставата по деловен англиски јазик во високото образование во Северна Македонија* (англ. *Sociolinguistic and pragmatic competences in Business English courses in higher education in North Macedonia*), претставува самостоен научен труд во кој кандидатката елаборира актуелна и значајна материја. Таа успева да даде одговори на истражувачките прашања и цели. Докторската дисертација ги задоволува критериумите на научноистражувачки докторски труд од јазичен и методолошки аспект. Содржината на трудот е презентирана јасно, логично и лесно читливо. Исто така, има значителен број цитирани извори.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Линдита Скендери, со наслов: **Социолингвистички и прагматички компетенции во**

**наставата по деловен англиски јазик во високото образование во Северна Македонија**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

### ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Skenderi, L, Ejupi, S. (2018). "Teaching grammar in ESP classes" in *Knowledge International Journal,* vol. 26. 2
[2]. Skenderi, L. (2021). "Requests And Apologies In Business English Coursebooks – The Case Of Business Result" in *Knowledge International Journal,* vol.48.4

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата констатира дека м-р Линдита Скендери изработила дисертација која има теориско значење и практична вредност во применетата лингвистика. Кандидатката извршила обемно истражување на социолингвистичките и прагматичките компетенции во *деловниот англиски јазик*, чија важност сѐ повеќе расте. Сознанијата ќе помогнат да се подигне свеста за важноста на стекнувањето на овие компетенции во наставата по *деловен англиски*. Имајќи ги предвид богатата квантитативна и квалитативна анализа, како и заклучоците и препораките, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” да ја одобри и да ја закаже одбраната на докторскиот труд под наслов: **Социолингвистички и прагматички компетенции во наставата по деловен англиски јазик во високото образование во Северна Македонија**, изработен од м-р Линдита Скендери.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Солзица Поповска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Анжела Николовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Даница Пиршл (Универзитет во Ниш, Р Србија), член, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Наумоска-Саракинска, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „OPPORTUNITIES FOR ESTABLISHING AND FOSTERING THE SOCIAL ECONOMY IN WESTERN BALKAN COUNTRIES“/„МОЖНОСТИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН“ ОД М-Р ГЕНТИАНА ГЕГА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 64. седница одржана на 30.3.2022 година, со Одлука бр. 02-273/2 од 4.4.2022 година формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Гентиана Гега со наслов: OPPORTUNITIES FOR ESTABLISHING AND FOSTERING THE SOCIAL ECONOMY IN WESTERN BALKAN COUNTRIES/ МОЖНОСТИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, во состав: проф. д-р Климентина Попоска (претседател), проф. д-р Снежана Костадиноска Милошевска (ментор), проф. д-р Предраг Трпески (член), проф. д-р Искра Станчева Гигов (член) и проф. д-р Владимир Петковски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Економскиот институт му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј
### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гентиана Гега, со наслов: OPPORTUNITIES FOR ESTABLISHING AND FOSTERING THE SOCIAL ECONOMY IN WESTERN BALKAN COUNTRIES/ МОЖНОСТИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, содржи 245 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 198 фусноти, 274 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во четири глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека со примена на истражувачките методи се идентификува тековната состојба на социјалната економија во земјите од Западен Балкан. Тоа значи дека во истражувањето се идентификува како економските активности влијаат и се обликуваат од социјалните процеси во овие земји, воедно дава одговор на прашањето дали модерните општества напредуваат, стагнираат или уназадуваат. Оттука, главната истражувачка хипотеза е поставена дека со воспоставување и јакнење на социјалната економија се унапредуваат овие земји.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена како: *Теоретски преглед за социјалната економија*. Во неа се анализираат, прво теоретските основи со хронолошки приказ на соодветната литература и поновите научни достигања за социјалната економија. Потоа се објаснува значењето на социјалната економија и се продолжува со објаснување на нејзините индикатори (вкупно 8) кои се нишки на истражувањето. Тоа се социјалниот развој, економскиот раст, образованието, климатските промени, екологијата, здравството, сиромаштијата, социјалната заштита&трудот. Во продолжение се дава приказ на поновите светски практики на глобално и на регионално ниво. Оваа глава завршува со објаснување на целите за одржлив развој, нивните достигања и поврзаноста со социјалната економија.

**Втората глава,** насловена: *Состојба и тековни трендови на социјалната економија во земјите од Западен Балкан,* прикажува широк преглед во однос на социо-економските состојби во земјите од Западен Балкан од крајот на XX и XXI век. Па така, поглавјето започнува со приказ на социо-економските состојби во овие земји, прво при крајот на XX век, па потоа во XXI век. Потоа продолжува со поединечна разработка на воспоставувањето и развојот на социјалната економија за секоја земја посебно од групата шест земји. Посебно се разрабуваат трендовите во секоја од нив, за поглавјето да заврши со емпириска анализа, која ќе ги поткрепи

теоретските дескрипции. Па така, со користење на огромен број секундарни податоци – како варијабли, главно од извори на Светска банка, за периодот од 2009 до 2019 година, со помош на економетриски модели (корелациона анализа, линеарна регресија, Рандом-ефект ГЛС-регресија и Хаусман-Тејлорова регресија) се детерминираат состојбите на социјалната економија преку утврдување на осумте индикатори: социјалниот развој и економскиот раст, образованието, климатските промени, екологијата, здравството, сиромаштијата, социјалната заштита&трудот. Со тоа, кандидатката темелно ја верифицира поставената хипотеза и овозможува соодветна компарација со состојбите во земјите членки на Европската Унија. Воедно, ја детектира секоја слабост во конретна економија и полето за делување со сет на мерки и политики за зајакнување на социјалната економија и општествата во оваа група на земји.

**Третата глава**, насловена: *Состојби и тековни трендови на социјалната економија во земјите членки на Европската Унија, соодветно на пристапот на земјите од Западен Балкан,* ја претставува теоретската рамка на социјалната економија во Европската Унија, прво кон крајот на XX век, па за XXI век. Продолжува со елаборација на нејзиното значење во Европската Унија и воспоставувањето и развојот, притоа посебно елаборирано за старите и посебно за новите земји членки на ЕУ. Ова поглавје завршува со приказ на најдобрите студии на случај кои се однесуваат на четири стари и носечки земји членки на ЕУ – Шпанија, Италија, Германија и Франција.

Во **четвртата глава**, насловена: *Задолжителни политики и мерки за унапредување на ситуацијата во однос на социјалната економија,* се опишува европската регулаторна рамка во однос на социјалната економија. Па така, прво се разработуваат директивите, препораките и насоките кои ја регулираат оваа област и се бара земјите членки и кандидати за членство да ја следат. Притоа треба да се има предвид дека со оглед на огромното значење на социјалниот развој на ЕУ, овој дел е исклучително важен и на него се работи темелно со голем сет на инструменти и механизми. Ова поглавје продолжува со дополнително и поединечно разработување на политиките и мерките за воспоставување и јакнење на социјалната економија.

Во заклучните согледувања се сумирани главните наоди од тезата и заключоците од анализата и ги истакнува препораките за идните истражувања и ограничувањата во однос на конкретното истражување.

**<u>Предмет и цели на истражување</u>**

**Предмет на истражување** на дисертацијата е, преку новите научни достигања и добрите практики, поткрепено со огромна база на податоци за социјалната економија на национално, регионално и на меѓународно ниво, утврдување на предизвиците и можностите за развој на социјалната економија во земјите на ЕУ и Западен Балкан.

**Основната цел** на докторската дисертација е да се детектираат политиките и мерките што најбрзо ќе доведат до динамизирање на развојот на земјите од Западен Балкан за кои е познато дека се соочуваат со слични социо-економски карактеристики, како што се: недоволен раст, невработеност, низок животен стандард, недостиг на разни социјални сервиси итн.

Со цел остварување на поставените цели, докторската дисертација се заснова врз главната хипотеза и неколку истражувачки прашања кои се тестираат со огромен сет на истражувачки методи за да се докаже дека земјите што имаат развиена социјална економија се понапредни од останатите. Притоа, таа е препознаена од јавните власти, научната и академска јавност и од самиот социјален сектор.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Мноштвото на студии и разноликоста на идентификуваните интерни и екстерни варијабли, како и нивната меѓузависност, ја идентификува понатамошната потреба од истражување на оваа материја. Терминот социјална економија за прв пат се спомнува во научната литература за време на Првата индустриска револуција, благодарение на либерално-економската теорија во Англија и северните земји на Европа. Тоа било време кога било невозможно да се балансира социјалата со економијата (Macias, Milan & Marruecos, 2021). Социјалната компонента повторно се реафирмира дури во втората половина на XIX век преку двајца проминенетни економисти, Jonh Stuart Mill и Leon

Walras. Defourne (1997) и Demoustier (2001), кои повторно го трасираат патот на социјалната економија.

Поновите истражувања, социјалната економија ја третираат како пионер на новите визии на богатството фокусирано на луѓето и нивното окружување. Бројни автори (Fajardo 2018; Monzon, 2017; Mendiguren & Etxerarreta, 2015) се фокусираат на допрецизирање и популаризирање на концептот за социјалната економија. Поголем број студии се базираат на истражување на односот на економијата и социјалното однесување (Restaki, 2006). Тие анализираат како потрошувачкото однесување е одредено од општествениот морал, етика и другите хуманитарни филозофии и задоволување на потреби кои се игнорирани или недоволно задоволени од страна на јавниот и приватниот сектор. Затоа се смета дека само непрофитниот сектор, односно социјалната економија има уникатна улога во креирање силно, одржливо, просперитетно и инклузивно општество (Европски форум на социјални претприемачи, 2019). Наспроти академските напори, напорите на европските институции, меѓународните организации, националните власти и претставниците на социјалната економија, сè уште нема конструирано заедничка аналитичка рамка универзално прифатена, ниту дефиниција.

Во последната декада, терминот социјална економија, или слични називи како солидарна економија, се користи нашироко во академискиот и политички дискурс во сите земји во светот. Тоа произлегува од убедувањето дека потенцијалите на социјалната економија за градење на социо-економската способност како латентен економски потенцијал се големи и нудат и други потенцијали за хуманизам во ерата на посткапитализмот (Amin, 2009). Социјалните економисти имаат два поврзани домена на истражување. Едниот е самото истраживање на социјалната економија, подразбирајќи ја како трет сектор во пазарната економија, одвоен од приватниот и јавниот сектор и базиран, главно, на волонтерска, наместо платена основа, кооперативна, наместо конкурентска и непрофитна активност. Но, социјалните економисти се концентрирани тоа да биде обезбедено на мешана пазарна економија како целина од перспектива на улогата што социјалната вредност ја има во економијата и нејзиното економско претставување (David & Dolfsma, 2008, Browne, 1997). Поновите иновативни пристапи ги комбинираат социјалната, трудовата и развојно економската мисла заедно со концептот на одржлив развој со цел зголемување на животниот стандард на земјите од Западниот Балкан.

Во Европската Унија, социјалната економија игра фундаментална улога во економијата со новата регулатива EU 2021/241 на Европскиот парламент и Советот од 12 февруари 2021 година, која воспоставува механизми за земјите членки за нејзина промоција и развој.

**Краток опис на применетите методи**

При обработката на темата е применета комбинација од повеќе научни методи кои се користат кај општествените науки. При тоа се применети: аналитичкиот, синтетичкиот, индуктивниот-дедуктивниот метод, компаративниот, историскиот и логичкиот научен метод. Покрај наведените методи, во одредени делови се користени статистичкиот метод, како и економетрискиот модел. Најголемиот дел од наведените методи низ содржината на докторската дисертација меѓусебно се испреплетуваат и надополнуваат.

Во трудот се користат квантитативни и статистички методи за собирање, организирање, анализа и интерпретација на социо-економски податоци. Со статистичките методи се утврдува корелацијата и зависноста на одредени варијабли за периодот 2009 – 2019 година, кои се прибрани главно од базата на податоци на Светска банка. За релевантно прикажување на економските варијабли и нивна симулација се користат неколку методи, како: дескриптивна анализа, корелациона анализа, линеарно регресиона анализа, Random-Effect GLS регресија, Fixed-Effect регресија, Hausman Taylor-ова регресија.

Истражувањето во докторскиот труд обработува мноштво податоци за 8 индикатори на социјалната економија: социјален развој, економски раст, образование, климатски промени, екологија, здравство, социјална заштита & труд.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Теоретската експликација на проблематиката покажува дека сите земји од Западен Балкан имаат одредени сличности, но и специфики. Така, албанското општество сѐ уште има силно традиционална основа, па фамилијата, кланот или регионот се основните социјални столбови, а ретко можат да се најдат извесни форми на кооперативи. Социјалниот сектор е во зародиш и се појавува во 2013 година, благодарение на проекти финансирани од странски донори. Србија, и покрај неповолната регулатива, економската и институционалната рамка, има развиен, но не многу значаен социјален сектор. Во Косово, социјалните претпријатија се во рана фаза. Во Македонија има широки потенцијали за развој на социјалната економија, главно преку невладините организации. Во Црна Гора, социјалните претпријатија се релативно ограничени.

Генерално, има недостиг на податоци за какво било темелно истражување за големината на секторот. Наспроти теоријата и националните податоци, официјалните меѓународни податоци за социјалната економија во земјите од Западен Балкан, за периодот 2009 – 2019 година покажуваат: 1) дека има мало зголемување на економскиот раст; 2) социјалниот развој е, исто така, мал; 3) во образованието има подобрување, но тоа не е доволно; 4) расте изложеноста на климатските промени и природни непогоди, а многу малку се прави за екологијата; 5) се соочуваат со многу тешкотии во здравствениот сектор; 6) се намалува стапката на сиромаштија, но во споредба со земјите од ЕУ има голема разлика. Дури, граѓаните во некои од овие земји се соочуваат со недостиг на базилни животни продукти.

Економетриското истражување покажа дека во најголем дел социјалниот развој зависи од економскиот раст, образованието, климатските промени, екологијата, здравството, сиромаштијата и социјалната и трудова заштита. Според регресионата анализа, вредно е да се напомне дека најголем ефект врз социјалниот развој имаат екологијата и социјалната и трудова заштита. Позитивниот импакт се должи на работата во оваа сфера на невладините организации кои во последните години многу се посветени на намалување на сиромаштијата и ранливоста со промоција на ефикасен пазар на труд, редуцирање на изложеноста на ризици и зголемување на капацитетите за менаџирање на економските и социјалните ризици, како што се невработеноста, исклученоста, болеста, инвалидноста и староста.

Во секој случај се потврдува хипотезата дека постои позитивно влијание помеѓу образованието, климатските промени, сиромаштијата и социјалната – трудова заштита во земјите од Западен Балкан.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гентиана Гега, со наслов: OPPORTUNITIES FOR ESTABLISHING AND FOSTERING THE SOCIAL ECONOMY IN WESTERN BALKAN COUNTRIES/ МОЖНОСТИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, претставува истражување во подрачјето на економските науки, во областа на економскиот развој. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ја утврди состојбата со социјалната економија во земјите од Западен Балкан, за да се зајакне во функција на побрз развој на овие земји. Изработката на темата на оваа докторска дисертација се очекува да придонесе за збогатување на домашната научна и стручна литература поврзана со конкретната проблематика.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Гентиана Гега, со наслов: OPPORTUNITIES FOR ESTABLISHING AND FOSTERING THE SOCIAL ECONOMY IN WESTERN BALKAN COUNTRIES/ МОЖНОСТИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Gentiana Gega, Current trend of socioeconomics in Albania, Kosovo, Serbia, North Macedonia, Montenegro and Bosna and Hercegovina, KNOWLEDGE, International Journal, Vol. 51.1, ISSN 1857-923X, p.119-125.
2. Gentiana Gega, The Future of business in social economy of the Western Balkan Countries, Proceedings of EBTSF 2021 conference.

## Заклучок и предлог

Главни научни придонеси на кандидатката во трудот се: синтетизирана идентификација и анализа на социјалната економија во земјите од Западен Балкан со предлог-мерки за нејзино јакнење и побрз развој на овие земји и побрза конвергенција кон ЕУ-стандардите. Покрај тоа, истражувањето може да ги поттикне стратегиите на овие земји за градење на поволно општествено окружување, свесност за значењето и работа на детектираните национални слабости. Резултатите од докторската дисертација ќе бидат корисни за Министерството за финансии и Министерството за труд и социјала, за невладиниот сектор, како и за Секторот за европски интеграции при Владата на Македонија.

Подрачје на примена и ограничувања се: примената на резултатите од истражувањето се истакнати во препораките, кои се издвоени во последниот дел од докторската дисертација, каде што фокусот е ставен на заклучоците и препораките. Препораките се базирани на резултатите добиени од истражувањето и нудат широк спектар на можности и стратегии кои можат да се користат од страна на наведените субјекти, со цел јакнење на социјалната економија. Во однос на ограничувањата, како главно ограничување се посочува недостатокот на примарни податоци извлечени од надлежните органи. Оттука, емпириското истражување е ограничено на информациите генерирани, главно, од Светска банка за период од деветнаесет години, односно од 2001 до 2020 година, последни расположливи податоци. Понатаму, ограничувањето потекнува како резултат на природата на збирните податоци, кои иако помагаат да се проценат силните и слабите страни на социо-економскиот развој, тие не го откриваат количеството на неговите компоненти и квалитетот на неговите поединечни компоненти.

Можни понатамошни истражувања се: можноста да се продлабочи истражувањето збирно за сите земји или поединечно во секоја од нив. Понатаму, со додавањето на одредени дополнителни макроекономски, индустриски и специфични социо-економски варијабли, во комбинација со факторите што веќе се вклучени во трудот, може да се добие појасна слика за влијанието на секој фактор врз нивото на развиеност и полето за делување. Трудот ги нуди компарациите со ЕУ-стандардите за социјалната економија и комплетната регулатива со мерки, политики и механизми, со што го поедноставува планот за хармонизација на оваа област. Дополнително, периодот на светската пандемија, КОВИД-19, ја наметнува потребата од преиспитување на улогата на социјалната економија во период на пандемија и нивните структурни приспособувања со цел да ја одржат стабилноста, а во исто време да претставуваат главен двигател во поддршка на реалниот сектор. На крај, значајно би било за натамошни истражувања да се процени влијанието на ковид-19 врз реалната економија и улогата што би можела да ја одигра социјалната економија како амортизер за социјална стабилност и можност за реобнова на економијата.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Гентиана Гега** со наслов: **OPPORTUNITIES FOR ESTABLISHING AND FOSTERING THE SOCIAL ECONOMY IN WESTERN BALKAN COUNTRIES/МОЖНОСТИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Климентина Попоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Костадиноска Милошевска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Предраг Трпески, член, с.р.**
**Проф. д-р Искра Станчева Гигов, член, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Петковски, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА-ИЗИИС, СКОПЈЕ

1. Докторски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | М-р Јасна Грујоска, Кунеска | Современ пристап во дијагностика на состојбата на културно-историските споменици - архитектонска перспектива | Modern approach in existing state diagnosis of cultural -historic monuments-architectural perspective | Проф.д-р Вероника Шендова | 09-730/1 9.05.2022 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА ИЗГУБЕНАТА МЕМОРИЈА – СКОПСКИТЕ РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ“ ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЕКАТЕРИНА НАМИЧЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонска литература во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 22. редовна седница одржана на 16.9.2021 година, на предлог на Советот за студиската програма Културолошки студии, формира Комисија за оцена и за одбрана на докторската дисертација под наслов: **Возобновување на изгубената меморија – скопските резиденцијални објекти меѓу двете светски војни,** изработена од кандидатката **м-р Екатерина Намичева**. Комисијата е во состав: проф. д-р Ана Мартиноска, претседателка, УКИМ, Институт за македонска литература, Скопје, проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, менторка, член, УКИМ, Институт за македонска литература, Скопје, проф. д-р Мишел Павловски, член, УКИМ, Институт за македонска литература, Скопје, проф. д-р Наташа Аврамовска, член, УКИМ, Институт за македонска литература, Скопје и проф. д-р Марула Николоска, член, Меѓународен универзитет „Визион“ – Гостивар, Архитектонски факултет, Гостивар.

Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје му го поднесува следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Анализа на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов: **Возобновување на изгубената меморија – скопските резиденцијални објекти меѓу двете светски војни,** изработена од кандидатката **м-р Екатерина Намичева**, содржи 271 страница компјутерски обработен текст. Текстот е систематизиран во 5 глави, воведот и заклучокот и библиографски единици, коректно цитирани и поделени на латинични и кирилични извори и други извори на податоци, како и додатни интернет извори и законски акти, поместени од 262 до 271 страница.

### 1.1. Предмет на истражување

*Предметот на истражувањето* е дефиниран во првото, воведно поглавје и се однесува на резиденцијалните објекти во градот Скопје во периодот меѓу двете светски војни, опис на нивните елементи (архитектура, материјал, урбанизам и др.) и културната меморија поврзана со нив.

*Целта на истражувањето* е дефинирана како преглед на најзначајните достигнувања од резиденцијалната архитектура во периодот меѓу двете светски војни во градското јадро на Скопје, со цел да се направи анализа на влијанието на објектите врз културниот развој на градот Скопје, како и да се возобнови меморијата за нив, со цел тие да послужат во изнаоѓањето иновативни урбани решенија, потпрени на традицијата.

За реализација на целта се поставуваат една главна и неколку помошни хипотези. Главната хипотеза е формулирана на следниов начин:

ГХ: Зачувувањето или деструкцијата на архитектонските објекти, односно материјалниот свет, фаворизира одредени настани и симболика за сметка на други, кои пак го обезбедуваат општествен континуитет, учествуваат во колективната меморија и воспоставуваат просторни и временски точки за општеството и го конструираат колективниот идентитет.

ПХ1. Изгубената меморија за резиденцијалните објекти влијае врз концептот на градот во 20 век, а кој се менува во 21 век.

ПХ2. Резиденцијалните објекти влијаеле врз развојот на урбаното централно јадро на Скопје и доколку резиденцијалните објекти не биле срушени за време на земјотресот, урбаните процеси во градот би се одвивале во друга насока.

ПХ3: Заборавената меморија за скопските палати и другите јавни објекти во Скопје од периодот меѓу двете светски војни е резултат на политичките случувања од крајот на отоманското владеење во Македонија, па сѐ до денес.

ПХ4: Реконструкцијата на архитектонските објекти градени во периодот меѓу двете светски војни во Скопје е значајна за обновување на меморијата за Скопје како европски град.

ПХ5: Актуализацијата на меморијата за архитектонските објекти меѓу двете светски војни во современ контекст може да придонесе за зголемување на културниот капитал на градот Скопје (за едукативни цели, за зголемена туристичка понуда и за одржлив развој).

### 1.2. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Научната оправданост на темата на докторската дисертација се темели на претпоставката дека просторот е отворено и субјективно подрачје, додека местото е дел од просторот кој добива идентитет преку неговите елементи и има вредност. Местото е поврзано со постоењето на спомени (настани), меѓу кои се и архитектонските градби. Меморијата за резиденцијалните објекти како објекти кои го обележуваат периодот помеѓу двете светски војни на Балканот и во Македонија е речиси заборавена. Една од причините е и недоволно познатата историја за руските архитекти во Скопје, како и академизмот кој се применува на овие простори, кои заслужуваат да бидат детално истражени, со цел да се формира контекстот во кој тие се реализирале. Претежно запаметени во фрагменти, констатира кандидатката, историјата за резиденцијалните објекти никогаш не била предмет на систематска студија.

Сепак, кандидатката посочува на извори кои само ја потврдуваат важноста на темата. Такви се, на пример, книгите: *Архитектонските стилови во Македонија од крајот на XIX век и периодот меѓу двете светски војни* на проф. д-р Кокан Грчев и *Естетика на архитектурата на академизмот* на проф. д-р Александар Кадијевиќ.

Таа дава преглед и на истражувањата посветени на културната меморија која се проучува преку мултидисциплинарен пристап, а како важни автори се споменуваат: Морис Халбвахс и Пјер Нора, Фајн и др. Посебен акцент е ставен на теоретичарот на архитектурата Алдо Роси, кој го воведува терминот „урбана меморија“ како нова идеја за разбирање на културната меморија на градот и теоретичарката Бојер, со книгата *Град на колективната меморија, во која* културната меморија се поврзува со урбаната трансформација. За темата која е од интерес, авторката ги посочува и истражувањата на Беван во книгата *Уништување на меморијата: архитектурата во војна*, како и концептот за „просторниот идентитет“, нагласувајќи го ставот дека зградите и јавните места се инвестирани во културни спомени поврзани со идентитетот.

### 1.3. Краток опис на применетите методи

Од постојната теоретска литература посветена на релациите кои се градат помеѓу архитектонските објекти и културната меморија, просторниот идентитет или идентитетот на местото и одреден стил (во случајов академизмот), се извлекуваат оние сознанија кои се најрелевантни за предметот на истражување – резиденцијалните палати изградени во периодот помеѓу двете светски војни во Градот Скопје. Врз овој корпус се формулираат прашањата и проблемите кои се специфични за погоре споменатите релации.

Со помош на дескриптивна анализа, се опишани карактеристиките на резиденцијалните објекти, а со методот синтеза, се извлекуваат заклучоци во однос на урбаните политики поврзани со градот Скопје.

Врз основа на на примарните извори како: документарни запи, оригинални проектни документации на општествените објекти и семејните куќи, документарни фотографии, поштенски картички и друг вид мемориски записи и документи, потоа преку нтервјуа

со граѓани пребарувања по интернет-групи и фотографии од различни години, кандидатката доаѓа до убедливи аргументи за потврда на сопствената теза.

**1.4. Краток опис на резултатите од истражувањето**

Докторската дисертација е поделена во 5 поглавја.

Првото поглавје, насловено ***Просторен идентитет и урбана меморија,*** ги содржи поппоглавјата: 1.1.Парот простор-место; 1.2. Културната меморија и градот (*1.2.1. Кус историски преглед на концептите за меморијата; 1.2.2. Меморијата и историјата (нарачана меморија); 1.2.3. Меморијата и просторот/местото;* 1.2.3.1.Културната меморија и градот; 1.2.3.2. Културната меморија и пејзажот); 1.3. Идентитетот и градот; 1.3.1. Кус преглед на концептите за идентитетот и 1.3.2. Просторот и наративот, меморијата, идентитетот и претставува поглавје во кое се анализираат и опишуваат релациите помеѓу просторот/местото (градот), меморијата и идентитетот.

Тргнувајќи од констатицијата дека современиот културен урбан контекст особено внимание посветува на историските градби, јавни или приватни, таа заклучува дека врз основа на следење на нивната функција низ различни временски периоди може да се констатира и нивно различно влијание врз создавањето на културните вредности во идентитетот на градот. Ваквата констатација ја носи до заклучокот дека токму затоа урбаното планирање ќе биде во центарот на интересирањето на прашањата што се однесуваат на градот. Важен за успешно урбано планирање, Намичева го посочува парот простор/место кој, пак, според кандидатката, е стожерен за разбирањето на релацијата град-меморија-идентитет. Токму оваа релација, посочува кандидатката, се чини клучна за одговорот на прашањето зошто е потребна реактуализација на т.н. палати и обновување на меморијата за периодот во кој се подигнати, начинот на нивната изградба, естетиката која ја носат и функцијата што ја вршат.

Врз база на веќе постојната и релевантна литература за поимите кои ги разработува, авторката доаѓа до заклучок дека во процесите на глобализација просторот не го губи значењето, туку тој се полни со значење што луѓето кои живеат на тој простор му го одредуваат и станува место кое ги засега. Така, просторот се конципира како општествено изграден. Таквиот, изграден простор или местото се поврзува со урбаните простори, кои, меѓу другото, имаат функција да ги задоволат културните потреби на своите жители. А штом се зборува за културните потреби, веднаш се наметнува и прашањето за меморијата на градот и конструирањето на националниот идентитет. Детално разгледувајќи ги посочените релации, кандидатката заклучува дека врската помеѓу меморијата, идентитетот и архитектонските објекти е неспорна, па оттука и потребата да се проучи за да се одговори на прашањето каква меморија, а следствено каков идентитет се креира со одредени урбанистички одлуки.

Второто поглавје, со наслов ***Урбаната меморија за централното градско јадро на Скопје,*** составено од потпоглавјата: 2.1. Сликата за Скопје на крајот од 19 век; 2.2. Промена на сликата на градот Скопје (2.2.1. Нови тенденции: урбанистички планови и нови материјали); 2.1.Нови тенденции – еклектизам и академизам има за цел да даде детална слика за развојот на градот Скопје од аспект на урбанистичките и архитектонски решенија во еден клучен момент – преодот од 19 во 20 век и периодот меѓу двете светски војни. Следејќи ги промените на градот, авторката, всушност, ја опишува постапката со која настанува и промената на сферата на влијание од Исток кон Запад, од ориентализам кон оксидентализам, виден во разликите на урбанистичките решенија за деловите на градот кои се поставени на левиот, односно десниот брег на реката Вардар. Констатирајќи дека левиот брег на Вардар го задржува традиционалниот изглед, таа, пред сè, се посветува на промените кои се случуваат на десниот брег. Авторката констатира дека навестените промени во крајот на 19 век и особено во првите години од 20 век се интензивираат во периодот меѓу двете светски војни, кога дел од територијата на Македонија влегува во состав на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, а Скопје станува престолнина на т.н. Вардарска Бановина. Намичева смета дека од урбанистичко-архитектонски аспект, тој период означува и интензивна европеизација на градот, поттпомогната од низа фактори, како

економски раст, планска организација, школуван кадар. Таа ја поставува и тезата дека преку архитектурата, новосоздадената држава ја отелотворува својата идеолошка матрица, демонстрирајќи ја својата моќ врз одлуките кои се однесуваат на архитектурата на градот, која пак треба да биде симбол за новиот, југословенски идентитет и единството. Изборот да се градат монументални јавни објекти финансирани од државата, како и директно помагање на граѓаните во реализација на ексклузивни објекти на домување, двете во согласност со тогашните западноевропски доминанти во архитектурата и урбанизмот, се дел од реализација на планот за брендирање на државата и асимилација на македонското население. Идејата да се издвои една класа која ќе биде задоволна од владеачкиот систем преку поволно кредитирање, всушност е и една од алатките за спроведување на асимилацијата. Овој дел, како и останатите, изобилува со архивски материјал и детално се опишани елементите кој ја менуваат сликата за Скопје од овој период како: правната регулација и донесување на урбанистичките планови, примената на академизмот и уделот на руските архитекти, формирањето на здружение на архитекти и инженери, применетите нови материјали, луѓето кои донесувале одлуки, ангажираните стручни лица и сл.

Третото поглавје, со наслов **Архитектурата во Скопје меѓу двете светски војни**, во кое се поместени поднасловите: 3.1. Академизам: поимски и идеолошки одредувања; 3.2. Академизмот како стилска определба во архитектурата на Скопје 1918-1930/32 година; 3.3. Значајни чекори за урбаната трансформација на Скопје (3.3.1. Првите обиди за деотоманизација на постоечката урбана матрица на градот и исчекор кон европеизација на архитектонскиот израз; 3.3.2. Развој на урбаната слика на Скопје 1914-1918-со нагласен академски манир; 3.3.3. Урбанистички план и градежна регулатива во Скопје по 1918год.); 3.4. Градители со академска наобразба во Скопје по 1918 год. (3.4.1. Техничката дирекција на градската општина во Скопје – централна институција со високо едуцирани технички кадри; 3.4.2 Репрезентативни станбени објекти-„скопски палати“ кои ја дефинирале ободната линија на плоштадот Крал Петар; 3.4.3 Повоено Скопје, новиот урбанистички план и Земјотресот; 3.4.4 Улогата на руските архитекти и инжененри во процесот на европеизација на Скопје по 1918 год.; 3.4.5 Сојузот на руски инженери во Југославија (СРИЮ); 3.4.6. Најпродуктивните руски архитекти кои работат во градот Скопје; 3.4.7. Улогата на Архитектонското одделение во Министерството за градежништво во Белград во креирањето и изградбата на административните објекти во Скопје; 3.4.7.1 Објекти реализирани согласно идеите на академизмот), најпрвин го определува самиот поим академизам и неговата идеолошка матрица. Доведувајќи го во врска со „стилската стерилност“ на европската архитектура кон крајот на 19 век и со птребата за нови обрасци, таа констатира дека академизмот е производ на академската фела. Давајќи кус преглед на бројните интерпретации, авторката констатира дека *академизмот*, кој бил прифатен од владеачките општествени структури бидејќи соодветствувал на идејата за создавање на нациите, е еден од доминантните во посочениот период. Потврда на овие тези се наоѓа и во ставовите на Несторовиќ, Кадијевиќ и Митровиќ, каде што се истакнува дека: 1) архитектурата на академизмот тежнее кон испраќање на порака и истакнување на симболи, 2) комуникацискиот аспект е поважен од естетскиот, 3) има претензии да привлече внимание и 4) употреба на вообичаени ликовни и иконографски решенија, како ознаки за висок вкус, творечка и историска постојаност. Анализирајќи го стилот на архитектурата на Скопје во посочениот период, авторката смета дека станува збор за период во кој се донесуваат значајни документи од областа на урбанизмот, како и за период со интензивна градителска дејност. Таа посочува дека „фондот на проектирани објекти (1918 – 1941 год.) бил составен од дијапазон на едно семејни станбени објекти, преку повеќе семејни повеќекатници, до пространи трговско-станбени зданија/палати, стопански и општествени објекти, поставени на новоформираните градски плоштади“. Намичева, во контекстот на објектите изградени во стилот на академизмот, го споменува и земјотресот во Скопје во 1963 година и погубните последици за архитектонскиот фонд. Истакнувајќи дека тој бил пресуден за потиснување и заборавање на меморијата на едно место во одреден период, посочува дека има за цел

да ја реконструира тогашната сликата за Скопје, со цел да ја обнови меморијата за нив. Во ова поглавје, таа дава детален увид во значајни објекти за урбаната и социјалнтаа трансформација на Скопје, како и на дејците кои работеле тогаш, како што е Иван Артемушкин, најистакнат претставник на руската емиграција и на пр. Никола Несторовиќ, еден од образованите на белградската академија. Во трудот се опфатени речиси сите имиња на дејци од овој период. Покрај најзначајните имиња, даден е и преглед на институциите кои тогаш дејствувале, како Техничката дирекција на градската општина во Скопје и приватните градежно-изведувачки фирми. Во делот е направен преглед на изградените објети со нивните специфики, а текстот е проследен со богат илустративен материјал.

Четвртото поглавје, со наслов **Меморијата за централното градско јадро на Скопје,** е составено од деловите: 4.1. Политиките на меморијата и 4.2. Видливоста на објектите изградени меѓу двете светски војни во современо Скопје и листа на објекти изградени 1918 – 1941 год. кои постојат и нивна денешна намена.

Поаѓајќи од тезата на Гилиан Роуз, кој верува дека идентитетот е поврзан со специфично место со кое една заедница може да се идентификува, Намичева ја испитува врската помеѓу културата (како место на производство на симболи), националниот идентитет (како начин на колективна идентификација), времето и просторот/местото. Таа доаѓа до заклучок дек со самото тоа што архитектонските објекти се сместени во даден простор и го дефинираат местото во кое се ситуирани, тие, покрај примарната функција за која се подигнати, произведуваат одредени симболи кои пак, ќе бидат вградени во нарациите за тоа место, кои пак се во непосреден однос со идентитетот. Иако архитектонските објекти, вели кандидатката, се сметаат за потрајни од човековиот живот и како такви имаат функција на пренесувачи на меморијата, со текот на времето и тие се менуваат во зависност од доминантната приказна поврзана со идентитетот во даден временски период, па и исчезнуваат со нивното уништување. Оттука, секоја интервенција во веќе изграден простор (реконструкција, замена или уривање) има ефект врз креирањето на меморијата за местото, а со тоа и на колективниот идентитет, истакнува Намичева. Врз овие претпоставки, кандидатката го анализира односот кон објектите градени во стилот на академизмот во подолг временски период, особено по земјотресот во Скопје и објектите повзани со проектот „Скопје 2014“, одредувајќи ги целите на политиките заради кои одредени дејствија се преземале. Посочувајќи на сличностите на процесите пред Втората светска војна и во 2014, Намичева аргументира: 1. Дизајнираниот урбан простор, во двата случаи, е воден од идејата за дефинирање на територијата како „етничка енклава“ (Derek, 2002); 2. Планирање и дизајнирање на урбаниот простор „од горе надолу“; 3. Форсирање на неокасичните стилови и монументалноста како државни стилови, преку кои се визуализира величината на нацијата; 4. Го применуваат западното градителското искуство (заради идентификација со Западна Европа) и „работа“ со чувствата на луѓето со цел – масовно прифаќање на конструираните наративи. Поаѓајќи од вака ситуираната поставеност на анализата, дадени се и компаративно анализирани „старите“ и „новите“ објекти на плоштадот, пред се претставени преку примеите на Народниот театар кој е возобновен и Офицерскиот дом кој не е. Ова поглавје завршува со листа на објекти изградени 1918 – 1941 год., кои постојат и денес (со сите придружни податоци) на објекти.

Петтото поглавје, **Возобновување на културната меморија: современ пристап,** е составено од потпоглавјата: 5.1. Разбирање на урбаната меморијата; 5.2. Возобновување на културната меморија; 5.3.Современи пристапи (5.3.1. Културен туризам; 5.3.1.1.Културното наследство и културниот туризам; 5.3.1.2. Интерпретација на културното наследство); 5.3.2.Одржлив развој) 5.3.2.1. Поим за одржлив развој; 5.3.2.2. Реупотреба на старите објекти; 5.3.2.3. Препораките на УНЕСКО; 5.3.2.4. Реупотреба на приватни градби; 5.3.2.5. Состојба во РСМ). Овде се поаѓа од ставот дека

прашањата поврзани со колективната меморија водат кон потребата за анализа на спомениците на културата, а во тие рамки и на резиденцијалните објекти, кои колку што ја стабилизираат идентификацијата, можат да придонесат и за нејзино модификување. Според кандидатката, во современ контекст, тие модификации се поврзуваат со политичко-транзициските превирања, новите технолошко-комуникациски околности, моќта на медиумите и сл. Во тој контекст се споменува и модернизмот, како една од стилските одредници кој ги минимализира искуствата на традицијата. На рушењето, пак, на спомениците во просторот (како она што се случувало во Скопје по земјотресот) се гледа како на тенденцијата за доминација на новото, што, во многу случаи, соред Намичева, се покажува како контрапродуктивно. Во тој контекст се анализираат поновите урбани политики на градот Скопје, и се укажува дека најсоодветен термин би за нив би бил „репетиција на грешките“, залагајќи се за балансиран пристап со кој мора да се возобнови меморијата за палатите градени меѓу двете светски војни. Во тој контекст се разгледува прашањето за автентичност и зголемените културни потреби, што во крајна инстанца ја носи до прашањето на одржливиот развој и туристичката понуда. Во ова поглавје, кандидатката ги анализира и современите пристапи во третманот на историските објекти, ставајќи акцент на маркетингот за местото, кој пак го креира имиџит на градот. Актуализацијата на резиденцијалните и јавните објекти од времето на градителското искуство меѓу двете светски војни, Намичева ја донесува во контекст на целите какви што се: брендирање на градот , подобрена туристичка понуда и креирање на програмата за одржливост. Посебен акцент е ставен на прашањето за реупотреба на историските објекти и препораките на УНЕСКО, при што се заклучува дека олку и да се следат трендовите во оваа област, тешко е да се издвојат најдобрите стимулации. Тие, смета кандидатката, зависат од одлуките на власта и целите за развој, како и од сопственииштвото, желбата да се инвестира и важноста на објектот во кој се инвестира.

**Во заклучокот** се синтетизирани резултатите од истражувањето.

**2. Оцена на дисертацијата**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Екатерина Намичева, со наслов: **Возобновување на изгубената меморија – скопските резиденцијални објекти меѓу двете светски војни**, претставува истражување во интердисциплинарното подрачје на културолошките студии. Изработката на оваа докторска дисертација има за цел да се испита како заборавената меморија за резиденцијалните и јавните објекти во градот Скопје, градени во периодот помеѓу двете светски војни, влијае на развојот на градот. Оттука, очекуваниот научен придонес е во интегрирањето на знаењата од повеќе научни дисциплини од подрачјето на хуманистичките, општествените и техничките науки.

Докторската дисертација, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**3. Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката пред одбраната ги објави следниве рецензирани научни трудови во меѓународни научни списанија / зборници:

1. **Е. Намичева, П. Намичев,** „Трансформацијата на културолошкиот процес поврзан со третманот на историските објекти во градот”, *ПАЛИМПСЕСТ, Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год.2 (3). ISSN 2545-398X, ст. 205-215, 2017.*
2. **Е. Намичева, П. Намичев,** „Значењето на скопските палати во формирањето на урбаниот развој на градот Скопје од 1920-тите години“, *Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип Факултет за природни и технички науки, Природни ресурси и технологии, 12 (12). ст. 113-121. ISSN 185-6966, 2018.*

3. **Е. Намичева, К. Деспот, М. Намичев,** „Влијанието на мебелот врз културолошкиот аспект на станбениот простор во првата половина на 20 век“, *ПАЛИМПСЕСТ -Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год. 4, Бр. 7, UDC:684.4:728.3 (497.711) (049.3) Штип, 2019.*
4. **Е. Намичева, П. Намичев,** „Виртуелната реалност како метод на промоција на архитектонското културно наследство и на културната меморија“, *ПАЛИМПСЕСТ -Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год. 4, Бр. 8, UDC: 930.85:004.932, Штип, 2019.*
5. **Е. Намичева, П. Намичев,** „Јавните и приватните објекти значајни за развојот на урбаното градско јадро на Скопје“, *ПАЛИМПСЕСТ - Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год. 5 (10). ст. 57-70. ISSN 2545-3998, 2020.*

## Заклучок и предлог

### 3.1. Главни научни придонеси на кандидатката

За остварување на целта на докторската дисертација, кандидатката направи:

- детален преглед на најзначајните достигнувања од резиденцијалната архитектура во периодот меѓу двете светски војни во градското јадро на Скопје, на несочуваните и оние што се сочувани;
- детален преглед и опис на архитектите и институциите кои биле надлежни за урбанистичките решенија во овој период, поткрепени со архивски материјали, графички прилози, документарни записи, планови и други извори;
- преглед на основните историски податоци, неопходни за толкување на релациите што се воспоставуваат помеѓу меморијата, идентитетот и архитектонските објекти;
- објаснување и толкување на поимите: идентитет, меморија, град, културни потреби и донесени се во содејство со резиденцијалните палати и другите објекти градени во централното јадро на градот Скопје во периодот помеѓу двете светски војни;
- посочување на директивите на УНЕСКО за историските објекти и направен е пресек на политиките во РСМ кон културното наследство;
- преглед на современите концепти во однос на реупотреба на историските згради, донесени во врска со идејата за брендирање на градот, културниот туризам и одржливиот развој.

Од вака издвоените пунктови на истражување на предметниот докторски труд, може да се заклучи дека станува збор за оригинално и до сега неистражувано поле.

### 3.2. Подрачје на примена и ограничувања

Резултатите од истражувањето можат да имаат примена во неколку аспекти: 1) во насочување на идните урбанистички решенија за градот Скопје кои ќе се потпираат на побалансиран однос помеѓу традицијата и новото; 2) во насочување на креирањето на културните политики поврзани со културното наследство и историските градби; 2) во подоброто организирање на понудата на културниот туризам во РСМ; 3) во посочувањето на начините на градење на националниот и колективниот идентитет преку обнова на меморијата за резиденцијалните палати.

### 3.3. Можни понатамошни истражувања

Дисертацијата има за цел да ја отвори дискусијата за важноста на имплементација на урбанистички планови кои ќе имаат балансиран однос кон традицијата и новото.

### 3.4. Заклучок

Докторската дисертација под наслов: **Возобновување на изгубената меморија – скопските резиденцијални објекти меѓу двете светски војни,** изработена од кандидатката м-р Екатерина Намичева, е сериозен научноистражувачки труд, интердисциплинарно насочен, кој спојува знаења од неколку области како: архитектурата и урбанистичкото планирање, културолошките студии, студиите за меморијата и идентитетот, студиите за одржлив развој и културниот туризам. Докторската дисертација на убедлив, систематски и доследен начин укажува на потребата од сериозен и темелен пристап во подготвувањето и издработката на урбанистичките планови за град Скопје кои нема да ги повторуваат грешките од минатото и ќе се базираат на балансиран однос помеѓу традицијата и новото. Посебна вредност на овој труд е деталноста во прегледот на изградените објекти, архитектите и институциите кои ги креирале урбанистичките решенија во времето меѓу двете светски војни, поткрепен со богат архивски и друг материјал. Треба да се нагласи дека овој дел од трудот претставува пионерски обид за собирање, меморирање и толкување на историските факти од областа на архитектурата и урбанизмот. Работен врз богата и релевантна теоретска литература, докторската дисертација на кандидатката Намичева се зафаќа со толкување на едно од најсложените прашања кои подразбираат суптилни врски меѓу навидум различни и неспоиви нешта. Оттука, прашањата на моќта, на светскиот распоред на силите во даден временски период, на градењето на меморијата и идентитетот се вградени во сето она што го одредувало изгледот на градот, неговата функционалност и културата на живеење во него, но и со современите културни и урбанистички концепти кои фаворизираат одржлив развој и креативна културна туристичка понуда. Идејата дека односите кои владееле во минатото, како и градителското искуство во даден минат временски период, можат да придонесат за едно пообмислено делување во современоста, наоѓа соодветно место во обидите дадени историски објекти да се видат како места на идниот креативен развој на градот. Станува збор за докторска теза која успешно поставува нови истражувачки прашања и на нив дава аргументирани, теориски и историски одговори.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, на Советот на Институтот за македонска литература во Скопје со задоволство му предлагаме да го прифати овој Извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација под наслов: **Возобновување на изгубената меморија – скопските резиденцијални објекти меѓу двете светски војни,** изработена од кандидатката м-р Екатерина Намичева.

**К О М И С И Ј А**

**Проф. д-р Ана Мартиноска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Лорета Георгиевска-Јаковлева, ментор, член, с.р.**
**Проф. д-р Мишел Павловски, член, с.р.**
**Проф. д-р Наташа Аврамовска, член, с.р.**
**Проф. д-р Марула Николоска, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Наслов на темата | Ментор | Одлука од Советот на Институтот за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Елена Кузманов | Идеолошките аспекти на транспарентноста<br><br>The Ideological Aspects of Transparency | проф. д-р Ана Мартиноска | Бр. 12-80/6 од 1.4.2022 |